VIII 709

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ — СКОПЈЕ

КОСТА СИДОВСКИ

РАЗВИТОКОТ НА ИНДУСТРИЈАТА ВО НР МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ (1918–1941)

СКОПЈЕ
1960

У В О Д

Индустријата во денешната територија на НР Македонија претставува најмлада гранка на Народното стопанство и како таква се јавува релативно касно. Почетоци на организирано машинско производство се јавуваат меѓу осумдесеттите и деведесеттите години на минатиот век. Првите претпријатија се организирале во скромни и ограничени размери и претставувале преод од занаетчиски кон посовремени машински работилници. Бавниот развиток на индустријата во Македонија се должи на низа политички и економски фактори. Меѓу поважните фактори што го пречеле нормалниот развиток на индустријата, главно, можеме да ги земеме следните:

1. До 1912 година Македонија била во составот на Отоманската империја и како таква немала своја политичка самостојност, односно што таа била национално поробена и угнетена. Оваа положба му оневозможувала на македонското население економски да се осамостали и да зајакне. Индустријата, пак, како стопанска делатност, се развила под специфични тешки услови и била ограничувана со разни формалности. Индустриската делатност во туркста империја се сметала како привилегирана гранка. Затоа на македонските стопанственици, кои се сметале како второстепени граѓани, без политички права, тешко се издавале дозволи за основање индустриски претпријатија. Дозволите за занимање со индустрија биле сврзани со комплицирани формалности. Исклучиво право за издавање дозволи имала централната турска власт во Цариград. Освен тоа, незаконитостите, спроведувани од локалните турски власти и самоволието на муслиманското, односно албанското население, над словенското, од друга страна, создавале таква лична и имовинска несигурност што кон крајот на XIX, односно во почетокот на XX век македонското население се организира и со оружје в раце се бори за заштита на своите легитимни и национални права. Акумулираниот капитал во трговијата и занаетчиството, поради несигурноста во земјата, се вложувал, главно, во покупка на неподвижни имоти или се давал под лихва. Затоа производните сили не можеле правилно и интензивно да се развиваат.

2. Иако феудалните односи формално-правно биле укинати

во 1839, односно 1856 година, остатоци на феудалниот систем практично се задржале и натаму скоро сé до Балканската војна, така што остатоците на феудалните односи, од една, и расцепканото земјоделство на ситни поседи, од друга страна, му давале на стопанството натурален карактер и оневозможувале да се развијат стоко-паричните односи.

3. Отоманската империја која сé до крајот на XVIII век претставувала затворено стопанско подрачје, во почетокот на XIX век ги отвара своите врати за индустриските производи на европските развиени држави, склучувајќи со нив стопански договори чии клаузули овозможувале широка пенетрација на европските индустриски стоки. Како резултат на таквата положба, се јавува силен полет во трговијата и занаетчиството и услови за брз развиток на македонските градови. Меѓутоа, од другата половина на XIX век дотогаш развиеното занаетчиство, неможејќи да сé противстави на силната конкуренција на капиталистичките развиени земји, започна да опаѓа. Не само тоа, туку и индустријата, која се наоѓаше во амбрионален стадиум, технички заостаната, не можела исто така ефикасно да се брани од оваа конкуренција, па се развивала мошне бавно и само во оние гранки на делатноста кои произведувале прехранбени и специфични артикли сврзани со битот на месното население.

Се разбира, дека под вакви услови, производните сили не можеле снажно да се развијат. Индустријата се развивала, главно во оние гранки на делатноста чии технолошки процес и организација на производството обусловувале мал број квалификована работна рака, а биле сврзани со мали инвестициони влагања, а при тоа се вршел брз обрт на капиталот.

Првите индустриски претпријатија преработувале домашни суровини /мелници, шарлаганцилници и др./. За да го осигураат пласманот на готовите производи и да го избегнат долгиот транспорт /слаби комуникации/, тенденцијата на индустријата била што повеќе да се приближи на пазарот односно да биде поблизу до консуматорите. На овој економски фактор во прв ред се должи што индустријата во тоа време била концентрирана во поголемите економски центри, односно во нивната непосредна близина.

До 1912 година на територијата на денешна НР Македони-

ја постоеле следните индустриски претпријатија распределени по гранки на делатноста:

I Прехранбена индустрија

1/	мелници	6	
2/	маслодајни фабрики	3	
3/	фабрики за бонбони	2	
4/	фабрика за пиво	1	12

II Текстилна индустрија

1/	фабрика за волнени платна и гајтани	1	
2/	фабрика за гајтани	1	
3/	фабрика за свила	1	3

III Кожна индустрија

1/	фабрика за кожи	1

IV Електростопанство

1/	калорична електрична централа	1

V Метална индустрија

1/	Фабрика за метални производи	1

VI Индустрија на градежен материјал

1/	фабрика за керамиди и тули	1
	Вкупно:	19.-

По места горните претпријатија беа распоредени по следниот начин:

Скопје		
мелници	4	
фабрика за бонбони	1	
фабрика за пиво	1	
калорична електрична централа	1	
фабрика за гајтани	1	
фабрика за кожи	1	
фабрика за метални производи	1	10
Битола		
мелница	1	
фабрика за волнени гајтани	1	
фабрика за бонбони	1	
фабрика за керамиди и тули	1	4
Велес		
маслодајни фабрики		2
Гевгелија		
фабрика за свила-филатура		1
Тетово		
мелница		1
Штип		
маслодајна фабрика		1
Вкупно:		19.-

Горните бројки јасно ни зборуваат дека прехранбената индустрија била најмногу застапена. Меѓу, индустриските претпријатија од оваа гранка најмногу имало мелници /6/. Освен овие мелници постоеле и други мелници на вода - воденици и со моторен погон, но кои немале индустриски карактер, бидејќи располагале со мал капацитет и биле услужни претпријатија - работеле на ујам.

Мали мелници на вода постоеле во Битола /25/, во Кочани /1/; со гас генераторски мотор во Велес /1/; со мотор на петро-

лej во Прилеп /2/, во Неготино /1/. Сите овие мелници служеле за задоволување на локалните потреби на населението.[1]

По мелничарството доаѓала маслодајната индустрија. Со исклучок на горенаведените три механички маслодајни претпријатија, кои по својот капацитет и технолошки процес биле од индустриски карактер /двете маслодајни претпријатија во Велес произведувале по 40-50.000 ока нерафинирано масло - шарлаган. Маслото се произведувало од афионско и сусамово семе/, постоеле уште 28 разни шарлаганцилници. Такви шарлаганцилници постоеле во: Куманово 1, Велес 2, Кавадарци 8, Штип 5, Гевгелија 5, Радовиш 1, Кочани 1, Неготино 5.[2]

Втора по бројот на претпријатијата и по својата важност била текстилната индустрија. Покрај споменатите две претпријатија, кон крајот на минатиот век во селата Магарево и Трново - Битолско, функционирале уште 12 текстилни работилници.[3] Некои од нив имале индустриски карактер. Во време на Првата светска војна, сите овие претпријатија беа сосема разрушени.

Фабриката за пиво во Битола и Скопје, поради недостиг на капитал, липса на стручен персонал, големата конкуренција од страна на Солун, како и слабата организација, престанале да функционираат 4-5 години по основањето.

По 1918 година на територијата на денешна НР Македонија останале и продолжиле да работат под новостворени услови следните претпријатија:

I Прехранбена индустрија		
1/ мелници	6	
2/ маслодајни фабрики	3	
3/ фабрика за бонбони	2	11
II Кожна индустрија		
1/ фабрика за кожи	1	1

1/ Народна привреда у присаједињеним областима. Извештај комисија Министарства народне привреде. Београд, 1914 год.
2/ Исто
3/ Д-р Т.А.Робев, Битола - "Македонски прегледъ", София, 1942 год.

III Електростопанство	
1/ калорична електрична централа	1
IV Метална индустрија	
1/ фабрика за метални производи	1
V Индустрија на градежен материјал	
1/ фабрика за керамиди и тули	1
VI Хемиска индустрија	
1/ фабрика за сапун	1
Вкупно:	16

Од горенаведените 16 индустриски претпријатија во тек на периодот 1918-1926 година ликвидираа 7 и тоа: 2 мелници во Скопје /мелницата на Јусуф Морина, мелницата на Хаци Ибрахим - Галибегова мелница/, 2 маслодајни фабрики во Велес и 1 во Штип, фабриката за керамиди и тули во Битола и електричната централа во Скопје. Останатите 9 претпријатија продолжија да функционираат сé до 1941 година и тоа: 4 мелници /мелницата на Бекир Емин и неговите браќа во Скопје; мелницата на Дапчеви во Скопје, по Првата светска војна сопственост на браќата Димови; мелницата на Исмаил Паша во Битола, по војната "Драгор", сопственост на Таса Тасиќ, мелницата "Полог" во Тетово 2 фабрики за бонбони /фабрика за бонбони на Герасимов во Битола и фабриката за бонбони "Европа" во Скопје/; фабриката за волнени и памучни ткаенини на Стерио Пикулис /обновена во 1924 година/; фабриката за кожи на Димче Вучидолов, Скопје; металното претпријатие на Тодор Папатеодоси, Скопје и фабриката за сапун - Скопје.

По завршувањето на Балканската и Првата светска војна, во Македонија се создадоа нови политичко-економски услови. Започна да се формира нов општествено-економски живот, различит од турскиот режим обременен со остатоци од феудализмот. Македонија, која до 1912 година претставувала единствена економска целина, територијално била поделена меѓу балканските коалициони држави: Србија, Бугарија и Грција. Дел од Македонија - Вардарска Македонија ѝ припадна на Србија, а по завршувањето на Првата светска војна /1914-1918/ останува во составот на новоформираната

држава СХС, односно покасно Југославија. Со поделбата на Македонија, оваа целина се распадна и нејзините делови кои им припаднаа на балканските буржоаски држави, станаа нивни погранични територии. Така Вардарска Македонија која ѝ припадна на Србија и покасно на Југославија, од централна стана периферискa покраина. Со воспоставувањето на новите граници, дотогашниот економски живот сериозно се измени и претрпе преориентација. Овој процес на преориентација и прилагодување на новите создадени услови не се изврши без сериозни потреси и реперкусии по населението и стопанството воопшто.

Многубројните градови како Битола, Прилеп, Гевгелија, Дојран, Охрид од големи и значајни стопански центри стануваат периферни и погранични градови и почнуваат економски нагло да изумираат. Голем дел од нивното население се преселува било во внатрешноста на Македонија или останува од другата страна на границата, а најголем дел доаѓа во Скопје, барајќи нови извори за својата егзистенција. Населението на овие градови започна со брзо темпо да опаѓа. Најголемо иселување се изврши од градовите: Битола, Гевгелија, Дојран, кои покрај другото, беа во непосредна близина на бојните линии во време на Првата светска војна и како такви претрпеа осетни разурнувања.

Но и останатите градови не беа поштедени. И тие исто така поради воспоставувањето на новите граници и преориентирањето на стопанскиот живот претрпуваат промени во бројната состојба на населението. Следните неколку цифри за поважните градови во Македонија најубаво го покажуваат процесот на раселувањето:

Градови	1894-1900[4]	1921[5]	1931[6]
Битола	37.000	28.420	33.024
Гевгелија	4.175	2.787	3.514
Дојран	6.780	-	-
Охрид	14.860	9.587	9.754
Дебар	15.500	7.125	7.198
Прилеп	24.540	18.508	22.821
Т.Велес	19.700	14.155	13.445
Штип	20.900	11.173	11.895
Струмица	10.160	6.733	8.819

4/ В.Кънчов "Македония", София, 1900 година
5/ Официјален попис на населението
6/ -"-

Од горните цифри се гледа дека сите горе побројани градови во повоениот период покажуваат во однос на 1900 година опаѓање на населението, а Дојран како град, по завршувањето на Првата светска војна, во листата на градовите не фигурира. Интересен е фактот што, иако вкупното население во Македонија во повоениот период расте, сепак набројаните градови до 1931 година, т.е. кога е извршен последниот официјален попис, не го достигнаа бројот на населението од кон крајот на XIX век.

Меѓутоа, пак, ако го споредиме динамичниот пораст на населението на Скопје со оној на населението на споменатите градови, ќе видиме со какво брзо темпо Скопје нараснува и станува најнаселен град во НР Македонија.

Во периодот 1894-1900 - 1939 година порастот на населението во Скопје се движел како следува:

Година	Население
1894-1900	31.900[7/]
1921	41.847[8/]
1931	68.334[9/]
1939	76.093[10/]

Ваков динамичен пораст на населението на Скопје резултира од фактот што Скопје, благодарејќи на географско-сообраќајната положба во новосоздадените услови во повоениот период, нарасна во административен, економски и културен центар на Вардарска Македонија.

Со приклучувањето на Вардарска Македонија кон Југославија, целокупниот стопански живот, кој бил ориентиран пред Првата светска војна кон југ, спрема Солун, сега се преориентира кон север и се поврзува со новоздружените покраини Србија, Хрватска, Словенија, кои во однос на Македонија претставуваа високо развиени индустриски подрачја.

Овој процес на преориентација на стопанскиот живот во првите години се одвиваше доста бавно. Солун како силен економски и посреднички центар на Балканот и натаму одржуваше деловни

7/ В.Кънчов :цит.дело стр.205

8/ Официјален попис од 1921 година

9/ Официјален попис од 1931 година

10/ Пресметано според годишниот прираст

врски со Вардарска Македонија, така што може да се рече дека во првите години по Втората светска војна и натаму вршеше стоковни размени со Вардарска Македонија, но се чувствуваше тенденција посредничката улога сé повеќе да ја губи за сметка на градот Скопје, преку кои се воспоставуваа сé повеќе врски со северните покраини на Југославија. Во тој правец голема улога одиграа новопоставените граници и царинските ограничувања спрема Грција, од една, и отворените граници кон север, од друга страна. Притоа, пресудно значење одигра веќе изградената железничка линија Скопје-Белград, која ја сврзуваше Македонија со останатите северни економски развиени покраини.

Градовите кои дотогаш биле економски поврзани со Солун и преку кои се одвивал економскиот живот во Македонија, со воспоставување на границите спрема Грција се нашле во таква положба што биле принудени да прекинат секоја врска со Солун. За да опстанат економски, тие морале да го преориентираат своето стопанство кон ново афирмираниот стопански центар Скопје и преку него да се снабдуваат со стоки односно да ги пласираат своите пазарни одвишоци на земјоделските производи. Така, Битола од важен трговски и транзитен центар станува погранично место и жилаво се бори за својот опстанок; Охридско-дебарскиот крај, ориентиран порано кон Битола, сега го гледа својот напредок во Скопје, Горни и Долни Полог, градовите Куманово, Штип, Т.Велес, како и краевите Косово и Метохија, кои, иако преди Втората светска војна гравитирале кон Скопје, сега уште повеќе се поврзуваат со него. Прилагодувајќи се брзо кон новите услови, Скопје ја презема улогата на Солун и Битола и станува град во кој се застапени сите стопански гранки. Преку него се одвива целокупниот стопански живот на Македонија, но и натаму се одржуваат стопански врски со Солун. Покасно, пак, со воведувањето на надворешно-трговските режими во соседните земји, конкретно во Грција, Скопје се осамосталува, ја презема посредничката улога на Солун и се создава ново, скопско подрачје за разлика од солунското подрачје, кое дотогаш постоело. Не само тоа, туку со преориентацијата на стопанството од југ кон север, се наложи трговијата и воопшто стопанството во НР Македонија да се организира на посовремен начин, односно стариот начин на трговија /меѓусобно кредитирање без покритие/ практикуван во турско време

постепено се заменуваше и се организираше на посовршен начин на кој беше организирано во останатите стопански понапредни покраини на Југославија. Со таа цел се основани разни банки кои го кредитирале стопанството, се организирале низа установи за унапредување на стопанството /професионални удружења и комори/, се отвориле разни стручни школи /занатски, трговски/ за оспособување на стручни кадрови и др. Но, покрај сето тоа, стопанството на Македонија во однос на останатите покраини осетно изостанувало и не можело да го најде своето вистинско место во склопот на општојугословенското стопанство. Поготово што економската политика на стара Југославија /до колку таква постоеше/ беше од капиталистичко-буржоаски тип која се граничеше со анархија, така што таа не водела сметка за рамномерен и плански развиток на сите покраини денешни републики, дозволувајќи притоа понапредните и поразвиените покраини да се развиваат со побрзо темпо од покраините со наследено назадно стопанство.

Стопанството на Македонија во периодот меѓу двете светски војни може да се каже дека постигна релативен напредок, но во однос на останатите покраини НР Македонија во многу изостануваше.

Во првите години во повоениот период, во периодот на просперитет, трговијата одигра значајна улога. Благодарејќи на големата побарувачка на стоки, како последица од војната, се создаде благопријатна конјуктура на пазарот која ѝ овозможи на трговијата реализирање на големи печалби. Акомулираниот капитал во трговијата и занаетчиството почнува релативно касно да покажува интерес за индустријата. Процесот на преливањето на трговскиот капитал во индустријата се врши со голема претпазливост. Прво, поради фактот што се чувствува недостиг од капитал и второ, што капиталот во трговијата, поради неговиот брз обрт и минимален ризик, се чувствува посигурен. Што се однесува за финансискиот капитал, тој исто така слабо се инвестира во индустријата. Банкарството ја концентрира својата делатност повеќе на издавање краткорочни менични кредити /есконт/. Од тогашните банки со кредитирање на индустријата во првите повоени години се занимавале "Вардар" банка, Скопје, Скопската извозна банка и Првата Хрватска штедилница - Филијала Скопје, но кредитирањето било од слаби размери.

Развитокот на индустријата во периодот меѓу двете светски војни може да се подели, главно, на две фази: Првата фаза паѓа во периодот од 1918-1929 година и се карактеризира со извесна динамична изградба на индустријата и втората од 1930-1941 година бележи поинтензивна индустријализација. Особено изградбата на индустријата се засили во втората половина од оваа фаза /1935-1940 /. Со изградбата на нови капацитети осетно се измени и производната структура на индустријата, така што се јавуваат нови гранки кои дотогаш не постоеле.

Од вкупно 96 новоизградени индустриски претпријатија во периодот што се третира тука, во првата фаза се изградени 32 новоиндустриски претпријатија, односно 33,6%; а во втората фаза 64 претпријатија или 66,4%, /во овој број не се земени предвид 7 ликвидирани и 9 затечени претпријатија, кои функционираа до 1941 година/. Првата фаза паѓа кога стопанството на НР Македонија се прилагодувало на новосоздадените услови и започнува да се консолидира од воените разурнувања. Од 32 индустриски претпријатија, колку се изградија во оваа фаза, најголем број отпаѓа на тутуновата индустрија /11 претпријатија/, прехранбена индустрија /9/ и електростопанството /7/. Исклучувајќи ја тутуновата индустрија, во која е инвестиран државен капитал, најголеми инвестициони влагања бележи прехранбената индустрија и електростопанството. Изградените индустриски претпријатија се карактеризираат со ситни капацитети чие производство одвај ги задоволувале локалните потреби и запослувале минимална работна рака. За тогашните услови, по својот капацитет, вложениот капитал и вработената работна рака се истакнуваа во прехранбената гранка мелницата "Балкан" во Скопје, маслодајната фабрика на Гошо Органџиев, Т.Велес, Парната пивара А.Д.Скопје и мелницата на М.Стојилковиќ, Куманово; а од електричните централи, хидроцентралата на реката Пена, на трговското индустриско А.Д.Тетово и термоелектричната централа на М.Стојилковиќ, Куманово.

Во најголем број претпријатија бил инвестиран српски и странски капитал /српски капитал: рудниците на јаглен во Нерези и фабриката за сапун "Вардар", Скопје, фабриката за тестенини Глорија, Скопје, мелницата "Балкан", Скопје, Дрвната индустрија "Треска" А.Д., Скопје/, мелницата и термоелектричната

централа на М.Стоилковиќ, Куманово; странски капитал: Хромовите рудници во Горче Петров и Лојане. Парната пивара А.Д.Скопје. Домашниот капитал, главно беше заинтересиран за трговијата, занаетчиството и ситните локални индустриски претпријатија.

Втората фаза на индустрискиот развиток започнува со избувнувањето на светската економска криза и трае сé до Втората светска војна /1930-1941 година/. Во оваа фаза, иако во периодот на светската економска криза се влоши општата економска ситуација, индустријата продолжи и натаму да се развива, но со побавно темпо. Така, во времето на траењето на кризата не само што успеја да се одржат индустриски претпријатија што постоеја на територијата на НР Македонија, туку се основали и нови индустриски претпријатија како на пример, фабриката за талк во Титов Велес /1931/, фабриката за сапун "Аеро", Скопје /1933/, мелницата "Брегалница" , Штип /1930/, Текстилната фабрика "Тулбенд", Скопје /1933/, како и неколку електрични централи: во Титов Велес /1929/, во Кичево /1932/, во Гевгелија /1930/. Основањето на нови претпријатија во времето на економската криза и сочувувањето на заклатените позиции на претпријатија што веќе постоеја се должи на специфичните услови под кои се развиваше нашата индустрија. Меѓу поважните фактори кои влијаеле на нашата индустрија поефикасно да се бори против светската економска криза, што не бил случајот со останатата индустрија во Југославија односно во светот, се следните: прво, што индустријата во Македонија се изградувала со сопствени средства, независно од банкарскиот капитал; второ, што нашата индустрија се диференцирала од таа на Југославија произведувајќи специфични артикли неопходни за потребите на месното население и тоа во релативни мали размери, така што произведените артикли не претставувале проблем за реализацијата на пазарот; трето, што сопствениците - капиталисти кај нас не се упуштале во поголеми и ризкантни финансиски трансакции, туку се ограничувале на сигурни зделки во рамките на своите финансиски можности. Покасно, по попуштањето на кризата, во периодот 1933-1940 година, користејќи ја повисоката профитна ставка која се формирала во индустријата, трговскиот капитал започнал со побрзо темпо да се инвестира во индустријата, така што за неполни 8 години во Македонија се формирани уште 46 претпријатија. Во овој период, како што ќе

видиме во нашето понатамошно излагање, е изградена скоро целата индустрија за градежен материјал, текстилната индустрија, голем дел на прехранбената индустрија, како и некои поважни објекти во електростопанството.

Ваквото темпо на изградбата на индустриските претпријатија во оваа фаза резултира, главно, од фактот, што по завршувањето на економската криза, поради приближувањето на војната, настапи привиден просперитет во некои области на стопанството, а посебно во индустријата.

Меѓутоа, ако се набљудува индустрискиот развиток во периодот меѓу двете светски војни, не само од аспектот на бројот на претпријатијата, туку ако се земат и се анализираат и другите основни елементи, како што се капацитетите, висината на инвестираниот капитал, бројот на вработената работна рака, производството и производната структура на тогашната индустрија, ќе се констатира дека индустријата на територијата на НР Македонија се развивала со многу побавно темпо отколку покажува темпото на бројот на новоизградените претпријатија. Ако ги анализираме овие елементи ќе произлезе дека голем дел од претпријатијата претставуваат ситни капацитети со слаба техничка опременост и со просечно мал број вработени работници; производството како по обем, така и по асортимант било ограничено во скромни размери и далеку изостанува од останатите економски понапредни покраини.

Трудот го делиме на увод и три главни дела.

Првиот дел ги содржи природните фактори што влијаеле на развитокот на индустријата во НР Македонија.

Вториот дел го прикажува историскиот развиток на индустријата по гранки и, внатре во гранките по претпријатија, придржувајќи се за редоследот за секоја гранка и претпријатие како што се појавиле временски. Притоа секоја гранка е анализирана од аспектот на следните елементи: бројот на претпријатијата, вложениот капитал, инсталираната погонска сила, работната рака и производство.

Третиот дел ја анализира положбата и динамичниот развиток на индустријата во периодот меѓу двете светски војни придржувајќи се за истите елементи како и при анализата на одделни гранки со таа разлика што во овој дел развитокот на индустријата е целосно опфатен и прикажан.

I д е л

ПРИРОДНИ ФАКТОРИ ЗА РАЗВИТОКОТ НА ИНДУСТРИЈАТА НА ТЕРИТОРИЈАТА ВО НР МАКЕДОНИЈА

Економскиот развиток на секоја земја го условуваат природните фактори /енергетските извори, природните богатства, населението како извор на работна рака/ и факторите од општествено економски карактер. Природните фактори претставуваат потенцијални можности за стопански развиток, но во каков обем и во какви смерници ќе се развиваат тие, главно, зависи од степенот на развитокот на општествено-економските односи.

Иако територијата на НР Македонија помеѓу двете светски војни располагаше со поволни природни богатства за рамномерен стопански развиток, неблагопријатните општествено-економски услови не дозволуваа тие богатства интензивно да се користуваат, така што стопанството воопшто, а посебно индустријата се развиваше со бавно темпо и во ограничени размери.

За да имаме покомплетна претстава за развитокот на индустријата во НР Македонија, нужно е накусо да се задржиме на некои од гореспоменатите фактори што влијаеле на тој развиток.

§ 1. Н А С Е Л Е Н И Е

НР Македонија зазема површина од 25.713 м^2. Во 1921 година беше населена со 797.841 жител[11]. Во 1931 година бројот на населението нарасна на 937.643 жители[12] за во 1939 година населението да достигне 1,071.408 жители[13]. Според тоа порастот во 1939 година во однос на 1921 година изнесува 273.567 жители или за 34,3%. Ваков пораст на населението, а

11/ Статистички годишњак на НР Македонија, Скопје 1955

12/ Исто

13/ Пресметано според годишниот прираст

особено ако се анализира неговата структура по пол и возраст, односот на селското и градското население, активното и издржаваното, се доаѓа до заклучок дека постоеле големи можности за репродукција на работната рака, која ако би ѝ се дала можност за запослување, би претставувала силен фактор во развитокот на стопанството воопшто. Меѓутоа, со оглед на слабо развиеното стопанство, дел од активното население не можеше да се апсорбира од разни гранки на делатноста, така што значителен дел од активното население мораше да бара егзистенција во другите покраини на Југославија, или да емигрира во странство.

§ 2. ЕНЕРГЕТСКИ ИЗВОРИ

Еден од битните предуслови за развиток на индустријата и рударството претставува количеството на погонската енергија со која располага една земја. Во поглед на енергетските извори НР Македонија располага единствено со доволно количество на водна сила. Додека со дрво располага во мали количества, а има и незнатни количества јаглен /лигнит/. Благодарејќи на многубројните планински реки кои обилуваат со вода, брзаци и падови, НР Македонија располага со можни потенцијални сили во хидроенергијата. Тие овозможуваат правилен развиток на стопанството воопшто, а посебно на индустријата.

Расположивите сили на реките и годишната енергија која би можела да се добие при просечниот протек во средно

влажни години во периодот 1923-1941 година изнесувале:[14/]

Водотоци	Расположива сила при просечниот протек		Годишна енергија при просечниот протек во средно влажни години	
	Горна граница MW	Долна граница MW	Горна граница MWh	Горна граница MWh
Вардар	212	152	1.860.000	1.320.000
помали притоки	56	32	490.000	280.000
Вкупно:	268	184	2.350.000	1.600.000
Треска	53	35	460.000	310.000
притоки	14	8	123.000	70.000
Вкупно:	67	43	583.000	380.000
Лепенец	24	17	212.000	152.000
притоки	4	2	35.000	21.000
Вкупно:	28	19	247.000	173.000
Пчиња	24	15	213.000	134.000
притоки	14	9	123.000	76.000
Вкупно:	38	24	336.000	210.000
Брегалница	59	37	515.000	315.000
притоки	22	13	197.000	112.000
Вкупно:	81	50	712.000	427.000
Црна река	103	67	900.000	575.000
притоки	24	13	210.000	117.000
Вкупно:	127	80	1.110.000	692.000
Вкупно Вардар	609	400	5.338.000	3.482.000
Црни Дрим	65	49	432.000	326.000
Радика	62	43	380.000	266.000
Други притоки	16	9	85.000	47.000
Вкупно:	143	101	897.000	639.000
Струмица	5	3	24.000	15.000
Вкупно расположива енергива во НРМ	757	504	6.259.000	4.136.000

Од горниот преглед се гледа дека расположивите водни

14/ Преглед основних водопривредних и хидроенергетских проблема НР Македоније. Издание на Заводот за водостопанство на НР Македоније, Скопје - 1953 год.

сили на реките во НР Македонија при просечниот протек /горна граница/ изнесува 757 МВ, а при долната граница 504 МВ. Додека, пак, годишната енергија при просечниот протек во средно влажни години достигнува при горната граница 6.259.000 МВч, а при долната граница 4.136.000 МВч, Меѓутоа, хидроенергијата во споменатиот период била мошне слабо искористувана. Од 7 хидроцентрали само две располагале со поголем капацитет: Хидроелектричната централа на реката Треска и на Пена - Тетово. Инсталираната погонска сила на првата централа изнесувала 3.800 КВ, а на втората 1.760 КВ. Вкупната инсталирана сила на сите хидроцентрали во НР Македонија изнесувала 5.818 КВ од која на двете споменати централи отпаѓало 5.560 КВ,а на останатите пет само 258 КВ. Слабото искористување на водните сили дестимулативно влијаело на развитокот на производните сили. Освен водната сила, како извор на енергија се употребувало и дрвото. Оваа скапоцена суровина, немилосрдно се експлоатирала и служела како горивен материјал за погон на газовите електрични централи и по тој начин се нанесувала голема штета на шумскиот фонд. Домашниот јаглен како дефицитарен, мошне слабо се искористувал како енергетско средство. Задоволувањето на потребите на индустријата со јаглен, главно, се подмирувале од другите подрачја на стара Југославија.

§ 3. РУДНО БОГАТСТВО

Покрај богатството во водната сила како извор за погонска енергија, НР Македонија располага со знатни количества разновидни метални руди: хром, олово, манган, цинк, железо, како и со разновидни залежи на неметали: азбест, лискун, магнезит, талк, кварцен песок, разни видови квалитетни мермери и др. Овие подземни рудни богатства давале можност да се развие како металуршката така и хемиската индустрија. Но, со оглед на тоа што геолошкото истражување и експлоатацијата биле сврзани со високи инвестициони вложувања, рударството било препуштено на странскиот капитал. Од рудите се експлоатирал само хромот, во слаби размери оловото, цинкот, магнезиумот и манганот, а од неметалите, кварцниот песок, талкот, лискунот и мермерот. Експлоатираните руди се пласирани во стран-

ство во сурова состојба или во вид на концентрат /хромов концентрат/. Спрема тоа нашата екстрактивна индустрија служела како суровинска база на странската индустрија.

Истражувањето и експлоатацијата на рудните богатства на територијата на НР Македонија до избувнувањето на Втората светска војна се вршени во скромни и ограничени размери, иако во однос на тогашните истражувања и пронајдените резерви оваа гранка на стопанството можеше да постигне поголеми резултати.

Резервите на рудните богатства установени во предвојниот период за одделни метали и неметали изнесувале:

Х р о м - Резерви од хромна руда во Македонија, според извршувањата извршени до 1939 година изнесувале 430.150 тони, од кои на базенот Радуша отпаѓале 258.650 тони, во рудиштата "Љуботен" 155.700 тони, а во "Лојане" 15.800 тони. Во 1940 и 1941 година истрагите продолжиле и пронајдените резерви се зголемиле на 568.201 тон, од кои на "Радуша" отпаѓале 378.576 тони, "Љуботен" 165.825 тони, на "Лојане" 13.800 и "Раброво" 10.000 тони[15]. Вкупното производство во 1940 година изнесувало 32.579 тони хромна руда од кои 6.194 тони богата хромна руда /45-50% Cr_2O_3/ и 26.385 тони сиромашна руда /15-30% Cr_2O_3/.

О л о в о - Истражувањата на оловната - цинкова руда во предвоениот период се вршеле во областа на Кратовската и Злетовската Река. На основа на извршените истражувања пронајдени се резерви од 1.094.000 тони[16]. Во 1939 година производството на оловно-цинковата руда изнесувало 6.084 тони[17].

М а н г а н - Истражувањата на манганова руда отпочна во 1937 година во околината на селото Дворци - Кичевско. Проценети залихи во периодот 1937-1941 година изнесувале околу 30.000 тони. Во текот на 1938-1941 година кога се отпочна со експлоатацијата производството изнесувало околу 8.100 тона.

А з б е с т - Иако НР Македонија располагала со залежи на азбест, во предвоениот период се вршеле мали истражувања

15/ Инж.А.Малахов Рударска индустрија Македоније /1934-1944/ ракопис. Документација на Заводот за геолошки истражувања на НРМ Скопје.

16/ Исто

17/ Рударска и топионичка производња - Државни статистички уред ФНРЈ, Београд 1945 година.

само во атарот на селото Богословец - Штипско. Со какви резерви располагала оваа месност не било во тој период познато.

Л и с к у н - Истражувањата на лискун се вршеле во Прилепско /Дуњска и Небреговска општина/. Лискунот го експлоатирало месното население на примитивен начин, во мали количества и ги продавало на германски фирми. Во 1939 година за прв пат е на германска фирма започнала со посистематска експлоатација. Откриените резерви и висината на производството не се познати.

Т а л к - Оваа неметална руда се експлоатирала во близината на селото Извор - Велешко. Не се вршеле никакви сериовни истраги. Според тоа, резервите на талк, не биле познати. Во текот на 1938-1941 се произвело 900-1.000 тони суров талк.

М а г н е з и т - Истражувањата на магнезитот се вршеле на левиот и десниот брег на Вардар во близината на Зелениково и реката Пчиња. За откриените резерви не се располага со податоци. Во истражувањата и експлоатацијата биле заинтересирани две приватни фирми: "Пчиња" и "Вардар". Експлоатацијата се вршела на примитивен начин. Според статистичките податоци производството на магнезит во периодот 1933-1938 година изнесувало во тони:[18]

	Сировина	Печен магнезит
1933-1934	60	-
1936-1938	607	15
В к у п н о:	667	15

Магнезитот се пласирал во земјата, а незнатни количества се извезувале.

К в а р ц е н п е с о к - Богати залежи на квалитетен кварцни песок се наоѓаат во близината на селото Долно Солје - Скопско. Резервите не биле испитани. Се експлоатирале и се оплеменувале незнатни количества. Кварцниот песок се пласирал во фабриките за стакло во земјата.

М е р м е р - Иако НР Македонија располага со големи резерви на разновидни мермери, истражувања не се вршеле и спрема

---

[18] Инж. Малахов: цит. труд

тоа не биле познати резервите. Се пронајдени залежи само во Прилепско и истите се експлоатирале во мали и незначителни размери, сезонски и на примитивен начин.

Ј а г л е н - На територијата на денешната НР Македонија во предвоениот период слабо се вршело истражување на јаглен. Истражувањата се вршени на три месности во околината на селото Нерези и Катлаково - Скопско, во селото Живојно - Битолско и Пробиштип. На овие месности, пронајдени се резерви на лигнит од групите А - Б околу 705.000 тони, а од групата Ц се претполагало дека резервите преминувале неколку милиони тони. Пронајдените резерви по рудници и по групи изнесувале во тони:[19]

Рудници	А-Б
Нерези	5.000
Катлаково	400.000
Живојно	100.000
Пробиштип	200.000
В к у п н о:	705.000.-

Пронајдениот и експлоатираниот лигнит бил од добар квалитет со 3.000 - 4.000 калории. Експлоатацијата се вршела сезонски во рудниците Нерези, Катлаково. Во 1938 година мали количества на лигнит /3.200 тони/ се произвело во Пробиштип. Вкупното производство на лигнит во периодот 1929-1940 во рудникот Нерези изнесувало околу 26.710 тони, а во Рудникот Катлаково во периодот 1938-1940 6.304 тони.

Од горното може да се констатира дека експлоатацијата на рудните богатства, со исклучок на хромот, била минимална. Експлоатацијата на рудните богатства била во рацете на странскиот капитал. Домашниот капитал слабо бил заинтересиран во рударството поради липса од капитал и што концесиите за побогатите терени му припаѓале на странскиот капитал /преку 90% од регистрираните фирми отпаѓале само на англискиот капитал/. Непосредно пред Втората светска војна, германскиот капитал ги зајакна

19/ Инж.А.Малахов, цит.труд

своите позиции во рударството и претставуваше сериозен ривал на англискиот капитал.

§ 4 З Е М Ј О Д Е Л С Т В О

Земјоделството на територијата на НР Македонија во предвоениот период претставуваше најважна стопанска област. Според последниот официјален попис на населението најголем процент од него се занимавал и се издржувал од земјоделството:[20]

	Земјоделство шумарство и рибарство		Индустрија и занаетчиство		Трговија, кредит и сообраќај		Останати делатности		Вкупно	
	лица	%	лица	%	лица	%	лица	%	лица	%
Вработени	302188	75,1	37719	9,4	16367	4,1	46196	11,4	402470	100
Издржувани	399555	73,0	64970	11,9	35818	6,5	47145	8,6	547488	100
Вкупно:	701743	73,9	102689	10,8	52185	5,5	93341	9,8	949958	100

Од Вкупно 949.958 жители во земјоделството биле на работа и од него се издржувале 701.743 жители или 73,9% од вкупното население. Аналогно на тоа и најголемиот процент од народниот доход произлегувал од земјоделството.

Од вкупната површина на НР Македонија во 1938 година отпаѓало на:

Земјоделска површина	1.417.290 ха или 52,6%
Површина под шума	1,055.800 ха или 39,2%
Неплодна површина - голотини	221.310 ха или 8,2%
В к у п н о:	2.694.400 ха или 100%

20/ Дефинитивни резултати пописа становништва од 31. III.1931 год. кн.IV.Сарајево, 1940 год.

1. Растително производство

Растителното производство по видови култури во периодот 1935-1939 година се движело:

во тони

Култури	Г о д и н и					
	1935	1936	1937	1938	1939	1935/39
Житни	311.439	310.465	376.424	361.326	380.735	348.077
Индустриски	6.675	10.809	13.347	12.429	13.105	11.273
Градинарски	85.791	91.360	100.988	109.012	102.606	97.953
Овоштие	22.427	23.663	22.856	26.916	41.859	27.544

Од житните култури најмногу била застапена пченицата. Оваа култура заземала во 1935/39 година 146.303 ха од вкупната засејана површина. Просечното производство на пченица во истиот период изнесувало 118.867 тони. Р'жта по површините под жита во 1935/1939 година го зазема второто место со 88.200 ха, а по производство третото место со 64.554 тони. Под царевка во 1935/ /1939 година било засејано 73.420 ха, а просечното производство во истиот период изнесувало 80.575 тони. По царевката доаѓал јачменот со 63.856 ха засејани површини и 61.334 тони производство. Овесот учествувал во периодот 1935/1939 година со 24.070 ха засејани површини и 14.386 тони производство. По засејаните површини во периодот кој тука се третира /1935/1939 г./, оризот доаѓал пред овесот со учество од 3.537 ха и производство 4.740 тони.[21/] Житните култури, со исклучок на оризот, се ползуваа како лебно жито. Особено пченицата претставуваше основна суровина на млинската индустрија. Иако пченицата заземаше релативно големи површини, таа не можеше да ги задоволи постојните капацитети на млинската индустрија, така што се снабдувале од другите житородни области, како на пример од Војводина, и особено од Косово. Во неродните години кога се чувствуваше недостиг од пченица, снабдувањето осетно се зголемуваше.

Од индустриски култури во НР Македонија во предвоениот период се одгледуваа: тутунот, памукот, афионот, сончогледот,

---

21/ Според пресметувањата на Економскиот институт, Скопје на база на статистичките годишњаци: Пољопривредна годишња статистика Краљевине Југославије, Београд, 1935-1939.

сусамот, анасонот и др. Меѓу индустриските култури тутунот заземаше прво место. Во периодот 1935-1939 година со тутун беа засејани просечно 8.285 ха, а просечното производство изнесуваше 6.284 тони годишно. По тоа следуваше афионот со просечно засејани површини од 8.170 ха и производство 59 тони афионов катран. Во 1935/1939 година памукот заземаше просечно 3.481 ха, а производството изнесуваше просечно 729 тони годишно. Сончогледот во предвоениот период слабо се одгледуваше. Во 1936 година производството изнесуваше само 38 тони. Во 1939 година производството порасна на 204 тони. По афионовото семе сусамот претставуваше важна маслодајна култура во НР Македонија. По Првата светска војна производството опаѓа и во периодот 1935-1939 година се движело од 190 до 531 тон.[22] Што се однесува за останатите индустриски култури: анасон, лен, конопи, сирак за метли и др. се одгледувале во ограничени размери и служеле за потребите на месното население. Иако споменатите индустриски култури претставувале важни индустриски суровини, тие не се преработувале, туку, главно, се продавале во сурова или полусурова состојба за задоволување на потребите на месното население. Тутунот се манипулирал и ферментирал и како таков се пласирал во земјата како полупроизвод за фабрикација на цигари, или се пласирал во странство. Афионот - катранот се извезувал во сурова состојба, а само мал дел се преработувал во земјата /фабрика алкалоиди - Скопје и тоа последните две години пред Првата светска војна/. Памукот, ленот, конопот, сиракот - се употребувале во домашната ракотворба.

Градинарските култури на територијата на денешна НР Македонија во предвоениот период опфаќале значајни површини, особено тоа е забележано во последните години пред Втората светска војна. Тоа го условиле климатските и почвените услови и нивната се поголема употреба за исхраната на населението. Паралелно со зголемувањето на засадените површини се зголемувало и нивното производство. Во периодот 1935-1939 год. производството на поважните градинарски култури се движело како што следува:[23]

22/ Според пресметувањата на Економскиот институт, Скопје вршени на база на статистичките годишњаци: Пољопривредна годишња статистика Краљевине Југославије, Београд, 1935-1939

23/ Исто

во тони

Година	Кромпир	Грав	Бостан	Домати	Пипер	Кромид и лук	Зелка	Друго
1935	8.236	6.505	48.639	2.496	3.819	4.442	3.338	8.316
1936	12.870	7.173	45.599	2.615	3.786	5.404	5.293	8.620
1937	12.814	5.300	56.232	2.855	3.189	4.806	7.758	8.044
1938	15.209	4.709	59.341	2.824	4.120	5.154	9.154	7.989
1939	10.389	5.520	56.294	3.550	4.592	6.194	7.781	8.286

Иако Македонија располагала со достаточни одвишоци на зеленчук по задоволувањето на населението со него во свежа состојба и домашно конзервирање /зимница/, индустриска преработка на зеленчукот, со исклучок на фабриката за конзерви "Факир",- Скопје, основана пред самата Втора светска војна, не било вастапено. Со други зборови постојаната тогашна суровинска база не била рационално исползувана и голем дел од производството пропаѓало или се пласирало на домашниот пазар под мошне ниски цени. Што се однесува до извозот во странство, тој не бил воопшто организиран, со исклучок на гравот кој се пласирал во Грција.

Овоштарството покажува тенденција на постојанен пораст. Тоа се гледа од споменатите податоци за зголемените површини под овоштие и од зголеменото производство.

Производството на овоштие по видови во периодот 1921--1939 година изнесувало:[24/]

во тони

Годишен просек	Видови овошти ја									
	Јаболка	Круши	Сливи	Ореви	Кајсии	Цреши	Праски	Грозје	Останато	Вкупно
1921-1924	3803	2591	11907	1784	-	-	-	17800	3175	41060
1925-1928	3460	3479	7130	2619	-	-	-	16508	3330	36526
1929-1934	3653	2825	5375	2649	1141	1355	472	14825	5223	34550
1935-1939	5953	3925	8683	2893	1275	1076	991	14595	2748	42139

Од горните податоци се гледа дека производството на овоштието, со исклучок на сливите и грозјето, покажувало тенден-

24/ Според пресметувањата врз основа на цит.Статистички годишњаци

ција на пораст. Релативно зголемување по години повеќе се должи на благопријатните климатски и почвени услови отколку на применувањето на агротехнички мерки.

Овоштието и градинарските култури, главно, се консомирале во сурова состојба. Со исклучок на домашната преработка /пекмез, мацун, слатко, ракија, а од грозјето вино и ракија/, овоштието индустриски не се преработувало. Единствено споменатата конзервна фабрика преработувала незнатни количества. Според тоа, иако постоела суровинска база, истата не била воопшто користувана за индустриски цели. Извозот на овошие во другите тогашни покраини се вршел во слаби размери и тоа само изнимно квалитетно овошие /јаболки/, како и коштилавото овошие /ораси и бадеми/.

2. Сточарство

Бројот на поважните видови добиток во периодот 1935-1939 година се движело како што следува:[25]

Видови добиток	Години					
	1935	1936	1937	1938	1939	1935/39
Говеда	323.035	313.492	316.346	321.571	325.817	320.052
Овци	1.500.337	1.568.781	1.627.966	1.643.587	1.691.447	1.606.423
Кози	535.025	536.685	533.428	520.346	615.339	548.165
Свињи	106.970	108.558	104.423	105.023	105.824	106.160

Порастот на бројот на добиток, според статистичките податоци во периодот меѓу двете светски војни, се движел многу бавно. Дури во некои видови добиток /говеда/ се покажува и намалување. Тоа го потврдуваат и статистичките бројки изнесени во горната табела за периодот 1935-1939 година. Покрај бавниот квантитативен развиток, сточарството изостанувало и во поглед на квалитетот. Се одгледувал, главно, добиток од примитивни раси, со мала жива мера и ниска продуктивност. Независно од тоа, сточарството, а особено овчарството, во тогашните услови претставувало важна суровинска база за развиток на индустријата. Сточарството

25/ Според пресметувањата врз основа на цит. Статистички годишњаци

претставувало извор на производи како што се: месото, млекото, волната, козината, кожите и др. кои служат како одлична суровина за преработувачката индустрија. Меѓутоа, со оглед на слабо развиените производни сили, овие производи, главно се употребувале за задоволување потребите на месното население. Од производите на сточарството единствено се преработувало овчето млеко во млечни производи: кашкавал, сиреље и масло во примитивните планински бачила и еден мал дел, по задоволувањето на внатрешните потреби, се извезувал /Грција, Египет, САД/. Волната и кожата се користеле од домашното население, а мал дел ѝ служел како суровина на индустријата во земјата. Што се однесува до месото, тоа се консумирало во свежа состојба. Извозот се состоел главно, од живиот добиток. Грото на извозот го претставувал ситниот добиток.

Производството на сточарството за поважни производи се движело како што следува:

М л е к о - Годишното производство на млекото по години во предвоениот период изнесувало во тони:[26/]

М л е к о	1921		1933		1939	
	Тони	%	Тони	%	Тони	%
Кравско	20.653	44,1	22.153	33,9	22.707	30,6
Биволско	1.459	3,1	1.022	1,5	1.003	1,3
Овчко	10.452	22,3	18.357	28,4	22.126	29,8
Козјо	14.251	30,5	23.762	36,2	28.462	38,3
В к у п н о:	46.815	100	65.293	100	74.298	100

Најголем процент од млекото отпаѓало на козјото и овчкото млеко /во 1933 г. 64,61, а во 1939 год. 68,1%/. Под претпоставка целото произведено количество млеко да се консумирало во пресна состојба во 1939 година на еден жител отпаѓало 69,8 литра годишно.

Произведеното количество млеко во предвоениот период

26/ Д.Бојановски, агр.К.Џонов, инж.агр.А.Пемовска: Развитокот на земјоделството во НР Македонија, Скопје, 1955 стр.272

поради неговата неповолна структура оневозможуваше да се развие преработувачката млечна индустрија; преработување на млекото се ограничи на големи стада во оние реони каде што имаше концентрација /Западна Македонија/ и каде што поедини стопани располагаа со над 10.000 овци. Во тие реони постоеја бачила каде што млекото примитивно се преработуваше и имаше сезонски карактер.

Неразвиеноста на млечната индустрија се должела во прв ред на слабо развиеното краварство: козјето млеко не можело да дојде во обзир за индустриска преработка /козите се одгледувале во планински сиромашни реони и претставувало основна храна на тоа население/; Исто така ни овчкото млеко кое имало сезонски карактер не можело да послужи како база за млечна индустрија /овците се молзат од јануари најкасно до јуни месец во годината/. Покрај тоа краварството се одгледувало од страна на индивидуални селани за задоволување на сопствените потреби и делум го пласирале во блиските градови во пресна состојба. Индустријата на млечните производи, како и секое индустриско производство, бара перманентно и контуелно снабдување со суровини. Во условите на расцепканост на земјоделските поседи, од една страна, и одалеченоста на градовите без потребни транспортни средства и комуникациони врски, од друга, оневозможувало правилно и рационално исползување на земјоделските производи како суровина за индустријата воопшто, а во конкретниов случај за индустријата на млечни производи одделно.

М е с о - Произведените количества на месо во предвоениот период тешко можат да се установат. Колењето во јавните кланици не се евидентирало, а закланиот број на добитокот во селата уште помалку се регистрирал. Произведеното месо, пресметано врз основа на денешните нормативи, се движело околу 7,6 милиони тони /1939 год./. Од вкупното количество заклано месо, на овчкото и козјето месо отпаѓало повеќе од 50%. Потоа следело говедското, свинското и биволското месо. Ваквата структура на месодобивот не можеше да послужи како база за развиток на месната индустрија. Само развиеното говедарство и свињарство можат да обусловат развиток на преработувачка индустрија на месо. Во предвоениот период, поради неправилната економска политика, сточарството како такво систематски и плански не се унапредуваше /не се вршеше селекција на говедата - заменување на примитивните

раси со поквалитетни; екстензивната крмна база не обезбедуваше правилна и нормална исхрана на добитокот итн./. Како резултат на таквата политика имавме слаба застапеност на говедарството и свињарството, а овчарството прими, сравнително со останатите видови добиток, поголем замав.

Месото, главно, служеше за задоволување на внатрешните потреби на населението и се консумираше во пресна состојба. Извесни количества од овчото и козјото месо се препарираше во пастрма /примитивно солење/. Извозот на заклано месо не доаѓаше предвид. Се извезувал, како што веќе спомнавме, само жив крупен, а особено ситен добиток.

В о л н а - Благодарејќи на поволните природни услови /богати и пространи пасишта/, од една страна, и ползата што ја има земјоделското население од овој вид добиток /месо, млеко, волна/ од друга, влијаеле овчарството да се развие до таков степен што претставувало најзастапен продуктивен добиток во НР Македонија. Ако се земе просечниот принос волна од една овца да изнесувал во предвоениот период 0,900 кгр., тогаш вкупното количество на непрана волна во периодот 1935-1939 година изнесувало:

Во кгр.

	Г о д и н и					
	1935	1936	1937	1938	1939	1935/39
Волна	1.350.303	1.407.403	1.195.169	1.483.728	1.522.302	1.376.780

Произведената волна, главно, се консумирала од земјоделското население /домашна ракотворба/, а само мали количества се изнесувале на домашниот пазар.

Освен волната, од многубројните кози се добивало и козина. Вкупното количество на козина при принос од една коза 0,200 кгр. во 1935/1939 год. просечно годишно изнесувало 109.633 кгр. Козината се користувала за домашна ракотворба и во занаетчиството за изработка на мутави, дисаѓи, вреќи и др.

Ж и в и н а р с т в о - Одгледувањето на птици во

Македонија е слабо застапена. Оваа гранка претставува споредна делатност на земјоделското население. Во периодот 1935/1939 год. вкупниот број на птици изнесувал:[27]

	1935	1936	1937	1938	1939	1935/39
Птици	1271904	1265751	1304752	1278321	1244172	1272980

Од горните податоци се гледа дека бројот на домашните птици покажувал тенденција на пораст. Од вкупниот број на домашни птици, најголем процент отпаѓало на кокошките /во 1939 год. 1.184.451 или 95,2%/. Застапеноста на останатите видови птици. /шатки, гуски, мисирки/ била незначителна. На живинарството не се обраќало никакво внимание. Птиците се одгледувале примитивно /слабо хранети, лошо сместувани/. Главно доминирала домашната раса карактеристична со мала тежина и слаба носивост.

Како резултат на слабата застапеност на живинарството годишното производство на јајца било ниско. Така во 1921 год. се произведени 21.664 илјади јајца, во 1938 год. 52.566 илјади, а во 1939 55.988 илјади јајца[28]

П ч е л а р с т в о - Иако во НР Македонија суштествуваат одлични услови за одгледување на пчеларство, истото бавно се развивало. Последните години пред Втората светска војна, пчеларството сепак покажувало извесни релативни резултати.

Бројот на кошниците и производството на мед и восок во периодот 1935-1939 год. се движел како што следува:[29]

Година	Со непод-вижни саки	Со подвиж-ни саки	Вкупно	Вкупно производ.во кгр	
				мед	восок
1935	25.831	6.113	41.944	293.624	41.869
1936	7.752	41.554	49.306	411.656	65.079
1937	8.947	42.547	51.494	385.489	59.638
1938	8.305	41.823	50.128	314.275	53.941
1939	8.681	40.310	48.991	275.033	40.941

27/ Според пресметувањата врз основа на цит.статистички годишњаци

28/ Д.Бојановски, агр.К.Јонов инж.агр.А.Пемовска, цит.дело стр. 277

29/ Според пресметувањата врз основа на цит. статистички годишњаци

До 1935 година бројот на кошниците со неподвижни саќи доминирал над кошниците со подвижни саќи; респективно и производството на мед, односно восок изостанувало. Од 1936 год. бројот на кошниците со подвижни саќи нагло се зголемувал и производството на мед и восок покажува тенденција на пораст. Најголемо производство на мед и восок се постигна во 1936 год. кога се изврши преориентација на подвижни саќи: 411.656 кгр. мед и 65.079 кгр.восок. Следните години производството на овие артикли покажува тенденција на пад.

Р и б а р с т в о - Оваа гранка на стопанството во предвоениот период била релативно добро развиена. Најважните риболовни објекти претставувале езерата: Охридско, Преспанско и Дојранско. Меѓу поважните реки во кои рибарењето било развиено спаѓат: Вардар и Црна Река. Иако останатите истечни води се богати со риба, рибарењето било слабо застапено. Најголемо количество риба давале, а дават и денес нашите езера.

Меѓу најбогатите езера со риба, во прв ред иде Дојранско, потоа следуваат Охридско и Преспанско Езеро. Од вкупно 1.180.000 кгр. риба, колку просечно годишно изнесувало производството на риба во предвоениот период, на Дојранското Езеро отпаѓало 400 - 500.000 кгр.[30/]

Иако уловеното количество риба во предвоениот период изнесува сериозно количество, со оглед на потенцијалните производни можности на нашите езера и истечните води, рибарството во Македонија било слабо развиено. Тоа се должи на примитивниот и несистематскиот начин на рибарење.

Уловената езерска риба се користувала за задоволување на потребите на месното население, а голем дел се пласирал во нашите поголеми консумативни центри, било во пресна, солена или сушена состојба. Речната, пак, риба се консумирала во пресна состојба од локалното население. Иако постоела суровинска база за индустриско конзервирање и препарирање на езерската риба, поради липса на капитали и слаба организација, оваа подгранка

30/ Во периодот 1930-32 просечно се годишно ловило во Охридското езеро 230.805 кгр.; во Преспанското Езеро во периодот 1933-1936 год. 83.801, а во Дојранското Езеро во текот на 1935 год. се уловило 430.323 кгр. Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије, Скопје 1937, стр.592, 598, 600.

на прехранбената индустрија воопшто не се развила.

С в и л а р с т в о - Традицијата за одгледување на свилена буба во Македонија датира од далечни времиња. Таа се развила во јужните делови на Македонија. Главни производителни центри на производството на оваа стопанска гранка биле: Гевгелиската, Струмичката, Дојранската и Радовишката околија. Развитокот на свиларството во овие краеви го обусловиле поволните природни фактори - виреењето на црници /црничниот лист претставува основна и единствена храна на свилените буби/, од една страна, и рентабилноста на оваа гранка, од друга. Благодарејќи на овие природни и економски фактори бубопроизводството во предвоениот период покажувало, со исклучок на последните четири години пред Втората светска војна постојанен пораст.

Движењето на производството на суровите свилени кожурци во периодот 1925-1940 година изнесувало:[31/]

Години	Производство во килограми
1925	339.787
1926	385.420
1927	412.082
1928	488.398
1929	500.896
1930	487.454
1931	316.739
1932	556.000
1933	611.635
1934	725.451
1935	627.908
1936	528.322
1937	446.979
1938	456.798
1939	400.000

Најголемо производство на свилени кожурци се реализирале во периодот 1932-1935 год., поради високите цени на кожурците, додека пак обратно во наредните години, поради ниските от-

---

31/ Инж.М.Арсенијевиќ: Текстилне сировине, Нови Сад, 1946 стр.436

купни цени, производството опаѓало.

Производството на свилени кожурци претставувало одлична суровинска база за развитокот на свиларската индустрија во Македонија. Меѓутоа, оваа индустрија, до основањето на филатурата во Гевгелија /1938/ не била развиена. До основањето на ова претпријатие целокупното производство на свилените кожурци се пласирале во земјата. По изградбата на споменатата фабрика во Гевгелија и натаму свилените кожурци се пласирале во југословенските свилари, со таа разлика што само еден мал дел /4-5% од вкупното производство/ се преработувало во Гевгелија.

Од досегашното излагање може да се извлече следната констатација: Во Македонија имало природни и материјални услови за рамномерен развиток на стопанството воопшто, а посебно за развитокот на индустријата и рударството. Но, овие услови не биле систематски и рационално исползувани, поради што, нашето стопанство, а особено индустријата како важна стопанска област, се развивале бавно, во ограничени размери и проследени со разни противуречности и карактеристични за капитализмот. Не само тоа. Диспропорцијата која суштествувала помеѓу гранките на делатностите и внатре во нив ја ориентирале индустријата кон увоз на суровини и полуфабрикати, кој негативно се одразувал во исползувањето на домашните суровини и проширувањето на суровинската база, поставувајќи ја индустријата и целото стопанство во зависна положба од странство. Релативниот развиток на индустријата и нејзиното противставување на конкуренцијата се должела, главно, на ефтината расположива работна рака, високите тарифни ставки на железниците, заштитната царина и произведувањето специфични артикли наменети за широка потрошувачка на месното население.

Причините за ваквата положба резултирале во прв ред од тогашните општествено-економски односи, засновани на капиталистички начин на производство каде што профитот и екстра-профитот го регулирале производството, а не потребите на заедницата. При тоа странскиот капитал, кој заземал силни позиции во стопанството на Југославија, посредно се одразил на развитокот на индустријата. Ваков карактер на општествено-економските односи предизвика низа противречности и тоа: противречност помеѓу трудот и капиталот, помеѓу природните богатства и

степенот на развитокот на производните сили, помеѓу производството и потрошувачката. Потоа во неповолната структура на индустријата, примитивноста и заостанатоста на нашето земјоделство и др. Сите овие противуречности давале печат на слабо, неразвиено и заостанато стопанство, чии тенденции се чувствувале во сите гранки на општествената делатност.

II д е л

ПРЕГЛЕД И АНАЛИЗА НА ИНДУСТРИЈАТА ПО ПООДДЕЛНИ ГРАНКИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА

§1 П Р Е Х Р А Н Б Е Н А И Н Д У С Т - Р И Ј А

На територијата на денешна НР Македонија во време на Отоманското владеење од преработувачката индустрија, најмногу била застапена прехранбената. По бројот на индустриските претпријатија, запослената работна рака, како и производството, несомнено прехранбената гранка заземала прво место. Така, по завршувањето на Балканската војна /1913/ од 19 индустриски претпријатија, колку сме наследиле од турската империја, 12 претпријатика отпаѓало на прехранбената индустрија.

Освен горните индустриски претпријатија се затекнати и многубројни мелници, шарлаганцилници кои немале индустриски карактер, но некои од нив претставувале преод од занаетчиството кон посовршен начин на производство.

И во периодот меѓу двете светски војни прехранбената индустрија претставувала најразвиена гранка на индустријата на територијата на НР Македонија. Во однос на бројот на претпријатијата прехранбената гранка доаѓала на прво место со 28 претпријатија, односно 25,3% од вкупниот број на претпријатијата во индустријата и рударството. Во инвестираниот капитал прехранбената индустрија заземала трето место по тутуновата индустрија и рударството со учество од 15,2%; по инсталациона погонска сила доаѓала веднаш по електростопанството /18,0%/; по вработениот број на работници на трето место /7,9%/; а по производството на трето место по тутуновата индустрија /26,4%/.

Релативниот развиток на прехранбената индустрија во Македонија се должи во прв ред на суровинската база и на фактот што за ваков вид индустрија не било нужно инвестирање на големи капитали, како и на едноставниот технолошки процес на производството кој не барал вработување на голем број висококвалифицирани, односно квалифицирани работници.

Со оглед на разновидноста и многубројноста на претпријатијата од прехранбена индустрија, историскиот развиток и проблематиката на оваа индустрија ќе ја изнесеме поодделно по нејзините подгранки распределувајќи ги како што следва:

1. Млинска индустрија
2. Луштилница на ориз
3. Производи од брашно
4. Преработка на овоштие и зеленчук
5. Производство на бонбони и чоколади
6. Пивари
7. Производи на зејтин
8. Останати производи

А. МЛИНСКА ИНДУСТРИЈА

Меѓу првите индустриски претпријатија од прехранбената индустрија на територијата на денешна НР Македонија се јавуваат мелниците. Појавата на првите мелници со поголем капацитет и трговско мливо е забележена во осумдесеттите години на XIX век. Тоа се должело на повеќе фактори. Прво што Македонија располагала со суровинска база и второ што побарувачката на брашното константно растела поради зголемувањето на градското население, а особено поради нараснатите потреби на турската војска. Затоа и млинската индустрија се концентрира во тогашните економски, административни и војнички центри: Скопје, Битола и др. Капацитетот на млинската индустрија не ги задоволувал потребите на градското население, бидејќи голем дел од производството се користело за потребите на турската војска, а само мали количества се пуштале во промет. Така од четирите мелници во Скопје, две мелници /мелниците на Шабан Паша и мелницата на Јусуф Морина/ постојано и исклучиво работеле за турската војска, а останатите две мелници /на Исмаил Паша и таа на Гали-бег/ работеле истовремено за војската и за скопскиот пазар.

Со оглед на тоа што производството на брашно од постоечките мелници во Македонија не ги задоволувале потребите на градското население, големи количества брашно се увозувале.

Во повоениот период сите затечени мелници продолжија да работат, но како побарувачката на брашно постојано растеше,

се укажа потреба да се градат нови мелници кои би ги подмириле потребите на градското население. Со таа цел затекнатите мелници ги проширале своите капацитети прилагодувајќи го производството на типизирано фабричко брашно. Од друга страна се изградувале нови модерни мелници. Така додека во турско време и првите години по војната брашното се увозувало, со изградување на новите и проширувањето на капацитетите на старите мелници во подоцнежните години, млинската индустрија достигна такви размери, та не само што ги задоволувала локалните потреби, туку се појавувала како извозник на брашно во другите покраини. Благодарејќи на големата потрошувачка на брашно, млинската индустрија се разви со многу побрзо темпо отколку останатите гранки на индустриската дејатност. Така, уште во првата половина од периодот меѓу двете светски војни кога слабо се инвестираше во индустријата, се изградија големи и модерни мелници во Македонија /Мелницата "Балкан" во Скопје /1922 г./, мелницата на Живко Стојиљковиќ во Куманово /1925 г./, мелницата на Гошо Органџиев во Велес /1927 г./ и др. /.

1. Поодделни претпријатија на млинската индустрија

/1/ Мелницата на Браќата Дапчеви, Скопје

Оваа мелница е основана 1880 год. и претставувала прва автоматска мелница на територијата на денешна НР Македонија. Основатели на оваа мелница биле Браќата Дапчеви, трговци од Скопје. Уште во турско време мелницата ја купил Исмаил Паша и таа работеше сé до 1922 год. кога неговиот син Даут-бег, ја продаде за 4.300 златни турски лири на Браќата Димови, Гоко Хаџи Ристиќ, Анче Николов, Андреја и Наум Петровски, пекари и трговци со брашно и жито од Тетово. Мелницата е изградена преку рампата на железничката линија Скопје-Белград, на патот за аеродромот.

Првобитно мелницата располагала со 3 чифта камења и 1 цилиндер. Погонот се движел на вода преку голем чарк, чија двигателна моќ изнесувала 43 кс. Производниот капацитет за 8 саати изнесувал 4.800 кгр. односно за 24 часа 14.400 кгр.брашно.

Во периодот меѓу двете војни - во 1930 год. мелницата се проширува и модернизира и при тоа сопствениците погонот го преориентираат на електрична струја. Капацитетот осетно се зголемува.

Во 1940 год. мелницата имала на работа 12 работници.

/2/ Мелницата на Јусуф Морина, Скопје

Мелницата е основана во 1888 год. од Јусуф Морина. Се наоѓала во паркот на Исламхане на специјално за неа изграден јаз, во непосредна близина на пионерската железопатна станица /денес детско игралиште/.

Мелницата располагала со 6 цилиндри и 1 француски камен со гарнитура. Работела на водна турбина од 35 кс. Исто така имала мотор со гас генератор од 50 кс. Производството изнесувало 27.000 ока брашно за 24 саати, а во неа работеле 20 работници.[32/]

Мелницата престанала да работи 1926 год. кога сопственикот постана инсолвентен и кога паѓа под стечај.

/3/ Мелницата на Бекир и Емин и Браќа , Скопје

Оваа мелница е основана во 1896 година од Шабан-паша, по потекло од Косово /титулата паша, Шабан ја добил од Султан Хамид за покажаните услуги во областа на стопанството/. Мелницата била лоцирана покрај левиот брег на Вардар, на специјално за неа изграден јаз, зад Калето, покрај патот за Тетово.

Мелницата функционирала на вода преку турбина од 50 кс и располагала со 5 цилиндри. Работеле 18 работници, а капацитетот изнесувал 6.000 ока брашно за 24 саати.[33/]

Покасно мелницата наполно се реновира и стана автоматска. Во 1936 год. се заменува старата турбина со нова од 110 кс.

Годишното производство изнесувало околу 800.000 - 1.000.000 кгр. разни видови типови брашно. Во 1940 год. во неа биле на работа 15 работници.

32/ М.М.Савиќ: Занати и индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама Краљевине Србије, Београд, 1914 стр.130

33/ М.М.Савиќ: цит.дело, стр.131

/4/ Автоматската мелница "Драгор", Битола

Оваа мелница е соградена од Исмаил паша во 1902 год. во непосредна близина на железничката станица. Истата работела до 1908 год. кога од непознати разлози престанала да работи и не се користела сé до 1912 година.

Мелницата располагала со 6 цилиндри, а нејзиниот капацитет до 1908 год. изнесувал 15 тони брашно за 24 саати.[34/]

За време на Првата светска војна мелницата беше разурната. По војната "Београдска уједињена банка" мелницата ја откупува и ја обновува, но пред да ја пушти во погон, банката паѓа под стечај и истата минува во сопственост на Хрватска банка, Загреб.

Таса Тасиќ од Лесковац, еден од главните ортаци на мелницата "Балкан" во Скопје во 1934 год. го отстапува својот дел од мелницата "Балкан" Скопје, на Лесковачката централна банка која едновремено во оваа мелница учествува со својот капитал како ортак и истата година, благодарејќи на одобрениот кредит од Народната банка, ја откупува мелницата во Битола од Првата хрватска штедилница. Новиот сопственик во 1934 год. мелницата ја реновира, снабдувајќи ја со модерни инсталации набавени на ново во Германија. Капацитетот ѝ го зголемува првобитно на 3 а покасно на 4 вагони за 24 саати. Мелницата работела на моторен погон и за таа цел располагала со 1 саугас мотор од 220 кс.

Во мелницата работеле просечно 24-30 работници и службеници.

/5/ Вештачката мелница "Полог", Тетово

Во 1906 година се воортачуваат Абуш-ага Тресија, Алибег Дерала и Абдил Ефендија и изградуваат мелница на реката Пена, во Тетово. Во 1923 год. мелницата ја откупуваат Спиро Хаџи Ристиќ, Александар Јовановски, Петар Апостолов и Димче Костовски. Мелницата работела под фирмата Хаџи Ристиќ, Јовановиќ и комп. Во 1931 год. Димче Костовски го напушта ортаклакот и на негово место доаѓа Петре Анов. Истата година, Тетовската индустриска

34/ М.М.Савиќ: цит.дело, стр.204

банка како таен ортак зема учество во капиталот на мелницата. Во 1936 год. оваа мелница била регистрирана под фирмата: Вештачки млин "Полог" на Глигор Јовановиќ.

Мелницата била во 1929 год. реновирана и снабдена со нови машини од Германија. Просечно годишно произведувала околу 1.800,000 кгр.брашно. Располагала со водна турбина од 50 кс и 2 мотора со вкупно 42 кс.

Во 1940 год. во неа работеле 13 работници.

/6/ Мелницата на Гали-бег, Скопје

Оваа мелница е основана во 1908 год. од Гали-бег. Таа се наоѓала на плацот на кој е соградена зградата во која е сместен денес Природно-научниот музеј.

Мелницата работела на водна турбина од 40 кс на некогашниот јаз /сега не постои/ и располагала со 3 цилиндри. Произведувала 6.000 кгр. брашно за 24 саати.[35] Работеле 10 работници. Престана да работи 1923 година.

/7/ Автоматскиот млин "Балкан", Скопје

Извозничката фирма Симиќ и Павловиќ од Смедерево и Браќата Тасиќ, житари од Лесковец, започнаа во 1921 год. со изградба на мелницата "Балкан" во Скопје и истата ја лоцираа покрај железничката линија Скопје - Косовска Митровица. Во меѓувремено фирмата Симиќ и Павловиќ се разортачува, а Браќата Тасиќ, за да ја довршат мелницата, се обратиле до Лесковачката централна банка за финансиска помош. Банката се согласила да ја финансира изградбата. Споменатата банка им го исплатува на Симиќ и Павловиќ вложениот капитал и станува полноправни ортак со Браќата Тасиќ.

На 22.XI.1922 год. мелницата се пуштила во погон и сé до 1934 год. функционирала под власништво на Лесковачката централна банка и Браќата Тасиќ. Кога овие, последниве, се разортачуваат и мелницата припадна во исклучиво власништво на банката.

35/ М.М.Савиќ, цит.дело стр.131

Мелницата била снабдена со најсовршени инсталации и нови машини набавени во Германија и претставувала најголемо и најмодерно млинско претпријатие во Македонија. Првите години мелницата користувала сопствена енергија /располагала со една парна локомобила од 205 кс/. Покасно, во 1929 год. погонот го приклучи на градската електрична мрежа, инсталирајќи 6 електромотори од вкупно 353 кс, а парната локомобила служеше како резерва. Освен тоа мелницата располагаше со голем и модерен силос со капацитет од 100 вагони. Мелницата беше поврзана со железничката линија со индустриски колосек.

Во 1940 год. мелницата запослувала 46 работници и службеници.

Претпријатието е бомбардирано на 18.X.1943 год. и наполно уништено.

/8/ Автоматската мелница на М.Стојиљковиќ, Куманово

Мелницата е основана во 1925 година од Живко Стојиљковиќ, индустријалец од Лесковец, а од 1930 год. се водела под фирмата на неговиот син Миодраг Ж.Стојиљковиќ.

Во периодот меѓу двете војни мелницата спаѓала во редот на оние претпријатија од млинската индустрија кои биле технички добро опремени. Инсталацијата и машините биле набавени на ново во Германија и Англија. Мелницата била во состав на електричната централа од која и добивала електрична енергија за погон.

Запосленият персонал изнесувал 41 работник и службеник.

/9/ Автоматската мелница "Вардар", Т.Велес

Мелницата е соградена во 1927 год. од Алексо Зафиров, од Т.Велес и истата е продадена во 1930 год. на Гошо Органциев, Андон П.Кирков и Ангел Органциев, трговци и индустријалци од Т.Велес. По купувањето, новите сопственици мелницата ја реновираат /ги менуваат цилиндрите, набавуваат нов електромотор и др./. Мелницата располагала со комплетна млинска опрема набавена на ново во Чехословачка.

Мелницата функционирала на Саугас мотор од 45 кс и

1 електромотор од 70 кс.

Во претпријатието биле на работа 21 работник и службеник.

/10/ Мелницата "Брегалница", Штип

Во 1930 год. покрај самиот десен брег на реката Брегалница, над каменият мост е основана мелница, снабдена со нужна млинска инсталација за производство на фабрично брашно. Мелницата била сопственост на Јордан Пуздерлиев и Д.Сион, од Штип.

Мелницата функционирала на вода преку турбина, од 52 кс јачина, а преку летните месеци, кога настапувал низок водостој ја ползувале градската електрична енергија за која цел располагала со резервна електрична инсталација.

Работниот персонал во 1940 год. изнесувал 11 работника.

/11/ Автоматската мелница "Вардар", Скопје

Браќата Атанас и Лазар Георгиеви и Драгутин Матов, брашнарски трговци од Скопје се воортачуваат и акумулираниот капитал од трговијата со брашно во 1934 год. го инвестираат во изградба една нова модерна автоматска мелница. Мелницата ја лоцираат во непосредна близина на Парната пивара А.Д.Скопје, покрај железничката линија Скопје-Ниш. Мелницата била автоматска и располагала со комплетна млинска опрема. Првите години по пуштањето во погон, поради високите тарифи на електричната енергија мелницата работела на сопствен погон, ползувајќи еден саугас мотор од 100 кс и три електромотори од вкупно 182 конски сили. Покасно, со оглед на тоа што располагаше со целокупна електрична инсталација, премина на ползување на електрична енергија од Скопската градска електрична централа.

Во мелницата работеле 23 работници и службеници.

/12/ Автоматската мелница "Бошава", Демир Капија

На местото на кое се наоѓа денешната мелница "Бошава" во 1907 год. Усни-бег Ализизабеговиќ подигна мелница чии капацитет изнесувал 15.000 кгр. за 24 саати. Оваа мелница работела

сé до 1918 год. При отстапувањето на германскитe и бугарскитe војски во 1918 год., истата беше опожарена и уништена. Во 1919 год. на разурнатинитe на мелницата се подигна мала воденица, која работеше се до 1934 год. кога управата на Кралевото стопанство созида мелница со повратно мливо со хидроцентрала. Во 1938 год. целиот објект /мелницата и хидроцентралата/ е издадена под наем на Аранѓел Недиќ кој го експлоатирал сé до 1941 год.

Целокупниот млински уреѓај набавен е на ново во Чехословачка, само пералната била од германско потекло. Мелницата и хидроцентралата функционирале на една заедничка турбина и генератор од 32 кв.

Во мелницата работеле 7 работници.

/13/ Автоматската мелница "Жеглигово", Куманово

Мелницата ја основале Павле Стојковиќ, Стојко Лопарски и Браќата Манушеви, а во 1937 год. истата ја менува сопственоста; првите два ортаци отпаднуваат, а Браќата Манушеви продолжуваат да работат во ортаклак со Андреја Недев, трговец од Скопје и Михајло Костов, велепоседник од с.Мездра, Св.Николско.

Мелницата располагала со сите инсталации и машини за производство на разни видови брашна. Еден дел од машинитe се купени на ново, а другиот на старо. Машинитe биле по потекло од Германија и Мацарска. Погонот се движел на саугас мотор од 77 конски сили.

Во претпријатието во 1940 год. биле на работа 21 работник и службеник.

/14/ Автоматската мелница "Куманово", Скопје

Мелницата е изградена во 1938 година. Основатeл на мелницата биле Драгутин Корда, Јован Буста, Драшко Ивановиќ и Павле Стојковиќ; првите двајца биле Чеси, а другите Срби. Мелницата е изградена десно од патот Скопје-Куманово, на реонот на денешниот индустриски квартал.

Мелницата била опремена со модерни инсталации и машини купени на ново во Германија и Англија. Мелницата располагала со

млински силос од 100 тони. Погонската сила мелницата ја добивала од саугас мотор. Јачината на моторот изнесувала 120 конски сили.

Мелницата произведувала разни типови брашно и запослувала 25 работници и службеници.

2. Положба и анализа на млинската индустрија

Во периодот меѓу двете светски војни на територијата на денешна НР Македонија функционирале 14 мелници кои имале индустриски карактер, од кои едната на Гали-бег, Скопје, а другата на Јусуф Морина, Скопје кои ликвидирале првите повоени години. Според тоа до објавувањето на Втората светска војна перманентно работеле 12 мелници. Освен овие мелници на територијата на НР Македонија суштествувале многубројни ујамски мелници и воденици и мелници кои имале занаетчиски и полузанаетчиски карактер. Иако некои од нив располагале со машински инсталации, дури и биле како индустриски претпријатија зарегистрирани во бившата Трговско-индустриска комора во Скопје /мелницата "Пелистер" Битола, моторната мелница на Васка Димова, Прилеп, мелницата "Пелагонија", Прилеп, мелницата во Кривогаштани и др./. Овие мелници во нашиот приказ не се земени предвид.

Развитокот на млинската индустрија, спрема бројот на изградените претпријатија, ја бележи следната динамика:

Бројот на мелниците спрема годините на основањето и локацијата:

Ред бр.	Место	1880	1896	1902	1906	1922	1925	1927	1930	1934	1937	1938	Вкупно
1.	Битола	-	-	1	-	-	-	-	-	-	-	-	1
2.	Т.Велес	-	-	-	-	-	-	1	-	-	-	-	1
3.	Демир Капија	-	-	-	-	-	-	-	-	1	-	-	1
4.	Куманово	-	-	-	-	-	1	-	-	-	1	-	2
5.	Скопје	1	1	-	-	1	-	-	-	1	-	1	5
6.	Тетово	-	-	-	1	-	-	-	-	-	-	-	1
7.	Штип	-	-	-	-	-	-	-	1	-	-	-	1
	Вкупно:	1	1	1	1	1	1	1	1	2	1	1	12

Од 12 мелници, колку имало во предвоениот период, 4 се изградени во турско време, 4 во периодот 1918-1930, а 4 во периодот 1934-1938 год. Во првиот повоенен период се подигнаја двете големи мелници во Македонија: Автоматската мелница "Балкан", Скопје, со капацитет 80.000 кгр. мливо за 24 саати и Автоматската мелница на Живко Стојиљковиќ во Куманово со капацитет 50.000 кгр. мливо за 24 саати. За време на светската економска криза 1929-1933 престана секоја изградба на мелници и настапи тешка положба за млинарството. Изградбата на нови мелници се продолжи дури во 1934 година кога настана конјуктура во млинската индустрија. За неполни 4 години од 1934-1938 год. се изградија 4 нови мелници опремени со модерни инсталации и машини.

Во Скопје, покрај двете затечени мелници од турско време, кои продолжија да функционираат, се изградија уште 3 модерни мелници, така што од вкупно 12 мелници во Македонија, во Скопје беа концентрирани 5, иако Скопската околија не претставува житница и не беше во состојба овие мелници да ги снабдува со пченица. Концентрацијата на мелниците во Скопје се должела на неговата географска и сообраќајна положба, т.е. што Скопје беше важен економски центар, во кој беа концентрирани сите житарски трговци и комисионари, кои ги снабдуваа овие мелници со жито од другите житородни покраини.

Млинската индустрија во Македонија е основана и организирана, главно, од трговци со жито и брашно. Исто така меѓу сопствениците на млинови се појавуваат и трговци од други бранши како и занаетчии-пекари. Пекарите се појавуваат, како исклучиви сопственици само во една мелница: Мелницата на Браќата Димови, Скопје,

При основањето на мелниците, поради недостиг на капитал, ситните капиталисти го здружувале својот капитал и истиот го инвестирале во млинската индустрија. Ни во една гранка на индустријата во Македонија не е така карактеристичен примерот на здружување на капитали, како што е случајот со млинската индустрија. Од 12 индустриски мелници, само 2 мелници припаѓаат на поединци /Мелницата "Драгор", Битола, Мелницата на Миодраг Стојиљковиќ, Куманово/. Сите други мелници базираа на јавен ортаклак.

а/ И н в е с т и р а н к а п и т а л

Во млинската индустрија било инвестирано во неподвижности /плац, згради/ и машини 45.328.000 динари. Оваа сума била распределена по големина на инвестициите како што следува:

во 000 дин.

Капитал	Претпријатија	Инвестиран капитал			
	Број	Згради	Машини	Вкупно	%
до 2.000 дин.	2	500	1.200	1.700	3,7
од 2.000-5.000	7	5.929	13.219	19.148	42,2
од 5.000-10.000	2	5.265	7.728	12.993	28,7
над 10.000	1	5.298	6.189	11.487	25,4
Вкупно:	12	16.992	28.336	45.328	100

Од горната табела може да се констатира дека од 12 мелници во 9 мелници било инвестирано 20.848.000 дин. односно 45,9% а само во три 24.480.000 дин. односно 54,1% од вкупниот вложен капитал. Од изнесеното излегува дека мелниците во Македонија претставувале ситни капацитети и имале со исклучок на 2-3, повеќе локален карактер.

Една од важните карактеристики на прехранбената индустрија во Македонија, а поготово на млинската индустрија, е во тоа, што целокупните инвестиции претставувале домашен капитал.

Учеството на инвестициите спрема потеклото на капиталот во предвоениот период било: од 45.328.000 дин. вложени инвестициони средства во млинската индустрија, 27.440.000 дин. или 60,5% отпаѓале на српскиот, а 17.888.000 дин. или 39,5% на македонскиот капитал. Најголемите мелници во Македонија биле изградени и експлоатирани од лесковчани /мелницата "Балкан" во Скопје, мелницата на М.Стојиљковиќ во Куманово, мелницата "Драгор" во Битола/.

Млинарството претставувало најразвиена подгранка на прехранбената индустрија. Од вкупно 94.856.000 дин. инвестирани средства во прехранбената индустрија во Македонија, 45.328.000 дин. односно 47,8% отпаѓало на млинската индустрија. Се поставува

прашање: Зошто капиталистите го инвестирале својот капитал во оваа индустрија, чии капацитети слабо се користеле? Одговорот е едноставен и прост: профитната стапка во оваа индустрија била висока, иако мелниците не работеле со полн капацитет.

б/ П о л о ж б а н а к а п а ц и т е т и т е

Бројот на мелниците и нивниот капацитет на територијата на денешна НР Македонија тешко може да се установи. Постоествуваа многубројни мелници, а особено многу биле застапени примитивните селски воденици и мелници на ујам. Не земајќи во обзир последниве, капацитетот на мелниците со трговско мливо во 1940 година изнесувал:

Име на претпријатието	Капацитет за 24 саати во тони
Мелницата на Бекир Емин и Браќа, Скопје	18
Мелницата на Браќа Димови, Скопје	14
Автоматската мелница "Куманово", Скопје	24
" " "Вардар", Скопје	18
" " "Балкан", Скопје	80
" " "Полог", Тетово	6
" " "Бошава", Демир Капија	5
" " "Драгор", Битола	40
" " "Жеглигово", Куманово	24
" " "Вардар", Т.Велес	10
" " на М.Стојиљковиќ, Куманово	50
" " "Брегалница", Штип	10
В к у п н о:	299 тони

Споредувајќи го капацитетот на мелниците со реализираното производство во 1940 год. произлегува дека капацитетите се користеле со околу 58,7%. Слабото користење на капацитетите како што ќе видиме подолу резултира од големиот број на мелници и од конкуренцијата која владееше на пазарот. Со исклучок на Скопје, Куманово, Битола, каде што имало мелници релативно со

големи капацитети, во останатите градови мелниците имале капацитет прилагоден на локалната консумација.

Групирани по големина мелниците ја покажувале следната положба:

	Број на мелниците	Производен капацитет за 24 саати	%
Под 10 тони	2	11	3,7
Од 10 до 20 тони	5	70	23,4
Од 20 до 30 "	2	48	16,0
Од 30 до 50 "	2	90	30,1
Над 50	1	80	26,8
В к у п н о:	12	299	100

Најголем број мелници со трговско мливо биле застапени со капацитет од 10 - 20 тони за 24 саати, додека 30,1% од капацитетите отпаѓало на две мелници од 20- 30 тони, а над 50 тони имало една единствена мелница /Мелницата "Балкан", Скопје со 80 тони капацитет.

Од вкупно 12 мелници, само пет биле снабдени со нови инсталации и машини, останатите претставувале стари проширени капацитети или ново изградени мелници, чија опрема била набавена делум на ново, а делум на старо.

Погонот на мелниците бил различит и базирал на вода, саугас мотори и електрична енергија.

Првобитно најмногу биле застапени саугас моторите и погонот на вода, а ретко која мелница се движела на електрична енергија поради недостиг на истата и високите тарифи. Со пуштањето во погон на Хидроцентралата на Пена во Тетово, а особено Хидроцентралата на Треска, цената на електричната енергија за индустриски цели се намалила и некои од скопските мелници го преориентирале својот погон на електрична енергија. Во мелниците од внатрешноста, поради липса на електрична енергија и високите тарифи, погонот и натаму се движел на саугас мотори, односно на вода.

Спрема видовите на погонот и јачината на конските сили

за поодделни видови погони млинската индустрија во Македонија во 1940 година ја бележи следнава слика:

Видови на погонот	Број на мелници	Конски сили	% на учеството
Електричен погон	4	657	40,5
Воден погон	4	299	18,4
Саугас мотори	3	417	25,7
Парна локомобила	1	250	16,4
В к у п н о:	12	1.623	100%

Во најголемиот број мелници погонот бил ориентиран на електричен погон и вода /8 мелници/. Што се однесува пак за инсталираната сила, на прво место доаѓала електричната енергија /од вкупно инсталираната сила 1.623 кс на електрична струја отпаѓа 657 кс или 40,5%/.

в/ Р а б о т н а с и л а

Во млинската индустрија бројот на запослената работна рака во 1940 год. изнесувал 262 работници и службеници, односно 37,1% од вкупно запослената работна сила во прехранбената индустрија.

Структурата на запослената работна рака во оваа подгранка на прехранбената индустрија во 1940 год. изгледала:

Категории	Работници и службеници	%
Квалификувани работници	54	20,6
Полуквалификувани работници	84	32,1
Административен персонал	44	16,8
Неквалификувани работници	80	30,5
В к у п н о:	262	100

Од 262 работника и службеника 17 беа од другите покраини на Југославија, 7 странци /4 Мацари, 1 Германец и 2 Чеха/.

Сите овие странски работници беа висококвалификувани и квалификувани работници доведени од сопствениците на мелниците за раководење со производниот процес и одржавање на погонот. Скоро сите надмлинари и млинари беа странци. Така да не се поставуваше проблем за квалификувана работна рака. Останатиот персонал беше од Македонија и тоа, главно, регрутиран од градското население.

Од 262 запослени работници на административен персонал отпаѓало 44 службеници, односно 16,8% од вкупно запослената работна сила во млинската индустрија, што значи дека на една мелница отпаѓало по 3,6 службеника, или на 4,9 работника 1 службеник. Овој висок процент на административниот персонал во млинската индустрија се должи на тоа што во 2-3 големи мелници имаше запослено поголем број службеници /само во мелницата "Балкан" во Скопје и во мелницата на М.Стојиљковиќ во Куманово биле запослени 18 службеници/. Во останатите мелници административниот персонал изнесуваше најмногу до 2 службеника. Запослената работна рака во млинската индустрија, главно, се состоела од мажи. Од 262 работника и службеника имало запослени само 14 жени односно 5,3% како крпачки на врѐки.

Спрема бројот на запослените работници положбата на мелниците во 1940 година изгледала:

Работници	Број на претпријатија	%
1-15	5	41,7
16-30	5	41,7
31-52	2	16,6
В к у п н о:	12	100

Од 12 мелници само 2 имале запослено до 50 работници и службеници. На останатите мелници отпаѓало просечно по 18 работници и службеници. Иако мелниците биле автоматизирани, сепак овој просек на запослената работна рака покажува дека мелниците во Македонија биле ситни капацитети во однос на тие од северните покраини, што впрочем се нагласи кога беше збор за капацитетите.

г/ П р о и з в о д с т в о и п л а с м а н

Производството на брашно во Македонија во 1940 година во поодделни мелници со трговско мливо изнесувало:

П р е т п р и ј а т и ј а	Производство во килограми
Мелницата на Бекир Емин и Браќа, Скопје	1.000.000
" " Браќата Димови, Скопје	1.380.000
Автоматската мелница "Куманово", Скопје	5.000.000
" " "Вардар", Скопје	3.600.000
" " "Балкан", Скопје	16.000.000
" " "Полог", Тетово	1.800.000
" " "Бошава", Демир Капија	800.000
" " "Драгор", Битола	3.000.000
" " "Жеглигово", Куманово	2.500.000
" " "Вардар", Т.Велес	1.000.000
" " на Стојиљковиќ, Куманово	7.000.000
Мелницата "Брегалница", Штип	800.000
В к у п н о:	43.880.000

Од вкупно 43.880.000 кгр. произведено брашно на скопските мелници отпаѓало 26.980.000 кгр. или 61,5% од вкупното производство.

Со оглед на тоа што вкупниот капацитет на споменатите 12 мелници изнесувал во 1940 година 299.000 кгр. за 24 сати, односно 74.750.000 кгр. годишно при 250 работни дена, а е сомелено 43.880.000 кгр. брашно, произлегува дека мелниците во Македонија во третираниот период ползувале 58,7% од инсталираниот капацитет.

Мелниците произведувале разни видови типови брашна, со исклучок на мелницата "Балкан" во Скопје и мелницата на М.Стојиљковиќ, во Куманово, кои имале склучен договор со војската за мелење на извесни количества брашно, останатите мелници произведувале исклучиво за потребите на месните пазари и околиите кои им гравитирале. Скопските мелници го пласирале произведеното брашно освен во Скопје и во разни краишта во вна-

трешноста на Македонија, како и во Косово, Метохија. Мелницата "Балкан" во Скопје 40% од своето производство го пласирала во Србија, Босна и Херцеговина и Далмација. Мелницата "Драгор" во Битола и мелницата на М.Стојиљковиќ во Куманово извезувале исто така брашно преку Солун за Далмација. Преку Солун се извезувало брашно за да се избегнат високите превозни тарифи на железни - ците.

Интересно е тука да се спомене фактот дека проширувањето на старите и изградбата на нови капацитети предизвикува во Македонија преориентација во трговијата со брашно и жито. Додека во турско време и првите следвоени години, поради недостиг на мелници со трговско мливо, градското население ги задоволувало своите потреби од брашно делум од увоз од другите покраини. Во периодот меѓу двете светски војни не само што престана увозот на брашно, туку и брашното, како што спомнавме се извозуваше во другите покраини. Мелниците се снабдувале со пченица од Македонија /Овче Поле, Куманово/, а особено од Косово, а во неродните сушни години пченицата се увезувала од Војводина и Србија.

Б. ЛУШТИЛНИЦИ ЗА ОРИЗ

Културата на ориз во периодот меѓу двете светски војни на територијата на предвоена Југославија единствено беше застапена во Македонија и тоа, главно, само во две околии: Кочанската и Струмичката. Во Повардарието, особено јужно од Скопје, како и во Штипска околија, исто така се произведуваше ориз, но во незнатни количини.

Иако климатските и почвени услови овозможуваа оваа култура да се развие во Македонија, поради спроведуваната несистематска и лоша економска политика, засејаните површини со ориз и годишните приноси не покажуваа некои особени резултати,

што се гледа од следнава табела:[36/]

Година	Засејани површини во ха	Ожнеани површини во ха	Среден принос во м.ц.	Вкупен принос во тони
1921-1930	1.455	1.418	12,2	1.727
1931	1.558	1.473	13,6	2.008
1932	2.126	2.093	15,1	3.155
1933	2.343	2.071	7,1	1.477
1934	2.941	2.921	19,5	5.686
1935	3.080	3.063	14,5	4.257
1936	3.502	2.552	11,2	2.861
1937	3.702	2.523	11,7	2.957
1938	3.635	3.465	18,5	6.387
1939	3.768	3.593	19,9	7.140
1931-1939	2.962	2.639	15,1	4.003

До 1930 година засејаните и ожнеаните површини како и годишниот принос на ориз не покажуваат некој особен просперитет. Во периодот 1931/1939 година засејаните површини и приносот во просек се зголемуваат во однос на периодот 1921/1930 година. Но тоа зголемување по години покажува големо колебање. Додека во периодот 1934 и 1937 година како површините, така и приносот осетно се зголемуваат, во наредните 1936 и 1937 година приносот опаѓа, а во 1938 и 1939 година покажало тенденција на изразито зголемување. Осетното зголемување на приносот во последните две години од периодот, кој го третираме тука, се должи не само на зголемените засејани и ожнеани површини, туку и на одличните атмосферски прилики кои владееле во тие две години.

Произведените количества на ориз, главно, се консумирале во Македонија, но еден дел се пласирал и во другите покраини на стара Југославија. Производството на ориз во стара Југославија изнесувало одвај една десетина од југословенската потрошувачка. Следователно поголеми количества на ориз се увезувале и тоа во излуштена и глазирана состојба.

36/ Пољопривредна годишна статистика издање Министарства пољопривреде, 1921-1939.

Иако квалитетот на македонскиот ориз е одличен, но поради примитивното луштење во така наречените "динки", оризот не можеше да има добар надворешен изглед и затоа во северните краеви се претпочиташе увозниот, бел, глазиран ориз.

За да се задоволат вкусовите на консуматорите и да се противстави на конкуренцијата на увозниот ориз, примитивното и бавното луштење на ориз во "динки" требаше да се преориентира во индустриски начин на луштење. За таа цел во Македонија се подигнаа неколку фабрики за луштење на ориз. Со подигнувањето на луштилниците не само што се подобри квалитетот на оризот, туку се овозможи целокупното годишно производство да се излушти за покусо време, 3-4 месеци, намалувајќи го едновремено процентот на скршените оризови зрна.

1/ Поодделни луштилници за ориз

Луштилниците што функционирале во предвоениот период се следните:

/1/ Луштилница на ориз и мелница "Рекорд" во село Прибачево, Кочанско

Оваа луштилница се смета како најстара не само во Кочанска околија, туку и на територијата на денешна ФНРЈ. Основана е во 1902 година од Исмаил Паша и функционирала континуелно сé до 1918 година кога престанува со работа. Во 1927 година повторно започнува да работи, а следната 1928 година пак престанала со луштенето. Седум години покасно во 1935 година претпријатието минува во сопственост на Крум Бабамов, Ристо Кимов, Славко Гличков и Илија Тасев, трговци кои го пуштаат одново претпријатието во погон. Во 1937 година новите сопственици го прошируваат машинскиот парк со 1 машина за мелење на ориз "Беленица", и со 1 саугас машина од 60 конски сили.

Во состав на луштилницата постоеше и мелница за брашно. Погонот функционираше на саугас мотор од 60 кс јачина, а во сезоната кога едновремено работеше луштилницата и мелницата, претпријатието ја ползуваше и водената турбина од 50 конски сили.

Машините на луштилницата беа набавени во Германија - марка "Schule"

Дневен работен капацитет на луштилниците при една смена изнесувал 2.250 кгр.излуштен ориз, а на мелницата 1.200 кгр.пченично брашно и 800 кгр.селски ујам.

Претпријатието запослувало во 1940 година 22 работника и службеника.

/2/ Луштилница за ориз на Кочанската земјоделска задруга - Кочани

За унапредувањето на културата на оризот и подобрувањето на неговата цена се основала во Кочани земјоделска задруга, која во 1926 година основала сопствена луштилница на ориз. Првобитно во задругата членувале 26 члена, во 1935 година членството се зголемило на околу 300 за во 1940 година да достигне 500 члена. Зголемувањето на членството во задругата се должело на два факта.Прво, што задругата членството го кредитирала отпуштајќи му аванси со 2% камата годишно за обработување на ориз и второ, што задругарите имале приоритет за луштење на оризот во задружната луштилница. Но, бидејќи пред самата Втора светска војна се појавиле разни малверзации во задругата, членството започнало постепено да се откажува од неа и бројот на истото осетно опаднал.

Инсталациите и машините беа набавени на ново во Германија од фирмата "Schule"

Во состав на луштилницата се наоѓала ујамна мелница и електрична централа за снабдување на градот со електрична струја. Погонот се движел на саугас мотор од 120 конски сили.

Годишниот производствен капацитет на луштилницата и на мелницата за 24 саати изнесувал 1.000.000 кгр.ориз и 200.000 кгр.брашно селско мливо.

Претпријатието запослувало годишно 18 работници и службеници.

/3/ Луштилница за ориз на Виничката земјоделска задруга во Виница

Луштилницата е основана во 1927 година од Лазар

Христов, Трговец од Виница, а во 1933 година минува во сопственост на Кочанската земјоделска задруга.

Луштилницата била опремена со сите нужни инсталации и машини за луштење ориз. Во состав на луштилницата имало ујамна мелница како и електрична централа за движење погонот и снабдување на виничкото население со електрична струја.

Годишниот производствен капацитет на луштилницата изнесувал 600.000 кгр.ориз, а на мелницата околу 200.000 кгр. брашно.

Погонот на претпријатието го сочинувал 1 саугас мотор од 98 коњски сили и 1 водена турбина од 50 коњски сили.

Претпријатието запослувало просечно годишно 8 работници и службеници.

/4/ Луштилница за ориз во с.Оризари, Кочанско

Претпријатието е основано во 1930 година од Јордан Ковачев, машинобравар од Кочани.

Инсталациите на луштилницата се изработени и монтирани лично од сопственикот. Моторите се купени на старо.

Годишниот производствен капацитет изнесувал 500.000 кгр. бел олупен ориз. Погонот се движел на вода /турбина од 15 кс./, а во случај на ниски водостој, со парна локомобила од 6 кс од австриско потекло.

Во претпријатието било запослено 7 работници.

/5/ Првата југословенска фабрика за ориз "Кочани", Кочани

Со оглед на тоа што постоечките луштилници за ориз во Кочанско, не можеа да ги задоволат потребите на производителите, Браќата Јован и Никифор Костовски и Димитар Настев, трговци со колонијални стоки на големо од Скопје, во 1937 година ги здружуваат своите капитали и во непосредна близина на железничката станица во Кочани изградиле модерна луштилница за ориз.

Постројата и машините биле набавени на ново во Германија.

Капацитетот изнесувал 3.600 кгр.олупен ориз за 24 саати.

Претпријатието користувало сопствена енергија /располагало со парна локомобила од 70 коњски сили/.

Во претпријатието имало вработено 12 работници и службеници.

/6/ Луштилница за ориз и гершла
"Ефтинија", Скопје

Во индустрискиот квартал на Скопје, далеку од суровинската база, Георги Трипчанчевски и Никола Ефтимовски, како трговци со колонијални артикли, во 1938 година основале претпријатие за луштење ориз и гершла. Разлозите што ги раководеле сопствениците да го основаат ова претпријатие во Скопје, биле следните: прво, што јужно од Белград не постоеше претпријатие за луштење на гершла и второ, што имаа намера да увозуваат арпа /нелуштен ориз/ од Египет, чии цени, по луштењето биле многу поефтини од цената на увезениот италијански ориз. Меѓутоа, бидејќи меѓу бивша Југославија и Египет не беше воспоставена клириншка размена, оваа комбинација отпаднала и претпријатието своето производство го базирало на домашни суровини форсирајќи го повеќе луштењето на гершла.

Претпријатието се снабдело со машини за луштење на ориз на ново во Германија, а машините за луштење на гершла ги набавило на старо. Тоа во 1940 година произвело 470.000 кгр. олуштен ориз и 650.000 кгр.гершла.

Погонот на претпријатието се движел на електрична енергија добиена од градската електрична мрежа. За таа цел располагал со 3 електромотори од вкупно 36 коњски сили јачина.

Технолошкиот процес на претпријатието бил доста рационализиран и автоматизиран така што запослувало мал број работници. Во 1940 година имало 7 работника.

Во состав на луштилницата постоела и ујамска мелница за мелење брашно со погон на електрична струја. Мелницата располагала со електромотор од 70 коњски сили.

Положбата и анализа на луштилниците за ориз

На територијата на денешна НР Македонија, како што изнесовме, постоеле во предвоениот период 6 луштилници за ориз. Со исклучок на скопската, сите луштилници беа лоцирани во Кочани и неговата околија.

При изградувањето на овие претпријатија, суровинската база условуваше овие претпријатија да се лоцираат во Кочани како најважен производен центар на оризовата култура.

Освен луштилниците за ориз на бившите сопственици Костови и Настев во Кочани и луштилницата "Ефтинија" во Скопје, кои се основани во 1937 година, односно во 1938 година, останатите датираат од првата половина на периодот меѓу двете светски војни.

Поради недостиг од капитал и во оваа гранка на делатноста редовна беше појавата на здружување на ситни капитали и нивното инвестирање во индустријата. Од 6 луштилници само една припаѓала на поединец, по занимање занаетчија, 3 на јавен ортаклак, чии сопственици биле трговци, а 2 задружни чии членови биле, главно, производители. Интересно е да се подвлече дека појавата на основање индустриски претпријатија на задружна база е единствен случај во индустријата на Македонија. Здружувањето на производителите го диктирала нивната тешка економска положба. За да се еманципираат од зависноста и експлоатацијата на капиталистите, производителите организираат земјоделска задруга и сопствени луштилници во Кочани и Виница.

а/ И н в е с т и р а н к а п и т а л

Вредноста на инвестициите во оваа подгранка на прехранбената индустрија во 1940 година изнесувала 12.757.000 динари.

Поделба на луштилниците по групи на инвестираниот

капитал:

Група на капитал во 1.000 динари	Претпријатија	Капитал во 1.000 динари			
		Згради	Машини	Вкупно	%
До 1000 дин.	1	100	500	600	4,7
Од 1000-2000	4	3.064	3.593	6,657	52,2
Од 2000-6000	1	1.500	4.000	5.500	43,1
В к у п н о:	6	4.664	8.093	12.757	100

Горните цифри покажуваат дека од 6 претпријатија, во 5 од нив имало вложено под 2.000.000 дин. односно 56,9% од инвестираниот капитал. Тоа значи дека луштилниците кои се изградувале во периодот меѓу двете војни биле мали претпријатија.

По потекло, инвестираниот капитал произлегувал од домашни сопственици /трговци/, со исклучок на капиталот инвестиран во задружните луштилници во Кочани и Виница, кој бил главно мобилизиран од производителите и еден дел финансиран од Главниот сојуз на Српските земјоделски задруги во Белград.

Една од карактеристичните особини на македонските капиталисти била и таа што својот капитал го вложувале обично во индустријата на она место каде што тој и се формирал, и по тој начин сопствениците можеле непосредно да раководат со работењето на претпријатието. Во индустријата на луштењето на ориз веќе имаме појави македонските сопственици да го инвестираат капиталот и во претпријатија кои се наоѓаат далеку од нивното место на живеење, а со производството управувало со помош на платен персонал. Таков е случајот со Јован и Никифор Костовски, Димитар Настев, трговци од Скопје, кои еден дел од својот акомулиран капитал во трговијата го инвестираат во луштилниците во Кочани. Петра Киро Бабамов, трговец од Скопје и Славко Гличков, трговец од Штип, го вложуваат својот капитал во луштилниците во Прибачево, Кочанско, така што движењето на капиталот во Македонија постојано зазема широк замав, ги минува месните, локалните граници и се пласира во подалечни локации од местото на формирањето, но сé уште во границите на Македонија.

б/ Инсталирана погонска сила

Земајќи го предвид фактот дека сме наследиле од турско време една единствена луштилница со мал капацитет и дека во текот на следвоениот период луштилниците нараснале на 6, се доаѓа до заклучок дека прирастот е прилично голем. Меѓутоа, ако се набљудуваат нивните инсталирани работни капацитети, се констатира дека овие луштилници претставувале ситни капацитети кои не биле во состојба да ги задоволуваат потребите во текот на сезоната. Градењето на мали капацитети, по наше мислење, се должи прво на недостигот од капитали и второ, што оваа гранка на делатноста има сезонски карактер, бидејќи се работело со полн капацитет само 3-4 месеци, а останатите денови во годината скоро се престанувало со производството, така што не се рентирале големи инвестиции.

Инвестирањето во оваа гранка се рентирало поради тоа што ујамот бил доста висок /за 100 кгр. луштен ориз се задржувало 5-6 кгр. бел, олуштен ориз/ и што скоро секоја луштилница имала во својот состав и ујамна мелница за брашно, кои работеле преку мртвата сезона и биле мошне рентабилни.

Што се однесува за техничката опременост на луштилниците, може да се каже дека 3 од нив биле снабдени со нови и модерни машини, а 3 работеле со застарели и дотрајани машини.

Погоните на луштилниците биле на саугас мотори, парни локомобили, на вода и електрична енергија. Нивната структура се гледа од следниот преглед:

Број на претпријатија	Погон во конски сили				Вкупно
	Саугас	Парна	Електрична енергија	Вода	
3	278	-	-	-	278
1		70	-	-	70
1	-	-	36	-	36
1	-	-	-	15	15
Вкупно:6	278	70	36	15	399

Освен горе изнесената инсталациона сила на луштилни-

ците, во составот на оние во Прибачево и Виница, постоеле како што спомнавме мелници за мелење на жито кои работеле на водни турбини од вкупно 100 конски сили јачина, додека ујамската мелница во состав на луштилницата "Ефтинија" во Скопје била приклучена на градската електрична мрежа и имала електромотор од 70 конски сили. Тоа значи, ако инсталационата сила на овие мелници ја додадеме на таа од луштилниците, ќе имаме вкупна инсталациона сила 569 кс.

Спрема горе изложеното, 50% од луштилниците употребувале сајгас мотори за погон со вкупно 278 конски сили или 69,6% од вкупната погонска сила инсталирана во луштилниците. Додека најмалку се користувала водената и електричната енергија.

в/ Работна сила

Во луштилниците на ориз во Македонија имало запослено мал број работна рака. Од 705 запослени работници и службеници во прехранбената индустрија, во луштилниците биле само 74 работници и службеници односно 10,4% од вкупниот број запослени работници во прехранбената гранка. На едно претпријатие отпаѓало во просек по 12,3 работника. Кога ќе се земе предвид дека од 6 луштилници, 4 имале во својот состав ујамски мелници за мелење жито, во кои бил заангажиран еден дел од работниците, произлегува дека просекот на работници на една луштилница бил многу пониозок.

По категории на стручноста персоналот во луштилниците во 1940 година бил расподелен како следува:

Категории	Работници и службеници	%
Квалификувани работници	17	23,5
Полуквалификувани работници	26	34,3
Неквалификувани работници	22	29,7
Административен персонал	9	12,5
В к у п н о:	74	100,0

Интересно е да се одбележи дека во оваа гранка на делатноста сите работници биле Македонци, Женска работна рака не била воопшто заангажирана.

г/ П р о и з в о д с т в о и п л а с м а н

Годишното производство на излуштен ориз во 1940 година во Македонија изнесувало околу 4.620.000 кгр.

Луштилниците во Кочани и околијата, претежно имаа услужен карактер. Луштилницата "Ефтинија" во Скопје, имаше полуујамски карактер. Таа 50% од оризот во време на сезоната го набавуваше за своја сметка и по луштењето го пласираше на пазарот како свој производ, додека 50% од олуштениот ориз го луштеше на ујам. Луштењето, пак, на гершла го вршеше исцело во своја сметка /купуваше јачмен, а по луштењето, гершлата ја пласираше на пазар/.

Задржаниот ујам претпријатијата обично го реализирале на пазарот. Така што, освен производителите, се појавувале на пазарот и луштилниците, се разбира, сравнително со производителите во мали количества.

Сопствениците на луштилницата "Кочани" во Кочани, задружниот ујам го пласирале преку својата трговија во Скопје и на тој начин реализирале многу поволни цени, бидејќи не го продавале како и производителите во време на реколтата кога постоела голема понуда на ориз. Впрочем, со таа цел и го инвестирале својот капитал во оваа гранка за да бидат од една страна обезбедени со овој така важен артикал во својата колонијална трговија, а од друга страна да извлечат поголеми профити.

Од олуштениот ориз во 1940 година сопствениците на споменатите претпријатија само на име ујам добиле 263.100 кгр. бел луштен ориз, што во вредностни показатели по 6 дин.кгр. изнесувало 1.578.600 дин. не земајќи го во обзир луштењето на ориз за своја сметка и приходите од придружните мелници за брашно. Оризот се пласирал, главно, во Македонија, Косово, Метохија и нешто во Србија. Во северните краеви /Хрватска, Словенија и др./ македонскиот ориз, тешко можеше да се пласира, бидејќи беше конкуриран од увозниот италијански глазиран ориз, како и од

увозниот италијански "Пади" ориз /само олуштен/ кој се белеше и глазираше во двете големи луштилници во Загреб /со капацитет 6 вагона за 24 саати/ и Славонски Брод. Интересно е да се спомне дека само овие две претпријатија глазирале околу 1.800 вагона увозен "Пади" ориз.

В. ПРОИЗВОДСТВО ОД БРАШНО

Фабриката за макарони, кекс и др.тестенини "Глорија" Скопје.

Во предвоениот период индустријата на тестенини /макарони, фиде и др./ во Македонија беше слабо развиена. Иако за таква индустрија постоеше одлична суровинска база /Ќумановската, а особено овчеполската пченица/ но поради слабата консумација на овие артикли /населението само приготвуваше разни тестенини: јуфки, тарана/ оваа индустрија сé до 1940 година беше застапена со едно претпријатие. Во 1939 година се основа и втората, помодерна фабрика "Билјана" на Панајот Балванлиев, но таа не се пушти во погон и поради тоа што тогашниот сопственик на фабриката "Глорија", благодарејќи на своите врски, успеа да не се издаде дозвола за работа на оваа фабрика.

Првата фабрика за тестенини во Македонија ја основал во 1923 година во Скопје Богдан Свобода од Јагодина. Но бидејќи еден дел од вложениот капитал бил набавен од разни банки, уште првите години, поради слабиот пласман на готовите производи, Свобода запаѓа во тешка финансиска положба и се воортачува со Милан Илиќ од Бујановци. Покасно, во 1925 година Илиќ наполно го елиминира Свобода како економски послаб и станува единствен сопственик на претпријатието. Инвестираниот капитал во 1925 година изнесувал 700.000 динари.

Претпријатието располагало со 1 автомат машина од италијанско потекло, набавена на старо во Сплит од 1.500 кгр. дневен капацитет, 10 камари-сушални, капацитет 4.500 кгр. за 3 дена, 1 парен котел и сопствена помошна работилница за одржување на погонот.

До 1929 година за погон на машините претпријатието ползувало сопствена енергија /1 дизел мотор на нафта од 32 кон-

ски сили/, а по оваа дата се приклучува кон градската електрична мрежа. Во 1940 година претпријатието располагало со 17 електромотори од вкупна јачина 34 конски сили.

Годишното производство во 1937 година изнесувало 300-350 тони разни тестенини по една смена, а покасно во 1938 година кога старата и дотрајана машина е заменета со нова, годишното производство нараснало на 500 тони, додека полниот инсталационен капацитет изнесувал 650 тони годишно. Во 1939 година, поради нараснатите либерации на војската и склученият картален договор во 1937 година со останатите фабрики во Југославија, скопската фабрика обезбеди монопол за снабдување на војската јужно од Крагуевац и производството на фабриката во 1940 година го достигна полниот производен капацитет /650 тони/.

Првите години претпријатието запослувало до 12 работници. Во 1940 година овој број се зголемува на 18 работници од кои 1 мајстор стручњак, 1 службеник и 16 неквалификувани работници /од кои 13 жени/.

Г. ПРЕРАБОТКА НА ОВОШТИЕ И ЗЕЛЕНЧУК

Индустриското конзервирање на зеленчукот и овошјето во Македонија се појавува многу касно. Може да се каже дека оваа е најмлада индустрија кај нас. Првата фабрика за конзервирање на зеленчукот и овоштието се изградува две години пред Втората светска војна /1938 година/. Закаснетата појава на оваа индустрија резултира од многу фактори. Еден од најважните е, несомнено, слабата консумација кај населението поради неговата слаба куповна сила и вкоренетите навики за домашно конзервирање на разни видови храни: слатко, мацун, мармалади, разни видови туршија и др.

Може да се претположи дека оваа индустриска делатност воопшто не би се појавила во предвоениот период, макар што Македонија располага со одличен и разновиден зеленчук и овоштие, ако не настапеше конјуктура на пазарот за овие производи поради приближувањето на војната.

Единствено претпријатие од оваа подгранка на прехранбената индустрија била:

Фабрика за тестенини и конзерви "Факир" Скопје

Претпријатието е основано во 1938 година. Првата година по оснивањето тоа произведувало покрај конзервирано овошје и зеленчук и тестенини /макарони/, но следната година со производството на тестенини престанува и се ориентира кон производството на конзервиран зеленчук и овоштие.

Бившите основатели на претпријатието биле: Сретен Крстиќ, од Пирот, Милутин Крстиќ, банкар од Сурдулица и Боро Шолаков, трговец од Скопје. Пред самата војна останува како единствен сопственик на претпријатието Милутин Крстиќ.

Претпријатието е изградено покрај железничката линија Скопје-Белград кај сегашното населье "Вардар" каде се наоѓа и денес.

Претпријатието располагало со следните машини и апарати: 1 елеватор, 2 пасир машини, 1 вакум испарител, 2 вакум згустители, 3 бакарни казани со парно грејање, 3 стерилизатори, 3 автоклави, 1 парен котел од 116 $м^2$ површина и 12 електромотори од вкупно 84 конски сили. За погон на машините се ползувала градската електрична енергија. Покрај тоа претпријатието располагало со сопствена работилница за изработка на лименки и бурија од дрво. Оваа работилница била снабдена со сите нужни машини и електромотори /13 електромотори со вкупно 66 конски сили/. Производните машини биле, главно, од италијанско потекло.

Инвестираниот капитал изнесувал 3.000.000 динари, од кои 2.000.000 динари во плац и згради, 1.000.000 динари во машини.

Годишното производство изнесувало околу 550 тони разен конзервиран зеленчук и овоштие, додека полниот производен капацитет изнесувал околу 2.000 тони, што значи дека се ползувал 28% од капацитетот.

Се произведувале следните артикли: доматено пире, /200.000 кгр./ разен конзервиран зеленчук /200.000 кгр./ и мармалад /150.000 кгр./. Основен производствен артикал било доматеното пире /40% од вкупното производство/. Сето производство се пласирало во земјата. Едно извесно количество од доматеното пире /28% концентрат/ се извозувало во Англија.

Претпријатието запослувало просечно 60 работници и службеници од кои 40 неквалификувани работници.

Д. ПРОИЗВОДСТВО НА БОНБОНИ И ЧОКОЛАДИ

Производството на шеќерни производи, а особено на локум, во турско беше многу развиено. Овие производи на секаде се произведувале од ситни занаетчиски работилници и производството директно го продавале на месните консуматори. Во осумдесеттите години од XIX век во Битола и Скопје се појавуваат првите претпријатија за производство на шеќерни производи, кои имале исто така занаетчиски карактер, но со таа разлика што произведуваат за лагер, односно своите производи ги пласирале во трговијата не само во местото на производството и градовите во Македонија, туку и вон од границата на Отоманска Турција.

Пред Балканската и Првата светска војна, овие претпријатија престанаа со производството /битолското претпријатие поради непосредната близост до бојните линии и липса од суровини, а скопското исклучиво поради липса на суровини - шеќер/.

Но во периодот меѓу двете светски војни, овие претпријатија повторно отпочнуваат со работа зголемувајќи го капацитетот, благодарејќи на новонабавените машини, производството добива индустриски карактер.

1/ Поодделни претпријатија за шеќерни производи

На територијата на денешна НР Македонија, во предвоениот период постоеле следните 3 индустриски претпријатија за производство на шеќерни производи.

/1/ Фабрика за бонбони, локум и сируп "Европа", Скопје

Ова претпријатие е основано во 1882 година како занаетчиска работилница. Основатели биле Теохар Икономов и Пане Димитров од Скопје. Претпријатието се водело сé до 1930 година

под фирмата "Теохар и Пане", кога фирмата се променува и добива назив: "Европа" - занаетчиска работилница на шекерни производи на Теохар и Пане. Претпријатието ја започна својата делатност во скромни размери. Во почетокот работеле самите сопственици. Пред самата Балканска војна веќе запослувале околу 10-12 работници; располагало со 1 мотор на нафта од 5 кс и производството изнесувало околу 1.000 кгр. дневно разни шекерни производи. Но, непосредно пред Балканската војна производството нагло се намалило а во времето на Првата светска војна производството сосема опаднало поради слабото добивање на суровини /шекер/.

Во следвоениот период претпријатието набавува разни машини за бонбони, чоколади и бискрити, и непосредно пред самата Втора светска војна нарасна во индустриско претпријатие за шекерни производи. Истото во тој период располагало со 17 електромотори од вкупно 98 кс јачина и произведувало околу 1.500 кгр. дневно разни шекерни производи. Меѓутоа, интересно е да се одбележи дека и натаму остана формално правно занаетчиско претпријатие. Дури за време на окупацијата претпријатието било регистрирано како индустриско.

/2/ Фабрика за бонбони и локум, Битола

По изучувањето на бонбонциискиот занает, Петар Герасимов од Битола основа во 1883 година сопствена работилница за бонбони и локум во Битола. Првобитно се произведувало примитивно, без машини. Се произведувало само за месното население. Покасно претпријатието воведува некои машини, го зголемува производството и асортиманот, така што неговите производи се среќаваат не само во Македонија, туку се пласираат надвор од неа дури во Елбасан, Тирана, Драч, Солун, Виена и др.

Пред Првата светска војна, претпријатието произведувало околу 2.000 кгр.бонбони и локум дневно и запослувало околу 50 работници. За време на војната тоа било оштетено. По војната продолжило да работи со намален капацитет - 50% од предвоениот. Така првите повоени години произведувало просечно годишно

70.000 кгр.бонбони и локум и запослувало 25 работника.[37] Покасно претпријатието го комплетира машинскиот парк со разни машини и добива индустриски карактер. Во 1940 година работната сила поради воведувањето на машини се намалува на 17 работници, но затоа производството се зголемува.

/3/ Фабрика за бонбони и локум на
Наум Симјанов, Битола

Претпријатието е основано во 1924 година од Наум Симјанов од Битола. До 1929 година функционирало како занаетчиска работилница кога го проширува капацитетот со набавка на неопходни машини и инсталации и нараснува во индустриско претпријатие. Располагало со разни машини за производство на бонбони, чоколади и бисквити. Имало 2 електромотора од вкупно 10,5 кс. Со електрична енергија претпријатието се снабдувало од битолската електрична централа.

2/ Положба и анализа на претпријатијата за шекерни производи

а/ Инвестиран капитал

Вкупниот инвестиран капитал во оваа индустрија во 1940 година изнесувал 3.150.000 динари од кои 1.500.000 во плац, згради и др. и 1.650.000 динари во машини, 1.800.000 динари или 57,1% од инвестициите вложени во оваа подгранка на прехранбената индустрија отпаѓале на фабриката за бонбони "Европа", Скопје.

Инвестираниот капитал во индустријата на шекерни производи беше чисто домашен, македонски капитал. Сопствениците на претпријатијата, како што спомнавме, ја почнале својата делатност како занаетчии - бонбонџии. Поради тоа што шекерните производи имале добар пласман, примитивните занаетчиски работилници - дуќани постепено растеле во машинизирани претпријатија зголемувајќи го производството и асортиманот, така што во периодот меѓу

37/ Јаша Ргашевиќ: Индустрија Србије и Црне Горе, Загреб, 1924 год. стр.129

двете светски војни овие работилници се оформуваат и примаат вид на индустриски претпријатија.

б/ Работна сила

Оваа подгранка за прехранбената индустрија во предвоениот период запослувала вкупно 69 работници и службеници, од кои 23 жени односно девојчиња под 18 години старост.

Структурата на запослената работна рака во индустријата на шекерни производи во 1940 година била како што следува:

Претпријатија	Квалификувани	Полуквалификувани	Неквалификувани	Административен персонал	Вкупно
Фабрика "Европа"Скопје	8	10	20	2	40
Фабрика за бонбони на Петар Герасимов, Битола	3	5	8	1	17
Фабрика за бонбони на Н.Симјанов, Битола	4	5	2	1	12
Вкупно:	15	20	30	4	69

Запослената работна рака била од Македонија, и тоа од градското население, со исклучок на некои мајстори од економски поразвиените покраини и странство кои биле запослени кратко време. Конкретно, во фабриката "Европа" имало мајстори од Загреб, а во фабриката на бившиот сопственик П.Герасимов имало запослено повремено понекој Грк - стручњак.

Во оваа индустрија преовладува полуквалификувана, и квалификувана работна сила. Скоро целокупната неквалификувана работна сила била женска, додека квалификуваните и полуквалификуваните работници биле машки.

в/ Производство и пласман

Производството на индустријата за шекерни производи во предвоениот период во Македонија, иако постоеше јака конкурен-

ција од страна на тогашните реномирани фирми "Унион", Загреб, "Шонда", Белград и др. сепак може да се констатира дека производството константно растело, така што во 1940 година тоа го достигнало следниот обем:

Фабриката за бонбони, локуми и сирупи "Европа", Скопје	254[38] тони
Фабрика за бонбони и локум на Петар Герасимов, Битола	87 тони
Фабрика за бонбони и локум на Наум Симјанов, Битола	75 тони
В к у п н о:	416 тони

Горните цифри ни покажуваат дека претпријатијата претставувале ситни капацитети. Единствено фабриката "Европа" во Скопје, за тогашните услови, претставувала покрупен капацитет. Ова претпријатие спаѓаше во редот на поголемите претпријатија за шекерни производи во Југославија.

Производството на претпријатијата за шекерни производи било разновидно. Се произведувале следните артикли: разни видови бонбони, локуми, чоколади, алва, мармалад, мацун, слатко, бисквити и др. Главно, овие производи се пласирале на територијата на Македонија. Скопската фабрика "Европа" произведените артикли ги реализирала 50% во Македонија, 35% во Косово и Метохија, 8% во Црна Гора и 7% јужно од Ниш. Реонот на пласманот на производите на битолските фабрики се ограничувал на Битола и неговата област. Но некои мали количества на специфични артикли како што биле "сребрените бонбони" произведувани од битолското претпријатие на Петар Герасимов се извозувале во Грција, Албанија и Египет.

Реализацијата на готовите производи сопствениците на претпријатијата ја вршеле преку своите трговски дуќани. Интересно е да се одбележи дека битолското претпријатие на Петар Герасимов во периодот 1918-1925 имало свои трговски претставништва во Солун и Белград.

38/ Според исказите на Александар Икономов, еден од бившите ортаци на фабриката производството во 1940 година изнесувало над 450 тони разни шекерни производи

Неколку години пред Втората светска војна, благодарејќи на зголемената побарувачка од специфични производи како што биле локумот, алвата, разните видови бонбони, оваа гранка на индустријата покажала релативно добри резултати во својот развиток. Основните суровини: шекерот, брашното, нишестето, таханот и помошните материјали, со исклучок на какаото, се набавувале во нашата земја. Домашните суровини во многу придонесоа овие претпријатија, кои имале првобитно занаетчиски карактер, да нараснат во индустриски.

Цените на производите на овие претпријатија се движеле приближно на нивото на претпријатието "Европа", Скопје, чии цени на големо во 1939 година изнесувале како што следува:[39/]

Артикли	Цена на големо за 1 кгр.
локум	13.- дин.
алва	12,50 "
дропс бонбони	15.- "
млечни карамели	35.- "
фуре бонбони	18.- "
чоколадни десерти	32.- "
бисквити	11.- "
малинов сок	14.- "
чоколади	32.- "
разни слатки	18.- "
карамели од мармалад	20.- "
суви бонбони	14,50 "
драже бонбони	20.- "
желе бонбони	18.- "

Г. ПИВАРСКА ИНДУСТРИЈА

1/ Поодделни претпријатија на пиварската индустрија

Пиварската индустрија на територијата на денешна НР Ма-

39/Д-р.Б.И.Благоев: "Европа" фабрика за производство на шекерни изделија - монографија /ракопис/. Се наоѓа во документацијата на Економскиот институт - Скопје.

кедонија датира уште од последната деценија на XIX век. Но таа во текот на својот развиток, поради големата конкуренција не покажа некои особени резултати.

Првата пивара е подигната 1890 година во Битола - Буковски лозја. Но поради липса од капитал, квалификувана работна рака и големата конкуренција на Солун, оваа пивара престанала да функционира по неполни пет години од нејзиното формирање. Кон крајот на XIX век, во с.Магарево се изградила нова пивара, но истата не се пуштила во погон од непознати разлози.

Втората пивара е изградена во 1905 година во Скопје. Основатели на пивараата биле: Браќа Аџикостови, Петар Лекиќ, Љубомир Божиќ и Сали-бег Рустенбеговиќ. Последниот ортак една година покасно, 1906 година се разортачува. Пивараата била изградена лево од патот за населбата "Црниче", кој крај и денес се вика "Бираријa". Основниот капитал изнесувал 8.000 златни турски лири.[40]

Производниот капацитет изнесувал 3.000 литри, но работел со прекин. Инсталациите и машините биле купени на старо во Пилзен - Чехословачка. Пивараата располагала со 1 мотор од 45 кс.[41]

Работното време во пивараата било неограничено; се работело 8-16 саати дневно, спрема потребата.

Во 1909 година, во рамките на пивараата основана е мразарница со дневен капацитет од 1.000 кгр. мраз. Машините на мразарницата биле набавени на ново во Германија.[42]

Пивараата работела до 1909 година, а мразарницата до 1911 година. Меѓутоа, во 1912 година во Пивараата избувнал пожар и наполно ја изгорел.[43]

Парна пивара А.Д.Скопје

Десет години покасно, во 1922 година, два Чеха: инженерот Виктор Џајс од Белград и Карло Хусник, директор на Прашката кредитна банка во Белград, како експоненти на Прашката банка ја основале денешната Парна пивара А.Д.Скопје. Основниот капитал

40/ Спрема раскажувањата на Коста Лекиќ, најстариот шеесетгодишниот син на Петар Лекиќ
41/ Исто
42/ Исто
43/ Исто

изнесувал 3.000.000 динари поделен на акции од по 1.000 динари номинала. Во 1924 година инвестициите се утростручиле на 9.000.000 динари. Целокупниот инвестиран капитал бил отпуштен од Прашката банка во Белград. Во 1925 година целото претпријатие минува во сопственост на споменатата банка со мотивација дека сопствениците станале инсолвентни спрема банката. Се разбира, и натаму претпријатието ја задржува својата правна форма "акционерско друштво", но вистинскиот сопственик бил Прашката банка во Белград. Ова е типичен пример на инфилтрација на странскиот капитал во нашата земја.

Машините биле сите купени на ново и тоа еден дел од Германија, а другиот дел од Чехословачка. Пивара та располагала во визбите со резервоари /тенкови/ за 6.000 хл.пиво.

Првобитно пивара та употребувала за погон една парна машина од 160 кс и еден дизел мотор од 150 кс, а од 1930 година ја ползува градската електрична струја. Пивара та располагала во 1940 година со 59 електромотори со вкупна јачина од 422,8 кс.

Годишниот производен капацитет на пивара та изнесувал 32.000 хл.пиво; покрај тоа произведувала 720 тони слад и 1.400 тони мраз. Производството на мраз било сврзано со целокупното ладење, т.е. ладење на пивската маса односно квасната летна визба. Произведувала бело и црно пиво.

Пивара та на Браќа Грданови, Прилеп

Во 1926 година Браќата Милан, Спиро и Ѓорѓи Грданови, трговци со чевларски материјал од Прилеп, кои поради големата конкуренција на продавниците за чевли "Бата", ликвидирале со трговијата и во заедница со Домне Ивановски изградуваат пивара во Прилеп. Но како инвестираниот капитал се покажал недостаточен, како ортаци со различити влогови ги земаат: Тодор Вандевски, Илија и Крсто Арсови, Перо Ковилов, Димитар и Рампо Крстевски, Цветан Костадинов Дворчанец, Никола Калпаковски и Борис Ношпал, сите од Прилеп. Инвестираниот капитал изнесувал 1.600.000 дин. од кои Браќата Грданови и Домне Ивановски вложиле 1.000.000 дин., а останатите ортаци 600.000 дин.

Инсталациите, машините и 1 саугас мотор, кој првобитно

го движел погонот, купени се на старо. Претпријатието располагало со 2 саугас мотора од вкупно 70 конски сили и дизел мотор од 33 кс. Капацитетот на Пиварата изнесувал 5.000 хл. пиво годишно и 1.200 кгр. мраз за 24 саати. Но поради конкуренцијата на Скопската пивара, капацитетот многу слабо се ползувал 20-30%.

Положба и анализа на пиварската индустрија

а/ Работна сила

Работната рака во пиварската индустрија во Македонија во 1939 година изнесувала 89 работници и службеници од кои 73 биле запослени во Парната пивара А.Д.Скопје и 16 во Прилепската пивара.

Структурата на запослената работна сила во пиварската индустрија во 1940 година изгледала вака:

Категории	Работници и службеници		Вкупно
	домашни	страни	
Квалификувани	4	2	6
Полуквалификувани	8	8	16
Неквалификувани	49	-	49
Помошен персонал	6	-	6
Административен персонал	10	2	12
Вкупно:	77	12	89

Најголем дел /62%/ од работниците биле неквалификуван персонал, додека стручниот персонал главно го сочинувале странци.

Странските работници биле сите Чеси и биле запослени во Скопската пивара уште при нејзиното основање, така што во оваа гранка на индустријата не се поставуваше проблем за стручна работна рака. Во Прилепската пивара, првобитно, главниот мајстор бил Чех, но покасно е заменет со Хрват; останатите биле домашни работници.

б/ П р о и з в о д с т в о и п л а с м а н

Производството и консумацијата на пиво на Скопската пивара во предвоениот период се движел по години како следува:[44/]

во хл.

Г о д и н и	Производство	Реализација
1925	22.057	20.326,2
1926	22.008,5	20.858,4
1927	19.497	18.930
1928	20.880,5	19.956
1929	20.205,5	17.742,5
1930	18.144	17.742,5
1931	16.524,3	14.526,3
1932	8.457,8	9.396,3
1933	7.624,5	7.394,7
1934	6.832,2	6.825,2
1935	6.694,4	7.325,8
1936	7.195,6	7.140,2
1937	10.719,4	9.870,4
1938	15.005,7	13.455,5
1939	17.085,2	15.836
1940	23.298,7	21.890

Првите години по основање на Скопската пивара, движењето на производството на пиво, со оглед на производниот капацитет и побарувачката, е релативно нормално.

Во периодот 1932-1937 година производството нагло се намалува така што тие години производниот капацитет е минимално ползуван, а во 1935 производството се намали на 20,9% од годишниот можен капацитет. За тоа постоеја повеќе разлози. Меѓу поважните биле: големата конкуренција на белградските пивари, Сараевската, Јагодинската и Лесковачката пивара. Исто така не помала беше и конкуренцијата на Прилепската пивара, но покасно

44/ Д-р Б.И.Благоев: Парна пивара А.Д.Скопје-Монографија /ракопис. Се наоѓа во документацијата на Економскиот институт, Скопје, инв.бр.1251

Скопската пивара како економски посилна успеа конкуренцијата на оваа мала пивара наполно да ја созбие. Исто така на производството односно на консумацијата на пивото негативно влијаела и цената на виното. Во тој период цената на виното била пониска од таа на пивото, што претставуваше аномалија. Покасно положбата се изменува. Во 1937-1938 година, поради слабиот род на лозјата, цената на виното се зголеми и следователно цената на пивото стана подостапна од таа на виното, што позитивно се одрази на производството односно на консумацијата на пивото. Така производството на пивото во 1939 година изнесувало 17.085 хл. а во 1940 година достигнало 23.290 хл односно 72,8% од годишниот производен капацитет.

Ако кон производството на Скопската пивара се додаде и производството на Прилепската пивара, кое изнесувало просечно годишно 2.000 - 2.500 хл, вкупното производство на пиво во Македонија изнесувало во 1940 година над 25.000 хл., што значи максимално производство во предвоениот период.

Во споредба со производството на пиво во Југославија и Србија, во периодот меѓу двете светски војни, Македонија претставувала незначителен производител, што се гледа од следната напоредна табела:

во 000 тони

	1934	1939	1940
ФНРЈ	210[45/]	410[45/]	542[45/]
НР Србија	115[46/]	228[46/]	293[46/]
НР Македонија	9	19	25
% учество на НР Македонија во однос на Југославија	4,3	4,7	4,6
% учество на НР Македонија во однос на Србија	7,8	8,3	8,5

Иако производството на пиво во Македонија од 1934 год-до 1940 год. нагло нараснало, процентуалното учество на Македонија во однос на Југославија и Србија во третираните години пока-

45/ Производне снаге Србије, Београд, 1953, стр.538
46/ Исто

жувало слабо зголемување.

Производството се движело спрема побарувачката. Произведеното пиво од Скопската пивара се консумирало јужно од линијата Лесковец, Подуево, Косовска Митровица, Ѓаковица, Рашка, Нови Пазар. Преку 70% од произведеното пиво се трошело во Македонија. Само Скопје консумирало 23,8% од вкупното производство. Прилепската пивара, главно, своето производство го пласирала во Македонија, а најмногу во Прилеп, Битола и Скопје.

Продажбата на пиво била организирана преку застапништва на пиварите, преку кои го пивото делеле на угостителите. Во секој поголем град постоело такво застапништво, односно стовариште. Меѓутоа, во малите места пивото директно се испраќало на угостителите.

Во 1940 година Скопската пивара произвела 462.480 кгр. слад и 132.857 табли мраз, додека Прилепската пивара произвела 10.800 кгр. мраз, а сладот го набавувала од пиварите во Белград, Загреб и др.

Во борбата за освојување на пазари во внатрешноста и здобивање на што поголем број на консуматори, Скопската пивара имаше организирано во повеќе места производство на мраз. Така во местата Битола, Прилеп, Куманово и Косовска Митровица - имаше основани сопствени мразарници за снабдување со мраз на угостителите и градот.

Продажните цени на пивото според калкулациите на Скопската пивара се движеле по години како што следува:[47]

1925	549 дин.	за 1 хл.
1936	535 "	"
1937	516 "	"
1938	506 "	"
1939	509 "	"

Продажната цена на пивото на Прилепската пивара била скоро за 50% поефтина од цената на Скопската и други пивари. При ваква ниска цена, се разбира, пиварата не реализираше никакви печалби, но тоа го чинеше за да привлече поголем број консуматори и да се противстави на конкуренцијата на Скопската пивара.

По завршувањето на Првата светска војна, со оглед на тоа што во Македонија не постоеше ниту една пивара, настапи

47/ Д-р Б. Благоев, цит. монографија

борба помеѓу пиварите во Србија за освојување на македонскиот пазар. Бидејќи оваа борба не идеше во прилог на капиталистите - сопственици на пиварите, тие склучија споразум за поделба на реони на потрошувачката на пиво. Спрема склучениот споразум секоја пивара имаше определен реон каде што можеше да го пласира своето пиво. Реонот на Македонија, Косово и Метохија ѝ беше доделен на Јагодинската пивара со право Вајфертовата пивара од Белград да може да го троши своето пиво во Скопје само во еден локал.

Со изградбата на Скопската пивара, овој споразум мораше да претрпи измена и да се склучи втор, спрема кој Јагодинската пивара го отстапи својот реон на Скопската пивара со тоа што Вајфертовата пивара, Белград стекна право во овој реон во сите места над 10.000 жители да може да го точи своето пиво во еден локал, а Бајлоновата пивара, Белград во еден локал во Прилеп.

Меѓутоа, поради високите картелски цени од една страна и конкуренцијата на малите пивари кои не биле картелски /Прилеп, Ниш, Ваљево, Чачак, Зајечар/ од друга страна, консумацијата на пивото произведувано од картелисаните пивари започна да се намалува, така што склучениот споразум меѓу големите пивари мораше да се раскине.

Со прекинувањето на картелскиот споразум, настапи конкурентска борба помеѓу пиварите која предизвика зголемување на потрошувачката на пиво, бидејќи секоја пивара тежнеела преку цените да се здобие со што поголем број на консуматори. Во оваа борба за освојување на пазари пиварите, главно, се служеа со одобрување на разни кредити на угостителите и вршеле бонификација на продажните цени. Кредитирањето не се состоело само во отпуштањето на пиво на кредит, но исто така на угостителите им одобрувале парични кредити, ги снабдувале со инвентар и им давале разни други видови материјална помош. Ова предизвика нагло зголемување на угостителските претпријатија и, се разбира, зголемување на потрошњата на пиво и намалување на цените, бидејќи секоја пивара тежнеела преку цените да се здобие со што поголем број на консуматори. Бонификациите на цени се вршело таму каде што требаше конкурентот да се истисне од пазарот, најубав пример на одобрување на бонификации се гледа во борбата на Скоп-

ската пивара против Прилепската. Конкурентската борба помеѓу овие две пивари доаѓала дотаму што Скопската пивара го продавала пивото во местата каде што се појавувала Прилепската пивара под цената на чинењето само Прилепската пивара да ја оневозможи да ја уништи. Иако оваа конкурентска борба била нерамна, сепак малата Прилепска пивара долго време се бореше упорно и успешно со странскиот капитал, но најсетне појакиот капиталист го задушува послабиот, и Прилепската пивара мораше да подлегне на оваа нерамна борба и да го производството сведе на минимум.

Во таа трка, во тој натпревар за здобивање на поголем број потрошувачи и освојување на нови пазари, пиварите се обидувале своето пиво да го пласираат и во оние градови каде што не гравитирале, а тоа било сврзано со големи транспортни трошоци. Така, например, скопското пиво се продавало во Сараево, Белград, Пеќ, Андријевица, дури имало обид да се пласира во Дубровник, Сараевското пиво се продавало во сите градови и села во Македонија. Пивото на Вајфертовата и Бојлоновата пивара од Белград се продавало во Скопје, Титов Велес, Прилеп, Битола, Штип и др.

Ваква положба не одеше во прилог на капиталистите, бидејќи конкурентската борба не дозволуваше реализирање на големи профити од една страна, а од друга страна пиварите не можеа да ги потчинат угостителите и на тој начин да ги обезбедат своите одобрени кредити. Затоа, по трет пат, големите пивари конкурентки доаѓаат на мисла да склучат споразум за поделба на реони. Со таа цел во јули 1933 год. се склучи квартален договор помеѓу Скопската, Јагодинската, Вајфертовата и Бајлоновата пивара за поделба на реони за потрошувачка на пиво. Покасно кон овој картел пристапиле Сараевската и Панчевачката пивара. Според овој договор, реонот на пласманот на Скопската пивара беше определен: јужно од линијата Лесковец, Подуево, Куршумлија, Рашка, Нови Пазар, Ѓаковица, Пеќ и Косовска Митровица. Со тоа што Скопската пивара се обврзува да не го продава своето пиво во Белград и во краевите северно од Белград, а белградските пивари го задржале реонот северно од Врање и Косовска Митровица, Сараевската пивара, пак, се откажа од територијата јужно од Призрен, Косовска Митровица, Врање.

По склучувањето на картелниот договор меѓу првите марки кои пиварите ги презеле е зголемувањето на цените на пи-

вото за 0,40 дин. и укинувањето на издавање на кредити на угостителите. Како последица од овие мерки се намалила потрошувачката на пиво и следователно се нанесло штета на државните и самоуправните финансии како и на потрошувачите и угостителите. Но, затоа пиварите си ги рекомпензирале загубите со зголемувањето на цените на пивото и намалувањето на ризикот од давање на кредит.

Картелниот споразум остана во сила сé до капитулацијата на стара Југославија.

Индустријата на пиво била базирана на домашни суровини. Пиварскиот јачмен и хмељот, основните суровини на оваа индустрија се произведувале во Војводина и Словенија.

Пиварскиот јачмен, во првите повоени години во Македонија не се произведувал. Се произведувал само шестореден јачмен кој не одговарал наполно за производство на пиво, но сепак Скопската пивара го употребувала едно извесно време додека не е успеала да го воведе сеењето на двореден пиварски јачмен во Овчеполието и во бившото стопанство на "Бата" во Хамзали - Струмичко. Со воведувањето на оваа сорта јачмен во Македонија, Скопската пивара се обезбедувала со најглавната суровина во Македонија, а единствено била зависна за хмел од Словеника, односно од Чешка. Интересно е да се напомне дека производството на хмел во Југославија можеше наполно да ги задоволи потребите на целокупната домашна индустрија и еден голем дел преостануваше за извоз. Меѓутоа, Скопската пивара, како чешко претпријатие, главно, употребувала, чешки хмел, иако југословенскиот бил квалитетен и цената му била многу поефтина. Пивскиот квасец исто така се увозувал од Чешка.

Што се однесува за снабдувањето со суровини на Прилепската пивара, таа ги задоволувала своите потреби со обичен сточен јачмен од Прилепската и Велешката околија, со хмел од Чешка а со пиварски квасец од пиварите во Белград, Загреб и др.

Е. ПРОИЗВОДСТВО НА ЗЕЛТИН

По својата важност, по млинската индустрија доаѓала индустријата на зејтин. Развитокот на оваа индустрија се должи на богатата суровинска база. Како што е познато, културата на

афионот во турско време, а и покасно сé до Женевската конвенција била многу застапена во Македонија. Таа заземала второ место меѓу индустриските култури и претставувала една од најрентабилните култури. Освен афионот, односно семето од афионот во Македонија се произведувало и денес се произведува сусам, памуково семе, кикиритки, а во последно време и олејна репица, кои го стимулираа развитокот на индустријата на зејтин.

Првобитно се развиле примитивните шарлаганцилници кои од афионовото семе произведувале нерафиниран зејтин, така наречен "шарлаган". Но со развитокот на техниката и производните сили многубројните примитивни шарлаганцилници кои ги имало скоро во сите производни реони на афион /Повардарието и источна Македонија/ постепено исчезнувале под притисок и конкуренција на индустриските претпријатија за производство на зејтин основани во следвоениот период.

1. Поодделни претпријатија за зејтин

На територијата на денешна НР Македонија пред Втората светска војна имало две претпријатија од индустриски карактер и тоа: фабриката за зејтин и тахан на Ѓошо Органциев, Титов Велес и фабриката за зејтин и тахан на Јован Никифор Костовски и Димитар Настев, Титов Велес.

/1/ Фабриката за зејтин и тахан на Ѓошо Органциев, Титов Велес

Фабриката е основана во 1923 година во Титов Велес во непосредна близина на железничката станица, покрај самата пруга Скопје-Титов Велес-Гевгелија.

Основатели на претпријатието биле Ѓошо Органциев, Андон Кирков и Ангел Органциев, трговци од Титов Велес.

Фабриката располагала со комплетни модерни инсталации за преработка на зејтин, тахан и бел сусам, како и со комплетни рафинерии. Инсталациите и рафинериите биле набавени на ново во Германија. Машините работеле на парен погон за која цел фабриката имала сопствена парна локомобила од 200 коњски сили.

Од основањето па сé до Женевската опиумска конвенција /потпишана на 19.II.1925 година, а која дефакто била воведена во живот во 1929 година/,[48] претпријатието обработувало, главно, афионово семе. По Женевската конвенција која негативно се одрази на производството на афионот во Македонија, претпријатието било принудено да увозува афионско семе од Кина, Индија и Турција. Покасно претпријатието се ориентирало на преработка на сончогледово семе и олејна репица.[49]

Инсталиран капацитет: за производство на зејтин за 24 саати 40 тона на базата на сончогледово семе. При употреба семиња без лушпи, како афионското, репичното, сусамовото, тутновото и слично, горното количество се намалувало за 1/3 односно за тежината на лушпите на сончогледовото семе. За производството на тахан и бел сусам за 24 саати 2 тона сусамово семе.

Претпријатието запослувало просечно годишно 85-95 работници.

/2/ Фабриката за зејтин и тахан на Јован и Никифор Костовски и Димитар Настев, Титов Велес

Во 1924 година неколку стопанственици од Велес го основале другото индустриско претпријатие за зејтин и тахан во Титов Велес. Претпријатието се водело под фирмата: "Велешко шарлаганско друштво". Во 1929 год. претпријатието претрпува промени: од јавен ортаклак минува во акционерско друштво. Меѓутоа, во 1932 година претпријатието ликвидира и го откупуваат Јован и Никифор Костовски и Димитар Настев, трговци со колонијални артикли од Скопје.

Инсталациите и машините биле германски и набавени на старо. Погонот се движел на парна локомобила со јачина 80 коњски сили.

Инсталираниот капацитет за производство на зејтин за 24 саати изнесувал 10 тона на база на сончогледовото семе. За производство на тахан и бел сусам за 24 саати 0,8 тони сусамово семе.

48/ Основната цел на оваа конвенција била да го ограничи производството на прометот со опиумот и да го ликвидира нелегалното производство и трговијата со опиум и опојни дроги.

49/ Фабриката успеала да ги заинтересира земјоделците за култивирање на олајна репица, а особено на сончоглед, кој до тогаш слабо се произведувашс во Македонија.

Претпријатието запослувало годишно просечно 15-20 работници и службеници.

2/ Положба и анализа на индустријата за зејтин

Овие две претпријатија функционирале и се конкурирале меѓу себе сé до 1936 година. Меѓутоа, во 1935 година, поради големата конкуренција од страна на еднородните претпријатија од Загреб, Копривница, Врбас и др., кои располагаа со многу поголеми капацитети и чии производни трошоци биле многу пониски, велешките претпријатија се нашле во многу тешка положба за да се противстават на конкуренцијата, во 1936 година двете велешки фабрики се здружуваат и основаат ново претпријатие под назив "Удружение фабрике јестивог уља, Велес".

Со оглед на тоа што немаше достаточно суровини за двете фабрики, а од друга страна за да се намалат производните трошоци, двете фабрики се договоруваат фабриката на Јован и Никифор Костовски и Димитар Настев, како понерентабилна, бидејќи имала мал капацитет, да престане со работа, а само фабриката на Органциев да функционира со полн капацитет.

Во новоформираното претпријатие влегле како ортаци Ѓошо Органциев, Андон Кирков, Ангел Органциев, Јован и Никифор Костовски и Димитар Настев. Набавката на суровини како и пласирањето на готовите производи била заедничка. Печалбата се делела на еднакви делови, т.е. на секој ортак му припаѓало по 20% од реализираната печалба. Освен тоа на фабриката на Ѓошо Органциев ѝ припаѓало 0,40 динари по килограм зејтин за преработка.

Во новоформираното претпријатие вложени се нови 4.000.000 динари добиени по пат на кредит и тоа 2.000.000 динари од Народната банка, Скопје и 2.000.000 од француско-српската банка, Скопје. На овој начин претпријатието финансиски се зајакна и продолжи ефикасно да се бори против конкуренцијата на индустриските претпријатија од северните покраини.

Здружените фабрики за зејтин за јадење функционирале непрекинливо сé до објавувањето на Втората светска војна.

Производството на претпријатието во 1939 година изнесувало:[50]

	Количество во килограми	Вредност во динари
Зејтин за јадење - рафиниран	1.410.767	14.960.449
Техничко памучно масло	38.417	178.576
Масни киселини	77.884	382.472
Куспе од разни семиња	2.528.807	1.816.171
Куспе од памуково семе	170.000	150.000
Тахан	304.387	3.038.794
Бел сусам	29.392	267.910

За произведените горни количества потрошени се следните суровини[51]

	Количество во килограми	Вредност во динари
Сончогледово семе	2.240.018	4.892.266
Афионско семе	840.083	3.177.810
Репикино семе	908.680	2.497.696
Тиквени семки	81.445	199.567
Сурово масло за рафинирање	26.296	201.182
Памучно семе за производство на техничко памучно масло	337.799	294.671
Сусамово семе за производство на тахан и бел сусам	415.832	2.354.268

Произведените количества се пласирале, главно, во земјата и тоа: целокупниот зејтин се консумирал во Југославија, 25% од произведеното куспе се пласирало во Југославија, а 75% се извезувало во странство; масните киселини се консумирале од фабриките за сапун во земјата, таханот и белиот сусам исто така се консумирале во земјата.

Во фабриката беа запослени во 1940 година просечно

50/ Оригинално писмо на фабриката од 19.XII.1945 г. со кое се доставени горните податоци до Министерството за индустрија и рударство, Скопје. Писмото се наоѓа во документацијата на Економскиот институт на НРМ - Скопје.

51/ Исто

95 работници и службеници од тие:

Квалификувани работници	26
Неквалификувани "	46
Технички персонал	4
Помошен персонал	8
Административен персонал	11
Вкупно работници и службеници:	95

Целокупниот персонал бил од Титов Велес и околијата.

Ж. ДРУГИ ПРОИЗВОДИ ОД ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА

Фабриката за црвен пипер на Браќата Ралеви, Гевгелија

Како трговци со колонијални артикли Лазар и Иван Ралеви од Гевгелија дошле на идеја дека ќе биде рентабилно основањето на едно индустриско претпријатие за производство на црвен пипер. Со таа цел набавиле семе за индустриски пиперки и го разделиле на неколку земјоделци за да установат дали има услови за одгледување на ваков вид пипер во Гевгелиска околија. Обидите покажале добри резултати како во однос на приносот, така и во квалитетот. По проучувањето на машините и технолошкиот процес во фабриките во Хоргош, сопствениците набавуваат нови машини и отпочнуваат кон крајот на 1939 година со производство на црвен пипер.

Претпријатието располагало со 3 млински камења, 1 дробилка и примитивна сушилна. Погонот се движел на саугас мотор од 40 конски сили.

Производствен капацитет изнесувал 600 кгр. за 8 саати.

Претпријатието се снабдувало со индустриски пиперки од Гевгелија и околијата која по квалитет ја надминувала хоргошката пиперка. Гевгелиската пиперка била слатка, што Хоргош не беше во состојба да произведе поради климатските почвени услови. За да добијат сладок пипер, хоргошките претпријатија биле принудени да ги вадат жилите на пиперките и да ги перат, што ги зголемувале производствените трошоци. На Гевгелиската индус-

триска пиперка немаше нужда да се врши оваа постапка и затоа го конкурираше Хоргошкиот црвен пипер, како во однос на квалитот, така и во однос на цената.

Годишната консумација на пипер изнесувала 60.000 - 70.000 кгр. Цената на сувите пиперки се движела во 1939-40 год. одб 15 до 18 динари за еден килограм.

Црвениот пипер се пласирал 60% во Македонија, а 40% во Србија. Цената на црвениот пипер била 30-35 динари за 1 кгр.

Претпријатието го запослувало следниот персонал: 1 квалификуван работник, 6 полуквалификувани работници, 1 административен службеник и 30-50 сезонски работнички за чистење пиперки. Сите работници биле од градот, само мајсторот - специјалистот од Апатин, по потекло Мацар.

3. ОПШТ ПРЕГЛЕД НА ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА

За да имаме целосен преглед за развитокот и положбата на прехранбената индустрија во Македонија во периодот меѓу двете светски војни, неопходно е да се рекапитулира досегашното излагање набљудувајќи ја оваа гранка на делатноста како цело.

Положбата на прехранбената индустрија најубаво ја илустрира следнава табела:

во 000 дин.

Назив	Претпријатија	Инвестиции		Вградена погонска сила		Запослена работна рака		Производство	
		Динари	%	кс	%	Број	%	Динари	%
Мелници	12	45328	47,8	1623	51,6	262	37,2	75114	57,3
Луштилници	6	12757	13,4	399	12,7	74	10,5	6155	4,7
Производство од брашно	1	771	0,8	34	1,0	18	2,6	2400	1,8
Преработка на овошје и зеленчук	1	3000	3,2	150	4,8	60	8,5	4650	3,5
Производство на бонбони и чоколади	3	3150	3,3	124	4,0	69	9,8	7460	5,7
Пивари	2	15929	16,8	493	15,7	89	12,5	12853	9,8
Производство на зејтин	2	13121	13,9	280	8,9	95	13,5	20794	15,8
Други производи на прехранбената индустрија	1	800	0,8	40	1,3	38	5,4	1900	1,4
Вкупно:	28	94856	100	3143	100	705	100	131326	100

Во прехранбената индустрија суштествувале и функционирале сé до Втората светска војна 28 индустриски претпријатија, од кои само на мелниците и луштилниците отпаѓало 18, а на сите други 10 претпријатија, што значи дека претежно биле застапени претпријатијата кои не барале големи инвестиции, а се вршел брз обрт на вложениот обртен капитал, реализирајќи големи профити.

Претпријатијата на прехранбената индустрија претставувале ситни капацитети со ниска техничка опременост. Во споредба со еднородни претпријатија во северните индустриски поразвиени , нашите претпријатија претставувале машинизирани работилници. Во оваа индустрија вкупно било вградено машини од 3.143 конски сили, од кои само на мелници отпаѓало 51,6% од вградени конски сили. Просечно на едно претпријатие отпаѓало 112,2 кс. Ако се одземат 4 поголеми претпријатија /Мелницата "Балкан", Скопје, Парната пивара, Скопје, Фабриката за зејтин и тахан на Гошо Органџиев, Т.Велес, Мелницата "Драгор", Битола/, просечно на едно претпријатие отпаѓало 75 кс.

Погонот на претпријатијата од прехранбената индустрија бил на електрична енергија, саугас мотори, пареа и вода.

Водовите на погонот и инсталираната погонска сила изразена во конски сили во 1940 год. изгледала како што следува:

Видови на погонот	Претпријатија		Погон	
	Број	%	Конски сили	%
Електрична енергија	11	39,3	1.424	45,3
Саугас мотори	8	28,6	805	25,6
Парни машини	4	14,3	600	19,1
Воден погон	5	17,8	314	10,0
В к у п н о:	28	100	3.143	100

Најголем број индустриски претпријатија се движеле на електрична енергија /39,3%/ и саугас мотори /28,6/. Во учеството на погонската сила на прво место доаѓала електричната енергија /45,3%, а најмалку се користел воден погон /10%/.

Од вкупно инвестиран капитал во неподвижност и машини

47,8% отпаѓа на мелниците. По мелниците идат пиварите со 16,8%, индустријата за зејтин со 13,9%, луштилниците за ориз 13,4% и др. Најслабо било инвестирањето во индустријата на тестенини 1,1%.

Инвестираниот капитал во прехранбената индустрија расподелен по големина ја покажувал следната положба:

во 000 дин.

Групи на капитали	Претпријатија	Капитал			
		Згради	Машини	Вкупно	%
500-1.000	8	2.600	3.621	6.221	6,6
1.000-2.000	4	3.064	3.393	6.457	6,8
2.000-3.000	8	7.248	11.619	18.867	19,9
3.000-5.000	2	2.031	5.500	7.531	7,9
5.000-10.000	3	6.765	11.728	18.493	19,5
10.000-25.000	3	15.924	21.363	37.287	39,3
В к у п н о:	28	37.632	57.224	94.856	100

Од горното се гледа дека во 20 претпријатија односно 71,5% имало инвестирано 31.547.000 дин. или 33,3% од вкупните инвестиции во прехранбената индустрија, а само во 8 претпријатија имало вложено 63.311.000 дин. или 66,7% од вкупните инвестиции. Од изнесеното може да се констатира дека прехранбената индустрија главно, ја сочинувале ситни претпријатија од локален карактер, чии инвестиции во просек не пречекорувале 3.000.000 дин.

Спрема потеклото на капиталот во оваа гранка на делатноста во 1940 год. било инвестирано 79.927.000 или 84,3% домашен, југословенски капитал и 14.929.000 дин. односно 15,7% странски. Странскиот капитал бил заинтересиран само во пиварската индустрија /Парната пивара А.Д.Скопје/. Од 79.927.000 дин. домашен југословенски капитал, на македонски отпаѓало 47.716.000 дин. односно 50,3%, а на српски 32.211.000 дин., односно 34% од вкупните инвестиции. Во инвестирањето зел учество, главно, лесковачкиот капитал.

Вкупното производство на прехранбената индустрија

изнесувало 131.326.000 дин. Најголемо учество во производството заземала млинската индустрија со 57,3%, по неа следувале подгранките: производството на зејтин со 15,8%, производството на пиво со 9,8% итн.

Во целокупната прехранбена индустрија во 1940 год. имало запослено 705 работници и службеници, од кои 579 машки и 126 женски.

Запосленият персонал бил, главно, од Македонија. Меѓу квалификуваните работници имало запослени 28 странци како мајстори - специјалисти /Мацари, Чеси, Германци/. Исто така како стручњаци биле запослени 26 работници од другите покраини /Срби, Хрвати и Словенци/.

Структурата на запослената работна сила во оваа гранка на делатноста во 1940 год. била како што следува:

Категории	Работници и службеници	%
Квалификувани работници	144	20,4
Полуквалификувани "	181	25,6
Неквалификувани "	294	41,8
Административен персонал	86	12,2
В к у п н о:	705	100

Во најголем број претпријатија 75% имало до 30 работници, од нив 35,7% беа со помалку од 15 работници. Само две претпријатија запослувале над 60 работници /Парната пивара А.Д. Скопје, Фабриката за зејтин во Титов Велес/.

Оваа гранка располагала со доволен број квалификувани работници, така што не се поставувал проблемот за таква работна рака. Неоспорен е фактот дека извесен дел од квалификуваните работници биле од другите подрачја на Југославија и од странство. Странските работници придонесувале да се оспособат и оквалификуваат домашните, така што непосредно пред Втората светска војна бројот на странските стручњаци осетно се намалил за сметка на домашните.

§2 Т Е К С Т И Л Н А И Н Д У С Т Р И Ј А

Стопанството воопшто, а посебно индустриската делатност на територијата на денешна НР Македонија се развивала под

разни историски, општествено-економски услови, кои до Првата светскавојна, а и по неа, делувале на бавниот и нерамномерниот развиток на производните сили. Тоа делување најеклатантно го илустрира текстилната индустрија. Оваа гранка на делатноста се развивала меѓу првите индустриски гранки и како таква минувала низ сите стадиуми на историскиот развиток на капитализмот кај нас.

Кои фактори делувале за појавата на текстилната индустрија кај нас? Познат е фактот дека Македонија кон крајот на XIX век се карактеризирала како територија со голем број градови во кои била развиена трговијата, а особено занаетчиството.[52] И покрај големиот процент на градското население, Македонија имала земјоделски карактер со изразито натурално стопанство. Така гроте на населението ги задоволувало своите потреби од сопствените производство, независно од пазарот. Спрема тоа, појавата на развитокот на текстилната индустрија не се должи толку на големата побарувачка на месното население, колку на големата потреса од текстил за турската војска, можностите за рентабилен извоз во останатите делови на Турската империја и најпосле за задоволување на потребите само на еден мал дел од градското население. Освен тоа, развитокот на текстилната индустрија резултира и од развиеното сточарство.[53] Волната добиена од многубројните овци токму одговарала за производство на оние артикли кои се произведувале во тоа време: шајак, чоја, волнени гајтани, појаси и др.

Првите текстилни индустриски претпријатија се јавуваат во осумдесеттите години на минатиот век и тоа во битолските околни села: Дихово, Магарево, Трново. Карактеристично е да се истакне и фактот дека првобитно се појавиле индустриски претпријатија за волнени производи. Производството на памучни артикли се одвивало, главно, во занаетчиски работилници или во претпријатија од типот на манифактурата.

Појавата на индустријата на волнени производи, покрај гореспоменатите фактори, ја условиле и економско-географските

52/ Од вкупно 908.904 жители, колку изнесувало населението кон крајот на XIX век на територијата на НР Македонија 276.376 жители или 29,9% отпаѓало на градско население. В.Канчов, цит.дело.

53/ Кон крајот на XIX век само Битолскиот вилает располагал со 1.748.697 овци и кози.-М.Димитријевиќ: Привреда и трговина у Новој Србији, Белград, 1913 год.

околности под кои се развивала Битола и нејзината околија. Познато е дека Битола во тоа време, по Солун, беше најважен географско-административен, економски и културен центар во Европска Турција и како таков преставувал значаен дистрибутивен и консумативен центар.

Сопствениците и организаторите на текстилната индустрија биле трговци и поимотни занаетчии кои својот акумулиран капитал го вложувале во областа на индустриското производство и на тој начин станувале сопственици на средствата за производство. Создадените трговски врски и стекнатото искуство го ползуваат за пласирање на готовите производи добиени од новоорганизираните индустриски претпријатија. Благодарејќи на добрата техничка и комерцијална организација, претпријатијата покажувале добри резултати и имале перспектива за понатамошен развиток. Но, за жалост, како ќе видиме подолу, на овие претпријатија Балканската војна им го зададе првиот удар, а Првата светска војна смртоносно ги погоди.

Меѓу првите индустриски текстилни претпријатија на територијата на денешна НР Македонија, без сомнение била текстилната и трикотажна фабрика во село Дихово. Оваа фабрика е изградена во 1883 година и се сметала меѓу поголемите текстилни фабрики во Европска Турција. Во оваа фабрика се вложени големи инвестициони средства /околу 15.000 златни турски лири/.[54] За тогашното време оваа сума претставувала големо богатство и тешко можело да се најде капиталист кој сам би инвестирал таква сума во едно претпријатие. Затоа, при основањето се покажала потреба да се здружат повеќе трговски капитали. Со таа цел се оформи акционерско друштво кое ја финансирало изградбата. Главни акционери биле: Ѓорѓи Иконом, Михаил Коринти, Никола Никаруш, Ѓорѓи Анести и Јанко Данабаш, сите трговци од Битола. Фабриката функционирала на воден погон, а во случај на недостиг од вода преку летните месеци, располагала со резервен парен погон. Производниот процес бил поставен на сосема модерна база, т.е. претпријатието имало своја предилница, ткаечница, одделение за бојадисување и сушилница. Главна суровина претставувала волната. Претежно се употребувала домашна волна. Но за изработка на по-

---

54/Д-р Т.А.Робев, цит.статија

квалитетни артикли, се увозувала волнена преѓа од Англија.

Претпријатието располагало со следните машини: 10 автоматски машини за штофови, 200 машини стар систем за штофови, 200 машини /чаркои/ за плетење на гајтан, 4 чешла за чешкање волна, 40 машини за плетење, 4 машини за предење, 1 машина за разврстување на волна, 2 парни преси за шајак. Во него работеле околу 500 работници и била воведена поделба на трудот од повисок степен.[55/] Се произведувале следните артикли: разни волнени платови, шајак, чоја, појаси, гајтани, трикотаж /волнени фанели и чорапи/ и др. 50% од произведените артикли биле наменети за потребите на турската војска, а останатото производство се пласирало во поголемите градови на Балканот. Комерцијалната организација на претпријатието била поставена на современи принципи. Продажбата била така организирана што во поголемите градови на тогашната Турција тоа имало свои претставништва: Битола, Солун, Скопје, Истанбул, Смирна, Драч и др. Претпријатието постојано работело до 1915 година кога бугарските окупаторски власти ги демонтирале машините и ги пренесле во Сливен и Габрово - Бугарија.[56/] Освен ова претпријатие, кон крајот на минатиот век имало во селата Магарево и Трново, уште околу десетина текстилни работилници. Овие работилници биле технички добро опремени и организирани на капиталистички начин. Во време на Првата светска војна, поради непосредната блиѕост на бојните линии, сите овие претпријатија наполно биле разрушени од бомбардировките. Со уништувањето на овие претпријатија, се уништи за долг период индустријата на волнени производи во Македонија.

Покрај индустријата на волнени производи било развиено и производството на памучни артикли. Но ова производство имало повеќе занаетчиски карактер. Иако имало суровинска база, овој сектор на текстилната индустрија не можел да се развие и да земе поширок замав. Бавниот развиток на индустријата на памучни производи се должи: прво, што оваа гранка на индустријата не можеше да се противстави на конкуренцијата на европската индус-

---

55/ Според анкетираните машино-техничари и работници кои биле запослени во тогашната фабрика - Околиски народен одбор, Битола, писмо бр.10-2039 од 26.II.1958 год.

56/ Спрема раскажувањето на 70-годишниот Стерија Пикулис, бивш. сопственик на работилницата на волнени платови и гајтани во село Магарево.

трија и второ, што производството на памучни артикли ги задоволувало ограничените потреби на населението, чија куповна моќ била многу ниска.[57] Спрема тоа производството на памучни производи се ограничило на мал број работилници со елементи и организација на трудот од типот на манифактурните претпријатија. Индустријата на памучни производи се јавува, како што ќе видиме, дури во втората половина од периодот меѓу двете светски војни /1933-1940/.

Свиларството - одгледувањето на свилената буба, одмотувањето, предењето и ткаењето на природната свила, како домашна ракотворба, било застапено во Македонија од пред неколку векови. Меѓутоа, свиларската индустрија, базирана на капиталистичко-машинско производство, датира од кон крајот на минатиот век, кога одгледувањето на свилената буба зело големи размери во јужниот дел на денешната територија на НР Македонија. Главни производствени центри на свилените кожурци биле Гевгелиската, Дојранската, Струмичката и Радовишката околија. Меѓутоа, поважни преработувачки центри биле градовите: Гевгелија и Дојран. Во овие два града имало многубројни свиларски работилници, во кои бил вработен голем број работници. Но, по организацијата на трудот, свиларите биле од занаетчиски карактер; само некои од нив имале преодна форма на манифактура.

Првата фабрика одмотувачница на свилени кожурци /кокони/ е основана во Гевгелија во 1894 година,[58] што значи пет години пред основањето на свиларата во Пančево и била единствена на територијата на денешна ФНР Југославија. Филатурата била сопственост на султанот Хамид, машините биле од италијанско потекло и монтирани од италијански стручњаци. Со исклучок на стручниот кадар, кои биле Италијанци, сите работници биле од градот и нивниот број изнесувал околу 180 души. Интересно е да се напомене дека меѓу работниците имало и женска работна рака. Работното време не било законски пропишано, туку се работело 12-14 саати дневно. Филатурата располагала со 60 легени за точење свила и со сортирачко одделение. Производниот процес бил организиран на модерна основа. Филатурата функционирала непре-

57/ Населението, особено селското население, се самозадоволувало со памучни ткаенини преку домашната ракотворба.

58/ Спрема раскажувањето на стари Гевгеличани фабриката била изградена на плацот на кој денес се наоѓа поштата.

кинато до објавувањето на Балканската војна /1912/.[59]

Во периодот 1912-1915 година филатурата престанала да функционира. Во текот на Првата светска војна филатурата е разрушена.

Првата светска војна зададе сериозен удар на свиларството. Поради непосредната близост на фронтот, населението од Гевгелиската и Дојранската околија, загрозено од воените дејствија масово се раселувало во внатрешноста на Македонија, барајќи посигурно прибежиште и посветувајќи се на разни други занимања. Така по завршувањето на војната, од развиеното свиларство останале само урнатини од работилници, сушилници за сушење на кожурци и запустени и уништени бавчи со црници. Како што се гледа од изнесеното, индустријата на свила имала индентичен завршеток со таа на волнени производи. Широкиот замав на индустријата на волнени и свилени производи траел сé до Балканската, односно Првата светска војна. По завршувањето на овие војни, поради настанатите корени измени во политичкиот и економскиот живот, овие краеви почнаа економски нагло да опаѓаат, така што за обновување на разрушената индустрија не можеше ни збор да стане.

Со територијалната поделба на Македонија во 1912 година и материјалните разурнувања во време на Првата светска војна, се прекина секој континуитет во развитокот на оваа индустрија. Вложениот капитал во текстилната индустрија за време на Отоманската држава делум останал на другата страна на новоформираните граници, а делум бил уништен од војната. Капиталот кој останал на територијата на денешна НР Македонија, не само што не бил достатен за обновата, но и настанатите измени во структурата на економиката не дозволувале обновување. Така Македонија влезе во составот на новоформираната Југославија со потполно уништена текстилна индустрија за разлика од таа на Србија, Хрватска, Словенија, чиј континуитет на развитокот, главно, не бил нарушен.

Во повоениот период, единствено две ситни текстилни индустриски претпријатија успеале да се обноват и тоа: Претпријатието за штофови и гајтани на Стерио Пикулис, во с.Магарево и претпријатието за гајтани на Петар Лекиќ, во Тетово. Со исклу-

---

59/ Развојот на свиларството во Гевгелиската околија, анализа изработена од Околискиот народен одбор, Гевгелија.

чок на овие две претпријатија, покасно создадената текстилна индустрија на територијата на денешна НР Македонија нема никаква органска поврзаност со таа од пред Првата светска војна. Спрема тоа, развитокот на текстилната индустрија во повоениот период е резултат на новоакумулиран капитал, независно од капиталот формиран во време на Отоманската империја. Покрај тоа, текстилната индустрија, создадена по Првата светска војна се разликува и по својата структура. Додека во предвоениот период била застапена претежно индустријата на волнени производи, во периодот меѓу двете светски војни се развива исклучиво индустријата на памучни производи. Не само тоа. Локацијата на индустријата по Првата светска војна наполно се променила. Во периодот на отоманското владеење текстилната индустрија била концентрирана, како што спомнавме, во битолските околни села; во повоениот период таа се концентрира во Скопје, како новоформиран економски центар.

1/ Поодделни претпријатија на текстилната индустрија

За да се запознаеме подобро со положбата на проблематиката на текстилната индустрија, нужно е да се задржиме поодделно на секое од претпријатијата и да ги изнесеме битните моменти од нивниот постанок и развиток. Идејќи така, од едно претпријатие до друго, хронолошки, онака како кое настанало, ќе добиеме појасна претстава за историскиот развиток на оваа гранка.

/1/ Фабрика за штофови и гајтани на Стерио Пикулис во с'Магарево - Битолско

Претпријатието е основано во 1890 год. како занаетчиска работилница за изработка на клашни и гајтани.

По завршувањето на Балканската војна, претпријатието располагало со мала предилница за предиво за сукно со 140 вретена, 3 механички и 30 рачни разбои, 2 валавици, рачна преса, машина за влачење и бојацилница. Во турско време претпријатието произведувало 2.000 оки штоф, 10.000 оки клашни, 7.000 оки

гајтани и 2.000 оки појаси. За обработка на горните количества претпријатието трошело 10.000 оки домашна волна, а останатите суровини /преѓа/, ги увозувало од Европа. Во тој период запослувало 80 работници. 50% од производството го извозувало во Дебар, Драч, Елбасан, Тирана, Валона и Берат.[60]

Во време на Првата светска војна било сериозно оштетено и престанало да работи. Во 1924 година се обновило благодарејќи на новонабавените машини во Кемниц - Германија; претпријатието го модернизирало технолошкиот процес, зголемувајќи го производството и проширувајќи го асортиманот /покрај клашни и гајтани произведувало попрости волнени и памучни ткаенини/.

Непосредно пред Втората светска војна претпријатието располагало со следните машини и апарати: 6 машински разбои, 4 влачарници, 1 чешларница, 1 машина преса за влачење, 1 каландер, 1 шпул машина, 3 казани за бојадисување, 1 бензин мотор од 8 кс. Погонот се движел на вода преку една турбина од 28 кс.[61]

Во 1939 година производството изнесувало 150.000 метри разни видови волнени и памучни ткаенини, како и 15.000 кгр.гајтани /во две смени/. Памучното предиво претпријатието го набавувало во Грција, а волненото, за изработка на поквалитетни штофови, од Англија. Домашната волна се употребувала за изработка на шајак. Готовите производи претпријатието ги пласирало: 60% во Босна и Херцеговина, 20% во Србија и 20% во Македонија.[62]

Во 1940 година претпријатието запослувало 24 работника.

/2/ Фабрика за гајтани на Петар Лекиќ во Тетово

Претпријатието било основано во 1905[63] година во Скопје и лоцирано на јазот кој минувал покрај денешната населба "Пролеќе". Во 1908 година претпријатието се преместило во Тетово, набавило нови машини за производство на волнени, памучни и свилени гајтани и тие биле монтирани во новоподигнатата фабрика на реката Пена во Тетово. За време на војната 1915-1918 година

60/ М.Савиќ: цит.дело стр.205.
61/ Спрема раскажувањето на 70-годишниот Стерио Пикулес, бивш сопственик на обновеното претпријатие.
62/ Спрема раскажувањата на Стерио Пикулис.
63/ Според Ј.Гргашевиќ:цит.дело стр.222 фабриката е основана во 1882 г.Мегутоа според Кэста Лекиќ, синот и соработникот на Петер Лекиќ во 1882 год. е основана трговската фирма на Петар Лекиќ , а не фабриката.

претпријатието претрпело големи оштетувања. Но, во првите години по завршувањето на војната се обновило. Во 1923 година претпријатието набавува во Нирнберг - Германија нова опрема за производство на срмен гајтан и со овој артикал го проширува асортиманот. Со полуфабрикати - преѓа за производство на волнени, памучни и срмени гајтани се снабдувало во Англија, Германија и Италија. Подишниот капацитет изнесувал 12.000 кгр. разни видови гајтани. Гајтаните се пласирале во Македонија, Босна и Албанија. При основањето 1905 год. инвестираниот капитал изнесувал 500 златни турски лири. Во 1908 год. капиталот се зголемил на 750 златни турски лири, а во 1920 год. капиталот изнесувал 1.500.000 динари. Претпријатието во текот на своето функционирање запослувало просечно 8-17 работници. Поради неблаговременото преориентирање на производството на модерни и конјуктурни артикли, претпријатието во 1931 год. паѓа под стечај.[64]

/3/ Претпријатие за преработка на памук и волна на Глигор Стаменов - Струмица

Од 1918 до 1925 година претпријатието функционирало како работилница за влачење на памук и волна, а покасно, во 1925 год., ја проширува својата делатност на предење на памук и ткаење на селско памучно платно и добива индустриски карактер. Машините се набавени на старо од една демонтирана фабрика во Бања Лука.

Претпријатието располагало со следните машини и апарати: 2 машини за влачење памук, 3 машини за влачење волна, 2 шпул машини со 440 вретена за предење на памучна преѓа, 1 машински разбој и 1 саугас мотор од 25 кс за производство на сопствена електро-енергија за погон на машините. Првобитно, претпријатието запослувало 5 работника, во 1940 год. запослената работна сила изнесувала 11 работници, од кои 2 квалификувани, 3 полуквалификувани и 6 неквалификувани.

Основател и сопственик на претпријатието бил Глигор Стаменов од Струмица, по занает качар.

64/ Спрема раскажувањето на Коста Лекиќ

/4/ Битолска текстилна индустрија К.Д.Битола

Ова претпријатие спаѓа меѓу првите трикотажни претпријатија основани меѓу двете војни во Македонија. Основано е во 1927 год. како командитно друштво во кое зеле учество дваесетина трговци од Битола.[65] Првобитниот вложен капитал од страна на овие командитори изнесувал 1.831.758 дин. Покасно претпријатието неколку пати се проширувало и инвестициите нараснувале, така што вкупниот капитал во 1940 год. изнесувал над 3.000.000 дин.-

Машинскиот парк се состоел од 12 рундшпул машини, 1 раум машина, 6 брзоодни шивачки машини, 1 машина за илици, 1 машина за подвив, 1 копчарка, 10 степ машини, 1 парна утија, 1 мотор на нафта од 22 кс и 3 електромотора од вкупно 18 кв. Сите машини се набавени на ново од Германија, а шивачките, во САД. Првите години по основањето годишниот капацитет изнесувал 10-15.000 кгр. готови производи, покасно со проширувањето на капацитетот производството се зголемило. Памучната преѓа се набавувала во Чехословачка и Италија, а волната во Англија и Грција. Мало количество се набавувало во предилниците на Литија - Словенија и Дуга-Реса - Хрватска. Се произведувале следните производи: памучни и волнени фанели, маици, разни видови машки и детски долен веш и др. Од вкупно произведените артикли, 55% се пласирале во Македонија, 30% во Далмација и 15% во Косово. Благодарејќи на добриот квалитет и разновидниот асортиман, од една страна, и ефтината работна рака од друга, претпријатието успевало ефикасно да се противстави на конкуренцијата. Претпријатието запослувало 25-35 работници.

/5/ Фабрика за трикотаж "Дијамант" - Скопје

Претпријатието е основано во 1937 год. од Димитар Атанасов, трговец со плетачки и шивачки машини. Вложените инвестицио-

65/ Илија Србинов, Петар Биштa, Георги Папа - Симеон, Георги Татарчев, Браката Секулови, Глигор Ташков, Синови Лаз.Сирвинови, Лазар Пантазиев, Нада Лозанчева, Ставре Мегаломастора, Анастас Филипов, Вас.Г.Зози, Ванг.Пантазиев, Георги Хентов, Тодор Хентов, Т.Груева, М.Микарев, Ристо Котев, Х.Мефаил, Х.Т.Белимачи и Марија Јосифова Христова.

ни средства изнесуваде 1,078.000 дин. Претпријатието располагало со следните машини и апарати: 17 разни плетачки машини, 1 шпул машина, 1 машина за расчешлување на трикотажна стока, 4 специјални и 4 обични машини за шиење и 4 електромотори. Машините биле монтирани во новоподигнатата зграда во центарот на градот. Претпријатието се состоело од следниве одделенија: плетачко, шивачко, шпуларско, монтажно и канцелариски простории. Машините биле набавени на ново во Германија. Годишното производство изнесувало 12.000 кгр. готови производи. Сировините односно преѓата се набавувала од странство: Англија, Австрија и Белгија. Претпријатието ги произведувало следните артикли: џемпери, пуловери, блузи, фанели и разни видови платнени детски производи. Производството се пласирало главно, на територијата на денешна ФНРЈ и тоа: 50% од вкупното производство во Србија, 40% во Македонија и 10% во Хрватска. Неколку пати извозувало мали количества и во Грција. Готовите производи се пласирале преку трговијата на сопственикот /сопственикот сé до 1941 год. се занимал со трговска дејност/. Во периодот 1927-1929 год. во претпријатието биле вработени 33 работници и службеници од кои 28 квалификувани, 4 полуквалификувани, 2 техничара и 1 административен службеник. Со исклучок на книговодителот - Словенец и техничарот Австриец, односно покасно заменет со Чех, сите други работници биле Македонци. Преовладувала женска работна рака /28 женски и 5 мажи/. Во почетокот на 1929 година, односно по неполни две години од неговото основање претпријатието престанало да функционира, паѓа под стечај.[66/]

/6/ Текстилна индустрија на генералното трговско акционерско друштво - Скопје

Текстилната индустрија на генералното трговско акционерско друштво е изградена во 1931 год., во непосредна близост на железничката станица, на темелите на разурнатата од војната монополска зграда /денеска трикотажната фабрика "Црвена звезда" и фабриката за конфекција "Прогрес"/. Првата година по основањето претпријатието ја концентрирало својата делатност исклучиво во

66/ Спрема исказите на бившиот сопственик Димитар Атанасов

производството на машки и детски чорапи. Претпријатието располагало со најмодерни плетачки машини набавени во Германија: 10 рендер машини за изработка на горни делови на чорапите, 10 машини за жардирање, 8 машини за составување /кетел машини/. Покрај овие имало 18 машини за производство на зимски волнени чорапи, 118 вретена за намотување на конец. Сите овие машини биле на електричен погон. Место трансмисија, воведен бил систем на зупчаници кој овозможувал во движењето да се стават само оние машини со кои се работи, додека останатите можеле да бидат наполно исклучени. Освен машинското одделение, претпријатието располагало со бојацилница од два казана за бојадисување, печка за сушење и центрифуга за цедење вода од бојадисаните чорапи. Потоа, постоело одделение за формирање и сушење на поквалитетни чорапи, како и одделение за белење, магазини за суровини и готови стоки. Во сутеренот бил сместен казан за централно греење. Претпријатието располагало со 20 електромотори со вкупна сила околу 40 кс. При основањето дневниот капацитет изнесувал 2.800 чифта машки чорапи. Следната, 1932 год., капацитетот се зголемил на 5.000 чифта. Истата година претпријатието се проширило со нови погони: ткајачница за женски штофови и килимара за изработка на персиски килими. Дневниот капацитет на ткајачницата првобитно изнесувал 3-400 должни метри женски штофови дневно, а во 1937 год. достигнал 1.000 должни метри. Ткајачницата и чорапарницата биле снабдени со модерни машини. Килимарското одделение имало капацитет 1.500 $м^2$ килими годишно.[67]

Бидејќи во тоа време за ткаење на персиски килими не се располагало со квалификувана работна рака, сопствениците довеле од Грција извесен број квалификувани работници и работнички, но на секое работно место, покрај грчкиот работник, работеа и наши работници, така што од една страна производството не трпело, а од друга се оспособувале нашите работници. За релативно кратко време /една година/ странските работници биле заменети со домашки.

Основните суровини, главно, се набавувале во странство: Англија, Италија, Готовите производи се пласирале низ цела Југославија. Килимите се извезувале во странство: Австрија и Скандинавските земји.

67/ Развитак Јужносрбијанске индустрије - "Скопски Гласник", Скопје, 1932 год.

При основањето во претпријатието имало запослено околу 70 работници и службеници. Но со проширувањето на капацитетот, работната сила постојано се зголемувала, така што во 1936 година во претпријатието имало запослено околу 464 работници и службеници, од кои во чорапарниците 224, во штофарата 130 и во килимарата 110. Преку 75% од работниците ја сочинувала женска работна рака. Со исклучок на извесен број стручњаци, сите работници биле од Македонија. Во претпријатието биле запослени 3 стручњаци од странство и тоа: 1 Германец за изработка на чорапи, 1 Чех кој покасно бил заменет со Французин за штофарата и 1 Грк за изработка на килими. Претпријатието нормално функционирало сé дс 1938 год. Меѓутоа, бидејќи голем дел од вложениот капитал бил странски, во 1938 год. акционерите го повлекле капиталот и заминале во странство. При ликвидацијата тие еден дел од машините продале, а другиот дел останал во претпријатието.

Со ликвидацијата на ова претпријатие, престанало да функционира едно од најголемите текстилни претпријатија на територијата на денешна НР Македонија.

Основателот и првобитниот сопственик бил Хаин Ароести, трговец од Скопје, а покасно претпријатието се проширува во акционерско друштво. Сите акционери биле во тесни родбински врски со оснивателот. Главни акционери биле: Едисто Ароести, Соломон Ароести, Исак Ергас и Др Јосиф Амодај, кој едновремено раководел со претпријатието во својство на директор.

/7/ Фабрика за памучни ткаенини - Скопје

Претпријатието е основано во 1933 год. од Беди Емин Тулемат, бојаџија, по народност Сириец. Првобитно претпријатието било примитивна текстилна работилница снабдена со 10 дрвени разбои и произведувала само еден артикал - алаца. Покасно, претпријатието се проширува и добива индустриски карактер. Во 1940 год. тоа располагало со следните машини и апарати: 6 машински разбои, 10 дрвени разбои, 1 шпул машина за цевки, 1 шпул машина за копси, 1 сновалка, 2 мали казана за бојадисување, 12 електромотори од вкупна сила 8,5 кв. Машините биле од чехословачко потекло. Преѓата се набавувала од трговијата на големо во Скопје.

Претпријатието произведувало разни ткаенини: алаца, докума, сефир, пештемали, пешкири. Сето производство се пласирало во Скопје во трговијата на големо. Претпријатието во 1940 год. запослувало 15 работници и службеници.

/8/ Индустриско претпријатие за изработка на вреќи, сламарици и др.текстилни ткаенини од јута, Скопје

Фабриката за сапун "Аеро", Скопје, сопственост на Браќата Стефановиќ и Стојче Стојановиќ во 1933 год. откупиле 10 машински разбои до одговарачки машини од фабриката за вреќи и ткаенини во Врање која престанала да работи поради тешка финансова положба. Фабриката "Аеро" на тој начин основала посебен погон за изработка на јутени вреќи за опаковка на сопствениот сапун за перење. Во 1935 год. се набавуваат од Германија: 1 шлихт машина, 1 каландер, 1 машина за кроење, 7 машини за шиење и 10 електромотори од вкупно 45 кв. Во 1938 год. се набавуваат на ново од Германија, Белгија и Чехословачка уште 22 машински разбои, така што веќе се формирал еден посебен погон кој служел не само за задоволување на сопствените потреби на фабриката за сапун "Аеро", туку поголем дел од производите се пласирал на пазарот.

Погонот се снабдувал со готово предиво во шпулни и копси исклучиво од странство: Полска, Белгија, Чехословачка. Целокупниот технолошки процес /шлихтење, ткаење, пеглање, кроење и шиење/ се обавувал во една новоизградена просторија во кругот на фабриката "Аеро", а бојадисувањето се вршело посебно во одделна мала просторија.

Просечно годишното производство изнесувало околу 200-300.000 дужни метри јутани ткаенини, од кои, главно, се изработувале разни видови вреќи /вреќи за сапун, жито, брашно, трици, грав, кашкавал/ и сламарици.

Готовите производи, главно, се пласирале во Македонија /70%/, во Косово и Метохија /25%/ и во јужниот дел на Србија /5%/.

Запосленият персонал изнесувал во 1940 год. 50 работници, од кои 15 машки и 35 женски.

/9/ Фабрика за чорапи "Шар" - Скопје

Претпријатието е основано во 1936 год. и сé до 1939 год. било сопственост на Александар Тодоров, Борис Никушев и Ерхарт Макс Ибершар, последниот по народност Германец. Во 1940 год. сопствениците на текстилната индустрија "Вардар", Скопје: Никола Шекеринов, Димитар Рибаров и Георги Димитров ја откупуваат целокупната инсталација и го задржуваат како технички раководител и ортак Ерхарт Макс Ибершар. Новите власници ја проширile инсталацијата со нови плетачки машини. Претпријатието располагало со следните машини: 5 рендер машини, 19 плетачки машини, 4 кетлер машини, 2 машини за шиење, 1 етикет машина, 1 центрифуга, 2 шпул машини, 1 цвир машина, 2 казана за бојадисување и 7 електромотори со вкупно 8 кс јачина.

Претпријатието произведувало разни видови памучни чорапи, машки и детски. Суровините се набавувале во Југославија и Италија. Просечната годишна консумација на памучна свилена прежа изнесувала околу 20.000 кгр. Производството се пласирало во Македонија /70%/, во Косово и Метохија /20%/ и во Црна Гора /10%/.

Претпријатието запослувало во 1940 год. 31 работник.

/10/ Текстилна индустрија "Вардар" - Скопје

Претпријатието е основано во 1937 год. од страна на Димитар Рибарев, Никола Шекеринов и Георги Димитров, сите кожарски трговци од Скопје. Претпријатието било соградено во индустрискиот квартал на патот Скопје - Куманово и располагало со следните машини и апарати:

50 машински разбои, 20 цвир машини со 460 вретена, 3 шпул машини со 114 вретена, 2 крајшпул машини со 98 вретена, 2 сновалки, 2 жигер машини, 1 раум машина, 1 центрифуга, 2 апарата за бојадисување, 1 сушилница за памук, 1 мулден преса и др.

Машините биле од германско потекло и тоа 70% се новокупени и 30% стари. Освен тоа, претпријатието располагало со парен котел за парно греење на работните простории, бојадисувањето, апретирање и сушење. Во претпријатието биле инсталирани

55 електромотори со вкупно 140 кс јачина. Од основањето до 1940 год. претпријатието ползувало сопствена енергија /имало своја електрична централа, со парна локомобила од 100 кс и гасгенератор од 80 кс. За одржување на погонот имало сопствена работилница.

Се ползувале следните основни суровини: вигоњ и памучна преѓа. Нормалната годишна консумација изнесувала 120.000 кгр. преѓа. Преѓата претежно се увозувала од Италија и Чехословачка. Последните две предвоени години се увозувало и целволе од Германија. Во мали количества од околу 20% се ползувала и домашна преѓа од предилниците во Марибор - Словенија, Белград и Земун - Србија.

Претпријатието произведувало разни памучни ткаенини: хлачевина, работничко платно, саглии, порхет и штрукс. Истите ги пласирало во Македонија /35%/, во Србија /50%/, во Косово и Метохија /10%/ и Црна Гора /5%/.

Во претпријатието имало запослено во 1940 год. 89 работници и службеници, од кои 27 машки и 62 женски. Целиот персонал бил од Македонија, главно, од Скопје, со исклучок на текстилниот главен мајстор, кој бил по народност Мацар и машинистот Чех.

/11/ Текстилна индустрија "Тулбенд" - Скопје

Агоп Дикицијан, Богос Армаганијан и Хамид Махмуд, трговци од Скопје ги здружуваат своите капитали и во 1928 год. основаат претпријатие за текстилна индустрија. Претпријатието било изградено во индустрискиот квартал и претставувало едно од најдобро технички опремените објекти во текстилната гранка. Располагало со следните машини и апарати: 50 машински разбои, 1 крајшпул машина, 1 шлихт машина, 2 шпул машини, 1 сновалка со 600 калема, 1 машина за намотување на платна, 1 машина за метрење на платна, 1 каландер, 1 васер каландер, 1 машина за ширење и сушење на платна, 1 машина за апретирање, 1 казан за боење, 1 машина за хлорирање, 1 вивирал машина, 3 жигер машини за бојадисување. Машините биле набавени на ново во Германија и Чехословакија - Судети. Исто така претпријатието располагало со еден

парен котел за греење на работните простории, бојадисување, апретирање и сушење. Машините се движеле на електричен погон. Во претпријатието биле инсталирани 90 електромотори со вкупна сила од 160 кс. Претпријатието имало сопствена браварска работилница за одржување на погонот и поправки на машинскиот парк.

Производниот процес се одвивал во одделенијата: за сновање, за шлихтовање, за ткаење, за метрење, за белење и апретирање и за бојадисување.

Овие одделенија биле сместени под еден покрив. Освен тоа имало два специјални магазина созидани од тврд материјал за сировини и готови производи. Административните простории биле сместени во засебно за таа цел созидани згради.

При полн капацитет годишната потрошувачка на разни нумерации преѓа изнесувала 75.000 кгр. 90% преѓа се увозувала, главно од Италија, а само 10% се ползувала од домашните предилници. Тоа се должи на познатиот факт - недостиг на предилници во Југославија.

Претпријатието произведувало разни памучни платна /асе во боја, кепер, мерино, шевашпур и разни други платна/.

Во 1940 год. претпријатието запослувало 48 работници од кои 32 машки и 16 женски. Меѓу овие работници имало запослени 8 Срби, 2 Словенци и 1 Чех. Како што се гледа преовладувала машка работна сила, што не е случај при текстилната индустрија. Тоа се должи на следните причини: прво, што се осеќало недостиг од квалификувани ткаачи способни да ракуваат со машински разбој, така што сопствениците беа принудени да ангажираат ткајачи од Ниш - Србија, второ, што ортакот Хамид Махмуд се грижел да се запосли поголем број Турци.

/12/ Работилница за свилени и памучни платна - Битола

До 1937 год. претпријатието била примитивна текстилна работилница на Давид Јуда Пардо, трговец од Битола. Во 1938 год. претпријатието го менува сопственикот и функционира под фирмата Јаким Чорбев и синови.

Претпријатието располагало со следните машини: 8 стари

машински разбои, 1 сновалка, 1 шпул машина, 1 цев машина и 8 електромотори со вкупно 7 кс. Просечната годишна консумација на сировини изнесувала 2-3.000 кгр.свилена и 1.500-2.000 кгр. памучна преѓа, која, главно, се увозувала од Италија и Грција. Произведувало просечно околу 45.000-50.000 должни метри разни видови свилени и памучни платна /крепдешин, крепжоржет, крепмарокен, крепромен и бурѐт/. Готовите производи, главно, се пласирале во Битола и блиската околија.

Претпријатието запослувало 18 работници и службеници.

/13/ Текстилна и позаматериска фабрика - Скопје

Основател и сопственик на ова претпријатие бил Вангел Костовски, терзија - абација, а покасно трговец. Првобитно во 1931 год. основал текстилна работилница со пет примитивни дрвени разбои. Во 1934 год. работилницата ја проширува со 10 машински разбои; бројот на работниците го зголемува на 18 и добива вид на модерно занаетчиско претпријатие. Во 1935 год. работилницата уште повеќе се прошири и располагаше со 5 одделенија: две ткајачници, одделение за шпулерај, одделение за позамантерија и бојаџиско одделение. Со проширувањето на работилницата се зголемува производството и се обогатува асортиманот: алаца, докуми, ресни, а од позамантеријата се произведувало свилени и волнени гајтани, срмени и свилени шнуреви и др. Бројот на работниците нараснал од 18 на 30 работници и 2 службеника и претпријатието добило индустриски карактер.

Претпријатието ги пласирало своите производи во Македонија /60%/, Косово и Метохија /20%/, Источна Србија /10%/ и Босна /10%/.

Основните суровини биле памучна, волнена, свилена и вештачка преѓа. Главно, преѓата се увозувала од странство: Чехословачка, Италија и Германија /90%/. Многу малку се користело домашно предиво од предилниците во Словенија /10%/.

Во 1939 год., во заедница со Вука Михајловиќ, која му била таен ортак, започнуваат градење на ново модерно текстилно претпријатие во индустрискиот квартал, кое во 1940 год. било пуштено во погон.

Новоизграденото претпријатие располагало со следните машини и апарати: 1 центрифуга, 1 сушална машина, 2 крајшпул машини, 2 шпул машини, 1 сновачка, 1 сновачка цепел, 1 шлихт машина, 1 механички позамантериски разбој "Жакард", 5 позамантериски гајтански машини, 1 шилер машина, 28 машински и 20 дрвени разбои, 1 флид каландер, 2 парни котла, едниот од 6 а другиот од 10 атм. Освен тоа, претпријатието имало 35 електромотори со вкупна јачина 31 кв. За погон на машините се ползувала градската електрична енергија. Машинските разбои биле набавени во Чехословачка, Германија и Белгија, а 10 купени на старо во Југославија.

Гореспоменатите машини биле инсталирани во следните одделенија: ткајачница и позамантерија /во ова одделение се вршело едновремено сновање и шпуловање и се изработувала позамантеријата/, одделение за пеглање, шлихтање, за бојадисување и сушење; покрај тоа располагало со сопствени работилници за одржување на погонот. Со изградувањето на новата фабрика производството знатно се зголемило и осетно го подобрило квалитетот на производите.

Во 1940 година се зголемил бројот на запослената работна рака на 52 работници и службеници од кои 21 машки и 31 женски.

/14/ Ткајачка работилница "Југ" - Скопје

Претпријатието го основале во 1939 год. Ахмед Хасановиќ и Адем Муртеза, трговци од Скопје.

Техничката опременост на претпријатието била следната: 12 машински разбои, 2 шпул машини, 1 канетир машина, 1 сновалка, 1 рачен шлихтерај, 1 клавиатур штеп машина рачна и 15 електромотори од вкупно 8,8 кс. Разбоите биле од швајцарско, а останатите машини од германско потекло. Основната суровина била вештачка свила. Годишната консумација изнесувала 10.000 кгр. вештачка свила. Свилата се увозувала од Германија и Италија. Претпријатието произведувало разни ткаенини /брокат, крепдешин, крпи за глави, шалови, крепсатен/.

Претпријатието запослувало 22 работника и службеника од кои 16 машки и 6 женски.

/15/ Фабрика за одмотување на свила - Гевгелија

Гевгелија како центар за одгледувањето на свилената буба отсекогаш привлекувала интерес за одмотачница на свила. Но требаше да изминат повеќе од 25 години па најпосле во 1938 година да се подигне таков вид претпријатие. Иницијатори и власници биле трговската фирма Дингарец, Голочевац и Стојановиќ, од Скопје и Лазо и Јован Ралеви, трговци од Гевгелија.

Претпријатието располагало со следните инсталации и машини: 1 парен казан од 6 атм., 1 парна машина од 8 кс, 1 парна пумпа од 1 кс, 1 динамомотор од 1 кс, 46 легени за одмотување на кожурци. Машините работеле на парен погон. Инсталацијата била набавена на старо од Грција, а била од италијанско потекло. Работните простории се состоеле од една хала преградена на три дела. Во првиот дел биле монтирани 46 легени за точење на свила, во вториот биле сместени канцелариите, а во третиот свилениот конец се мотал во штрингли. Се одмотувало годишно околу 18.000 кгр. суви кожурци. Целокупното производство се пласирало во Југославија /во ткајачниците во Нови Сад, Загреб и Белград/.

Филатурата запослувала околу 60 работници и службеници.

Во 1940 год. фирмата Дингарац,Голочевац и Стојановиќ ја остапува фабриката на Браќата Ралеви кои продолжуваат со работа под фирмата Лазар Ралев и брат.

/16/ Текстилна индустрија "Армаган" - Скопје

Богос Армаганијан, еден од ортаците на текстилната индустрија "Тулбенд" - Скопје, во 1940 год. се разортачил и отпочнал да гради сопствена индустрија во непосредна близина на текстилното претпријатие "Тулбенд". Во 1941 год. градежните работи биле готови; еден дел од инсталациите биле монтирани, но избувнувањето на војната попречило да се доврши монтирањето и да се пушти претпријатието во погон. Тоа располагало со следните машини и апарати: 44 машински разбоја, од кои 24 нови и 20 стари, 1 шпул машина, 2 машини за потка, 1 сновалка, 1 шлихт машина, 1 каландер, 1 апарат за бојадисување, 1 парен котел од

12 атм., 55 електромотори со вкупно 82 кс. Споменатите машини биле од германско, англиско и чешко потекло. Годишниот производен капацитет за една смена бил 420.000 должни метри разни видови памучни платна: асе во боја, американ, тензуф, оксфорт, етамин и тенки платна за шамии.

2. Положба и анализа на текстилната индустрија

Во периодот од 1918-1940 год.на територијата на денешна НР Македонија биле основани 16 текстилни индустриски претпријатија од кои, како што изнесовме, три претпријатија ликвидирале /две паднале под стечај и едно престанало да работи/, а едно поради објавување на Втората светска војна не било наполно довршено. Според тоа, до Втората светска војна функционирале 12 текстилни претпријатија или 10,8% од вкупниот број на индустриските и рударските претпријатија, што значи дека оваа гранка по бројот на претпријатијата заземала четврто место, т.е. доаѓала по прехранбената гранка, електростопанството и тутуновата индустрија.

За одбележување е тоа што овие 12 претпријатија припаѓале на разни сектори на текстилната индустрија и тоа на:

Ткајачници за памук и свилени ткаенини /4 во Скопје и 1 во Битола/.	5
Ткајачница за памучни ткаенини и позаментерија - Скопје	1
Ткајачница за памучни и волнени ткаенини и производство на гајтани - Битола	1
Ткајачници на производи од јута - Скопје . .	1
Трикотажно претпријатие - Битола	1
Фабрика за чорапи - Скопје.	1
Точење на свила - филатура во Гевгелија. . .	1
Предење на памук, влачење на волна и памук и ткајачница - , Струмица.	1
В к у п н о:	12

Спрема сопственоста гореспоменатите претпријатија припаѓале 4 на поединци / 2 претпријатија во Скопје, 1 во Стру-

мица и 1 во Магарево - Битолско/; на ортачки фирми 7 / 5 во Скопје, 1 во Гевгелија и 1 во Битола/; на командитно друштво - 1 во Битола. Спрема тоа, од вкупно 12 претпријатија, 8 претпријатија биле сопственост на здружени капитали.

Динамиката на развитокот на текстилната индустрија по години на основањето може да се подели на две фази: Првата фаза од 1918 до 1933 год. се карактеризира со слабо темпо на изградба - основани се само 5 претпријатија, од кои 2 ликвидираат. Втората фаза од 1933-1940 год. бележи многу поинтензивна изградба - 9 претпријатија за неполни 8 години. Следната табела тоа најјарно го илустрира.

Табела на бројот на текстилните претпријатија по години на основањето:

Ред. бр.	М е с т о	1924	1925	1927	1933	1936	1937	1938	1939	Вкупно
1.	Битола	1	-	1	-	-	1	-	-	3
2.	Гевгелија	-	-	-	-	-	-	1	-	1
3.	Скопје	-	-	-	2	1	1	2	1	7
4.	Струмица	-	1	-	-	-	-	-	-	1
	В к у п н о:	1	1	1	2	1	2	3	1	12

Во периодот од 1933-1940 год. не само што се изградени квантитативно повеќе претпријатија, туку основаните квалитативно се разликуваат од оние во првата фаза. Карактеристичен е фактот што во оваа фаза концентрацијата на текстилната индустрија се врши во Скопје. Од 9 претпријатија, колку што се основани во периодот 1933-1940 год., 7 се лоцирани во Скопје.

Се поставува прашање - зошто текстилната индустрија се појавува со такво закаснение во втората половина на периодот меѓу двете војни и зошто таа се концентрира во Скопје? Закаснената појава на текстилната индустрија во повоениот период се должи, главно, на липсата од капитал, погонска енергија и квалификувана работна рака.

Концентрацијата, пак, на текстилната индустрија во Скопје резултира од повеќе фактори: Скопје како стопански еко-

номско-географски, административен и сообраќаен центар на Македонија привлекувал како домашен, така и странски капитал. Првобитно капиталите се вложувале во трговијата, а по нивното нарастување, барајќи поголеми профити, капиталистите ги инвестирале во индустријата. Станувајќи така сопственици на средствата за производство, скопските капиталисти - трговци не можеле лесно да се откажат од трговијата, па продолжиле и натаму да се занимаваат со истата. Но за да можат непосредно да раководат со производството и да имаат поефикасна контрола на работењето, како во трговијата, така и во индустријата, своите индустриски претпријатија ги основивале во Скопје, односно во местото каде што се формирал капиталот. Ете зошто текстилната индустрија се јавува така касно и се концентрира во Скопје.

а/ И н в е с т и р а н к а п и т а л

Вкупниот капитал инвестиран во неподвижности /плац, згради и др./ и машини до крајот на 1940 год. изнесувале 17.454.000 дин. Поделбата на претпријатијата по големина на инвестираниот капитал ни ја дава следната слика.[68]

во 000 дин.

Ред. бр.	Капитал во ооо дин.	Број на претпријатија	Инвестиран капитал			
			згради	машини	вкупно	%
1.	до 500	3	3	1.100	1.100	6,3
2.	500-1.000	3	580	1.773	2.353	13,5
3.	1.000-2.000	4	2.941	3.903	6.844	39,2
4.	2.000-3.000	1	837	1.900	2.737	15,7
5.	3.000-5.000	1	1.620	2.800	4.420	25,3
	Вкупно:	12	5.978	11.476	17.454	100,o

Горните цифри покажуваат дека во 10 претпријатија имало инвестирано 10.297.000 дин. или 59% од вкупно вложениот капитал во оваа гранка, додека само во две претпријатија се вложени 7.157.000 дин. односно 41% од вкупниот вложен капитал. Тоа значи

68/ Прегледот е составен на основа на нашата извршена анкета

дека текстилната индустрија се состоела од ситни претпријатија повеќе од локален карактер. Иако вложените инвестиции во текстилната гранка не претставувале значајна сума во споредба со поразвиените подрачја, сепак во однос на вкупните инвестиции вложени во преработувачката индустрија на Македонија заземаат значајно место - четврто по прехранбената гранка, електростопанството и тутуновата индустрија.

Капиталот вложен во текстилната индустрија произлегувал главно од домашните ситни капиталисти и тоа повеќе од трговци со историдни артикли. Странскиот капитал беше застапен во претпријатието: Текстилната индустрија на генералното трговско акционерско друштво - Скопје. Во ова претпријатие имало инвестирано околу 6.000.000 дин. во згради и машини и 3-6.000.000 дин. во вид на обртен капитал.[69] Поголемиот дел од вложениот капитал во ова претпријатие припаѓал на Евреи, туѓи државјани. Во 1938 год. претпријатието престанува со работа, бидејќи голем дел од капиталот го повлекуваат странските акционери и ја напуштаат нашата земја.

Во капиталот на фабриката за чорапи "Шар" во Скопје земал учество техничкиот раководител и ортак, но неговото учество било незначително.

Спрема тоа најголемиот дел од капиталот вложен во текстилната индустрија им припаѓал на домашните капиталисти - Македонци. Странскиот капитал не покажувал голем интерес, бидејќи тој бил заангажиран во текстилната индустрија на северните и северозападните краеви на стара Југославија, која немала локален карактер како македонската текстилна индустрија, туку општојугословенски.

б/ П о л о ж б а н а к а п а ц и т е т и т е

Текстилната гранка се состоела од разни подгранки /ткаење на памучни, волнени и производи од вештачка свила, трикотаж, точење на свила и др./. Од подгранките на текстилната индустрија најзначајно место заземале ткајачниците на памучните производи.

69/ Капиталот на ова претпријатие не е вклучен во вкупниот капитал во гореизнесениот табеларен преглед, бидејќи во 1938 год. претпријатието престанало да функционира.

Во периодот 1918-1940 год. ткајачниците располагале со следните капацитети: 70/

Претпријатија	1918-1925		1926-1930		1931-1935		1936-1940		Капацитет во должни метри и во една смена
	Број на вретена	Број на разбои	Број на вретена	Број на разбои	Број на вретена	Број на разбои	Број на вретена	Број на разбои	
Текстилна и позамантериска фабрика - Скопје	-	-	-	15	-	22	-	48	200.000
Текстилна индустрија "Вардар", Скопје	-	-	-	-	-	-	-	50	300.000
Текстилна индустрија "Тулбенд", Скопје	-	-	-	-	-	-	-	50	540.000
Текстилна индустрија "Тулемат" Скопје	-	-	-	-	-	10	-	16	100.000
Фабрика за волнени и памучни ткаенини с.Магарево-Битола	-	4	-	6	-	6	-	6	75.000
Текстилна индустрија на Генералното трговско друштво, Скопје	-	-	-	-	-	40	-	-	-
Ткајачка работилница "Југ", Скопје	-	-	-	-	-	-	-	12	72.000
Работилница за свилени и памучни ткаенини, Битола	-	-	-	-	-	-	-	8	45.000
Претпријатие за преработка на памук и волна, Струмица	-	-	440	1	440	1	440	1	4.000
В к у п н о:	-	4	440	22	440	79	440	191	1.336.000

70/ Покрај горното производство на ткаенини, текстилната и позамантериската фабрика во Скопје произведувала околу 4.000 кгр. фротири, 2.000 кгр. разна позамантерија. Фабриката за волнени и памучни ткаенини с.Магарево околу 7-8.000 кгр. волнени гајтани - Претпријатието за преработка на памук и волна -Струмица 2.000 кгр. памучно предиво, околу 20.000 кгр. влачен памук и волна и околу 200.000 кгр. магаење на памук.

Освен горенаведените капацитети, имало уште неколку текстилни претпријатија чии годишен производен капацитет изнесувал:

Индустриското претпријатие за изработка на вреќи, ламарици и др. од јута во Скопје, располагало со 32 разбојa а предвидениот производствен годишен капацитет изнесувал 750.000 должни метри ткаенини во една смена.

Фабриката за свила во Гевгелија со инсталирани 46 легени за точење на свила, чиј годишен производствен капацитет изнесувал 4.500 кгр.греж во една смена.

Фабриката за чорапи "Шар" во Скопје, чиј годишен производен капацитет изнесувал 120.000 чифта разни видови памучни чорапи во една смена.

Текстилната индустрија К.Д.Битола со годишен капацитет 48.000 кгр.трикотажни производи во една смена.

Анализирајќи ги горе изнесените елементи, се доаѓа до следните карактеристични констатации:

1/ Дека во предвоениот период претпријатијата претставувале ситни капацитети - најмногу со 50 разбои.

2/ Дека постоела диспропорција меѓу капацитетите на предилниците и ткајачниците. Оваа диспропорција ја карактеризира целокупната текстилна индустрија на стара Југославија. Во Македонија оваа диспропорција зела таква екстремност што постоеле исклучиво ткајачници. Единствено претпријатие кое располагало со сопствена предилница во многу скромни размери /440 вретена/ било претпријатието за преработка на волна и памук во Струмица. Но кога ќе се земе во обзир дека оваа предилница имала повеќе услужен карактер /се донесувал суров памук и во замена се добивала памучна преѓа односно платно , а само еден мал дел од произведената преѓа се користувал за ткаење на селско платно/, произлегува дека во Македонија воопшто немало предилници.

Иако во Македонија имало суровинска база за рамномерен развиток на предилници и ткајачници /поволни климатски и почвени услови за производување на памук/, сепак во текстилната индустрија имаме појава на развивање само на ткајачници. Слабиот развиток на предилниците, главно, резултирал од фактите што изградбата на предилниците барала многу поголеми инвестиции отколку ткајачниците, додека ткајачниците можеле да отпочнат само

со неколку разбои, со предилниците не е таков случајот; предилниците бараат големи инвестициони средства; колку се предилниците со поголем капацитет, во толку се порентабилни. Освен тоа ткајачниците го имаат и тоа предимство што коефициентот на обртот на вложениот капитал е побрз и следователно капиталистите реализирале поголеми профити. Исто така и царинската политика имала свој удел во настанатата диспропорција помеѓу предилниците и ткајачниците. Ниските царински тарифи за увоз на суровини, во конкретниов случај предиво, од една страна, и високите царински бариери на увозот на готовите текстилни производи, од друга, влијаеле во голема мера да се увозува преѓа, а тоа негативно се одразувало на подигањето на предилници. За основање на ткајачници не треба да се пренебрегне и следниот факт: во втората половина на периодот меѓу двете светски војни, на светскиот пазар се разви голема конкуренција на текстилни суровини и полуфабрикати - преѓа. Така поедини странски фирми нуделе одлични услови при продажбата на разни памучни и свилени предива /плаќањето се вршеше 1-3 месеци по приемот на стоката, цената на увозеното предиво често пати беше пониска од онаа на домашното предиво, подобар квалитет и др./. Сопствениците на ткајачниците, чувствувајќи потреба од капитал, ги користеле овие безкаматни стоковни кредити. Според тоа, увозот на предивото не претставувало проблем. Ткајачниците редовно се снабдувале со предиво користејќи едновремено краткорочни стоковни кредити. Обезбедени со предиво под поволни услови, сопствениците на ткајачниците воопшто не поставувале прашање за изградување на предилници. Исто така капиталистите не се впуштале во тоа дека треба постепено да се еманципираат од странство, градејќи сопствени предилници и по тој начин да пристапат кон економисување на девизни средства. /Предвоениот југословенски увоз на текстилни суровини, полуфабрикати и готови производи изнесувал 27-35% од вредноста на вкупниот југословенски увоз/.

Ако го споредиме бројот на памучните вретена и разбоите со тие од останатите подрачја од стара Југославија, ќе констатираме дека во Македонија текстилната индустрија на памучните производи била на многу ниско ниво.

Преглед на бројот на памучните вретена и разбои во 1928 година на територијата на денешните народни републики:[71]

Народни републики	Број на вретена	% на учество	Број на разбои	% на учество
НР Словенија	79.186	61	5.829	56
НР Хрватска	44.370	34	2.724	26
НР Србија	6.000	5	1.875	18
ФНР Југославија	129.556	100	10.428	100

Во третираниот период на територијата на денешна НР Македонија имало 3 - 4 разбоја. Во 1940 година бројот на разбоите се зголемил на 199, што значи дека Македонија непосредно пред Втората светска војна земала незначително учество во вкупните југословенски капацитети во индустријата на памучните производи.[72]

Што се однесува за индустријата на волнени производи, таа беше уште понеразвиена, така што секоја споредба со другите покраини во Југославија не доаѓа во обзир.

Една од специфичностите на текстилната индустрија на Македонија е без сомнение тоа што голем дел од новоизградените претпријатија имале карактер на застарени претпријатија, а именно при градењето на текстилната индустрија, машинските строеви се набавуваат на старо од текстилните претпријатија од економски поразвиени подрачја или од странство, што ги исфрлувале од своите погони како застарени типови и ги заменувале со посовршени машини /Хрватска, Чехословачка, Германија/. Ист случај беше и со проширувањето на тогашните постоечки погони. Ваков начин на снабдување со машини резултира од следните два фактори: прво, што капиталистите тежнеле со мали инвестициони влагања

71/ Производне снаге НР Србије, цит.дело стр.481

72/ Југословенската памучна индустрија пред Втората светска војна располагала со 26 предилници /250.000 вретена/ и со околу 80 ткајачници /13.600 разбоја/. Годишното производство на предилниците изнесувало околу 18.000 тони памучно предиво, а на ткајачниците околу 120 мил.метри. За задоволување на домашните потреби се увезувало годишно 14.000 тони памучно предиво и 16.000 мил.метри разни памучни ткаенини. Види Др С.Куколеча. Анализа привреде Југославије пред Други светски рат, Београд, 1956 год.

да постигнат што поголеми профити и второ, што при условите на капиталистичкиот начин на производството, градењето и проширувањето на претпријатијата не се вршело спрема степенот на развитокот на производните сили, туку тоа зависело од големината на акумулираниот капитал на поодделните сопственици на претпријатијата. Така изградената текстилна индустрија претставуваше шаренило од разновидни застарени типови машини. Не само тоа, набавените машини често пати биле амортизирани. Не биле ретки случаите техничката истрошеност на поедините машини да изнесува преку 50%. Ваков дотрајал машински парк ја намалувал продуктивноста на трудот и барал запослување на поголема работна рака.

Во сите ткајачници се работело на еден разбој. Дури во 1938 год., со изградувањето на текстилното претпријатие "Тулбенд" во Скопје, сопствениците на ова претпријатие довеле ткајачи од Ниш - Србија, кои опслужувале едновремено два разбоја, а покасно минале на 3-4 разбоја. Со работењето на еден работник на повеќе разбои капиталистите успеале да ја зголемат производноста на трудот и следователно да ги намалат производствените трошоци, а од друга страна овој начин на работа им послужил како пример на нашите работници - ткајачи да може еден ткајач едновремено да работи на повеќе разбои. Покасно Текстилната индустрија "Вардар" - Скопје, како и Текстилната и позамантериската фабрика, Скопје, вовеле опслужување со еден работник на два разбоја. Меѓутоа, останатите текстилни претпријатија ваков начин на опслужување не беа во состојба да го спроведат, бидејќи разбоите со кои располагале не биле механизирани, така што работникот морал рачно да ги полни кунковите, да внимава на жиците и при скинувањето на истите разбојот да го запира, да ги врзе жиците и по тоа повторно да го пушти да функционира и др. Во земјите кои располагаат со модерни механизирани текстилни претпријатија, сите овие операции се вршат автоматски и се разбира, во вакви случаи еден ткајач може да опслужува по 6 и повеќе разбои. Ваков начин на работа /на еден разбој/ во голема мера се должел и на ефтината работна сила.

Со вакви ситни капацитети и со ваква слаба техничка опременост нашите претпријатија успеваа да се противстават на големата конкуренција на пазарот благодарејќи само на ефтината работна рака и како што ќе видиме подолу, на своите специфични

производи наменети за локалните пазари и евентуално за пазарите во соседните подрачја кои покажувале интерес за вакви производи /Косово, Метохија, Босна/.

в/ Работна сила

Во текстилната индустрија бројот на запослената работна рака изнесувала 434 односно 4,1% од вкупната запослена работна сила во индустријата и рударството.

Структурата на запослената работна сила во текстилната гранка во 1940 година изгледала, вака:

Категорија	Работници и службеници	%
Квалификувани	65	15,o
Полуквалификувани	252	58,o
Помошен персонал	17	3,9
Административен персонал	19	4,4
Неквалификувани работници	81	18,7
В к у п н о:	434	100

Од горните цифри се гледа дека односот помеѓу квалификуваните и полуквалификуваните работници не е пропорционален односно суштествува голема разлика меѓу овие две категории работници. Меѓутоа,ако се земе во обзир фактот дека сите приучени и голем дел од оспособените ткајачи влегувале во категоријата полуквалификувани работници, всушност голем процент биле квалификувани, произлегува дека оваа сразмера не е така диспропорционална како што се гледа на прв поглед. Исто така и од горните бројки се гледа дека 15% од вкупниот запослен број на работници и службеници отпаѓа на квалификувани, што значи дека во секое претпријатие биле запослени 5,4 квалификувани работници. Овој процент, со оглед на малите капацитети и карактерот на работата можел да ги задоволи потребите на текстилната индустрија со квалификувана работна рака и да обезбеди правилно функционирање на претпријатијата. Карактеристичен е случајот во оваа гранка со запослениот административен персонал. Од 434 запослени работници и службеници, на административен персонал отпаѓало 19 службеници,

односно 4,4% од вкупниот запослен број на работна сила, што значи дека на секое претпријатие доаѓало 1,6 службеници или на 20 работници 1 службеник. Овој мал просек ја задоволувал административно-комерцијалната страна на претпријатијата, бидејќи сопствениците раководеле со организацијата и работењето во претпријатијата, а административниот персонал беше задолжен само со книговодствената и административната работа. За да бидат ажурни, службениците често пати мораде да работат форсирано и прекувремено.

Најголем број од запослените работници биле од Македонија и тоа претежно од гр.Скопје. Но имало запослени работници од другите подрачја и странци. Во оваа гранка биле запослени преку 20 работници по народност Срби, Хрвати, Словенци и повеќе од десетина Грци, Чеси, Мацари, Германци и др. Сите запослени странци биле висококвалификувани или квалификувани работници доведени од сопствениците за раководење со производниот процес или за одржување на погонот. Со исклучок на 3-4 претпријатија, сите други имале запослено по еден или два такви стручњака под чие техничко раководство функционирале фабриките.

Познат е фактот дека во текстилната индустрија во стара Југославија преовладува женска работна рака и тоа: прво, поради карактерот на самата работа и второ, заради реализирање на пониска најамнина. Во предвоениот период и во Македонија преовладувала таа тенденција. Од 434 запослени работници и службеници, на машки отпаѓало 174 работници и службеници, односно 40%, а на женски 260, односно 60% од вкупно запослената работна сила во оваа гранка. Бројниот однос меѓу запослената машка и женска работна рака во текстилната индустрија на стара Југославија изнесувал 43,3% спрема 56,7%, што значи дека женската работна сила во југословенски размери била помало вовлечена во производството отколку во Македонија. Женската работна рака во Македонија се состоела исклучиво од девојчиња, главно, од 15-18 год.возраст.

Структурата на претпријатијата спрема бројот на

запослените работници во 1940 година:

Ред. бр.	Работници	Претпријатија	%
1	1-15	3	25
2	16-30	4	33,3
3	31-60	4	33,3
4	60-100	1	8,4
В к у п н о:		12	100,0

Горните цифри покажуваат дека 7 претпријатија, односно 58,3% од нивниот вкупен број во текстилната гранка запослувале помалку од 30 работници, а само едно претпријатие запослувало под 100 работници. Просечно на едно претпријатие отпаѓало 36 работници и службеници. Овој однос покажува дека текстилните претпријатија претставувале ситни капацитети со мали инвестициони вложувања.

Како што изнесовме, текстилната индустрија во предвоениот период, а особено во втората половина од тој период, покажувал постојанен пораст. Наемнината на работниците била многу ниска и претставувала под трошоците потребни за нормално одржување на работната сила. Сé до 1936 год. немало закон за минимални надници во индустријата. Спрема тоа немало никакви законски прописи со кои се регулирала надницата на индустриските работници. Големината на наемнината се одредувала спрема законот за понудата и побарувачката. Со оглед дека понудата преовладувала над побарувачката, најамнината често се спуштала под физичкиот минимум. Во текстилната индустрија работниците се наоѓале во уште понезавидна положба од оние запослени во другите гранки на индустријата. Бидејќи биле конкурирани од страна на женската работна рака, која својата сила ја нудела под многу поефтина цена. Дури во 1937 год. се донесе закон за минимална надница. По прописите на овој закон минималната надница на работниците беше утврдена на 2 дин. по саат. Меѓутоа, со донесувањето на овој закон, положбата многу не се изменила. Прилив на работна сила на пазарот беше таква што ретко кој од капита-

листите се придружувал на фиксираните со законот минимални надници. Така овој закон немал никаква практична вредност. Законот на вредноста на понудата и побарувачката и натаму ја регулирал висината на надниците, дотолку повеќе што немало никаква контрола за применување на прописите од законот за минималната надница.

Според разни анкетирани лица се констатира дека полуквалификуваните работници, што значи ткајачите кои претставувале 58% од вкупната запослена работна рака во оваа гранка, добивале просечно месечно 450-500 дин. а неквалификуваните работници 400-450 динари. Новопримените работници - ученици првите 15 дена па и повеќе не се наградувале, работеле бесплатно. По овој таканаречен "стаж", работниците добивале до 1936 год. минимална надница од 5 динари дневно. Оваа мошне ниска надница од 5 динари дневно ја добивале честопати во продолжение на 3-4 месеци, иако по вториот месец биле способни за самостално ткаење и требало да се платат како и останатите ткајачи. Имало и такви случаи по одржаниот "стаж" да се отпуштат и на нивно место да се примат нови ученици. Така експлоатацијата се продолжувала, а учењето се сметало како милост која ја чинат претпријатијата. Меѓутоа, покасно со стапување на Законот за минимални надници, надниците на учениците се покачиле и изнесувале од 8-10 динари дневно. Со високиот квалификуван персонал, а особено со стручњаците доведени од странство или други подрачја третирањето на заплатите се поставувало поинаку. Нивните плати биле многу поголеми од оние на домашните работници.

Работните услови и плаќањето на женската работна сила не биле многу завидни. Положбата на работничките спрема работниците во однос на надниците не била рамномерна. Ваков однос бил регулиран со закон. Надниците на работничките за иста работа осетно се разликувале од надниците на работниците. Благодарејќи на оваа разлика на надниците бројот на запослената женска работна рака постојано расnал.

г/ П р о и з в о д с т в о и п л а с м а н

Производството на текстилната индустрија во Македонија во предвоениот период покажува зголемување. Зголемувањето на производството особено се осеќа во втората половина од периодот

меѓу двете светски војни, а доаѓа како резултат на изградувањето на нови текстилни индустриски претпријатија /Текстилна индустрија "Тулбенд", Скопје, Текстилна индустрија "Вардар", Скопје, Текстилна и позамантериска фабрика, Скопје и други/ чии капацитети биле далеку поголеми од дотогашните постоечки капацитети. Во овој период, како што споменавме, се развивала индустријата на памучни производи и следователно гротo на производството се состоело од памучни артикли. Така низ целиот предвоен период имало нерамномерност во производството помеѓу волнените и памучните производи. Оваа нерамномерност произлегувала од различни историско-материјални услови под кои се развивала денешна Народна Република Македонија пред нејзиното влегување во состав на стара Југославија, како и во нејзиниот заеднички живот со останатите народи до објавувањето на Втората светска војна.

Вкупното производство на текстилната индустрија во вредносни показатели во 1940 година изнесувало околу 32.250.000 динари. Од тоа, на производство на волнени производи отпаѓало околу 4.500.000 динари, односно 13,8% од вкупното производство на текстилната индустрија.

Развитокот на индустријата на памучни производи покрај изнесените фактори се должи и на фактот што производството, главно, имало специфичен карактер. Специфичноста на производството се состоела во тоа што се произведувале артикли сврзани со носијата на населението.

Особено беше развиено производството на артикли барани од шинтарското и турското малцинство, како што се например: алаца, докума, пештемали, саглии, позамантерија и др. Како овие артикли немале конкуренција, индустријата на памучните производи се развила со несметано и динамично темпо и производството константно растело.

Индустријата, пак, на волнени производи, не можеше да се обнови и да се развие во следвоениот период поради тоа што при формирањето на стара Југославија, Македонија ја преплавиле разни волнени текстилни производи од останатите економски поразвиени покраини и странство, каде што индустријата на волнени производи успеала да заземе здрави позиции. Особено неуништената од војната и дури зајакнатата по неа лесковачка индустрија на волнени производи претставувала голема пречка за развитокот

на индустријата на волнени производи во Македонија.[73/]

Интересно е да се одбележи дека 80% од производството на текстилната индустрија "Тулбенд", Скопје се преработувало во разни видови шамии, а само 20% се продавала како метражна стока. Преработувањето на шамии го вршеле занаетчии - шамициии. Шамиите и платната се пласирале преку трговското претпријатие на сопствениците на фабриката. Така фабриката не се упуштала директно во продажба на своите производи, туку функцијата на продажбата ја вршело нивното трговско претпријатие. Готовите производи на текстилната и позамантериската фабрика, Скопје, исто така се пласирале преку трговското претпријатие на сопственикот на фабриката кој едновремено упражњавал трговска дејност.

Останатите индустриски претпријатија пласманот го осигурувале директно преку своите комерцијални одделенија.

Со оглед на тоа што претпријатијата не располагале со достатачно обртни средства, реализацијата на готовите производи се вршела повеќе за готово отколку на кредит. Кредитирањето се вршело многу претпазливо. Претпријатијата одобрувале само краткорочни кредити, најмногу од еден месец, и тоа на оние муштерии кои биле солвентни.

Асортиманот на текстилната индустрија бил разновиден и богат. Се произведувале следните артикли:

Памучни ткаенини: алаца, докума, китајка, пештемали, саглии, хлачевина, работно и народно платно, штрукс, бархет, асе во боја, кепер, мерино, шевашпур платно, фротири, пешкири и др.

Ткаенини од вештачка свила: крепдешин, крепжоржет, крепмарокен, крепсатен.

Волнени платови - шајак, чоја, клашни, појаси, попрости женски и машки штофови и др.

Позамантерија: волнени, свилени, памучни, сремени гајтани, памучни, свилени и сремени шнурови и др.

73/ Индустријата на волнени ткаенини во стара Југославија пред втората светска војна располагала со 34 предилници, односно со околу 100.000 вретена и со околу 40 ткајачници и 2.000 разбоја. Годишното производство на предилниците изнесувало околу 7.000 тони волнена прежа, а производството на ткајачниците околу 10 мил.метра волнени ткаенини. Се увозувало околу 1.500 тони прежа и околу 1.300 тони разни волнени ткаенини и готови волнени стоки. Види Др С.Куколеча, цит.дело

Јутени производи: разни вреќи и сламарици од јута.

Трикотаж: долни трико алишта од волна, памук, свила и мако.

Исто така се произведувало разни машки, женски и детски чорапи.

Горните побројани производи се пласирале, главно, во Македонија /60%/, во Косово и Метохија /20%/, во Србија /10%/. Покрај овие покраини, се пласирале мали количества и во Црна Гора, Далмација и др.

§3 КОЖНА ИНДУСТРИЈА

Благодарејќи на развиеното сточарство уште во минатите векови Македонија се споменува како подрачје во кое било застапено и просперирало кожарството. Разни патописци кои минувале низ Македонија уште во XVII, XVIII и XIX век, кога сакале да го изнесат стопанското значење на одделни градови, секогаш во своите патописи меѓу другото ги истакнувале и многубројните табаани, занаетчиски претпријатија, кои на сосема примитивен начин, со најзастарени методи обработувале кожи. Со такви табаци особено било извесно Скопје чии работници беа сконцентрисани на левиот брег на Вардар, а особено на неговата лева притока Серава, градска речица која минува низ стариот дел на Скопје и се влива во Вардар до самиот нов бетонски мост. Освен Скопје, табаците биле извесни во Тетово на реката Пена, во Охрид, Велес и др. Така Англичанецот Др Браун во 1669 год. пред да биде Скопје опожарено од Пиколомини, меѓу другото опишува дека Скопје имало 700 табаци, кои прават многу добри кожи во каменитe корита на реката Вардар.[74]

Австрискиот конзул Ј.Хан во средината на XIX век изнесува дека по Кримската војна во Охрид цутел кожарскиот /табачкиот/ и ќурчискиот занает. Во 1863 год. во Охрид имало 150 претпријатија кои тргувале со кожи и ги преработувале. Во тоа време Охрид се натпреварувал со кожарството со Костур и Јанина.[75]

74/ К.Н.Костиќ: Наши нови градови на југу, Београд, 1922, стр.15.

75/ Исто, стр.45-46

"...Во шеесеттите години од минатиот век, Велес бил еден од најјаките трговски градови во Македонија. Неговите богати трговци работеле со Србија, Австрија, Италија, Солун и Цариград. Се тргувало, главно, со суровини и преработени кожи, сахтијан и ѓон. Особено бил прочуен велешкиот сахтијан од козји кожи, годишно се преработувале 400.000 кожи и се извезувале во Пешта..."76/

Кожарската занаетчиска делатност во Македонија цутела со мали прекинувања, сé до седумдесеттите години од минатиот век. Меѓутоа, со унапредувањето на техниката и воспоставувањето на нормални трговски односи меѓу Турција и разни европски индустриски развиени земји, последните дценении на минатиот век вратите на турскиот пазар се отвориле и настапило пенетрирање на индустриски артикли, кои со своите ниски цени и добар квалитет ги потиснале занаетчиските домашни производи. Во оваа нерамна конкурентска борба многу занаети започнале да пропаѓаат. Меѓу занаетите кои најмногу биле засегнати без сомнение спаѓале табаците. Така од многубројните табаци во Македонија кои постоеле кон крајот на XIX век, по Првата светска војна, одвај останале неколку десетини. Кожарството во Македонија во тој период како делатност не го достигна она ниво што го заземало во минатите векови. Во периодот меѓу двете светски војни оваа гранка на делатност спаѓала меѓу најнеразвиените гранки на индустријата, иако Македонија продолжила и натаму да обилува во сировина и имала богата традиција во оваа гранка. Главните причини за слабиот развиток на кожарската индустрија во тој период секако се историско-политичките и економските промени кои настанале по Првата светска војна во овој дел на светот.

1/ Поодделни претпријатија на кожната индустрија

/1/ Кожарско-индустриско претпријатие на Димче Вучоделец - Скопје

Индустриската преработка на кожи на денешната територија на НР Македонија се јавува во првата деценија на нашиов век.

76/ К.Н.Костиќ: цит.дело, стр.15-16

Првото индустриско претпријатие за производство на кожи се изгради во Скопје во 1908 год. Идејата и иницијативата за основање на вакво претпријатие потекнало од Велко Вучидолец, богат земјоделец од Скопје. Тој, покрај земјоделството, започнал да се бави со мејанцилук и туларство и станал сопственик на две мејани, тулани и варцилници. За да ја оствари идејата за основање кожарско претпријатие, својот најстар син Димче го испратил на две години во Америка и една година во Англија на специјализација во тамошните индустриски претпријатија за производство на кожи. По завршената специјализација, Димче се вратил во Скопје и 1908 год. основал претпријатие за обработка на кожи крај левиот брег на Вардар, близу железничкиот мост. Во почетокот претпријатието располагало со следните машини: една парна машина од 9 кс и големо автоматско буре, набавено во Англија, разни машини и пумпи, набавени во Солун и една примитивна гланц машина изработена во Скопје.[77/]

Како сировини претпријатието употребувало домашни телешки, јунешки кожи/и кожи од ситен добиток. Годишната консумација на овие кожи изнесувала околу 5.000 кгр./4.000 кгр.телешки и јунешки и 1.000 кгр.од ситен добиток/.

Претпријатието произведувало горни кожи за кондури, сарачки бланк во боја и црн, табанастар и шеврет во бои. Еден дел од произведените кожи се пласирале на скопските занаетчии, а другиот дел го ползувала чевларската работилница на браќа му. Претпријатието работело со 5-6 работници под стручно раководство на самиот сопственик.

Сé до 1930 год. претпријатието не претрпело никакви технички измени. Во другата половина на периодот меѓу двете светски војни, а особено во време на светската економска криза 1929/33 год. настапи голема конкуренција на пазарот од страна на поголеми и помодерни претпријатија за изработка на кожи. За да се одржи и противстави претпријатието на конкуренцијата мораше производството да го модернизира. Со таа цел во 1930 год. тоа набавило од Германија нова фалц и гланц машина, шприц апарат, електромотори и погонот го преориентирало на електрична струја. Новите машини овозможиле не само поквалитетно произ-

---

77/ Според раскажувањата на самиот сопственик Димче Вучидолец.

ство на кожи, туку се зголеми капацитетот и се прошири асортиманот. Претпријатието преработувало околу 10.000 кгр.разни суровви кожи. Но во споредба со претпријатијата од другите економски понапредни покраини: Словенија, Хрватска и Србија, скопското претпријатие останало и натаму ситно со изразито локален карактер.

Претпријатието во 1940 година запослувало 12 работници.

/2/ Претпријатие за обработка на кожи на Браќата Мишковски - Тетово

Користејќи ја богатата суровинска база, одличната вода и традициите на кожарството Фрањо Рајтерек од Блед - Словенија, во 1924 год. основал во Тетово на реката Пена занаетчиска работилница за преработка на кожи. Оваа работилница набавувала мешини од табаците, ги преработувала на примитивен начин и така преработени ги пласирала во Словенија. Работилницата произведувала месечно 2.000 кгр.постава од крупни кожи и 500 кгр.дневно постава од ситни кожи. Запослувало 12-15 работници.

Во 1928 година работилницата заедно со предварително набавените и немонтирани гланц, фалц и шлајх машини, Рајтерек ја продава на Мишко, Петре и Димко, Браќа Мишковски, Куртии од Тетово. Новите сопственици ја прошируваат и модернизираат работилницата со купените од Рајтерек немонтираните машини, а погонот на вода го преориентираат на електрична струја.

Во 1939-1940 година претпријатието располагало со следните машини и апарати: фалц машина, гланц штос машина, шприц апарат, две бурија за штавење, апарат за мерење кожи, центрифуга за сушење волна, кроц машина за чистење кожата од месото, како и комплетен кожарски алат. Погонот функционирал на електрична струја добивана од Хидроцентралата во Тетово, за која цел имаше и монтиран електромотор од 12 кс јачина. Машините и апаратите биле од германско, а електромоторот од италијанско потекло.

Се произведувале следните артикли: бокс, јухт, шевро, кожа за капути, шеврица, ѓон, мешин.

Претпријатието непосредно пред Втората светска војна запослувало 15-20 работници и службеници.

2/ Положба и анализа на кожната индустрија

Кожарството во Македонија во предвоениот период, како што спомнавме, не било ни од далеку развиено на оној степен на кој било во периодот на Отоманската империја. Покрај тоа што кожарството опаднало како занает, туку и како индустрија слабо се развивало. Во периодот меѓу двете војни имало само две индустриски претпријатија, така што по бројот на претпријатијата од оваа индустриска дејност спаѓала меѓу оние гранки кои биле репрезентирани со најмал број претпријатија во однос на вкупниот број на претпријатијата. Не само тоа, претпријатијата претставувале ситни капацитети и имале повеќе локален карактер.

Вложените инвестиции во оваа гранка биле минимални: 500.000 дин. во згради и магацини и 750.000 дин. во машини. Во оваа гранка на делатноста во однос на останатите е најмалку инвестирано. За слабиот интерес за инвестирање имало многу разлози. Меѓу поважните, без сомнение се следните: прво, што во стара Југославија суштествуваше приличен број поголеми претпријатија што биле конкурентно поспособни и како такви не дозволувале да се развие оваа индустрија во Македонија;[78/] второ, што Македонија не располагала со крупен добиток, а голем дел од ситниот кој претставувал мошне важна ставка во сточниот фонд, се извезувал во жива состојба, а со него, се разбира, се извозувала и кожата; трето, за слабиот развиток на оваа гранка не треба да се заборават и фактите недостиг на капитал и недостапните кредити.

Вкупната инсталациона погонска сила во оваа индустрија била исто така мала и изнесувала 33 кс /Скопската кожара располагала со електромотори од вкупно 21 кс јачина, а Тетовската со 12 кс/. Слабата инсталирана сила на овие претпријатија докажува дека претпријатијата биле од мали размери и слабо опремени.

Производството на овие две претпријатија во 1940 год. изнесувало 480.000 фуса разна готова кожа. Производството се

78/Кожарската индустрија во Југославија е располагала со околу 60 значајни фабрики за кожа со вкупен капацитет од околу 50.000 тони сирова кожа годишно. Годишниот капацитет на овие фабрики изнесувал 20.000 тони преработена кожа, што значи да го капацитетот користеле 50%. Види Др С.Куколеча, цит.дело.

состоело од следните артикли: бокс во боја, јухт, сарачки бланк, ѓон за опинци, шеврет, шевро во боја, табанастар. Освен овие артикли, Скопското претпријатие во 1936 год. започнало со успех да произведува туткал од кожни отпадоци и истиот го пласирал по многу поевтини цени отколку другите фабрики. Овие фабрики за да ја одржат цената на овој артикал и да продолжат и натаму да реализираат големи профити, здружени во картел успеале кај скопското претпријатие со извесна материјална компензација да постигнат споразум претпријатието да се откаже од производството на овој артикал.

Произведените готови кожи се пласирале, главно, во Македонија, а скопската кожара еден дел од своето производство успеала да го пласира и на Косово и Метохија.

Најголемиот дел од суровите кожи бил од домашно потекло, а извесни количества се набавувале од Косово, Метохија и Србија. Помошните материјали претежно биле увозни артикли,но поради липса од капитал кожарите не ги набавувале овие материјали директно од странство, туку од увозни југословенски фирми. Исклучително, скопското претпријатие увезувало годишно околу 20.000 кгр.руј од Бугарија, а од Турција 10.000 кгр.шишарки и 10.000 селекс екстрат.

Во индустријата на кожи вкупно запослениот персонал во 1940 год. изнесувал 27 работници и службеници од кои 9 квалификувани работници, 5 полуквалификувани, 12 неквалификувани и само 1 службеник/книговодител/. Карактеристично е да се одбележи дека оваа гранка, за разлика од поголем број на другите гранки на индустријата, сопствениците на кожарските претпријатија биле квалификувани стручњаци и како такви раководеле лично со технолошкиот процес на своите претпријатија. Спрема тоа, нивното главно занимање било индустријата, а не трговијата. Со трговијата доаѓале во допир само при набавката на суровини и помошни материјал, односно при продажбата на готовите кожи. Истовремено сопствениците ја вршеле целокупната администрација така што само скопската кожара имала постојанен книговодител,дедека во тетовската таа функција ја вршел хонорарен книговодител.Грото на работниците биле неквалификувани и регрутирани од градското население. Бидејќи сопствениците не се држале по техничко-хигиенските прописи /се работело прекувремено во непрописани,

тесни, непроветрени и влажни простории/, овој занает стана уште потежок. Тоа дало повод голем број работници да негодуваат и да бараат подобрување на работните услови. Бидејќи своите основни права не можеле да ги задоволат по мирен и легален начин, работниците од скопската кожара во 1936 година прогласија штрајк. Меѓутоа, поради несолидарноста на неколку работници, штрајкот не успеал. Но во идната 1937 година се организирал втор штрајк кој се завршил во полза на работничките барања, а имено, надниците се зголемиле, се вовело осумчасовно работно време и плаќање на прекувремената работа. Меѓутоа, работните услови и висината на надниците, во тетовското претпријатие воопшто не се измениле и работниците, од страв да не бидат отпуштени од работа, продолжиле и натаму да работат под тешки услови.

§4 ГРАФИЧКА ИНДУСТРИЈА

Првите печатници на територијата на денешна НР Македонија датираат од втората половина на минатиот век, како резултат од развитокот на трговијата и занаетчиството. Првата печатница е основана во Битола 1889 година која работела првобитно за потребите на битолската општина, а покасно ја проширила својата дејност на целиот битолски вилает. Покрај оваа печатница во текот на XIX и почетокот на XX век се основале уште неколку печатници во Битола и Скопје.

Првата печатница во Скопје е основана во 1908 година. Основател на печатницата бил Давид Димитријевиќ. Покасно се основала уште една печатница: "Прва српска акционерска печатница".[79/] Во 1909 година, во тогашните печатници во Македонија биле запослени околу 60 работници, од кои само на Битола отпаѓало 40. Интересно е да се одбележи дека меѓу првите работници кои се запознале со напредните идеи биле и битолските графички работници. Тие во 1909 година успеале да се организираат и благодарение на нивната организација, вовеле осумчасовно работно време, додека работниците во другите гранки работеле непрекинливо преку целиот ден.

79/ Мил.Р.Гавриловиќ: Привреда Јужне Србије, Скопје, 1933.

Во периодот меѓу двете светски војни, печатарството како рентабилна дејност го привлекувало трговскиот капитал и во периодот 1919-1925 година се основаат три печатници со книговезници. Во 1931 година се основало во Скопје модерното графичко претпријатие "Немања", чии сопственик била бив.Вардарска бановина.

Паѓа в очи дека сите печатници со исклучок на печатницата "Немања", се основале првите години по завршувањето на Првата светска војна и тие биле концентрисани во Скопје. Основањето на печатниците веднаш по завршувањето на војната и нивната концентрација во Скопје резултира од фактот што настапи побарувачка на книги, учебници, тефтери, тетратки, разни печатени формулари, како последица на нараснатите потреби. Од друга страна, пак, новозаведениот режим имаше потреба од печатници, во кои се печателе весници, брошурки и др. а кои му служеа да ја спроведува својата пропаганда за политичко-стопанска консолидација на "Новоослободените краеви". Со оглед на тоа што Скопје претставуваше административно-политички и културен центар на Вардарска Македонија, се разбира, што сите овие печатници биле лоцирани во Скопје.

1/ Поодделни претпријатија на графичката индустрија

За да имаме подобра илустрација за развојот на печатниците, ќе се задржиме накусо и поодделно на секоја индустриска печатница изнесувајќи ги најкарактеристичните моменти од нивниот развиток.

/1/ Печатница "Братство" - Скопје

Печатницата е основана во 1919 година веднаш по завршувањето на Првата светска војна. Основател и сопственик на печатницата бил Халил Казим, бивш турски службеник, а по Балканската војна книжар во Скопје.

Печатницата располагала со модерни инсталации и машини набавени на ново во Германија. Таа се состоела од три одделенија: словослагачница, машинско одделение и книговезница со картонажа. Во овие одделенија беа сместени следните поважни

машини: 2 тигл и 2 шнел машини, 1 риц машина, 1 деклешер машина, 1 шнајд машина, 2 хефт/и 1 перфорир машина. Машините се движеле на електричен погон преку два електромотора.

Карактеристично е да се спомене дека покрај печатењето на разни афиши, писма, учебници, во печатницата се изработувала во едно специјално одделение валовита лепенка од обична "супериор" хартија, единствен артикал произведуван во тоа време во Македонија.

Првите години по основањето печатницата запослувала 7-8 работници. Во 1939/40 година бројот на запослениот персонал се зголемил на 15 работници.

/2/ Графичко индустриско претпријатие
"Крајничанец" А.Д.Скопје

Основањето на претпријатието е тесно поврзано со старата велешка трговска фирма на Петруш Крајничанец, која е основана уште во 1858 година и со успех функционирала сé до 1896 година кога минува во сопственост на Гошо Крајничанец. Во 1910 година синот на Гошо, Димитар, се одвоил од татко си и основал книжарница во Титов Велес, а покасно во 1921 година во ортаклак со својот брат Коста основале печатница во Скопје во која во 1926 година влегол како ортак и Лазар Крајничанец. Во месец март 1929 година претпријатието претрпело коренити измени и се организирало во акционерско друштво со основен акционерски капитал од 3.000.000 динари. Акциите биле на донесител.[80] Меѓу акционерите, кои имале мајоритет на акциите биле: Лазар Крајничанец, Димитар Исајлов, Марика Крајничанец, Илија Прокопиев, Никола Иванов, Мито Петров, Тодор Мразек, Георги Пандилов, Никола Димитриев и др.

Претпријатието располагало со следните погони, односно одделенија: словослагачница, картонажно одделение, книговезница, одделение за изработка на книжни кесички, печаторезница со овсајт печат. Во споменатите одделенија биле монтирани следните поважни машини: 5 шнел преси печатарски, 4 тигл машини, 3 ножа за резање, 2 хефт машини, 2 перфорир машини, 1 машина

80/ Според исказите на анкетираниот Лазар Крајничанец еден од бив.акционери и раководител на печатницата.

за гумени печати, 1 умдруг машина, 22 машини нумератори, 1 машина за кесички, 1 линотипка интертип и др. Погонот се движел на електрична струја. Со таа цел биле инсталирани, 14 електромотори од вкупно 30 кс јачина. 70% од машинскиот парк биле нови машини набавени во Германија.

При основањето претпријатието запослувало 35 работници. Меѓутоа, во 1940 година бројот на запослениот персонал опаднал на 28 работници.

/3/ Печатница и картонажа на Васил Пупков - Скопје

Васил Пупков, како книжарски помошник и ортак во печалбата при печатницата на Халил Казим, а покасно сопственик на книжарницата, се запознал со печатарскиот занает и неговата рентабилност и во 1926 година основал во Скопје своја печатница.

Печатницата се состоела од следните одделенија: машинско, словослагачко и книговезничко. При основањето претпријатието набавило стари машини во Белград. Во текот на работата, претпријатието постојано се модернизирало и проширувало и во 1939 година благодарејќи на новонабавените машини во Германија така се комплетирало што претставувало едно од добро опремените претпријатија во Македонија. Располагало со 4 шнел преси, 2 тигл машини и др. печатарска опрема.

Погонот се движел на електрична струја преку 7 електромотори од вкупно 17 кс јачина.

Запослената работна сила при основањето изнесувала 14 работници, но во 1940 година се зголемила на 35 работници и службеници.

/4/ Бановинска задужбинска печатница "Немања"-Скопје

По ликвидацијата на печатарското претпријатие "Сава" А.Д.Белград, Управниот одбор на претпријатието целата печатница ја поклонил на бив.Вардарска бановина. Оваа бановина ги демонтира сите инсталации и машини и ги монтира во Скопје. Во 1932г.

печатницата се пуштила во погон.

Претпријатието располагало со следните одделенија: машинско, словослагачница, одделение за стериотопија, цинкографија и книговезница. Споменатите одделенија биле снабдени со комплетна опрема, а имено во машинското одделение биле монтирани следните машини: 1 голема ротациона машина,[81/] 6 шнел преси со помошниот алат, 2 "Викторија" машини за печатење формулари и 1 рачна "Бостон" машина за печатење

Словослагачницата располагала со преку 4.000 кгр. разни букви разместени во соодветни каси и регали, 2 преси за вадење коректура и др. Одделението за стериотопија имало 2 големи казана за лиење, 1 стериотип апарат, 2 каландера, 3 апарата за ливење и 2 за обработување на плочи.

Цинкографијата располагала со комплетна инсталација за изработка на афтотипи и клишиња во различни бои на цинк, електрон, месинг и челик.

Книговезницата поседувала 7 книговезачки машини со соотдетен помошен алат.

Погонот се движел на електрична струја, преку монтираните 16 електромотори со вкупно 32 кс јачина.

Претпријатието печатело: весници, списанија, брошури, разни видови формулари, плакати, реклами, деловни книги.

При основањето, работниот персонал изнесувал 30, а во 1940 год. се зголемил на 46 работници и службеници.

Положбата и анализа на графичката индустрија

Графичката индустрија во 1940 година била застапена со вкупно 4 претпријатија, односно 3,6% од вкупниот број на индустриски и рударски претпријатија. Според тоа, оваа гранка на индустријата не располагала со голем број претпријатија, но за разлика од другите гранки на дејноста, тие за тоа време ги задоволувале потребите на населението, иако не ги користеле во целост вградените капацитети.

81/ Оваа машина, иако била монтирана и исправна, не се користела поради големиот капацитет.

Развитокот на графичката индустрија во предвоениот период во Македонија може да се подели главно во две фази: првата што трае во првите повоени години кога претпријатијата работеле несметано и реализирале големи профити, и втората која почнува со светската економска криза и трае сé до објавувањето на Втората светска војна. Оваа фаза се карактеризира со зголемената конкуренција. Уште во текот на кризата /1931 год./ иако немале услови за градење на нови печатници, бидејќи постоечките претпријатија можеле да ја задоволат побарувачката на пазарот од печатарски производи, бившата Вардарска бановина ја пуштила во погон својата печатница, која благодарејќи на модерните инсталации и машини, вршела таква конкуренција, што постоечките приватни претпријатија западнале во тешка положба, така што биле принудени да го намалат осетно производството, работејќи со намален капацитет и следователно бројот на вапослениот персонал го свеле на минимум. Најголеми реперкусии претрпела печатницата "Крајничанец", која бројот на запослениот персонал го редуцирала од 60 во 1930 година на 28 во 1940 година. За да можат да издржат и да се противстават на конкуренцијата на печатницата "Немања", приватните печатници, морале да го преориентираат своето работење и да се задоволуваат со мали печатарски работи, бидејќи печатењето на весници и др.поважни и политни работи се поверувале на новооснованата државна печатница. Не само тоа. Со основањето на Бановинската печатница, голем дел од своите печатарски потреби, државните, бановинските и општинските надлештва ги отстапувале на оваа печатница и доколку успеале приватните печатници на лицитација да добијат некоја порачка од овие надлештва, морале да понудат сосем поволни услови, кои не им овозможувале голема печалба.

Спрема сопственоста, односно правната форма, печатниците биле класифицирани по следниот начин: 2 печатници припаѓале на поединци /печатницата на Халил Ќазим и Васил Пупков/, една била акционерско друштво /"Крајничанец" А.Д./ и една бановинска, односно задужбинска /печатница "Немања"/, со која раководела Вардарската бановина преку изабран управен одбор со управител на чело.

Карактеристично е да се одбележи дека печатницата "Немања" претставувала единствен случај во историскиот развој

на индустријата во Македонија во предвоениот период ,бановина, државен орган, да управува и раководи со индустриско претпријатие.

Во почетокот на заглавието се изнесе дека сите индустриски печатници беа концентрисани во Скопје, тоа не значи дека во останатите места, односно во поголемите градови на територијата на Македонија немало занаетчиски печатници. На пример, во Битола, Прилеп, Титов Велес, Куманово, Тетово имало занаетчиски печатници кои ги задоволувале локалните потреби, но за покомплицирани печатарски работи биле зависни од индустриските печатници во Скопје, односно печатниците во Југославија. Така делокругот на работата на скопските печатници се простирал на целата територија на бившата Вардарска бановина.

Графичката индустрија, како и другите индустриски гранки, главно, биле изградени, со исклучок на печатницата "Немања", на иницијатива на трговскиот капитал.

Сопствениците на печатниците првобитно се занимавале со трговија на канцелариски материјал и, бидејќи книжарската бранша е тесно поврзана со печатарството, книжарите кои успеале да акумулираат достатно капитал, истиот го инвестирале во печатарството како рентабилна гранка. Првобитните печатници претставувале мали капацитети засновани повеќе на занаетчиска база. Но, бидејќи овие печатници постепено се проширувале и се модернизирале /печатницата на Васил Пупков/, го губеле својот занаетчиски карактер и добивале се повеќе вид на индустриски претпријатија. Според тоа,во втората половина од периодот меѓу двете светски војни, овие печатници со ништо не отстапувале од најопремените во стара Југославија.

а/ И н в е с т и р а н к а п и т а л

На територијата на денешна НР Македонија, во периодот меѓу Првата и Втората светска војна, во графичката индустрија имало инвестирано околу 7,965.000 дин., од кои на непод-
вижности отпаѓало 3,225.000 дин., а на машини 4,740.000 дин.[82/]

Бидејќи претпријатијата од графичката индустрија

82/ Според исказите на Васил Пупков, сопственик на книжарницата и печатницата во Скопје.

спаѓале меѓу постарите основани претпријатија во повоениот период инвестирањето се вршело постепено. Првобитните инвестирања се движеле со скромни размери, така што сé до 1930 година, иако во тој период владеела коњуктура на пазарот, не се вршело проширување на претпријатијата. Најголем пораст во инвестирањето покажува втората половина од периодот меѓу двете светски војни, што најубаво се гледа од следната табела:

Движење на инвестиции во периодот 1919-1940 година

Година	Неподвижност	Машини	Вкупно	Индекс 1919=100
1919	100	300	400	100
1925	150	900	1.050	263
1930	1.025	2.115	3.140	785
1935	2.525	4.115	6.640	1.660
1940	3.225	4.740	7.965	1.990

Најголем пораст покажува периодот 1930-35 година. Иако во овој период графичката индустрија преживувала тешки моменти, сепак во оваа индустрија се вршело инвестирање. Тоа е периодот кога светската криза ја зафатила Југославија и кога голем број на претпријатија во северните подрачја ликвидирале, односно паѓале под стечај, оти не можеле да одговорат на своите финансиски обврски. Едно од тие претпријатија било и печатарското претпријатие "Сава" А.Д. во Белград, кое во 1931 година престанало да функционира и ја подарило својата печатница на бившата Вардарска бановина.

Во периодот 1935-1940 година исто така имало осетно зголемување на инвестициите, бидејќи во 1939-1940 година печатницата на Васил Пупков го зголемила органскиот состав на своите средства набавувајќи нови машини. Од сите индустриски печатници, претпријатието на Васил Пупков се покажало најживотно способно. Тоа неуморно и жилаво се борело со конкуренцијата која настанала по основањето на државното претпријатие "Немања". За да се справи со конкуренцијата, тоа пристапува кон модернизирање на својот погон, кој ќе му овозможи намалување на производствените трошоци и следствено да постане конкурентно способно.

Кога претпријатијата би ги класирале по големина на вложениот капитал, би ја добиле следнава слика:

Ред. бр.	Капитал во 000 динари	Број на претпријатија	Згради	Машини	Вкупно	%
1.	до 1000	1	150.000	500.000	650.000	8,2
2.	1000-2000	1	575.000	1.115.000	1.690.000	21,2
3.	2000-3000	1	1.000.000	1.125.000	2.125.000	26,7
4.	3000-4000	1	1.500.000	2.000.000	3.500.000	43,9
	Вкупно:	4	3.225.000	4.740.000	7.965.000	100,0

Од горните цифри може да се констатира дека, со исклучок на едно претпријатие чии инвестиции изнесувале 650.000 динари, вложените инвестиции по претпријатија, со оглед на тогашните ограничени потреби, не биле за потценување; просечно на едно претпријатие отпаѓало приблизително инвестиции околу 2,000.000 динари.

Графичката индустрија на НР Македонија е изградена од домашен - македонски и југословенски капитал. Од вкупно 7.965.000 динари инвестирано во оваа индустрија, на македонскиот капитал отпаѓало 4.465.000 динари, односно 56,1%, а на југословенскиот 3.500.000 динари, односно 43,9%. Големото учество на југословенскиот капитал произлегувал од фактот што се должи на тоа во печатницата "Немања", финансиски најсилно претпријатие од оваа гранка, бил вложен југословенски капитал.

б/ П о л о ж б а н а к а п а ц и т е т и т е

Иако графичката индустрија била застапена со мал број индустриски претпријатија, односно само со 4, истата располагала со достатачно капацитети, така што ги задоволувала тогашните потреби работејќи со неполн капацитет. Претпријатијата поседувале машини, кои многу малку ги ползувале. Имале случај пооделни машини воопшто да не се ползувале /ротационата машина на печатницата "Немања"/. Слабото ползување на капацитетот на машините резултирало од фактот, што постоела голема конкурен-

ција меѓу печатниците, од една страна, и што вградените капацитети во однос на побарувачката биле во голема несразмерност, од друга.

Неползувањето на капацитетот во графичката индустрија може да се види од следнава табела во која капацитетот е прикажан преку преработена хартија во тони за 1940 година:[83/]

Претпријатија	Вграден годишен капацитет	Искористен годишен капацитет	%
Печатница "Братство", Скопје	24	24	100
Графичко индустриско претпријатие "Крајничанец" А.Д., Скопје	400	100	25
Печатница и картонажа на В.Пупков, Скопје	200	80	40
Бановинска задужбинска печатница "Немања", Скопје	600	180	30
Вкупно:	1.024	384	37,5%

Машинскиот парк на графичката индустрија на НР Македонија бил составен од физички дотрајани и економски застарени машини. Ако се земе предвид дека печатниците во Македонија се основани во првите повоени години и дека голем број машини се купени на старо од веќе постоечки претпријатија во Белград, просечната физичка застареност во 1940 година се движело околу 30 години, а за некои машини, ако не и повеќе. Некои претпријатија /на Васил Пупков/ го обновувале делумично својот машински парк, но во основата и натаму преовладувале застарени и дотрајани машини, бидејќи не се набавувале нови, туку употребени половни машини.

Машинскиот парк на споменатите 4 претпријатија во

83/ Според исказите на Васил Пупков од Скопје

во 1940 година изгледал како што следува:[84/]

Вид на машините	Број на машините	Просечен број на отисци на саат	Процент на дотрајаност
Ротациона	1	6.000	60
Шнел преси	17	1.100	50
Тигл машини	10	800	40
Слагачки	5	5.500	20

Процентот на дотрајаноста е пресметан врз основа на ефективната работа, а не на база на староста на машините. Ако се земе физичката застареност, скоро сите машини би биле амортизирани, бидејќи, главно, машинскиот парк на графичката индустрија во Македонија датира од првата декада на нашиот век, а некои машини и порано.

Сите претпријатија ползувале електрична енергија од градската електрична мрежа. Вкупната инсталирана сила во 1940 година изнесувала 84,5 кс. Средно на едно претпријатие отпаѓало 21,1 кс.

в/ Работна сила

Графичката индустрија во Македонија спаѓала меѓу оние индустриски дејности кои запослувале мал број работници. Вкупниот број на вработените работници и службеници во 1940 година изнесувал 124, односно 1,1% од целокупниот запослен персонал во индустријата и рударството.

Вработената работна рака во периодот 1919-1940 година, по одделни претпријатија се движел како што следува:

Претпријатија	Работници				
	1919	1925	1930	1935	1940
Печатница "Братство", Скопје	8	10	12	12	15
Графичко индустриско претпријатие "Крајничанец" А.Д. Скопје	-	35	68	60	28
Печатница и картонажа на В. Пупков, Скопје	-	-	27	30	35
Бановинска задужбинска печатница "Немања", Скопје	-	-	-	35	46
Вкупно:	8	45	107	137	124

84/ Според исказите на Васил Пупков, Скопје

Од предниот преглед се гледа дека запослената работна рака во графичката индустрија до периодот 1930-1935 година константно растела, додека во периодот 1935-1940 година опаднала. Намалувањето на запослениот персонал го предизвикало Графичкото индустриско претпријатие "Крајничанец" А.Д. кое во споменатиот период, било принудено да работи со намален капацитет.

Структурата на работната рака во графичката индустрија во 1940 година изгледала:

Категории	Работници и службеници	%
Квалификувани работници	43	34,8
Полуквалификувани работници	31	25,0
Неквалификувани работници	42	33,8
Административен персонал	8	6,4
Вкупно:	124	100,0

Како што се гледа од горниот преглед, 34,8% од вкупниот број запослени работници биле квалификувани, што значи дека на секое претпријатие отпаѓало по 10,7 квалификувани работници. Со оглед на тогашната организациона структура на печатниците, овој број ги задоволувал потребите на погоните и не се поставувал проблемот за квалификувана работна сила. Голем дел /околу 70%/ од квалификуваните работници биле доведени или доселени од Србија. Останатите категории работници биле скоро сите Македонци и тоа од градот Скопје.

На административниот персонал отпаѓало 6,4% од вкупниот запослен број работници и службеници. Голем процент на ангажиран административен персонал во печатниците се должи на Графичкото индустриско претпријатие "Крајничанец" А.Д. кое како акционерско друштво, запослувало 5 службеници, додека останатите печатници по еден службеник.

Треба да се напомене дека во оваа индустрија прилично била запослена женска работна рака. Од вкупно 124 запослени работници и службеници, на женска работна рака отпаѓало 44 работници, односно 35,5%од вкупно запослениот број работници и службеници. Женскиот персонал бил претежно запослен во книговезниците, односно картонажите, но исто така 12 работнички

биле запослени како ајнигерки - влагачки на хартија во флах машините и 3 како слагачки.

Структурата на претпријатијата према бројот на вработените работници изгледала како што следува: две печатници запослувале до 30, а две до 50 работници и службеници. Најголем број работници во 1940 година запослувала Бановинската задужбинска печатница /46 работници/ и Печатницата на Васил Пупков /35 работници/.

Графичките работници како организирани членови на Сојузот на графичките работници на Југославија, постојано и успешно се бореле за реализирање на своите работнички права. Во таа борба тие успеале да извојуваат од капиталистичката класа низа придобивки кои работниците од другите гранки на индустријата не можеле да ги добијат. Како најмошно средство за извојување на своите легитимни права беа штрајковите. Според раскажувањето на Андро Оливети, бивш книговезец во печатницата на Васил Пупков, првиот штрајк на печатарските работници во предвоениот период избувнал во 1922 година во занаетчиската печатница "Јужна Србија", Скопје. Штрајкот имал за цел да се натера сопственикот на печатницата Милан Илиќ да ги прифати условите предвидени во тарифата на Сојузот на графичките работници на Југославија, која ги регулирала условите на работата: утврдување на работното време, плаќање на прекувремената работа и др. Штрајкот траел два дена и успешно се завршил во полза на работниците.

Вториот штрајк го организирале во 1928 година работниците од графичкото индустриско претпријатие на Крајничанец. Штрајкот избувнал поради тоа што сопственикот не се придржувал стриктно за условите на плаќањето во предвидената тарифа. Штрајкот траел четири дена. Да би се противставил на штрајкачите, сопственикот се обидел да доведе неорганизирани графички работници од Белград, но штрајкачите уште при доаѓањето на возот, ги растерале штрајбрехерите и го принудиле сопственикот да ги прифати барањата на работниците.[85]

Третиот, односно најдолгиот штрајк, го организирале во 1935 година работниците од печатницата на Васил Пупков поради

85/ Според раскажувањата на Андро Оливети, бивш книговезец од Скопје

неисполнување на условите предвидени во тарифниот уговор. Штрајкот траел една година. За време на траењето на штрајкот сопственикот успеал да запосли неорганизирани работници доведени од Србија. Во следната 1936 година, сопственикот бил приморан да ги прифати условите од тарифата и работниците стапиле на работа. За време траењето на штрајковите, штрајкачите постојано добивале не само директиви од Сојузот на графичките работници на Југославија, туку и по 300 динари неделно. Масрегловананата помош од 300 динари неделно била најголемата предвидена помош која се отпушташе од Сојузот од Белград.[86]

Графичките работници благодарејќи на нивната добро организирана професионална организација и високата работничка свест успеале да постигнат релативно добри работни услови, а имено издејствувале 8 часовно работно време, со плаќање на прекувремената работа и тоа: Прекувремената работа до 12 саатот навечер се плаќала со 50% повеќе од редовната надница, прекувремената работа до 12 саатот, т.е. по полноќ 80%, работењето навечер спроти неделата 100%, а во неделите 200% надници. Капиталистите за да го избегнат плаќањето на високи надници за прекувремените работи во неделите практикувале да се работи само во извонредни прилики, како спроти избори, непогоди, поплави и др. Исто така графичките работници успеале да ја извојуваат и таа придобивка во саботите да работат до 1 саатот.[87]

Што се однесува за наградувањето, графичките работници биле најдобро платени. Просечната надница на квалификуваните работници изнесувала околу 105, а на полуквалификуваните околу 30 динари дневно.[88] Интересно е да се одбележи дека запослената женска работна рака во однос на наградувањето се третирала еднакво како и машката. Техничко-хигиенските услови до 1930 година биле тешки. Се работело во нехигиенски приспособени работни простории. По 1930 година сопствениците на печатниците, со исклучок на Халил Казим, изградиле нови згради во кои ги монтирале инсталациите на печатниците. Но машинските одделенија на печатницата на Крајничанец и онаа на Васил Пупков, бидејќи биле сместени во приземјето на зградите не одговарале

86/ Според раскажувањата на Андро Оливети, бивш книговезец од Скопје

87/ Исто

88/ Исто

на прописаните техничко-хигиенски услови. Освие простории биле влажни без достатачна светлост, без инсталации за проветрување и др. Но во однос на поранешните приспособени простории се чувствувал извесен напредок.

г/ П р о и з в о д с т в о и п л а с м а н

Со оглед на тоа што печатарската дејност во предвоениот период била слабо развиена, производството се движело во мали и ограничени размери, што впрочем се констатира и од слабото ползување на производните капацитети.

Производството во поедини претпријатија прикажано на база на преработената хартија во тони во 1940 година изнесувало:[89]

П р е т п р и ј а т и е	Преработена хартија	% учество во производството
Печатница "Братство" - Скопје	24	6,2
Графичко индустриско претпријатие "Крајничанец" А.Д.Скопје	100	26,o
Печатница и картонажа на Васил Пупков - Скопје	80	20,9
Бановинска задужбинска печатница "Немања" - Скопје	180	46,9
В к у п н о:	384	100,o

Од горното се гледа дека најмало учество во производството земала печатницата на Халил Казим /6,2%/, а најголемо печатницата "Немања" /46,9%/. Големата консумација на хартија од печатницата "Немања" се должи на фактот што во оваа печатница се печател дневниот лист "Вардар" /тираж 5-6.000 примероци/, службениот лист на Вардарска бановина, публикациите на Скопското научно друштво како и формулари на бившата Вардарска бановина, и нејзините потчинети служби. Печатарската дејност на останатите печатници се состоела повеќе во печатење на разни фор-

89/ Според исказите на Васил Пупков од Скопје

мулари, обрасци, канцелариски книги, плакати, објави, реклами, тетратки, тефтери, блокови, печатење на буџети и др. Покрај печатарството, печатниците,со исклучок на печатницата "Немања", располагале со комплетни работилници за повезување на книги, односно картонажи. Исто така одделни печатници изработувале разни видови гумени печати. Печатницата "Крајничанец" во одделението за книжни кесиња изработувала разни видови амбалажа од хартија, бакалски кесиња, како и поголеми кесиња за цемент. За производството на кесиња печатницата консумирала големи количества хартија /околу 250.000 кгр.годишно/.

Печатењето се вршело за потребите на надлештвата установите и разни претпријатија на територијата на бивша Вардарска бановина. Бидејќи државните надлештва, своите потреби ги печатела по пат на лицитација, често пати приватните печатници добивале порачки од надлештва и установи и од другите подрачја, се разбира, до колку понудените услови на нашите биле поповолни од печатниците во другите подрачја. Така печатницата на Васил Пупков печатела разни обрасци и формулари за дирекциите на поштите на територијата на цела Југославија. Интересно е да се одбележи дека во 1929 - 1930 година печатницата "Крајничанец"го презела печатењето на лозовите на Државната лотарија. До тогаш лозовите се печателе во Грац - Аустрија. Печатниците во Белград и Загреб почнале да печатат лозови во 1931 година.

Снабдувањето со сировини се вршело од југословенските фабрики за хартија: Вевче, Горичане, Медведе, Слатки врх, Загреб, Белград, како и од странство: Австрија, Германија, Чехословачка. Спрема тоа оваа индустрија била делум зависна од југословенските, а делум од странските фабрики.

Суровината - хартијата, како во земјата, така и во странство се набавувала за готово и на кредит. Се одобрувале главно краткорочни стоковни кредити од 1-3 месеци. Набавката на сировината на кредит поради недостиг на сопствени обртни средства го олеснувало работењето на печатниците. Најмногу се консумирале следниве видови печатарска хартија: новинарска, белена средно фина, фина. За потребите на книговезниците и картонажите се консумирале разни видови картони и др.книговезачки материјал.

Полна зависност од странство егзистествувала за ма-

шински делови, букви и пооделни алати.

§5. ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО

Производството на електрична струја на територијата на денешна НР Македонија започнува многу касно. Додека во Западна Европа првите електрични централи се појавуваат осумдесеттите години, во одделни подрачја на стара Југославија во деведесеттите години на XIX век, првите чекори во оваа гранка на дејноста на територијата на НР Македонија датираат од крајот на првата деценија на XX век. Првата електрична централа на парни погон е изградена 1909 година во Скопје.[90] Оваа централа имала повеќе манифестативен отколку економски карактер. Тоа било повеќе политичка афирмација на младотурскиот режим, кој туку што ја беше зазел власта во земјата, а не задоволување на економските и културните потреби на населението, /биле осветлени 2-3 главни улици, општината и поважните војни установи/. Интересно е да се констатира уште во почетокот дека првите неколку години по завршувањето на војните, на електрификацијата не и се давало особено значение. Единствените мерки што се преземале биле незнатното зголемување на капацитетот на постоечаката Скопска електрична централа и проширување на нејзината електрична мрежа, како резултат на нараснатите потреби од електрична струја за осветлување на поголем број улици и установи.

Но и во подоцнежниот период на електрификацијата не се работело интензивно, ниту пак имало некоја програма по која систематски би се проширувало и унапредувало електростопанството во Македонија. Горната констатација ја поткрепуваат и следните цифри: Во периодот од основањето на првата централа па сé до 1930 година, т.е. за повеќе од 20 години, во Македонија се изградени само 7 електрични централи со вкупна сила од 2.682 KB, /2 хидроелектрични централи во Тетово и Крива Паланка и 5 термоелектрични централи во Битола, Виница, Куманово, Струмица и Велес/. Ако ја исклучиме хидроцентралата во Тетово цен-

---

90/ Алманах општине града Скопља, 1918-1928 године, Скопље 1928 г.

тралите располагале со сосема мали капацитети /вкупно 922 кв/, така што одвај ги задоволувале локалните потреби за осветление. Слабиот интензитет за изградување на електрични централи во повоениот период се должи, главно, на следните фактори: прво, на двете едноподружни војни - Балканската и Првата светска војна, кои ја оневозможувале секоја економска дејност и второ, на слабо развиените производни сили, Отоманската власт ни остави многу слаба, скоро никаква индустрија - неколку индустриски претпријатија, кои дефакто претставувале поголеми машинизирани работилници, чиј погон бил на вода. Слабиот развиток на индустријата индиректно се одрази и на развитокот на електростопанството.

Покрај горенаведените фактори за бавното темпо на електрификацијата не помалку влијаел и начинот на експлоатирањето на електричните централи. Градењето на електрични централи се вршело на два начина: или градските општини давале концесии за градење на домашните капиталисти, или општините граделе електрични централи во сопствена режија. Општините прибегнувале кон првиот начин во случај кога не располагале со достатно материјални средства за да градат во сопствена режија, а од друга страна потребите диктирале своите градови да ги електрифицираат.

Концесиите се разликувале и по траењето и по условите. Но во секој случај договорите за концесии поволно се склучувале за концесионерите, а на штета на општините, односно во крајна линија на консуматорите. Концесионерите што побрзо да ги амортизираат своите вложени инвестиции и да реализираат што поголеми профити, воспоставувале, во согласност со општините, високи тарифи скоро недостапни како за домаќинствата, така и на индустријата и занаетчиството.[91/] Така немало голем интерес за електрична струја од страна на консуматорите. Не само тоа. Имало случаи сопствениците на поодделни централи да добијат такви концесиони права, што претставувале монополи. Така на пример концесионерите на Штипската електрична централа добиле од општината во Штип исклучиво монополно право да можат

91/ До 1927 година цената на електричната струја изнесувала во Скопје паушално 1,20 динари за една нормална свеќа, а месечно 10 динари за 1 кв. цит.Алманах стр.47

единствено тие да вршат инсталации и продажба на електричен материјал. При тоа, се разбира, дека извршениот инсталациони услуги, како и продажбата на електричниот материјал го наплатувале двојно и тројно од нормалните пазарни цени во другите градови. Исто така и општините кои во своја режија ги експлоатирале електричните централи воделе слична политика на висока тарифа за електричната струја. Оваа нереална и сосема погрешна комунална политика ја правдале со тоа што реализираните нето приходи од општинските електрични централи ги употребувале за покривање на расходите за "широка" комунална делатност. Како резултат на ваквата политика, поголемите индустриски претпријатија, за да ги избегнат огромните расходи за електро-енергија, кои го поскапувале производството, во составот на сопствените индустриски претпријатија инсталирале електрични централи /локомобили, дизел мотори, саугас мотори/. Исто така грото од населението и покрај постоечките централи, поради високите тарифи, продолжувале и натака да употребуваат лоени свеќи и петролејки. Едино побогатите слоеви можеле да си го позволат тој луксуз, во своите домови да инсталираат електрично осветление. Затоа не е чудно што примената на ламби останала така долго во употреба. Дури непосредно пред Втората светска војна, а особено во време на окупацијата, поради високите цени на петролеумот и по липса на истиот, градското население беше принудено да се преориентира на електрична светлост, иако цената беше уште недостапна за него. Ете зашто, иако електричните централи располагале со мали инсталациони сили истите не биле во состојба капацитетот целосно да го исползуваат.

1/ Поодделни електрични централи

Кога се зборува за развитокот на електростопанството во Македонија, би сториле голем пропуст да не се задржиме поодделно на секоја електрична централа и во главни црти да не ги изнесеме нивните карактеристични особини. На тој начин, од една страна, би имале појасна претстава за секоја електрична централа, а од друга, ќе ни се овозможи подобра илустрација кога ќе минеме на вториот дел од излагањето на проблематиката

за електростопанството во НР Македонија.

При разгледувањето на поодделни електрични централи, најмногу ќе се задржиме на првата основана Скопска електрична централа, која покасно има организациона врска со подигнатите Хидроелектричната централа - Тетово, Дизеловата електрична централа - Скопје и Хидроелектричната централа "Матка"- Скопје, а од друга страна, со изнесувањето поодделни моменти од нејзиниот постанок и развиток, всушност ќе се илустрираат првите етапи на електрификацијата во Македонија.

/1/ Електрична централа - Скопје

Како што е веќе напомнато, благодарејќи на младотурскиот режим, соградена е првата електрична централа во Скопје 1909 година во непосредна близост на денешната Дизел централа /на левиот брег на Вардар под Кале́то/. Првобитно централата се состоела од една парна машина од 60 кс. Покасно се проширила со еден саугас мотор "Рустан Практар" од 75 кс. како и со две динамо машини фабрикат "Пеле Хемниц" од 45 кв, кои преку трансмисија произведувале електрична струја 440 V/220 V.[92] Добиената електрична струја се ползувала главно, за осветлување на поважни улици и установи /општината, државните и војните установи/ и како енергетски погон на пумпите за водоводот. /Овој водовод служел за снабдување на градот со вода за пиење и за обезбедување во случај на пожар/. Поради малиот капацитет на централата, електричната струја не се ползувала за осветление по куќите. Централата, со мали проширувања на градската мрежа, функционирала се до 1916 година, кога германските окупаторски власти реквирирале една парна машина од туланата на Паја Манојловиќ, Скопје и ја инсталирале во близината на денешната католичка црква. На овој начин се зголемила силата на централата уште со 60 кс. Пред самиот крај на Првата светска војна, во 1918 година, при отстапувањето на окупаторот, централата била минирана и уништена. Во почетокот на идната година, 1919 година се поправил саугас моторот и Скопската општина добила од државата една парна локомобила фабрикат "Робеји и

92/ Цит.Алманах, стр.46

комп."од 110 кс.[93] Струјата произведена со генераторите на парната машина го осветлувала десниот брег на Вардар, а струјата произведена од генераторите на саугас моторот левиот. Така поправена и зголемена со парна локомобила, централата функционирала се до 1922 година и тоа во сопствена режија на Скопската општина. Но како општината западнала во тешка финансиска положба, поради комуналната изградба - калдрмирање на улици, не била во состојба да ја одржува централата во исправна состојба, а за некое проширување на капацитетот не можело ни да се помисли. Централата имала чести дефекти и прекинувања на струја, поради лошото раководење од страна на нестручен персонал. За да се отстранат честите прекини и да се обезбеди градот со редовно осветление, општината била принудена во 1923 година, централата да ја издаде под наем на Лесковачката централна банка,- Лесковец и Скопската извозна банка - Скопје. Интересно е да се напомене дека при приемот на централата и на градската мрежа од страна на овие банки, имало околу 320 претплатници за осветление и околу 100 уличи сијалици. Електричната мрежа била спроведена само во некои главни улици. Бидејќи двете машини, парната и саугас, биле мошно нерентабилни, поради претераното трошење на погонско гориво, конзорциумот /Лесковачката централна и Скопската извозна банка/ монтирале нов дизел агрегат од 4 цилиндра фабрикат "Grazer Waggon Masclinen Fabriks" од 280 кс со генератор од 200 кв на трофазна струја, со еден трансформатор поставен до камениот мост во близината на театарот.[94] На овој начин Скопје, па и Македонија, добивале за првпат нормална трофазна струја за осветление и погон од 380/220 V, 50 периода, 6.000 волти на висок напон. Исто така градската електрична мрежа се проширила и на десната и на левата страна на Вардар, се створиле услови за лиферување на електрична енергија и на индустријата. Со зголемувањето на капацитетот на електричната централа и проширувањето на градската електрична мрежа, нагло се зголемил бројот на консуматорите и следователно потрошувачката на струја.

Бидејќи капацитетот на централата не се проширил сé до 1927 година, а консумацијата на електрична струја посто-

---

93/ Цит.Алманах стр.46
94/ Цит.Алманах стр.47

јано растела, настанатата диспропорција лошо се одразила не само на нормалното снабдување со електрична струја, туку се влошил и квалитетот на самата струја, односно осветлението така ослабело што една сијалица од 100 свеќи светела како сијалица од 25 свеќи.[95] Настанатата тешка положба можела единствено да се реши со понатамошното проширување на постоечкиот капацитет или со градење на нови електрични централи. И едното и другото решение барало инвестирање на големи капитали. Такви капитали не можеле така лесно и брзо да се реализираат. Меѓутоа, како во тоа време Хидроцентралата во Тетово била привршена, концесионерите на Скопската електрична централа успеале да добијат согласност од Скопската општина за склучување договор со гореспоменатата централа за испорака на електрична енергија. Со склучувањето на овој договор, Скопје се здобило со квалитетна струја и ги задоволило нараснатите потреби на населението.

/2/ Хидроцентралата на Тетовското индустриско акционерско друштво /Т И А Д/-Тетово

Во непосредната близост на Тетово /2 км. југозападно од Тетово/ во 1924 година се отпочнало со градењето на хидроцентралата на река Пена. Иницијативата за градење на оваа хидроцентрала потекнала од месното население. Но, бидејќи за градење биле нужни големи инвестициони средства, се покажала нужда да се здружат повеќе капитали. Со заземањето на тетовската општина се основал иницијативен одбор од неколку граѓани со цел да се оформи акционерско друштво за градење на хидроцентрала на реката Пена. Иницијативниот одбор ги извршил сите технички припреми, отпечатил и пуштил во продажба акции во номинална вредност од 100.000 динари /номиналата на акциите 200 динари/. Се извршил упис на акционери и се оформило Тетовското индустриско акционерско друштво/ТИАД/. Во уписот на акциите покрај Тетовската општина зел учество голем дел од населението од Тетово и него-

---

95/ Цит. Алманах стр. 47

вата околија.[96] Но при изградбата, уште во почетокот, се увидело дека акционерскиот капитал не бил достатачен и Друштвото стапило во преговори со Лесковачката централна и Скопската извозна банка и успеало голем дел од акциите да отстапи на овие банки, така што овие банки останале главни акционери на Друштвото /80% од вложениот капитал припаѓал на овие две банки/. Благодарејќи на финансиската помош на овие банки, се изградила централата и се пуштила во погон по две години, на 1 ноември 1926 година. Во 1927 година концесионерите на Скопската електрична централа /кои едновремено биле главни акционери на ТИАД/ склучиле договор со ТИАД за испорака на електрична струја на Скопје. Со склучувањето на овој договор од една страна Хидроцентралата успеала да ја пласира произведената електрична енергија/капацитетот на централата далеку ги надминувал потребите на Тетово/, а од друга Скопје се обезбедило со квалитетна електрична струја, толку нужна за задоволување на нараснатите потреби на градот и населението.

Со пуштањето во погон на оваа хидроцентрала за прв пат отпочнале да се користат резервите на водните сили за електро-енергетски цели во Македонија. Нормалната сила на оваа централа изнесувала 2 x 1.100 киловолт ампери, односно 1.760 кв и претставувала сé до изградбата на хидроцентралата Матка /1938 година/ најмошна електрична централа во Македонија. Проектирањето и градењето на хидроцентралата е извршено од домашни стручњаци, а машинскиот дел и инсталациите ги испорачала германската фирма "Дајц". Бидејќи тетовското индустриско акционерско друштво при изградбата вложило големи инвестициони средства, покрај акционерскиот капитал, користило и разни зајмови на кои плаќало замашни камати - акционерите не можеле да извлекуваат големи профити од вложениот капитал. Затоа во 1928 година решиле еден дел од акциите да му продадат на трустот

96/ Регистар са подацима индустриских предузећа Вардарске бановине: Управниот одбор на ТИАД првите години по изградбата на хидроцентралата го сочинувале следните лица: инж.Момчило А.Петровиќ, Др Џафер Сулејмановиќ, Томо Серафимовиќ, Стојадин Димитријевиќ, Мицко Миленковиќ, инж.Божидар Нешовиќ, инж.Владо Оровиќ, Исак Варон, Никола Момировиќ, инж.Хјалмар Едбјерни, Михаило Серафимовиќ, Надзорен одбор: Б.Брундин, Влад.Поповиќ, Д.Бојаџијевиќ и Поповиќ.

Електро-инвест од Вестераст, Шведска. Првобитно овој труст се задоволил со откупот на мал број акции. Меѓутоа, бидејќи работењето на централата се покажало рентабилно и перспективно, се очекувало уште подобри финансиски резултати, во 1930 година споменатиот труст успеал да откупи 3/4 од акциите и така станал сопственик на мајоритетот на акциите на овој важен електрообјект на Македонија.

Бидејќи цената на електричната енергија, добивана од хидроцентралата на ТИАД била и натаму за голем дел од градското население недостапна, а од друга страна претставувала кочница за развитокот на индустријата, во 1929 година скопската општина увидела дека проблемот за цената на електричната струја, како и проблемот за нови финансиски извори може да се реши само со градење на сопствена централа. Со таа цел Скопската општина во својата програма од 1929 година предвидела да се изградат две централи: една хидроелектрична централа на реката Треска и една калорична како резерва и дополнение на хидроелектричната централа во летни и зимски месеци кога таа не ќе располагала со достатно вода. Но затоа што градењето на хидроелектричната централа било сврзано со големи инвестиции и изискивало подолго време, Општината застанала на цврсто становиште по истекувањето рокот на концесијата /17 август 1933 година/ производството и дистрибуцијата на електричната струја да ја земе во своја режија. Со таа цел пристапила најнапред кон изградување на калорична централа.

/3/ Дизелова електрична централа - Скопје

Оваа централа се изгради на левиот брег на Вардар под Калето, во непосредна близост на старата општинска централа и пуштена е во погон 1933 година токму во периодот кога истекнувала концесијата склучена со ТИАД. Централата се состоела од два дизел мотора на нафта, фабрикат "Дајц" по 750 кс, односно двата 1.500 кс, два генератора "Сименс" по 640 киловатампери, односно двата 1.280 киловатампери, 630 V 50 периода.

Со изградувањето и пуштањето во погон, на оваа централа Скопската општина го обезбеди градот со сопствена електрична струја, концесијата склучена со ТИАД не ја обнови, од-

носно не ја продолжи и основа свое претпријатие: Електрична централа и водовод на Скопската општина /ЕЦИВОПС/ која имаше за цел да го преземе во своја режија снабдувањето на Скопје со електрична енергија. Првобитно претпријатието беше под надлежност на Техничкото одделение на општината, а покасно, на крајот на 1933 година се оформи како самостално претпријатие под непосредно раководење од својот управен и надзорен одбор.

При истекот на концесијата во 1933 година бројот на претплатниците достигнал околу 6.300 и околу 400 претплатници за моторна струја.

Бидејќи калоричната централа работела на нафта, добивената струја беше многу поскапа од онаа на хидроцентралата на ТИАД, а од друга страна нафтата претставуваше увозен артикал и за набавка на истата беа потребни девизни средства, Општината за да се обезбеди со поефтина струја, стапи во преговор со ТИАД. Сега во преговорите општината се наоѓала во многу поблагопријатна положба отколку пред изградувањето на Дизеловата централа. Подолго водените преговори, Општината, односно нејзиното ново-основано претпријатие склучи со ТИАД купо-продајни договор на електрична струја под многу поволни услови отколку порано. Времетраењето на договорот изнесуваше 4 години, т.е.ТИАД се обврзва да лиферува струја за Скопје до 31.XII.1937 година. Со склучувањето на овој договор, Скопје и натаму продолжи да се снабдува со електрична енергија од ТИАД, но со таа разлика што сега новооснованото општинско претпријатие ја купувало струјата и истата ја продавало на населението. Реализираната разлика во цената Општината ја ползувала за комунална дејност. Изградената дизелова централа служеше како резерва на хидроелектричната централа, Тетово при слабиот водостој.

Со изградувањето на Дизеловата централа Општината постигна неколку локални успеси во борбата против странскиот приватен капитал: се здоби со своја електрична централа која и го зададе првиот удар на монополската положба на ТИАД; ја намали цената на електричната струја /за осветление 5,50 динари, а за индустрија 2 динари по квч/и обезбеди знатни материјални средства за комунални работи.

Скопската општина не се задоволи со постигнатите успеси. Таа ја продолжи и натаму борбата против странскиот

капитал. Две години по пуштањето во погон на калоричната централа, т.е. во 1935 година, Скопската општина пристапи кон градењето на хидроцентралата на реката Треска.

/4/ Хидроелектрична централа "Св.Андреја" на реката Треска - Скопје

Хидроелектраната е изградена на реката Треска до самиот манастир Матка, оддалечена 14 км. од Скопје. Градењето на хидроцентралата започна во 1935 година во режија на Скопската општина. Бидејќи во овој објект и неговите построења требаше да се вложат поголеми инвестиции, а Скопската општина не располагаше со такви материјални средства, таа беше принудена потребните средства да ги набави по пат на заем. Со таа цел склопи долгорочен заем од 36.000.000 динари при Државната хипотекарна банка. Градењето и инсталирањето на построењата траеја три години. Во август 1938 година Хидроелектраната е пуштена во погон.

Хидроцентралата располагаше со 3 турбински агрегата од вкупна сила 3.800 киловати, односно 5.500 кс. Акумулацијата на езерото изнесува 3.500.000 м^3 вода. Оваа акумулација обезбедува нормално функционирање на централата при ниското водостој на реката Треска. Со пуштањето во погон на централата, Скопската општина го обезбеди градот со сопствена електрична енергија од 3.600 киловатампери во максимум, 2.800 киловатампери просечно и 1.850 киловатампери во минимум.

Хидроцентралата заедно со електричниот водовод и потстаницата во Скопје чинела 21.250.000 динари од кои за главни објекти:97/

I. Директни трошоци на изградбата

1. Водојаза	5.484.000 -	22,1%
2. Испусни органи	3.069.000 -	12,3%
3. Доводни органи	2.061.000 -	8,3%
4. Машинска зграда	5.616.000 -	22,6%
5. Пристапен колски пат	240.000 -	1,0%
6. Пешачки пат до Св.Андреј	345.000 -	1,4%
7. Кеј кај Св.Андреј	296.000 -	1,2%
8. Електродалеководи	1.795.000 -	7,2%
9. Потстаница во Скопје	768.000 -	3,1%
10. Згради за персоналот	200.000 -	0,8%

97/ Инж.Младен Печинар: Хидроцентрала"Св.Андреј" на реци Тресци Скопје. Белград, 1939 година

II. Споредни трошоци на изградбата

11.	Експропријација и оштета на теренот	120.000 -	0,5%
12.	Административни трошоци	146.000 -	0,6%
13.	Проекти и надзор	1.110.000 -	4,5%
	Вкупно трошоци за изградба:	21.250.000 -	100,0

Објектот е проектуван и изведен исклучиво од југословенски стручњаци /проектанти: инж.Владо Митровиќ, проф.на Белградскиот универзитет и инж.Миладин Печинар, од Белград/. Градежните работи и водојазата ги извело претпријатието на браќата Вукичевиќ, од Белград. Хидромеханичката и електромашинската опрема се набавени во иностранство - Германија /машинскиот дел на инсталациите, фирмата "Фајт", а електричниот дел, фирмата "АЕГ"/ надзорни инжињер Бора Поповиќ, од Скопје, тогашниот управник на претпријатието електрична централа и водовод на Скопската општина.

Со изградбата на оваа електрана градот се еманципира од скапа електрична енергија, произведена од странски приватен капитал, кој буквално го кочел нормалниот развиток на градот воопшто, а посебно на индустријата. Од друга страна општината обезбеди уште поголеми извори на приходи толку нужни за комуналната изградба.

/5/ Калорична електрична централа- Битола

Централата е основана 1924 година како командитно друштво.[98/]

Првобитно централата функционирала на еден дизел мотор од 210 кс. Во 1927 година се инсталирале уште два дизел мотора, едниот од 210 кс а другиот од 100 кс. Од основањето до 1930 година централата работела на дизел мотор, а по оваа дата погонот се преориентирал на саугас-дрво.

Просечно годишно производство на електрична енергија изнесувало околу 300.000 квч. При основањето на прет-

98/ Првите командитори основачи беа: инж.Славко Бокшан, од Белград, инж.Отмар Енд од Белград, Теодорос Х.Ароести, Симеон С.Бундалев, Петре Сараф, Тоде Илиев, Киро Лозанков, сите трговци од Битола.

пријатието имало запослено 15 работници и службеници. Во 1940 година бројот на запослениот персонал се зголемил на 21 работник и службеник. Бидејќи во 1930 година претпријатието западнало во тешка финансиска положба, не можејќи да ги санира своите финансии, истата година падна под стечај, Швајцарската фирма Браун Бовари, која своевремено испорачи на кредит машински постројки и инсталации на централата, ја презела истата и преку инж.Славко Бокшан, од Белград ја експлоатирала се до објавувањето на војната.[99] Електричната енергија се користела за осветление на градското население и за месната индустрија и занаетчиството.

/6/ Електрична централа - Виница

Електричната централа е основана во 1928 година од страна на Виничката земјоделска задруга, главно, за потребите на својата луштилница на ориз, а едновремено служела и за осветление на жителите. Првобитно централата работела на вода и располагала со водна турбина од 50 кс. Покасно се преориентирала на саугас мотор од 60 кс. Централата годишно произведувала 4.000 квч електрична енергија.

/7/ Калорична електрична централа - Т.Велес

Централата е основана во 1929 година од страна на Милан и Коста Стоилковиќ, трговци од Ниш и Душан Стоилковиќ, индустријалец од Лесковац врз основа на добиената концесија од страна на Велешката општина. Инсталационата сила на централата изнесувала: еден дизел мотор од 150 кс и два саугас мотори од вкупно 130 кс /еден од 70 кс и другиот од 60 кс/. Машините се набавени на ново од Германија и Австрија. Годишното производство во 1940 година изнесувало 70.000 квч. Централата запослувала 17 работници и службеници. До 1938 година таа работела на нафта, кога поради поскапувањето ѝ липсата на истата, машините се акомодирале на саугас-дрво. Електричната енергија се користувала за задоволување на потребите на населението и месната индустрија.

99/ Спрема раскажувањата на Вангел Петровски, бив.главен мајстор во Електричната централа, Битола.

/8/ Калорична електрична централа - Штип

Калоричната електрична централа во Штип е основана во 1929 година од синовите на Јордан Пуздерлиев, Васил, Пантелемон и Георги. Нејзината погонска сила изнесувала: 1 дизел мотор од 80 кс и 1 саугас мотор од 60 кс. Машините се набавени на ново во Англија. Во 1940 година централата произведувала 60.000 квч електрична енергија. Запослувала 11 работници и службеници. До 1939 година централата функционирала на нафта, а по оваа дата истата се преориентирала на саугас-дрво. Централата е изградена на основа добиената концесија од Штипската општина со право на експлоатирање 25 години и служила за осветлување на улици, установи и домови.

/9/ Хидроелектрична централа -Крина Паланка

Хидроелектричната централа е изградена 1929 година на реката Дурачка, притока на Крива. Централата била сопственост на Љубен Тамбурков и неговиот брат Славе Тамбурков, трговци од Крива Паланка. Централата располагала со една францисова турбина од 41 кс и еден генератор од 32 кв. Турбината е купена нова од Австрија; електричниот генератор е набавен на старо од Унгарија. Производството на електричната енергија во 1940 година изнесувало 25.000 кв. Во централата имало запослено 8 работници. Електричната енергија се ползувала за осветление на градот.

/10/ Калорична електрична централа - Куманово

Оваа централа е основана во 1926 година од Живко Стоилковиќ, индустријалец од Лесковац и под негово име работела сé до 1930 година, кога минала во сопственост на неговиот син Миодраг Стоилковиќ. Централата располагала со една парна локомобила, фабрикат "Ланц" и еден дизел мотор, фабрикат "Дајц" од 80 кс. Постројките и инсталацијата се набавени како нови во Германија. Електричната централа била во состав на мелницата и служела како за погон на мелницата, така и за обезбедување на градот со електрична струја. Во 1940 година запослено било 11 работници и службеници.

/11/ Општинска калорична електрична централа -Прилеп

Централата била калорична, на нафта и саугас. Истата е изградена во 1930 година од сопствени средства на Прилепската општина. Централата располагала со следните машини: еден дизел мотор,"Ганц", преправен на саугас на дрво од 120 кс, со електричен генератор "Ганц", од 100 кв, еден дизел мотор на нафта "Ганц" од 100 кв. Во градот имало три трансформатора, фабрикат "Сименс" од по 50 кв. Машините биле набавени нови во Германија. Централата во 1940 година произвела 100.000 квч електрична енергија. Истата служела за јавно и приватно осветлење. Првите години по пуштањето во погон запослувала 8 работници и службеници, а во 1940 година бројот на запослениот персонал се зголемил на 11.

/12/ Електрична централа - Гевгелија

Инж Радомир Ѓ.Арсенијевиќ, електромашински инжињер од Белград, во заедница со Гевгелиската банка А.Д. ја изградиле и ја пуштил во погон во 1930 година првата електрична централа во Гевгелија. Покасно во истата стапиле како ортаци Анастас Анастасиев, апотекар од Гевгелија и Димитар Хаџи-Наков, трговец од Гевгелија. Централата располагала со комплет саугас инсталации со погон на дрва/2 саугас мотора од по 50 кс и 1 генератор од 40 кв/. Инсталациите биле набавени на ново во Германија. Производството на електричната енергија во 1940 година изнесувало околу 60.000 квч. Во Централата биле запослени 5 работници и службеници. Електричната енергија се ползувала за осветление на градот и месната индустрија /сушилница за кожурци, точење на свила, мелење на пипер и чистење на памук/.

/13/ Електрична централа - Кочани

Електричната централа во Кочани била во состав на луштилницата на ориз на Кочанската земјоделска задруга во Кочани. Електричната енергија од оваа централа се ползувала едновремено за погон на луштилницата и за осветление на градот. Основана е 1928 година и располагала со еден саугас мотор од

85 кс, еден електричен генератор од 44 кв 400/231 V и 50 периода. Производството на електричната енергија во 1940 година изнесувало 54.360 квч.

/14/ Хидроелектрична централа - Кичево

На 2 км од Кичево на каптирани води на реката Треска /направен е примитивен јаз со колци и кошеви/, Борислав Крстев од Кичево во 1932 година ја изградил хидроцентралата. Погонски машини на централата: 1 Францисова турбина од 52 кс и електрогенератор од 32 кв, 315/110 V, 50 периода. Централата е поврзана со Кичево со далекувод од должина од 2 км. Во 1940 година претпријатието е произвело 76.000 квч електрична енергија, а запослувала 5 работника и службеника. Електричната енергија служела за осветление на градот и градското население.

/15/ Хидроелектрична централа - Демир Капија

Хидроелектричната централа е изградена во 1934 година на реката Бошава. Овој објект заедно со мелницата се градени од бившо Кралевско земјоделско стопанство во Демир Капија за задоволување потребите на стопанството и осветление на селото. Целиот објект е даден под наем на Арангел Недиќ, кој го експлоатирал сé до 1941 година. Централата располагала со водна турбина и генератор од 32 кв. Во 1940 година произведено е 6.000 квч. Електричните машини и постројките се набавени во Прага, Чехословачка.

/16/ Хидроелектрична централа - Гостивар

Оваа централа била сопственост на Гостиварската општина. Кон крајот на 1936 година изградбата била завршена и пуштена е во погон на 1.I.1937 година. Централата се наоѓа во село Вруток, 6,5 км оддалечено од Гостивар и со градот е поврзана преку далекувод. Централата се состои од една францисова турбина од 77 кс, еден електричен генератор, фабрикат "АЕГ" од 52 КВА и еден трансформатор на електричната централа, фабрикат

"АЕГ" од 50 **ква**. Во 1940 година производството на електрична енергија достигнало 90.000 квч. Во централата имало запослено 7 работници и службеници. Произведената електрична струја се ползувала за осветлението на градот и селото Вруток.

/17/ Калорична електрична централа - Дебар

Милан Димиќ, индустријалец од Белград и бивш народен пратеник за Дебар. За да биде избран за народен пратеник во 1937 година, инсталирал електрична централа во Дебар и истата ја подарува на Дебарската општина. Централата била монтирана во просториите на стариот "Мусов хан" во Дебар. Централата се состоела од 1 саугас мотор од 36 кс и електричен генератор од 37 кв. Во 1940 година произведено е околу 20.000 квч електрична струја. Во централата имало запослено 5 работници. Електричната струја служела за осветление на улици, установи и домови.

/18/ Општинска електрична централа -Струмица

За осветление на градот и домовите Струмичката општина,во своја режија во 1937 година, изградила калорична електрична централа. Централата отпрвин работела на едноцилиндричен вертикален дизел мотор од 140 кс. Во 1939 година овој мотор е преправен на саугас-дрво. Освен тоа централата располагала со генератор од 40 кв, како и 3 трансформатора: еден во централата од 50 **ква**, 380/6.000 V, 50 периода, два во градот од по 30 **ква** за 6.000/400/231 V 50 периода. Производството на електрична струја во 1940 година изнесувало 34.000 квч. Централата запослувала 6 работници.

/19/ Хидроелектрична централа - Охрид

Хидроелектричната централа е изградена во 1937 година, во село Рамне и поврзана била со Охрид со далекувод, должина 3,6 км. Централата била сопственост на Охридската општина. Таа располагала со следните машини: 1 турбина од 150 кс, 1 ге-

нератор од 120 кв. Машините се купени на ново од Германија. Во 1940 година произвела 256.090 квч. Запослувала 7 работници и службеници. Електричната струја се ползувала за осветление на улици, установи и домови.

2. Положбата и анализа на електричните централи

Развитокот на електростопанството во Македонија тешко може да се прикаже динамично по години, бидејќи не се располага со статистички податоци. Извршената анкета од Економскиот институт на НРМ повеќе ја регистрира состојбата од 1940 година. За тоа во овој дел на анализата ќе се задржиме и ќе ја изнесеме положбата во 1940 година. За да имаме сепак една претстава за динамичниот развој на електростопанството, ќе се задржиме поопширно на Хидроелектраната на Пена, Тетово и Хидроелектраната на Треска, за кои располагаме со подетални податоци. Со изнесувањето на поодделни моменти од нивниот развиток, всушност ќе се илустрира динамичниот развиток на електрификацијата.

Во периодот од 1909 до 1940 година т.е. за 30 години, во Македонија се изградени 18 електрични централи. Со исклучок на Хидроелектричната централа - Тетово, Хидроелектричната централа во Матка, како и калоричната централа во Скопје, кои располагале со поголеми капацитети, сите други централи се ситни претпријатија изградени исклучиво за задоволување на локалните потреби на поодделни градови. Изградбата на централите се одвивала не систематски, без некој предварително изготвен план или програма. Главниот потстрекач на сопствениците на централите бил профитот. Тенденцијата им била пласирање на електрична енергија со високи цени кои негативно влијаеле како на производството, така и на консумацијата. Затоа и покрај малите капацитети електричните централи одвај ползувале околу 40% од капацитетите.

Освен Скопската електрична централа, која е изградена како што спомнавме, во турско време, сите други се изградени

многу касно, меѓу двете светски војни, што се гледа од следната табела:

Место	1924	1926	1928	1929	1930	1932	1933	1934	1937	1938	Вкупно
Битола	1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1
Велес	-	-	-	1	-	-	-	-	-	-	1
Виница	-	-	1	-	-	-	-	-	-	-	1
Гостивар	-	-	-	-	-	-	-	-	1	-	1
Гевгелија	-	-	-	-	1	-	-	-	-	-	1
Демир Капија	-	-	-	-	-	-	-	1	-	-	1
Дебар	-	-	-	-	-	-	-	-	1	-	1
Кичево	-	-	-	-	-	1	-	-	-	-	1
Куманово	-	1	-	-	-	-	-	-	-	-	1
Кр.Паланка	-	-	-	1	-	-	-	-	-	-	1
Кочани	-	-	1	-	-	-	-	-	-	-	1
Прилеп	-	-	-	-	1	-	-	-	-	-	1
Охрид	-	-	-	-	-	-	-	-	1	-	1
Скопје	-	-	-	-	-	-	1	-	-	1	2
Струмица	-	-	-	-	-	-	-	-	1	-	1
Тетово	-	1	-	-	-	-	-	-	-	-	1
Штип	-	-	-	1	-	-	-	-	-	-	1
Вкупно:	1	2	2	3	2	1	1	1	4	1	18

а/ Инвестиран капитал

Инвестираните средства во електростопанството до 1940 година изнесуваат 72.486.000 динари или 14,6% од вкупните инвестиции во индустријата и рударството. Според тоа, по големината на инвестираниот капитал електростопанството доаѓало на трето место, по прехранбената и тутуновата индустрија. Иако во електростопанството преовладуваат ситни претпријатија, сепак за постројките и опремата нужно било да се внесат релативно големи капитали. Следната табела ја покажува расподелбата на елек-

тричните централи спрема инвестираниот капитал:

во 000 динари

Капитал	Број на централи	Вложен капитал			
		во згради	Машини	Вкупно	%
до 500	4	100	860	960	1,3
од 500 - 1.000	4	489	1.750	2.239	3,1
" 1.000 - 2.000	3	974	3.695	4.669	6,4
" 2.000 - 5.000	4	2.300	9.500	11.800	16,3
" 5.000 -15.000	1	4.550	6.100	10.650	14,7
"15.000 -30.000	2	23.320	18.848	42.168	58,2
Вкупно:	18	31.733	40.753	72.486	100,0

Од табелата може да се констатира дека во 8 електрични централи имало инвестирано 3.199.000 динари, односно 4,4% од вкупниот инвестиран капитал, додека спротивно на тоа, во 2 електрични централи отпаѓало 42.168.000 динари, или 58,2% од вкупните вложени инвестиции. Спрема тоа наблудувајќи ја целосно положбата на електростопанството во предвоениот период, може да се заклучи уште еднаш дека преовладувале ситни нерационални електрообјекти.

Електростопанството како и екстрактивната индустрија, барала големи инвестиции, но затоа мали обртни средства, особено во хидроелектраните. Такви инвестициони средства во предвоените услови во Македонија, барем во првата половина од предвоениот период, не можеле да се создадат по пат на акумулација. Можеле да се створат единствено или по пат на финансирање од страна на државни тела или со увоз на странски капитал. Бидејќи како државата, така и нејзините јавно правни установи не располагале со големи материјални средства, а странскиот капитал не покажувал голем интерес за оваа индустрија /поради слабо развиените производни сили во Македонија/, тоа изградбата на електричните централи се вршела од страна на градските општини и домашните капиталисти, кои врз основа на добиените концесии

од општините, граделе ситни електрични централи.

Табеларен преглед на учеството на вложен капитал во електростопанството спрема сопственоста на инвеститорите во во 1940 година.

Наименование	Број на електрични централи	Работна сила		Погон во кв		Инвестиции	
		Работна сила	%	КВ	%	Вредност	%
Инокосни претпријатија	3	17	7,8	324	3,9	4.810	6,6
Јавен ортаклак	4	41	18,9	522	6,4	3.900	5,4
Командитни друштва	1	21	9,7	340	4,2	3.700	5,1
Акционерски друштва	1	26	12,0	1.760	21,5	20.918	28,9
Задружни електрични централи	2	4	1,8	84	1,0	630	0,9
Општински централи	7	108	49,8	5.153	68,o	38.528	53,1
Вкупно:	18	217	100	8.183	100	72.486	100

Најголемо учество во инвестициите земале општините 53,1%, а најмало, задружните организации 0,9% од вкупните вложени инвестиции.

Учеството на странскиот капитал во однос на вкупниот вложен капитал во електростопанството во 1940 година е како што следува:

Наименование	Електрични централи	Работна сила		Погон во кв		Капитал	
	Број	Работна сила	%	КВ	%	Динари	%
Домашен капитал	16	157	38,8	6.083	74,6	47.868.000	66
Странски капитал	2	42	21,2	2.100	25,7	24.618.000	34
Вкупно:	18	199	100	8.183	100	72.486.000	100

Односот на домашниот спрема странскиот капитал изнесува 66% : 34%. Дефакто процентот на учеството на странскиот

капитал е многу помал, бидејќи Шведскиот труст "Електро-Инвест" бил сопственик само на 3/4 од акциите на ТИАД. Спрема тоа, може да се каже дека учеството на странскиот капитал во оваа гранка изнесувал околу 30% од вкупниот вложен капитал.

Учеството на инвестициите спрема потеклото на капиталот во 1940 година.

во 000 динари

Капитал	Вкупно	%
Самоуправен /Општински/	38.528	53,1
Домашен приватен /македонски/	3.430	4,7
Домашен приватен /југословенски/	5.910	8,2
Странски	24.618	34,0
Вкупно:	72.486	100

Горните цифри покажуваат дека учеството на домашниот /македонски/ капитал е минимален во однос на вкупниот вложен капитал, што значи дека домашните капиталисти многу слабо се интересирале и вложувале свои капитали во оваа гранка на индустријата, за разлика од останатите гранки на преработувачката индустрија, каде што нивното учество било помасовно, односно преовладувал домашниот /македонски/ капитал.

Инвестициите во електростопанството константно растеле. Особено овој пораст е забележлив последните пет години пред објавувањето на Втората светска војна со изградбата на Дизеловата централа во Скопје и Хидроелектраната во Матка.

Иако инвестициите покажувале осетен пораст, сепак кога ќе се споредат со останатите подрачја од стара Југославија се доаѓа до заклучок дека во Македонија во електростопанството се инвестирани минимални средства.

б/ Инсталирана погонска сила

Изградбата на електричните централи, земено бројчано, не е за потценување. Но кога ќе се земе предвид нивниот инсталиран капацитет и процентот на искористувањето, се доаѓа до

заклучок дека електрификацијата, ако воопшто може да се примени овој израз, била слабо развиена.

Тоа го потврдува споредбата на капацитетите со останатите републики. Според официјалните статистички податоци инсталираната погонска сила на примарните машини кои ги движеле електрогенераторите во електростопанството во периодот 1918--1941 година изнесувала: 100/

во кв

	Вкупно	Србија	Хрватска	Словенија	Босна и Херцеговина	Македонија	Црна Гора
Јавни електрани	350181	92670	94988	119682	32487	8659	1605
Индустриски електрани	212877	91582	58769	34364	26485	119	1558
Вкупно:	563058	184342	153757	154046	58972	8778	3163

Горните бројки покажуваат дека имало голема диспропорција во инсталираните капацитети на поодделни покраини денешни републики. Додека Србија, Хрватска и Словенија далеку отишле во електрификацијата. Македонија се наоѓала во третираниот период во почетна фаза на развојот во областа на електрификацијата.

Следнава табела, пак, најубаво покажува со какви ситни и неекономични централи се располагало во предвоениот период /1940/. 101/

Ред. бр.	Капацитети	Број на централи	Инсталирани сили КВ	Инсталирани сили %
1.	до 50 КВ	8	299	3,6
2.	од 51 - 100 "	2	174	2,1
3.	" 100 - 200 "	2	300	3,6
4.	" 200 - 300 "	2	470	5,6
5.	" 301 - 500 "	1	340	4,1
6.	" 501 - 1.000 "	-	-	-
7.	"1.001 - 2.000 "	2	2.800	34,6
8.	"2.001 - 4.000 "	1	3.800	46,4
	Вкупно:	18	8.183	100,0

100/ Погонска снага у привреди ФНРЈ- Статистички билтен бр.65, Савезни завод за статистику,Београд, 1957 стр.13.

101/ Разлика помеѓу вкупниот износ на инсталираната погонска сила на нашава табела со вкупниот износ во претходната табела се должи во тоа, што во текот на периодот 1918-1941 година некои машини биле исфрлени од употреба и служеле како резерва, а кои машини не се земени во нашето пресметување.

Од горните бројки се гледа дека на 14 централи отпаѓало до 300 кв, додека нивните инсталирани сили изнесувале 1.243 кв или 14,9% од вкупните инсталирани сили. Меѓутоа, електрични централи до 4.000 кв изнесувале само 3 централи со 6.650 кв, или 81% од инсталираната сила. Благодарејќи на Хидроцентралата во Матка и Дизеловата во Скопје, изградени во последните години на предвоениот период инсталираната сила е зголемена повеќе од два пати. До изградувањето на овие централи Македонија се наоѓала во уште потешка положба во однос електрификацијата. Спрема тоа, не е ништо чудно што во 1939 година во Македонија на 1 жител годишно се паѓало 8,2 квч, додека југословенскиот просек изнесувал 71 квч.

Спрема употребата на погонската сила електричните централи во Македонија, главно се хидро и термоцентрали. Нивната структура се гледа од следниот преглед:

Капацитети	Електрични централи							
	Хидро		Парни		Дизел		Гасни	
	Број	кв	Број	кв	Број	кв	Број	кв
до 50 кв	4	138	-	-	1	37	3	124
" 51- 100 "	-	-	-	-	1	74	1	100
" 101- 200 "	1	120	-	-	-	-	1	180
" 201- 300 "	-	-	1	260	-	-	1	210
" 301- 500 "	-	-	-	-	-	-	1	340
" 501-1000 "	-	-	-	-	-	-	-	-
" 1001-2000 "	1	1760	-	-	1	1040	-	-
" 2001-4000 "	1	3800	-	-	-	-	-	-
Вкупно:	7	5818	1	260	3	1151	7	954
%		71,1		3,2		14,1		11,6

Горните бројки покажуваат дека во вкупната инсталирана сила најголемо учество заземаат хидроелектраните /5.818 кв, или 71,1% од вкупните инсталирани капацитети/, додека учеството на парните централи, односно централите чии погон е на јаглен, изнесуваат само 3,2%. Тоа ее должи во прв ред што Македонија располагала со слаби количества на јаглен и други го-

ривни материјали. Треба да се напомене, дека со исклучок на хидроцентралата на ТИАД и хидроцентралата во Матка, кои заедно располагале со 5.560 кв, останатите централи располагаа со таков мал капацитет /2.623 кв/, кои одвај ги покривале локалните потреби за осветление на улиците и домови. Големо учество на хидроцентралите се должи на расположивите водни сили во Македонија.

Интересно е да се истакне дека од 11 термоцентрали, 7 се газови. Ориентирањето на ваков вид централи, резултира од тоа што последните години пред објавувањето на Втората светска војна, поради зголемувањето на цените на нафтата и липса на истата, сопствениците ги замениле дизел моторите со саугас мотори како поекономични, неводејќи сметка за шумскиот фонд на кој му е нанесена голема штета.

Спрема сопственоста, електричните централи се делат на општински и приватни. Општинските централи се наоѓале во следните градови: Скопје, Гостивар, Охрид, Прилеп, Струмица и Дебар. Приватните електрични централи припаѓале: 3 на поединци /во Куманово, Кичево и Демир Капија/, 4 на јавен ортаклак /во Велес, Штип, Гевгелија и Крива Паланка/, 1 командитно друштво /во Битола/, 1 акционерско друштво /Тетово/, 2 задружни организации /Кочани и Виница/.

Расподелба на електричните централи спрема сопственоста на инсталираните капацитети во кв и производството на електрична енергија во квч во 1940 година:

Електрични централи	Капацитет во кв		Производство во квч	
	кв	%	квч	%
Општински	5.153	62,9	5.786.090	67,2
Приватни - домашни	930	11,4	1.068.200	12,4
Приватни странски	2.100	25,7	1.754.000	20,4
Вкупно:	8.183	100	8.608.290	100

Од горното се гледа дека странскиот капитал држел во своите раце 25,7% од вкупните инсталирани капацитети и 20,4% од производството на електрична струја. Меѓутоа, до изградува-

ењето на Хидроцентралата на Треска, т.е. до 1938 година на странскиот капитал во инсталираните капацитети и производството учеството било многу поголемо.

в/ Работна сила

Во електростопанството во 1940 година имало запослено 217 работници и службеници, или 2,0% од вкупниот број на запослената работна сила во индустријата и рударството. Кога од горниот број ќе се одземат 42 службеника, колку имало запослено во оваа гранка, произлегува дека во електростопанството биле ангажирани 175 работници. Ако извршиме споредба со Словенија која има приблизително еднакво население со Македонија, ќе видиме дека кон крајот на 1938 година во електростопанството имало запослено 2.566 работници. Оваа споредба го покажува степенот на неразвиеноста на електростопанството во Македонија. Најголем број на работници и службеници биле запослени при претпријатието Електрична централа и водовод во Скопската општина, кое имало производен-дистрибутивен карактер и како такво запослувало 73 работници и службеници, или 33,6% од вкупниот запослен број на работници и службеници.

Структурата на запослената работна сила во електростопанството во 1940 година изгледала:

Категорија	Работници и службеници	%
Квалификувани	60	27,6
Полуквалификувани	59	27,2
Помошен персонал	18	8,3
Административен персонал	42	19,6
Неквалификувани работници	38	17,5
Вкупно:	217	100,0

Од горните бројки се гледа дека 27,6% од вкупниот запослен персонал отпаѓал на квалификувани работници, што значи дека просечно во секоја електрична централа биле запослени по

3,3 квалификувани работници. Овој процент не можел да обезбеди правилно функционирање на електричните централи. Повеќе од една третина од квалификуваните работници биле квалификувани електротехничари доведени или доселени од останатите економски поразвиени краеви или странци. Така, во оваа гранка биле запослени преку 15 работници по народности: Срби, Хрвати, и повеќе од пет Чеси, Мацари, Германци и др. Природата на овој вид претпријатија диктирала да се запосли што поголем процент на стручни лица, ако се сакало погонот да се одржува во исправна состојба и нормално да функционира. Останатиот персонал бил од Македонија и тоа претежно произлегувал од градското население. Целокупниот запослен персонал бил машки со исклучок на околу 10 жени кои биле запослени во администрацијата.

Иако работното време од 8 часа било законски пропишано, секогаш се работело многу повеќе. Особено техничкиот персонал, кој раководел со централите, не се придржувал за 8-часовното работно време, туку редовно работел прекувремено за да ги одржува централите во исправна состојба. Затоа бил во привилегована положба во однос на останатите работници. Единствена врска меѓу сопствениците и централите беше вложениот капитал. Сопствениците гледале да извлечат што поголем профит. Од време на време се интересирале за финансиската положба на централите и до колку било нужно да се изврши некоја поголема поправка, ремонт или да набават нови делови или нови машини, ги финансирале централите. Често пати сопствениците и концесионерите не живееле во местото каде што биле централите. Тие одржувале со централите писмен контакт или лично навратувале од време на време интересирајќи се за техничката состојба и финансиското работење на централите.

г/ Производство и пласман

Производството на електрична енергија во 1939 година изнесувало 8.608.290 квч. Со оглед на тоа што во 1939 година на територијата на НР Македонија имало 1.056.497 жители, произлегува дека просечно на еден жител се паѓало 8,2 квч. Овој низок степен на производство Македонија ја карактеризира како најзаостанато подрачје, што се гледа од следниот напореден

преглед на структурата на производството на електраните во 1939 година по денешни републики:

Производство во квч	ФНРЈ	НРС	НРХ	НРСл.	НРБиХ	НРМ	НРЦГ
Х Е Ц	496,3	15	200	204	70	6,8	0,5
Т Е	596,9	260	125	160	50	1,4	0,5
Вкупно:	1.093,2	275	325	364	120	8,2	1,0
Произведено во квч по жител	71	42	86	261	47	8,2	2

Големата диспропорција во капацитетите по поодделни републики предизвикало, се разбира и осетна диспропорција во производството и консумацијата на електрична енергија по републики. Така додека НР Хрватска, а особено НР Словенија, југословенскиот просек мошне го натфрлувале, Македонија се наоѓала не само осетно под југословенскиот просек, туку заземала претпоследно место. Меѓутоа, тогашното просечно производство на електрична енергија на еден жител во Европа изнесувало 350 квч, додека пак просекот во економски поразвиените земји во Западна Европа изнесувало 420-830 квч на еден жител. Конкретно, во Норвешка овој просек надминува преку 3.000 квч на еден жител.

Во вкупното производство на електрична енергија најголемо учество земаат хидроцентралите. Следниот преглед најубаво го илустрира тоа:

Ред. бр.	Електрични централи			Производство квч	Производство %
1.	Хидроцентрали			7.164.090	83,2
2.	Термоцентрали:			1.444.200	16,8
	а/ Парни	691.200	8,o		
	б/ Дизел	120.000	1,4		
	в/ Гасни	633.000	7,4		
	В к у п н о:			8.608.290	100,o

Но сразмерата меѓу производството на хидро и термо-

електричната енергија 83,2% : 16,8% произлегува од постоењето на хидроелектричните централи на Пена и Треска кои како што изнесовме, претставувале по својот капацитет и производство за тоа време големи електро објекти во Македонија. Благодарејќи на далекуводите, овие две централи единствено успеале капацитетот рационално да го ползуваат снабдевајќи го Скопје како најголем консумативен центар. Со доста осетни губитоци, производството на овие централи било целосно исползувано, за разлика од останатите електроцентрали кои своите ситни капацитети ги ползувале делумично, по неколку саати дневно и тоа во непроизводни цели /осветление/.

Кога се зборува за електростопанството во Македонија, би се сторил пропуст да не се изнесе првата изградба на далекуводите во Македонија. Првиот далекувод изграден е 1926 година и ја сврзувал хидроцентралата на Пена, Тетово со Скопје. На овој начин оваа централа се поврза со најглавниот центар за потрошувачка на електрична енергија и така обезбеди сигурен пласман на своето производство. Должината на овој далекувод изнесува 45 км бакарно јаже 3 x 25 мм^2, дрвени столбови. Покасно, во 1938 година изграден е далекувод кој ја сврзувал хидроцентралата во Матка со Скопје во должина од 14.600 км 33.000 V, 3 x 25 мм^2, бетонски столбови. Потоа, за да можат рудниците Алатини Мајнс Л.Т.Д. да ја ползуваат електричната енергија на Хидроелектричната централа во Тетово, се изградија следните далекуводи:

Во 1938 година Ласкарци-Радуша, 14 км бакарна жица 3 x 16 мм^2, дрвени столбови.

Во 1939 година е изграден далекуводот Скопје-с.Таор, должина 23 км, дрвени столбови.

Во 1940 година Радуша-Орашје, 6 км бакарна жица 3 x 61 мм^2.

Освен овие далекуводи, имало уште локални далекуводи: с.Вруток - Гостивар, 6,5 км, бакарна жица 10 мм^2, 100 дрвени столбови. Исто така хидроцентралата во село Рамне, Охридско, била поврзана со Охрид со далекувод 5,5 км на 58 дрвени столбови. Спрема тоа, вкупната должина на далекуводите, вклучувајќи ги и локалните далекуводи, изнесувала 114,6 км. Изградбата на

овие далекуводи претставувала прва етапа кон електрификацијата. Овие далеуковиди имале за цел да ги поврзат електраните со главните потрошувачки центри на електрична енергија. Бидејќи за вкупната консумација на електрична енергија во Македонија не се располагало со податоци по години, не сме во состојба да го прикажиме динамичниот развиток на истата. Но, бидејќи Скопје во 1938 година консумирало 47% од вкупната произведена електрична енергија во Македонија, а за неговата консумација се располага со доста интересни податоци, ќе се обидеме да ги изнесеме и анализираме истите. Со анализата на овие податоци ќе се створи, главно, претстава за динамичниот развиток на консумацијата на електричната енергија.

Консумацијата на електричната енергија во Скопје почнала да се зголемува од моментот кога Скопската општина ја издава во 1923 година електричната централа под наем на Лесковачката централна банка/,Лесковац и Скопската извозна банка, Скопје. До овој момент, поради слабиот капацитет на Скопската централа, бројот на корисниците на електрична енергија бил минимален /околу 320 претплатници/, и електрична струја главно, се користувала за непроизводни цели /осветление/. Со минувањето на централата под раководство на овој конзорциум, како што спомнавме, капацитетот на централата се зголемил и се проширила градската електрична мрежа. Ова овозможило нагло да се зголеми бројот на консуматорите, а со тоа и консумацијата на струјата.

Следната табела најочевидно ја покажува динамиката на консумацијата на електричната енергија во периодот 1923 - 1927 година.[102/]

Години	Вкупно	%	Потрошено електрична струја			
			За приватно и улично осветление		За индустријата	
			квч	%	квч	%
1923	126.096	100	111.096	89,1	15.000	11,9
1924	230.308	100	200.308	87,o	30.000	11,o
1925	227.000	100	225.000	76,9	52.000	23,1
1926	328.000	100	260.000	73,8	68.000	26,2
1927	404.000	100	300.000	65,5	104.000	34,5

102/ Прегледот е составен според податоците од цит.Алманах стр.48

Од горните цифри можат да се извлечат следните констатации: прво дека во третираниот период, како консумацијата во производни, така и во непроизводни цели, од година на година константно расте; второ, дека консумацијата на електрична енергија за улично осветление, установи и домаќинства било многу голема во однос на консумацијата за индустриски цели, и трето, малата консумација на електричната енергија за индустриски цели ни ја покажува слабата развиеност на индустрисќата дејност во Скопје.

Ако се земе 1923 година како база, индексот на порастот на консумацијата на електрична струја за непроизводни и производни цели изнесува:

	Непроизводни цели	Производни цели
1923 год.	100	100
1924 "	180	200
1925 "	203	347
1926 "	235	444
1927 "	271	695

Од горните индекси се гледа дека порастот на консумацијата на електричната струја по години во производни цели е многу подинамичен отколку порастот на консумацијата на електрична струја во непроизводни цели, што значи да во наведениот период индустрисќата дејност почнува нагло да се развива.

Со склучување на договорот во 1927 година помеѓу концесионерите на Скопската електрична централа и 'Т И А Д' за лиферување на електрична струја, настана нагло ползување на истата како за непроизводни, така и за производни цели. Зголемувањето на потрошувачката се должи, од една страна на квантитативното и квалитативното производство на електрична струја, а

од друга, на тоа што нејзината цена се намалила од 10 динари на 7,5 динари по квч. Но бидејќи цената од 7,50 динари по квч, била уште скапа во однос на куповната моќ на населението, во 1928 година повторно е склучен нов договор, помеѓу концесионерите и ТИАД, спрема кој испораката на електрична струја се продолжила уште за 5 години, заклучно до 15.VIII.1933 година и цената на електричната струја се намалила. Намалувањето на цената се извршило особено на струјата која се користувала за производни цели.[103/]

Со пуштањето во погон хидроцентралата на ТИАД не само што консумацијата на електричната енергија е зголемена, туку и структурата на консумирањето е изменета. Така, додека 1927 година консумацијата на електрична енергија за осветление во Скопје била за неколку пати поголема од онаа за индустријата, во периодот 1928 година кога е склучен вториот договор, потрошувачката на електрична енергија за индустриски цели нагло пораснала во однос на потрошувачката за осветление. Додека пак во Тетово консумацијата на електрична енергија за осветление и индустрија константно растела, сепак потрошувачката за осветление е за неколку пати поголема од таа за индустријата. Следната табела најубаво го илустрира тоа:

103/ Спрема чл.3 од договорот склучен помеѓу концесионерите и ТИАД цената на струјата за осветление се утврдила на 6 динари од 1 квч. Чл.4 од истиот договор за претплатниците кои не би сакале во своите локали да поставуваат струјомери, со исклучение на хотели, кафеани, анови и др. јавни локали ва кои е потребна струја, се предвидува паушално плаќање на струјата по сијалица и тоа:

а/ за сијалица од 10 свеќи 6 динари месечно
б/ " 16 " 9 " "
в/ " 25 " 14 " "
г/ " 32 " 17 " "
д/ " 50 " 27 " "

Чл.13 цената на електричната енергија за индустриски цели Друштвото ќе наплатува според одделна скала од 0,80 динари до 4,50 динари од квч.

Структура на потрошувачката на електрична енергија во периодот 1929 - 1931 година[1o4/]

Години	Потрошено електрична енергија во квч								
	Скопје					Тетово			
	Вкупно	Приватно осветление	Јавно осветление	Индустрија	Градски водовод	Приватно осветление	Јавно осветление	Сопствен погон на централата	Индустрија
1929	2.312.127	518.320	9o.794	1.344.262	184.8oo	1o5.111	41.84o	9.000	18.000
193o	2.655.900	597.000	111.771	1.506.818	236.411	123.155	48.936	10.602	21.207
1931	3.105.091	750.000	127.200	1.735.879	272.310	132.700	52.729	11.424	22.849

[1o4/] Скопски гласник 1932 год.

Диаметралната промена на структурата на консумацијата на електричната енергија се должи на следните фактори: Прво, на зголемувањето на производството на електричната енергија. Второ, на знатното намалување на цената на електричната енергија, особено на термичката струја. Со намалувањето на цената за производни цели, индустријата почнала да се ориентира на градската електрична енергија, бидејќи нивните сопствени електрични погони станале нерентабилни. Така на пример, мелницата "Балкан" во Скопје во 1929 година се преориентира од сопствена електрична енергија на користење на градската електрична енергија. Во истата година потрошила 1.020.060 квч, а во 1930 година 735.000 квч. Парната пивара АД, Скопје, во 1930 година го приклучила својот погон на градската електрична мрежа и истата година потрошила 305.000 квч. Исто така и потрошувачката на ситната индустрија во Скопје се зголемила од 234.662 квч во 1929 година на 362.518 квч.во 1930 година. Трето, зголемувањето на консумацијата на електричната енергија резултирало и од фактот што во тој период во Скопје се развивала и индустриската делатност.

Со склучувањето на купо-продаен договор меѓу Скопската општина и ТИАД по истекот на рокот на концесијата на 17 август 1933 година, цената на електричната енергија, како што спомнавме, уште повеќе се намалила, така што консумацијата на електричната енергија продолжила константно да се зголемува, што се гледа од прегледот на страна 165 на консумирана електрична енергија во Скопје.

Од цифрите на прегледот се констатира дека порастот на потрошувачката на електрична енергија не е рапиден, но затоа е константен, така што во потрошувачката од година на година нема големи разлики,со исклучок на 1938 година, која покажува осетно зголемување на консумацијата. Карактеристично е што во 1938 година настапило нагло зголемување на консумацијата на електричната струја,а тоа се должи на пуштањето во погон на новоизградената хидроелектрична централа на реката Треска.

Потрошувачката на електрична енергија во Скопје, иако е осетно зголемена во однос на поранешните години, сепак сразмерно на бројот на населението и бројот на индустриските

Консумирана електрична енергија во Скопје во периодот 1934 - 1939 година 105/

Година	Потрошена електрична енергија				Приватно осветление	Улично осветление	Градски водовод	Установи	Калорична централа	Губитоци во мрежата
	Вкупно	Купено од ТИАД Тетово	Произведено во Скопје	Погон						
1934	2.822.878	2.741.618	81.160	1.309.188	717.616	220.550	233.181	-	33.931	308.412
1935	3.258.155	2.817.255	440.900	1.454.202	789.561	314.781	192.930	-	96.600	410.051
1936	3.266.046	3.152.546	113.500	1.352.232	855.028	365.338	161.360	99.445	-	432.643
1937	2.538.663	3.477.663	61.000	1.563.006	915.513	417.788	79.880	40.361	122.630	399.485
1938	4.234.399	1.108.679	3.125.720	1.886.210	1.009.561	485.033	51.086	38.613	86.200	657.696
1939	5.287.000	-	-	1.824.000	1.255.000	540.000	244.000	-	-	1.424.000

105/ Прегледот е конструиран според податоците од годишниот извештај на Електричната централа и водовод на Скопската општина за периодот 1938-1939 година. Извештајот се наоѓа при инж.Панче Кратовалиев, бивш директор на Скопската електрична централа.

претпријатија уште натака е мала. Тоа произлегува од уште недостапната цена. Оттаму и тенденцијата на Скопската општина, со преземањето на производството и дистрибуцијата во своја режија цената на електричната струја да ја намали на тој начин, не само да му овозможи поголема примена на електрична струја за осветление, туку стимулативно да влијае и на развитокот на индустријата. Навистина, цената на електричната струја е намалена, но не и сравнително на цената по која ја купуваше електричната струја од ТИАД. Големата разлика помеѓу куповната цена на електричната струја и продајната и служела на Општината како извор на финансиски средства за комунална изградба.

Спрема годишниот извештај на претпријатието - Електричната централа и водоводот на Скопската општина се гледа дека тоа реализирало големи печалби. Чисти печалби на ова претпријатие од неговото основање до давање отчетот /1933-1939 година/ изнесувало:[106/]

	Вкупно	Општина	Фонд
за дел од 1933 г.	1.026.770,08	776.094,88	250.674,20
" " 1934	2.926.270,34	2.226.997,19	699.274,15
до 31.III.1935	804.408,99	656.152,24	148.256,75
1935/36	2.278.549,93	2.634.688,13	643.861,80
1936/37	3.201.562,43	2.627.066,08	574.496,35
1937/38	3.442.092,20	2.654.264,00	787.828,20
1938/39	5.202.655,31	3.090.762,00	1.171.775,00

Со исклучок на 1938/39 година во која влегуваат и приходите од продадената електрична енергија на хидроцентралата на Треска, ова претпријатие во своето работење за неполни пет години откупената електрична струја од ТИАД реализирала бруто печалба од 14.679.653,97 динари. Оваа печалба се должи на разликата меѓу куповната и продајната цена на електричната струја. Ако се земе предвид дека во претпријатието се вложени инвестиции од 10.173.487 динари, произлегува дека се амортизирала 100% при пресметување на ануитет од 10%. Овој успех е реализиран на грбот на потрошачите.

Горните податоци јасно зборуваат за рентабилноста

106/ Според цит.Извештај на Електричната централа и водовод, Скопје

на новооснованото претпријатие на Скопската општина. Кога за релативно кусо време /5 години/ Општинското претпријатие реализирало такви печалби, може да се претпостави какви пак печалби остварувал странскиот капитал /Електроинвест/, како главен акционер на ТИАД во времето кога имаше монопол за ливерување на струја во Скопје па и покасно како продавец на оваа струја. Затоа, не е чудно што Електроинвест во пролетта на 1930 година се погрижи да откупи што повеќе акции / 3/4 од акциите/. За овие акции Електроинвест му исплати на ТИАД 12 милиони динари, односно секоја акција ја платил по 350 динари, т.е. 75% повеќе од номиналната вредност. Исто така исплати на ТИАД разни долгови од 13 милиони динари, што значи дека за хидроцентралата и другите инсталации друштвото исплатило многу повеќе отколку што чинеле овие објекти.

Странскиот капитал го врши сето тоа да извлече што поголеми профити.

Со зголемувањето на производството и намалувањето на цената на електричната енергија растел и бројот на претплатниците. Спрема пријавените струјомери, бројот на претплатниците во Скопје се движел на следниот начин:[107]

Категорија	Консуматори					
	1934	1935	1936	1937	1938	1939
Станови	4.987	5.133	5.562	5.883	6.389	6.554
Дуќани и локали	1.406	1.447	1.568	1.658	1,830	1,890
Кафеани	128	133	141	145	152	124
Установи	255	274	320	308	330	276
Погон	493	512	580	308	420	309
Термички	-	-	-	-	-	325
Општина	87	88	92	97	97	93
Паушално	220	161	165	155	140	120
Вкупно:	7.576	7.748	8.428	8.826	9.358	9.691

Имајќи предвид дека бројот на претплатниците за 1939 година во Македонија изнесува околу 27.500, произлегува

107/ Според еден оригинален акт на Управата на Електричната централа и водовод, Скопје

дека повеќе од 1/3 односно 35% од вкупниот број на претплатници отпаѓа на Скопје. Од тука може да се констатира дека и покрај постоечките хидро и термо-електрични централи, внатрешноста во Македонија слабо се ползувала со електрична енергија за осветление.

Слабата консумација на електрична енергија, покрај изнесеното се должи, на фактот што Македонија била слабо електрифицирана. Од 28 града и градчиња, на територијата на НРМ, во 1940 година имало електрични централи само во 16, не земајќи го во обзир селото Демир Капија, кое што добивало осветление поради земјоделското стопанство, што значи дека само 57% од градовите биле осветлени. За електрификацијата на селата не можело ни да се замисли при 43% не електрифицирани градови и градчиња.

Ако се земе потрошувачката на електрична енергија како критериум за оценка на производните сили, се доаѓа до заклучок, дека Македонија, во периодот меѓу двете светски војни претставувала една од индустриските најнеразвиените подрачја во стара Југославија.

§6. ИНДУСТРИЈА НА ГРАДЕЖЕН МАТЕРИЈАЛ

Првите индустриски тулани и керамидници во Македонија се изградиле во првата деценија на XX век, што значи со закаснение 50-60 години од првите индустриски тулани основани во економски поразвиените земји. Меѓу првите тулани и керамидници кои се изградени во Македонија и кои ползувале моторна сила спаѓале: фабриката за керамични производи во Скопје и фабриката за керамиди и тули во Битола.

Првата фабрика од овој вид основана е во 1910 година во Скопје од Тодор Папатеодоси, Др Креј, лекар и Паја Манојловиќ. Таа располагала со модерни инсталации набавени на ново во Германија /машини за производство на тули и керамиди/ и имала созидана ринг фурна со сушилница.

За време на Првата светска војна претпријатието

потполно настрадало. Во 1922 година тоа било обновено. Располагало со една парна машина од 40 кс, еден мотор на бензин од 4 кс, еден револвер-преса капацитет 5.000 керамиди дневно, една преса за изработка на 5.000 тули дневно, како и машина за преработка на земја и сечење на тули. Годишниот капацитет изнесувал 5.000.000 тули, 1.000.000 марселски керамиди, 500.000 пресувани керамиди, 500.000 шупливи тули, 200.000 плочици и 10.000 комада канализациони цевки. Претпријатието запослувало 4 стручни и 120 неквалификувани работници. Основниот капитал на претпријатието изнесувал 1.300.000 динари.[108]

Фабриката за керамиди и тули во Битола датира исто така од 1910 година и ја основале Браќа Иванови од Битола. Фабриката располагала со модерни инсталации и била снабдена со мотор од 36 кс. Годишниот капацитет изнесувал: 1.000.000 керамиди и 400.000 тули. Инвестираниот капитал изнесувал 6.000 златни наполеони. Поради оддалеченоста на суровинската база не можела да се противстави на конкуренцијата на фабриките, чии производни трошоци биле пониски и во 1925 година престанала со производството на керамиди, ограничувајќи се само на примитивно производство на тули.[109]

Индустријата на градежен материјал во првите години од предвоениот период била слабо развиена и таа била ограничена на тули, керамиди и производство на коцкест камен за калдрмисување на улици. Најмногу биле застапени полските тулани кои произведувале полски тули, рамно сечени и печени на полски фурни, чиј квалитет не одговарал за висока градба. Такви примитивни полски тулани се подигнувале во оние месности што располагале со квалитетни суровини и биле поврзани со комуникациони средства. Производството на такви тули најмногу било развиено во Т.Велес и Скопје, кои покасно стануваат центар за индустриско производство на тули и керамиди. Туланите произведувале тули за задоволување на месните потреби и евентуално за потребите на околијата. Голем дел од тули се увозувал од Србија /Врање, Лесковац, Ниш/, а особено керамиди од Војводина. Превозот на такви долги релации бил овозможен, поради тоа што сопствениците на туланите успеале да постигнат снижување на железничките та-

108/ Јаша Ѓигашевиќ: цит.дело
109/ Др Т.А.Робев цит.статија

рифи за транспорт на тули и керамиди. Снижувањето на превозните тарифи зависело од должината на релацијата, така што на долгите релации снижувањето изнесувало преку 50% од редовната постоечка тарифа. Овие високи повластици овозможувале снабдување со керамиди од Војводина, Велика Кикинда па дури и од Винковци, Снабдувањето со овие производи негативно влијаело на развитокот на оваа гранка во Македонија.

Бавниот развиток на оваа гранка во Македонија ја кочела напредната индустрија за тули во Србија и Војводина, од една, и неиспитаната суровинска база, од друга страна. Во Македонија сé до 1935 година не се знаело дали земјата во поодделни околии одговара за правење на тули, односно на керамиди. Благодарејќи на иницијативата од сопствениците на тулани и керамидници од Лесковац, кои дошле во врска со нашите производители што на примитивен начин произведувале тули, се установило по извршените анализи на земјата во Белград, дека има терени со квалитетни суровини од кои може да се произведуваат на индустриски начин керамиди и тули. Лесковачкиот капитал ползувајќи ги предимствата што му ги давала индустријата на градежен материјал во Македонија, во поглед на суровината, ефтината работна рака, за уштедите од транспортни трошкови и побарувачката на градежен материјал, се поврзал со македонскиот капитал. Во текот на другата половина од предвоениот период, односно од 1934 до 1939 година за неполни пет години, индустријата на градежен материјал /тули и керамиди/, нагло и брзо се развивала така што можела да ги задоволува тогашните потреби на Македонија, и се наполно еманципирала од увозот на овие производи од Србија и Војводина.

Претпријатијата изградени во тој период претставувале модерни претпријатија, снабдени со нужни машини, ринг печки или со таканаречени печки швабари.

1/ Поодделни претпријатија на индустријата на градежен материјал

Покрај многубројните примитивни полски тулани, индустријата на градежен материјал опфатила 11 индустриски тулани и керамидници и еден каменолом. Тие се следните:

/1/ Претпријатие за керамиди и тули "Вардар", Гостивар

Претпријатието е основано во 1935 година и спаѓа меѓу првите претпријатија за производство на керамиди кои се основани во периодот меѓу двете светски војни во Македонија. Основатели и сопственици на претпријатието биле: Милан Бејас, индустријалец, Драгутин Пејчиќ, тулар, Светозар Марковиќ, индустријалец и Светозар Крстиќ, тулар, сите од Лесковац.

Претпријатието располагало со една парна машина од 40 кс, една рачна преса, еден чифт цилиндри, два швабари за печење на керамиди, една сушалница во должина од 60 метри за сушење на керамиди.

Основниот производ биле керамидите на кои годишниот капацитет изнесувал 500-550.000 керамиди. Претпријатието имало локален карактер и запослувало годишно просечно 32 работника.

/2/ Електрична керамидница "Вардар"- Куманово

Претпријатието е основано во 1935 година. Основатели на претпријатието биле: Милан Крстев од Куманово, Игнат и Драгутин Браќа Стојилковиќ, Миливоје Илиќ и Јаков Јанковиќ, сите тулари од Лесковец.

Претпријатието располагало со следните машини: една преса за керамиди, цилиндер за мелење земја и парна машина од 6 кс. Машините биле набавени на старо.

Претпријатието запослувало годишно просечно 20 работници.

/3/ Фабрика за тули и керамиди "Рекорд" - Струга

Со оглед на тоа што во Западна Македонија немало претпријатие за производство на керамиди, а околијата на Струга располагала со квалитетна земја и бидејќи се осеќала голема побарувачка на керамиди, Браќата Несторови и Крсте Филев, трговци од Струга користејќи ги овие околности ги здружиле своите капитали со Светозар Илиќ и Сретен Илиќ од Лесковец и во

1935 година во непосредна близост на Струга основале индустриско претпријатие за изработка на тули и керамиди.

Претпријатието било снабдено со модерен туларско-керамиден уреѓај; погонот се движел на саугас мотор од 30 кс. Машините се купени на ново во Австрија и Југославија. Капацитетот на ринг фурната изнесувал 70.000 керамиди и 15.000 тули, а на сушилницата 30.000 керамиди за 48 саати.

Во претпријатието просечно годишно било запослено 45 работници и службеници.

/4/ Фабрика за тули и керамиди "Брегалница"
с.Кучичино - Штипско

Претпријатието е основано во 1937 година во село Кучичино - Штипско.

За производството на тули и керамиди, претпријатието располагало со преса за керамиди, цилиндри за мелење земја и др.помошен алат.

Годишниот производен капацитет изнесувал: 500.000 керамиди, 200.000 тули и 20.000 капаци. Капацитетот се користувал 100%.

Претпријатието просечно запослувало околу 20 работници.

Сопствениците на претпријатието биле: Спиро и Михаил Симеонови, трговци од Кочани, Војислав Илиќ и Захарије Јовановиќ, тулари од Лесковец. Претпријатието претставувало друштво со ограничено јемство.

/5/ Фабрика за керамиди и тули "Полет"
с.Драчево - Скопско

Фабриката е основана 1937 година во село Драчево, Скопско, од Никола Крстев од Куманово и располагала со следните поважни машини: еден револвер преса за керамиди, еден цилиндер за мелење земја, една парна машина од 6 кс и три електромотори со вкупна јачина 50 кс.

Дневниот капацитет за 10 часа изнесувал 6.000 кера-

мици и 6.000 тули. Капацитетот се користил 80%. Во време на војната до 1942 година, претпријатието се проширува изградувајќи ринг-печка со оџак од 40 метри височина.

Претпријатието просечно годишно запослувало 20 работници и службеници.

/6/ Керамидница "Бон Марше" - Титов Велес

Керамидницата "Бон Марше" како командитно друштво е основано во 1937 година во Титов Велес. Во оснивањето зеле учество следните лица: Душан Китановиќ, Тоза Лозаниќ, Александар Поповиќ, сите тулари од Лесковец и Браќата Анѓушеви, Перо Р'жарев, трговци од Титов Велес. Во 1938 година од друштвото отпаднале Душан Китановиќ и Тоза Лозаниќ, а на нивно место како ортаци влегле Браќата Шекеринови, трговци од Скопје и Лазо Смилев, трговец од Титов Велес.

Керамидницата располагала со една преса за керамиди купена на ново во Југославија, еден цилиндер за мелење на земја од германско потекло, набавен на старо, два електромотора од 29 кс , саугас мотор од 25 кс.

Годишниот производен капацитет изнесувал 400.000 керамиди и 80.000 тули. Капацитетот се ползувал 100%.

Во претпријатието се запослувале 20 работници и службеници.

/7/ Претпријатие за тули - Виница

Претпријатието е основано во 1937 година. Сопственици на претпријатието биле: Петар Ѓорѓевиќ и Тодф Д.Нишанциев.

Претпријатието произведувало околу 500.000 тули годишно. Тоа запослувало просечно 20 работници и имало локален карактер.

/8/ Фабрика за тули и керамиди "Слон" - Скопје

Трајко Стевчев, тулар од Скопје, во заедница со

Сретен Маринковиќ и Љубомир Милошевиќ, тулари од Србија, во 1938 година основале во Топаанското Поле модерно претпријатие за индустриска изработка на тули и керамиди. Истото било опремено со комплетен современ туларски технички уреѓај набавен на ново во Југославија. Погонот се движел на електрична струја за која цел претпријатието имало инсталирано 3 електромотора од вкупна јачина 30 кс.

Запослувало просечно годишно 55 работници.

/9/ Фабрика за тули и керамиди "Југ" - Скопје

Оваа фабрика е основана во Скопје - Топаанско Поле, во 1938 година кога и фабриката "Слон". Сопственици на ова претпријатие биле: Величко Николов, Стеван Савиќ, Јордан Ст.Лопарски, Јанакие Миленковиќ и Милисав Крстиќ.

Претпријатието располагало со модерна и современа техничка опрема за индустриско производство на тули и керамиди: цилиндер за мелење земја, преса за керамиди, парна машина од 26 кс и 2 електромотора од вкупно 37 кс.

Во претпријатието било ангажирано просечно годишно 45 работници и службеници,

/10/ Фабрика за тули "Рекорд" село Мацари - Скопско

Претпријатието е основано во 1939 година во село Мацари - Скопско од следните ортаци: Александар и Богиша Поповиќ, Игњат Стојилковиќ, Миливоје Илиќ, Петар Марковиќ, сите тулари од Србија. Претпријатието располагало со потребен туларски уреѓај и произведувало 1.500.000 тули годишно.

Годишниот просек на запослената работна рака изнесувал околу 20 работници и службеници.

/11/ Фабрика за тули и керамиди "Вардар" - Скопје

Стојан Танев, сопственик на полска пилана потстрекнат од побарувачката на тули и керамиди во 1939 година изгради во Скопје, како голем потрошувачки центар, индустриско претпријатие за производство на тули и керамиди. Претпријатието распо-

лагало со следните машини: 1 преса, 1 цилиндер, 3 електромотори со вкупна јачина 40 кс како и ринг-тунел-печка.

Годишниот производен капацитет на претпријатието изнесувал 1.000.000 тули и 600.000 керамиди, а запослувало просечно годишно 40 работници и службеници.

/12/ Каменолом на базалт, с.Младо Нагоричане, Кумановско

Со експлоатацијата и преработката на базалтот се отпочнало уште во 1926 година. Како корисник на овој каменолом се споменува Цинциновиќ, инжињер од Белград, кој за експлоатацијата на овој каменолом довел од Мађарска во Куманово околу 40 квалификувани работници, бидејќи такви немало во Македонија. Но поради лошата организација и скапата странска работна рака, дошол во тешка финансиска положба и во 1929 година каменоломот преаѓа во сопственост на Трговската индустриска банка од Белград, која го експлоатира се до 1941 година со извесни прекинувања поради слабиот пласман на коцки.

Каменоломот годишно произведувал на примитивен начин рачно околу 2-4.000.000 камени коцки, што зависело од можностите на пласманот. Покрај каменитe коцки, претпријатието произведувало ивичници и камени блокови.

Претпријатието просечно годишно запослувало околу 70 работници.

2/ Положбата и анализа на индустријата на градежен материјал

Индустријата на тули и керамиди се до 1935 година била една од најзаостанатите индустриски гранки. До оваа дата немало на територијата на денешна НР Македонија ниту едно претпријатие кое произведувало тули и керамиди на индустриски начин. Годината 1935 претставува пресвртница во оваа гранка, бидејќи во текот на оваа година се основале 3 индустриски претпријатија за производување на тули и керамиди /Куманово, Гостивар и Струга/. Навистина нивниот капацитет не бил голем и нивното произ-

водство ги задоволувало само локалните потреби, но фактот што отпочнале со машинско производство не керамиди и тули претставува пресврт во оваа делатност. Во периодот од 1936 година до 1940 година се изградуваат уште 8 такви претпријатија меѓу кои имаме и такви чии капацитети ги надминувале локалните потреби /"Слон" - Скопје, "Југ" - Скопје/. Така, пред Втората светска војна во НР Македонија имало 11 претпријатија за индустриска изработка на тули и керамиди. Ако на овој број го додадеме и каменоломот во Куманово, тогаш гранката индустрија на градежен материјал располагала со вкупно 12 индустриски претпријатија, што претставувало 10,8 од вкупниот број на индустриските претпријатија во НР Македонија.

Од 11 претпријатија за тули и керамиди 5 биле лоцирани во Скопје и неговата околија. Концентрацијата на голем број претпријатија од овој вид на делатност во Скопје ја обусловувале суровинската база и големата побарувачка на овие производи поради развиената градежна дејност во Скопје.

Спрема видот на сопственоста, претпријатијата претставувале, главно, јавен ортаклак, односно командитни друштва, чии членови одговарале ограничено, т.е. само со својот вложен капитал. Од 12 споменати претпријатија, 10 имале вид на јавен ортаклак, односно биле командитни друштва, а само 2 биле инокосни.

Индустријата на градежен материјал во Македонија е изградена, главно, од занаетчии - тулари, сопственици на полски тулани и трговци со градежен материјал. Овие занаетчии и трговци го вложувале својот расположив капитал во оваа гранка, бидејќи туларството односно цреларството претставувале една од најуносните гранки на индустријата. Безмилосното користење на расположива ефтина работна рака и квалитетната суровина /земја/ која се наоѓала во непосредната близина на претпријатијата им овозможувало снижување на цената на чинењето на производите и им донесувале на сопствениците на капиталот екстра профит. Така за релативно кратко време сопствениците успеале вложениот капитал да го извлечат и да ги исплатат инвестициите. На тој начин, не само што ги проширувале своите претпријатија, туку земале учество како ортаци во новоизградените тулани односно керамидници. Редовна била појавата еден ист капиталист да се појавува како таен ортак во повеќе тулани.

а/ Инвестиран капитал

Во предвоениот период сé до 1935 година во индустријата на градежен материјал воопшто не се инвестирало. Меѓутоа, последните 4-5 години пред Втората светска војна настапи период на нагло инвестирање во оваа индустрија. Домашниот капитал, капиталот на занаетчиите - тулари, покажувал интерес за оваа гранка на индустријата. Меѓутоа, истиот се покажал недостаточен а на неговите сопственици им недостасувала уште самоиницијатива и решителност. Лесковачките, пак капиталисти - тулари, кои веќе имале стечено драгоцено искуство во индустријата на тули и керамиди и располагале со акумулиран капитал ги користувале предимствата на суровинската база и пазарот на Македонија, се поврзале со поимашните македонски занаетчии - тулари и трговци со градежен материјал и граделе нови индустриски претпријатија.

Инвестициите во Македонија кои се вложени во индустријата на градежен материјал во периодот 1918-1940 година изнесувале 12.174.000 динари, односно 2,4% од вкупните инвестиции во индустријата и рударството.

Динамичен преглед на инвестиционите влагања по години изгледа како што следува:

Години	Број на претпријатија	Капитал во 000 динари			
		Зграда	Машини	Вкупно	%
1929	1	100	-	100	0,8
1935	3	1.157	1.377	2.534	20,8
1936	1	350	90	440	3,6
1937	3	1.950	1.050	3.000	24,7
1938	2	2.400	1.600	4.000	32,9
1939	2	1.800	30	2.100	17,2
Вкупно:	12	7.757	4.417	12.174	100

Горната табела покажува дека како бројот на претпријатијата, така и инвестициите секоја година растеле. Просечно годишно се основало по две претпријатија, односно годишно се инвестирале по 2.420.000 динари. Брзото темпо на изградбата

произлегло како последица на откривањето на квалитетни земји /глини/ за изработка на керамиди, а од друга страна зголемената градежна делатност во последните години пред војната ја стимулираше оваа гранка. Но бидејќи претпријатијата имале локален карактер, инвестициите се движеле во скромни размери. Тоа најубаво го илустрира следниот преглед:

Капитал во 000 динари	Број на претпријатија	Инвестиран капитал			
		Згради	Машини	Вкупно	%
до 300	4	800	440	1.240	10,1
500 - 1000	2	1.100	800	1.900	15,6
1000 - 1500	4	3.457	1.577	5.034	41,4
1500 - 2500	2	2.400	1.600	4.000	32,9
Вкупно:	12	7.757	4.417	12.174	100

Од горните цифри се гледа дека од укупно 12 претпријатија, во 10 имало вложено до 1.500.000 динари капитал, а само во две инвестициите изнесувале до 2.500.000 динари, или од вкупните инвестиции во 10 претпријатија имало инвестирано 8.174.000 динари, односно 67,1%, а само во две претпријатија 4.000.000 динари односно 32,9%. Просечно на едно претпријатие отпаѓало инвестиции 1.014.000 динари и тоа 646.400 на неподвижности, а 368.000 на машини.

Треба да се одбележи фактот дека во оваа индустрија преовладувале инвестициите во неподвижности /плац, згради/ над тие во машини. Оваа положба е сосем логична и разбирлива, бидејќи технолошкиот процес на оваа индустрија не бил механизиран, туку само основните фази биле полумеханизирани /мешањето на земјата, сечењето на тули и пресирањето на керамиди/, а останатите се состоеле во рачно производство. Оттука произлегува дека оваа дејност располагала со мал број машини, кои не баралe големи инвестиции. На спроти тоа пак ринг-печките, оџаците и зградите, кои биле новосозидани и од тврд материјал, биле свр-зани со поголеми инвестиции.

Индустријата на градежен материјал е изградена од домашен - југословенски капитал. Од вкупно 12.174.000 динари

инвестирано во оваа индустрија, на македонски капитал отпаѓало 6.852.000 односно 56,2%, а на српски 5.322.000 динари, односно 43,8. Големото учество на српскиот капитал се должи на фактот, што во оваа индустрија биле занитересирани лесковачките капиталисти-тулари, како ортаци. Лесковачкиот капитал се вовлекол во оваа индустрија поради тоа што во Македонија се осеќал недостиг од капитал, од една и од друга страна што домашните тулари, па и трговците со градежен материјал, немале искуство и организациони способности за водење на индустрија, како што го имале лесковачките капиталисти-тулари.

б/ К а п а ц и т е т и и и н с т а л и р а н а п о г о н с к а с и л а

Иако индустријата на градежен материјал била застапена со 12 индустриски претпријатија, сепак таа не била достатачно развиена. Со исклучок на туларството и обработката на керамиди, останатите подгранки како производство на вар, на разни производи од цемент, каменоломи и друго не биле воопшто развиени како индустрија. Претпријатијата за производство на тули и керамиди биле бројчано доста застапени, но затоа претставувале ситни капацитети кои произведувале претежно за локалните потреби. Дневните капацитети на претпријатијата за тули и керамиди изнесувале како што следува:

Назив на претпријатието	Дневен производен капацитет во една смена		
	Тули	Керамиди	% на користувањето на капацитетот
Електрична керамидница "Вардар", Куманиово	6.000	4.000	80
Претпријатие за керамиди и тули "Вардар", Гостивар		5.000	90
Фабрика за тули и керамиди "Рекорд", Струга	2.000	3.000	90
Фабрика за тули и керамиди "Брегалница",с.Кучичино,Штипско	2.000	4.000	100
Фабрика за керамиди и тули "Полет" с.Драчево, Скопско	6.000	6.000	80
Керамидница "Бон Марше",Т.Велес	500	2.500	80
Претпријатие за тули, Виница	2.000	-	100
Ф-ка за тули и керамиди "Слон",Скопје	3.000	3.000	80
Ф-ка за тули и керамиди "Југ",Скопје	4.000	3.500	80
Ф-ка за тули "Рекорд",с.Мацари - Скопско	6.000	-	80
Ф-ка за тули и керамиди "Вардар", Скопје	6.000	-	80

Бидејќи во претпријатијата за изработка на тули и керамиди, а особено во туланите, преовладувало рачното производство /80% од производниот капацитет било рачно производство/, тоа горе наведените капацитети не биле фиксирани туку варирале спрема запослената работна рака, односно од можностите на пласманот. Покрај тоа, како што се гледа од горното капацитетите не се користувале стопроцентно. Среднотo искористување на капацитетот во оваа гранка изнесувало околу 85%. Неискористувањето на капацитетите произлегувало од фактот што градежната делатност на НР Македонија била слабо развиена и што куповната моќ на населението, особено на селското било така слаба што при градењето селаните користувале, главно, камен и керпич што сами ги произведувале. Керамидите се сметале како луксуз кои само поботатите слоеви на селското население можеле да си го дозволат.

Туларско-керамидниот уред, бил набавуван на ново или на старо во Југославија. Но поодделни машини, кои не можеле да се изработуваат во Југославија, се набавувале во странство, обично во Австрија, Германија и Унгарија.

Од вкупно 11 претпријатија за производство на тули и керамиди 5 биле снабдени со нова опрема, а во другите опремата била набавена на старо во Југославија.

Погонот на претпријатијата се движел, главно, на електрична струја. Имало претпријатија чии погон бил на парна машина и саугас-мотори. Вкупниот вграден погон изнесувал 267 кс јачина. При најголем број претпријатија се движел на електрична струја /211 кс/, на парни машини /31 кс/, на саугас мотор /25 кс/. Покрај тоа, три претпријатија /"Слон" во Скопје, "Вардар" во Гостивар и "Бон Марше" во Титов Велес/, располагале со парни машини од вкупно 90 кс јачина, кои првобитно служеле за погон, а со преориентирањето на електрична енергија, ги задржале како резерви. За разлика од другите гранки, индустријата за градежен материјал скоро целата се движела на електрична енергија, поради фактот што оваа гранка се изградувала во периодот /1938/ кога хидроелектричната централа на "Треска" беше пуштена во погон, и цената на електрична струја за индустриски цели претрпе осетно намалување, така што многу од постоечките претпријатија во Скопскиот басен се преориентирале на електрична струја. Новоизградените пак погони се проектирале исклучиво на електрична струја.

Од вкупно инсталирани 267 кс просечно на едно претпријатие отпаѓало по 22,2 кс, а на еден запослен работник 1,5 кс. Производниот капацитет и просечната инсталирана сила на едно претпријатие односно на еден запослен покажуваат дека индустријата на градежен материјал во НР Македонија претставувала ситни капацитети каде што преовладувал занаетчиски карактер на производството.

в/ Р а б о т н а с и л а

Во индустријата на градежен материјал во текот на 1940 година просечно биле запослени 411 работници и службеници. Бидејќи оваа индустрија имала повеќе сезонски карактер, бројот на запослената работна рака во летната сезона скоро се удвостручувал. Оваа гранка од преработувачката индустрија по бројот на вработените работници заземала трето место и доаѓала по прехранбената и тутуновата индустрија /3,8% од вкупниот број на вработените работници во индустријата/. Тоа се должи во прв ред на производниот процес кој бил слабо механизиран /80% од фазите на производството се вршеле рачно/.

Кога беше збор за бавниот развиток на оваа индустрија, меѓу другото споменавме дека на развојот негативно влијаел и недостигот од стручна работна рака. Овој проблем ѝ задавал голема тешкотија на оваа индустрија. Но, лесковачките капиталисти, кои зеле активно учество во основањето на претпријатијата за изработка на тули и керамиди едновремено ги обезбедувале истите и со стручен кадар, бидејќи Србија во тулари-печатари преставува главен извор на стручна работна сила. Спрема тоа, голем дел од вработените работници во оваа индустрија потекнувале од Србија и тоа јужно од Лесковец. Од вкупно 395 вработени работници /без административен персонал/ од Србија имало вработено околу 160 работници, односно 40,5%. Најмногу вработени работници биле од Црна Трава, Пирот, Врање, Лесковец и др.

Спрема стручноста вработениот персонал во 1939 година бил распределен како што следува:

	Работници и службеници		%
Квалификувани работници	66	или	16,1
Полуквалификувани работници	89	"	21,6
Неквалификувани работници	240	"	58,4
Административен персонал	16	"	3,9
Вкупно:	411	или	100,0

Од горе изложените бројки може да се констатира дека 58,4% од вкупниот број на запослените работници отпаѓа на неквалификувана работна рака што е и сосем разбирливо, бидејќи природата на работата го диктирала тоа: кубицирање на земјата, пренос на земјата, сушење на производите, редење во рингови, празнење на рингови и др., сите овие фази се вршеле рачно од страна на неквалификувани работници.

Бројот на запосленият административен персонал во однос на вкупната запослена работна рака изнесувал само 3,9%, односно на секое претпријатие доаѓало по 1,3 службеници. Овој процент на учество на административниот персонал одговара приближително на останатите гранки и резултира од истите фактори кои сме ги веќе констатирале за поголем број индустриски гранки.

Ако фрлиме поглед на големината на претпријатијата спрема запослените работници, ќе установиме дека 6 претпријатија запослувале до 30 работници, 5 до 60 работници, а само едно до 100 работници. Просечно на едно претпријатие отпаѓало 34,3 работници, се разбира, при пресметувањето се земал годишен просек. Во летната сезона, како што споменавме, бројот на запослените работници осетно се зголемувал, така што просечно достигнувал над 50 работници. Спрема тоа оваа гранка на дејноста спаѓала меѓу гранките кој ангажирале голем број сезонски работници.

Според тоа, гроото на работниците не бил постојанен туку варирал. Во време на сезоната тој се зголемувал, а во мртвата сезона се намалувал на минимум. Со настапувањето на студените, дожливи и влажни денови, престанувало секое производство, а работниците се отпуштале. Се задржувале само најнужните квалификувани работници.

Работните услови биле многу тешки. Се работело на

акорд без определено работно време. Акордниот систем дозволувал работење преку цел ден - печалбарски. Најубаво ја окарактеризирало експлоатацијата на работниците едно од анкетираните лица со следните зборови: "кога ме прашуваш за работно време, што да ти кажам, се работело од излез до залез на сонцето и нешто по месечината", што значи дека работното време изнесувало 14-17 саати дневно. Експлоатацијата била немилосрдна. Акордниот систем овозможувал контрола на квалитетот на производите. Во случај на лош квалитет, од работникот се задржувало од надниците. Обично се одбивало околу 10% од платата. Бидејќи се работело по групи, одбитокот не се однесувал на еден работник, туку на целата група. Одбивањето од платите била честа појава и овозможувала уште повеќе зголемување на профитот.

Како што е познато, работниците од туларо-керамидната струка имаат постојано место на боравење, а се запослуваат преку летото во други места при разни претпријатија. Сезонскиот карактер на работата и долгото работно време обусловувало на работниците да им се обезбеди стан и евентуално храна. Така секое претпријатие во кругот на фабриката имало соградено станови, односно бараки како и мензи во кои живееле и се хранеле работниците. Во овие бараки хигиенските услови на животот на работниците биле под секоја норма, а не се преземале мерки да се поправи оваа положба.

г/ П р о и з в о д с т в о и п л а с м а н

Индустријата на градежен материјал во Македонија како што веќе спомнавме, била ограничена само на производството на тули, керамиди и во незнатни количества на камени коцки за калдрмисување на улиците.

Производството на индустријата на градежен материјал по поодделни претпријатија во 1940 година во натурални и вредносни показатели изгледала вака:

Претпријатија	Производство во парчиња			
	Тули	Керамиди	Кам.коцки	Вредност
Електрична керамидница "Вардар" - Куманово	500.000	300.000	-	425.000
Претпријатие за керамиди и тули "Вардар"- Гостивар	-	500.000	-	500.000
Фабрика за тули и керамиди "Рекорд"-Струга	500.000	1.800.000	-	1.295.000
Фабрика за тули и керамиди "Брегалница" - с.Кучичино	500.000	200.000	-	325.000
Фабрика за керамиди и тули "Полет"-с.Драчево	1.000.000	500.000	-	750.000
Керамидница "Бон Марше" - Т.Велес	80.000	400.000	-	420.000
Фабрика за тули и керамиди "Слон"-Скопје	1.000.000	800.000	-	1.050.000
Претпријатие за тули - Виница	500.000	-	-	125.000
Фабрика за тули и керамиди "Југ"- Скопје	1.000.000	800.000	-	1.050.000
Фабрика за тули "Рекорд" с.Мацари	1.500.000	-	-	375.000
Фабрика за тули и керамиди "Вардар" - Скопје	1.000.000	650.000	-	900.000
Каменолом на базалт, Младо Нагоричане	-	-	3.000.000	3.000.000
Вкупно:	7.580.000	5.650.000	3.000.000	10.755.000

Освен горните производи, фабриките за тули и керамиди "Слон" и "Југ" во Скопје произведувале и капаци, а каменоломот во Куманово ивичници и блокови, но во мали и незнатни количества.

Вкупното проивводство на тули /полска и машинска изработка/ во предвоениот период во Македонија, спрема изказите на анкетираните, изнесувало околу 20-25.000.000 парчиња годишно; бројот на тули изработени во индустриските тулани изнесувало 7.570.000, што значи дека околу 2/3 од производството отпа-

ѓало на рачна изработка. Бидејќи индустриската тула, поради подобриот квалитет била поскапа за 15-20% од примитивно изработените тули, полските тулани успешно ги конкурирале индустриските. Поради тоа тенденцијата на секое претпријатие била да го зголеми производството на керамиди за сметка на тулите, бидејќи пласманот на првите бил многу полесен и се реализирале многу поголеми профити. Керамидите, како што е познато, се изработуваат машински, така што конкуренцијата била - овозможена само меѓу индустриските претпријатија. Во таа конкурентска борба македонските керамидници успеале да ги истиснат од пазарот керамидниците од Србија и Војводина, кои сé до изградувањето на нашата керамидна индустрија биле единствени лиферанти на нашиот пазар и имале монополска положба.

За да се истиснат керамидниците од Србија и Војводина од македонскиот пазар во многу придонесле и превозните трошоци. Иако сопствениците на фабриките од северните краеви успеале да издејствуваат големи повластици, сепак продажната цена на нивните керамиди се оптоварувала со превозот, додека домашните претпријатија бидејќи произведувале, главно, за потребите на својата блиска околија, продажните цени биле многу пониски.

Произведените тули и керамиди обично се пласирале во местата на седиштата на претпријатијата и нивните околии. Но, поодделни претпријатија, особено тие што произведувале керамиди, се појавувале и пласирале во поодалечени околии и дури ги минувале границите на Македонија. Така на пример фабриката за тули и керамиди "Рекорд", Струга ги пласирала своите производи во следните околии:Реесенска, Кичевска, Гостиварска и Тетовска; керамидницата "Бон Марше", Т.Велес ги продавала своите керамиди во Прилепска, Битолска, Кавадарска и Штипска; претпријатието за тули и керамиди во Кучичино ги снабдувало: Кратовската,Штипската, Овчеполската, Кочанска и Беровската околија; фабриката "Слон" во Скопје и фабриката во Мачари, Скопско, се појавувале со успех на пазарите во Косово и Метохија.

Производството се ориентирало спрема побарувачката. Бидејќи претпријатијата морале да се припремаат и да го определат производството пред започнувањето на градежната сезона, сопствениците се интересирале какви објекти ќе се градат, обично

склучувале договори со заинтересираните и на основа на овие договори го пласирале производството и ја обезбедувале реализацијата.

Продажбата се вршела за готово и била така организирана што претпријатијата директно вршеле испорака на корисниците, без посредување на трговијата, со мали исклучоци на оние претпријатија чии сопственици имале трговија со градежен материјал.

Бидејќи индустријата на градежен материјал била лоцирана во непосредна близост на суровинската база на терени кои располагале со квалитетна земја, снабдувањето со суровини не претставувало никаков проблем. Потребната земја за изработка на тули и керамиди се добивала на два начина: или претпријатијата располагале со сопствени терени од кои се снабдувале со земја или закупувале такви кои се наоѓале во непосредна близост на претпријатијата; за земјата плаќале 0,50 - 1 динар по 1 $м^2$, што всушност не претставувало за капиталистот голем издаток, бидејќи имале право да идат со копањето во длабочина додека земјата квалитетно одговарала за изработка на тули и керамиди. Во предвоениот период со најквалитетна земја располагала Струшката околија, каде што беше лоцирана фабриката "Рекорд". Благодарејќи на таа околност, производите на фабриката биле одлични и се сравнувале со најреномираните фабрики во Кикинда. Од помошни материјали единствена тешкотија претставувал јагленот за печење на тули и керамиди. Бидејќи Македонија оскудува со јаглен, истиот морал да се набавува од северните подрачја. Главно, јагленот се набавувал од Србија /Алексинац/ и Косово /Обилиќ/. Спрема тоа производните трошоци се зголемувале за превозот на јагленот, но во сравнение со приходите од реализацијата на готовите производи, овие биле минимални.

§7. МЕТАЛНА ИНДУСТРИЈА

Металната индустрија на територијата на денешна НР Македонија се појавила многу касно, дури кон крајот на првата деценија на XX век. Како прво метално индустриско претпријатие би можело да се смета фабриката за изработка на метални произ-

води на Тодор Папатеодоси, основана во 1910 година во Скопје. Во тоа време оваа фабрика било единствено претпријатие кое успеало да набави машини во Германија, истите да ги монтира и да отпочне со машинско производство на потковици. Сé до тогаш, метало-преработувачката делатност во Македонија се вршела на занаетчиски начин.

Поточно металната индустрија, почнала во периодот меѓу двете светски војни, поправо по светската економска криза 1929-1933 година кога во 1936 и 1938 година се изградиле во Скопје две модерни метални фабрики на Браќата Галиќ. И во оваа гранка, како и во другите гранки во индустријата иницијативата за градењето на металната индустрија кај нас се должи на трговскиот капитал. Идејата за оваа индустрија се појавила кај капиталистите кои тргувале со железарски стоки. Од оваа констатација се исклучува само едно претпријатие /работилницата на Милан Шобота во Скопје/, чиј сопственик бил метало-браварски работник и како таков основал занаетчиска работилница, која покасно нараснала во индустриско претпријатие.

Метало-браварскиот занает во Македонија бил релативно развиен, но истиот имал повеќе услужен карактер. Метало-браварските занаетчиски претпријатија не можеле да нарастат во индустриски, каков што бил случајот со голем број претпријатија од другите подрачја, главно, поради следните разлози: недостиг од капитал, големата конкуренција од крупните индустриски претпријатија во земјата и странство и слабите организациони способности на занаетчиите како резултат на нивното слабо деловно искуство.

Металната индустрија на Македонија во предвоениот период се карактеризира со производството на артикли од широка потрошувачка. Бидејќи Македонија имала изразито аграрен карактер, металната индустрија, главно, се ориентирала кон производството на земјоделски алат и справи, а покрај тоа таа произведувала и разни ситни железарски артикли за потребите на градежништвото и занаетчиството.

Оваа индустриска делатност слабо се развивала и имала повеќе локален карактер. Во својот развиток, оваа гранка не можела да заземе поширок размери, како во однос на бројот на претпријатијата, така и во однос на обемот на производството и богатството на асортиманот.

Слабиот и бавниот развиток на металната индустрија се должи на низа историско-политички и економски фактори. Да споменеме само неколку: наследените од турската империја феудални односи, натуралниот карактер на ситно селските домаќинства, слабата куповна моќ на населението, недостиг од капитали, липса на квалификувана работна рака, големата конкуренција на индустриски поразвиените покраини, како и конкуренцијата на странската индустрија.

1/ Поодделни претпријатија на металната индустрија

На територијата на денешна НР Македонија во периодот меѓу двете светски војни суштествувале и функционирале следните метало-преработувачки индустриски претпријатија.

/1/ Индустриско претпријатие за изработка на железни и плехани предмети на Тодор, Кика и Ѓеорѓи Папатеодоси - Скопје

Ова метало-преработувачко индустриско претпријатие е основано во Скопје 1910 година од скопскиот трговец Тодор Папатеодоси. За основање на ова претпријатие условила големата побарувачка на потковици. Во тоа време се осекала голема потреба од овој артикал, бидејќи говедата, а особено коњите претставувале многу важно товарно и запрежно средство.

Првобитните машини основателот ги набавил во Германија и производството било ограничено само на потковици. Сé до тогаш потковиците, главно, се произведувале примитивно без машини и рачно од многубројни ковачи - налбати. Претпријатието постепено се проширувало и го зголемувало производството и асортиманот, така во 1925 година нараснало во солидно и единствено индустриско претпријатие преориентирајќи го погонот од саугас мотор /15 кс/ на електрична струја за која цел инсталирало 2 електромотора од околу 28 кс. Исто така бројот на работната рака се зголемил од 25 на 40 работници.

Претпријатието располагало во 1940 година со следните машини: 1 голем дребанг, 1 автоматски бандзеге, 6 точила,

9 ексцентер преси, 1 мал дребанг, 2 шепингмашини, 8 бор машини, 3 федер хамери, 1 округли ножици, 1 прави ножици, 1 фрикциона преса, 1 специјален вентилатор за печките за ливење, 1 фрез машина, 1 револвер струк, 1 барабан за гланцање, 1 специјална автоматска машина за производство на бодликава жица и 1 електрична пумпа за вода.

Горните машини се движеле преку трансмисија од 4 трофазни електромотори од вкупно 73 кс.

Високите цени на суровините, /поради оддалеченоста на претпријатијата од металургиските центри во земјата и странство/, големата конкуренција и ограниченоста на пазарот, оневозможувале користење на полниот капацитет.

Претпријатието запослувало просечно годишно 50-60 работници и службеници.

/2/ Моторна браварска работилница на Милан Шобота - Скопје

Милан Шобота, метало-браварски работник, родум од Шабац, по Првата светска војна се населува во Скопје и како долгогодишен стручњак, работејќи во разни претпријатија во Србија и во последно време како мајстор-специјалист во фабриката на Папатеодоси основал во 1921 година во Скопје машинска работилница. Во 1930 година добил на лоз 100.000 динари, кои му овозможиле својата работилница да ја реорганизира и да ја модернизира. Со таа цел купил плац во непосредна близина на претпријатието "Треска", набавил нови машини во Германија, а некои во Југославија и организирал метало-преработувачко индустриско претпријатие. Претпријатието располагало со следните одделенија и машини:

1/ Машинско одделение - во ова биле сместени следните машини: 5 дребанга, 3 бор машини, 1 точило, 1 шенинг машина, 1 ексцентер преса и разни рачни машини, 1 валц машина, 1 швајс апарат и ножици за плех.

2/ Ковачко одделение- во ова биле инсталирани следните машини: 1 шмиргшајбна точило, 1 ексцентер преса и 1 барабан за полирање и 1 огниште со вентилатор.

3/ Ливница - која располагала со 1 голема и 2 мали печки, како и со 2 сушилници.

Во претпријатието биле инсталирани 2 трофазни електро-мотора од вкупно 17 кс кои ги движеле машините преку трансмисија и 1 електромотор од 0,75 кс за огништето со вентилатор.

Претпријатието до 1937 година запослувало 7 работници, во 1938 година, персоналот се зголемува на 12 работници, а во 1940 година достигнало до 30 работници.

/3/ Индустриско претпријатие за преработка на железо и метал "Вардар" - Скопје

Претпријатието е основано во 1936 година во Скопје, во месноста Керамидница од Браќата Милан, Марко, Лазар и Бранко Галиќ, кои по Првата светска војна се населуваат од Урошевац во Скопје и се посветуваат на трговија со железарски струки.

Повод за инвестирање на еден дел од акумулираниот трговски капитал во индустријата им дала големата конкуренција од страна на разни фирми со железни стоки, а особено фирмата на Тодор Папатеодоси, чија фабрика произведувала артикли многу поефтини отколку Браќата Галиќи можеле да ги набавуваат во другите југословенски фабрики.

Претпријатието располагало со следните машини: 3 дребанка, 1 фрез машина, 2 шепинг машини, 9 ексцентар преси разна големина, 4 бор машини, 2 револвер стругa, 2 точила, 2 автоматски ножици, 1 гевинт машина, 1 автомат за ментеши, 1 шмиргајбна 1 мутер автомат, 1 автомат за шрафови, 1 автомат за сечење гевинти, 1 мала фрикциона преса, 2 федер-камера, 1 автоматска ножица, 1 луфтхамер со сопствен електромотор.

Горенаведените машини биле инсталирани во една сала преку трансмисија ги движеле електромотори од разна големина со вкупно 59 кс јачина.

Машините биле купени на старо во Австрија и Германија.

Во претпријатието имало запослено 41 работник и службеник.

/4/ Ливница и преработка на железо и метали
"Пирит" - Скопје

Крсто и Владо Галиќ, кои имале трговија со железарски стоки на големо во Скопје, од исти конкурентски разлози како и нивните браќа, две години покасно, во 1938 година основале во Скопје во непосредна близина на фабриката "Вардар" сопствена леарница и фабрика за преработка на железо и метали.

Претпријатието ги имало следните одделенија и машини:

1/ Леарница - во која биле инсталирани: 1 вентилатор за огништата и печките за лиење и 1 вентилатор за двете тигел печки.

2/ Ковачница - во која биле монтирани: 1 федер хамер, 1 шмиргл машина, 1 луфт хамер, мало подвижно огниште со електричен вентилатор,

3/ Машинско одделение - во ова биле инсталирани: 2 хобел машини, 2 бор машини, 1 точило, 2 ексцентар преси, 1 полир машина, 1 радиална бор машина, 1 специјална машина за сечење плех, 1 шепинг машина, 1 фрез машина, 1 циркулар машина, 1 голем дребанг, 1 револвер струг, 1 обичен струг.

4/ Одделение за полирање - во кое било инсталирано: 1 барабан за чистење, 2 шмиргл машина, 1 машина за мелење на земја.

Гореспоменатите машини ги движеле трофазни електрични мотори со разна големина од вкупно 60 кс јачина.

Машините биле купени делум на ново, а делум на старо. Потеклото на машините било германско.

При нормални услови, претпријатието запослувало 40 работници и службеници.

2. Положба и анализа на металната индустрија

Во метало-преработувачката индустриска дејност во периодот меѓу двете светски војни во Македонија суштествувале и функционирале само 4 метало-преработувачки индустриски претпријатија, односно 3,6% од вкупниот број на индустриските и ру-

дарските претпријатија. Според тоа оваа гранка на дејноста по бројот на претпријатата доаѓала на осмо место, односно пред кожната и дрвната индустрија. Металната индустрија, не само што била бројно слабо застапена, туку таа се развивала со мошне бавно темпо. Од основањето на првото метало-преработувачко претпријатие на Папатеодоси во 1910 година, требало да поминат единаесет години за да се основа второто метало-преработувачко претпријатие на Милан Шобота во 1921 година кое имало сé до 1930 година претежно занаетчиски карактер. Останатите две претпријатија се основаат дури во 1936 година, односно 1938 година, што значи дека една пауза од 15, односно 18 години. Спрема тоа, оваа дејност почнала да се развива дури во втората половина на предвоениот период.

Спрема сопственоста, со исклучок на претпријатието на Милан Шобота, кое било инокосно, сите други претставувале јавен ортаклак. За разлика од ортачките претпријатија, во другите гранки на индустријата, каде што се здружувале повеќе индивидуални ситни капитали, изградбата на метало-преработувачките претпријатија се вршеле од поединечни фирми. Со други зборови, метало-преработувачките претпријатија припаѓале на поодделни трговски фирми кои имале ортачки карактер.

Сите претпријатија биле лоцирани во Скопје. Сосредоточеноста на металната индустрија во Скопје била обусловена од тоа што Скопје како сообраќаен и стопански центар овозможувал побрз довоз на суровини /железо, челик и др./, поголем избор на работна сила, а особено на квалификувана работна рака и полесна реализација на готовите производи.

а/ И н в е с т и р а н к а п и т а л

Инвестираниот капитал во металната индустрија во Македонија помеѓу двете светски војни изнесувал 7.500.000 динари или 1,5% од вкупните инвестиции во индустријата и рударството. Во однос на другите индустриски гранки, инвестирањето во металната индустрија слабо се вршело.

Слабото инвестирање во металната индустрија, покрај досега споменатите фактори, се должело и на фактот, што трговскиот капитал, кој главно, покажувал интерес за индустријата,

се вложувал обично и редовно во оние гранки на индустријата кои биле поблиски на трговскиот сталеж /текстилната, прехрамбена индустрија/. Бидејќи трговијата со железарски стоки на големо била сведена на мал број трговци /4 - 5 фирми/, а другите трговски бранши не покажувале интерес за металната индустрија, тоа инвестирање во оваа гранка на индустријата било ограничено само на фирмите кои тргувале со железарски стоки на големо. Меѓутоа, бидејќи овие фирми, во првите повоени години не биле во состојба да одвојат дел од својот трговски капитал и да ги инвестираат во индустријата, затоа што трговијата со железарски стоки барала големи капитали, а и металната индустрија била тесно поврзана со замашни инвестиции, метало-преработувачката делатност се развивала слабо и со бавен темпо.

Преливањето на трговскиот капитал во металната индустрија настанува 3-4 години пред Втората светска војна, кога двете трговски фирми со железарски стоки на Браќата Галиќ инвестирале во индустријата дел од својот веќе акумулиран трговски капитал, изградувајќи две индустриски претпријатија за преработка на железо и метал. При тоа не треба да се заборави и фактот, дека на ова преливање диктирала и конкуренцијата со железарски стоки. Споменатите железарски фирми, под притисокот на конкуренцијата, ги вложувале своите капитали во металната индустрија со цел да се одржат и обезбедат понатака големи профити.

Странскиот капитал, пак, држејќи ја металургијата и голем број крупни метало-преработувачки претпријатија во северозападните краеви на стара Југославија, не покажувал никаков интерес за металната индустрија во Македонија. Слабиот интерес на странскиот капитал за оваа гранка во Македонија произлегува од ограниченият внатрешен македонски пазар со железарски и метални производи.

Спрема потеклото на капиталот, металната индустрија е изградена со домашен - југословенски капитал. Од 7.500.000 дин. инвестиран домашен југословенски капитал на македноски отпаѓало 4.500.000 динари, односно 60%, а на српски 3.000.000 динари, односно 40% од вкупниот вложен капитал во металната индустрија. Под српски капитал го сметаме инвестираниот капитал во претпријатието на Милан Шобота, и Браќата Галиќ.

Од вкупно инвестираниот капитал на неподвижности ...

/плац, згради/ отпаѓало 3.080.000 дин. а на инсталации и машини 4.410.000 динари.

Просечно на едно претпријатие отпаѓало 1.875.000 дин. инвестиции, односно 770.000 дин. неподвижености и 1.105.000 дин. инсталации и машини.

б/ И н с т а л и р а н а п о г о н с к а с и л а

Како и другите гранки на индустријата, така и металопреработувачката исцело не ги користела инсталираните капацитети. Користењето на капацитетите се движело меѓу 60-75% и било зависно од побарувачката на пазарот, т.е. од можностите на пласманот на произведените готови железо-метални производи. Иако од четирите претпријатија, 3 биле сопственост на капиталисти кои едновремено вршеле трговија на големо со железарски стоки и еден голем дел од целокупниот промет со овие стоки во Македонија минувал преку нивната трговија, сепак, нивните индустриски претпријатија не произведувале за лагер, туку производството се движело спрема количествата кои можеле да се апсорбираат од пазарот. Бидејќи капацитетот на внатрешниот пазар бил ограничен, а од друга страна не можеле да го прошират пласманот на пазарите на другите подрачја, поради конкуренцијата на претпријатијата со повисок органски состав на капиталот и високите транспортни трошоци, претпријатијата биле принудени производството да го прилагодуваат спрема апсорпционата моќ на внатрешниот пазар. Лагерувањето на производството се избегнувало поради тоа што барало големи обртни средства, со кои сопствениците на претпријатијата не располагале, а туѓите парични средства слабо ги користеле /високи камати, краткорочните кредити не одговарале на индустријата, а долгорочните тешко се отпуштале/.

Вкупната инсталирана можност на металната индустрија во 1940 година изнесувала 210 к.с. Сите претпријатија ја користеле електричната енергија што ја добивале од Градската електрична мрежа. Средно на едно претпријатие отпаѓало 52,5 к.с. што значи дека претпријатијата претставувале ситни капацитети.

Претпријатијата биле снабдени со потребни машини и апарати за изработка на ситни железни и метални стоки за задоволување на потребите на градежништвото, занаетчиството и земјодел-

ството. Голем дел на машинскиот парк бил дотрајан, иако од четирите претпријатија, двете биле проширени, а двете новоиз
Тоа резултирало од фактот што претпријатијата се снабдувале делум со стари машини. Намалената продуктивност на застарените машини се надокнадувала со запослувањето на голем број работници чии номинални надници биле многу пониски од тие во северно индустриските поразвиени подрачја.

в/ Работна сила

Вработената работна сила во металната индустрија во 1940 година изнесувала 162 работници и службеници, односно 1,5% од вкупниот број на ангажираната работна рака во индустријата и рударството. Во споредба со останатите гранки на индуструјата, по број на вработените работници, оваа гранка заземала шесто место, што значи дека доаѓала пред хемиската, графичката, дрвната и кожната индустрија. Просечно, на едно претпријатие отпаѓало по 40,5 работници и службеници. Како тогашниот просек на преработувачката индустрија, без рударството и тутуновата индустрија изнесувал на едно претпријатие 26 вработени работници и службеници, произлегува дека просекот на вработената работна рака во металната индустрија осетно го натфрлувала овој просек.

Големиот број на вработените работници во оваа гранка резултира од фактот што оваа гранка произведувала разновидни артикли со технолошки процес кој имал повеќе занаетчиски карактер.

Интересно е да се подвлече дека во оваа гранка имало вработено мал број странски работници и од други покраини. Од 162 вработени работници и службеници, само 4 отпаѓале на странци / 1 Чех, 1 Романец и 2 Мацари/ и 8, од другите краеви. Сите овие работници биле висококфалификувани и квалификувани. Слабата застапеност на странските работници во металната индустрија се должила, по наше мислење на фактот што оваа гранка започнала да се развива многу касно. За тоа време пак металскиот занает, како перспективен и релативно добро платен, успеал да привлече интерес кај младите работници, така што при основањето на новите и проширувањето на старите капацитети, веќе имаше оформен домашен кфалификуван стручен кадар во занаетчиството кој минаваше лесно

во индустријата. Оттука произлегува и констатацијата што во метало-преработувачка индустрија преовладувал занаетчиски карактер на организацијата, односно на производството. Впрочем, овој процес на преминување на работниците од занает во индустријата била редовна појава и во другите гранки. Дури во Србија и другите економски поразвиени подрачја се развил процес на прераснување на занаетчиските работилници во позитни индустриски претпријатија, во Македонија, главно, се одвивал процес на формирање на нови индустриски претпријатија, независно од постоечките занаетчиски работилници, во кои еден дел од занаетчискиот кадар, запослен во овие работилници, флуктуирал во индустријата. Ретки се случаите поодделни занаетчиски работилници да нараснуваат во индустриски претпријатија. За задоволувањето со домашен квалификуван и стручен кадар придонесол фактот, што металната индустрија располагала со мал број претпријатија, со ограничен број на работни места, така што пополнувањето на овие места со квалификувани работници не претставувало сериозен проблем.

Структурата на работната сила по категории на стручноста во металната индустрија во 1940 година изгледала како што следува:

Категории	Работници и службеници	%
квалификувани работници	52	32,1
полуквалификувани работници	59	36,4
некфалификувани работници	46	28,4
административен персонал	5	3,1
В к у п н о :	162	100,00

За разлика од другите гранки на индустријата, каде што неквалификуваната работна рака, главно, преовладувала над останатите категории, во металната индустрија, напротив, поради природата на самата работа, бројот на квалификуваните работници доминирал над неквалификуваните.

Административниот персонал бил слабо застапен. Во целокупната гранка имало вработено само 5 службеници, односно 3,1% од вкупниот вработен персонал. На прв поглед овој однос изгледа необичен и технички невозможен. Меѓутоа, кога ќе се земе во обзир дека сопствениците на претпријатија, со исклучок на Милан Шобота, биле сопственици на трговија со железарски стоки

на големо и дека целокупната набавно-продажна служба ја вршеле тие самите преку своите трговски дуќани, овој број на службеници одговарал за тогашните работни услови. Запослените службеници биле книговодители или благајници, т.е./техничка и административна работа; раководењето и управувањето на претпријатијата /набавно-продажната служба/ се вршеле од сопствениците. Обично еден од сопствениците се задолжувал и бил одговорен за работата на претпријатието, а останатите биле ангажирани со сопствената трговија.

Во металната индустрија осумчасовното работно време се спроведувало, благодарејќи на високата политичка и класна свест на металските работници /скоро сите работници биле синдикално поврзани и организирани и активно се бореле за реализирање на работните права/.

Номиналната надница на работниците во металната индустрија била релативно добра. Особено висококфалификуваните и квалификуваните мајстори биле добро платени, но затоа полуквалафикуваниот, а особено неквалификуваниот персонал бил подложен на немилосрдна експлоатација. Безобзирна експлоатација се вршела над чираците /учениците во стопанство/. Бројот на запослените чираци бил голем. Во оваа гранка имало запослено 30 чираци, што значи дека на едно претпријатие доаѓало по 7,5% чираци, односно на 5,2 работници доаѓало еден ученик, што не е случај во останатите гранки. Надниците на чираците изнесувале од 5-8 динари дневно. Меѓу овие чираци имало и такви кои заземале работно место на полуквалификувани работници /постари, кои не положиле калфински испит/, а чија надница не одговарала на работното место, односно на работниот учинок, што значи спроведувајќи ваков вид на експлоатација над работната сила сопствениците на претпријатијата реализирале големи профити и екстрапрофити.

г/ П р о и з в о д с т в о и п л а с м а н

Вкупното производство на металната индустрија во Македонија во 1940 година изнесувало околу 820 тони разни метални производи. Производството на поодделни претпријатија во натурални и финансиски показатели изнесувало:

Претпријатија	Производство Тони	динари
Индустриско претпријатие за изработка на железо и плехани предмети на Т.Папатеодоси - Скопје	400	3.200.000
Моторна браварска работилница на Милан Шобота - Скопје	70	560.000
Индустриско претпријатие "Вардар" Скопје	200	1.600.000
Леарница и преработка на железо и метали "Пирит" - Скопје	150	1.200.000
В к у п н о :	820	6.560.000

Производството на металната индустрија по претпријатија се состоела од следните асортимани:

Индустриското претпријатие за изработка на железни и плехани предмети на Т. Папатеодоси, Скопје, ги произведувало следните артикли: вршници, ралници, копачи, казми, пресувани лопати, потковици, колски оски, плугови, бодликава жица, децимални ваги, терезии, разен градежен оков и др.

Моторната браварска работилница на М.Шобота, Скопје произведувала: черчевиња, ментешиња, менгемиња, шасии за калапирање, канализационен и водоводен материјал, оски, разни видови железни кваки, масивни железни врати за разни градежни објекти /масивната железна врата на Народната банка, Скопје, портите на манастирот Дечани, изработени од специјален увозен материјал, вратите на арапската кука во Скопје, изработени од специјална смеса/.Покрај тоа претпријатието вршело и разни други услуги, како поправка на разни мотори, машини и др.

Индустриското претпријатие за преработка на железо и метал "Вардар", Скопје, произведувало, вршници, лопати, ашови, копачи, казми, ралници, подрумски брави, разни видови шајки, шрафови, мутери и др.

Леарница "Пирит", Скопје, произведувала разни артикли од лив: плотни, ринтли, разни ливови. Машинското и ковачкото одделение на оваа фабрика произведувало: пресувани лопати, ковани ашови, чекани, потковици, ралници, секири и др.

Готовите производи се пласирале, главно, на територијата на денешна НР Македонија. Но, исто така претпријатијата успеале да ги освојат и пазарите на соседните покраини Косово, Метохија, Србија јужно од Ниш, а фабрикатá на Пападеодоси продирала дури и во Босна. Во приближителни релативни цифри пласманот на произведените артикли по територии изнесувал во Македонија 70-80%, а во останатите споменати краеви 20-30%.

Продажбата се вршела преку трговијата на сопствениците и тоа за готово или на кредит. Кредитирањето се состоело во одобрување на едномесечни бескаматни стоковни кредити на трговијата на мало.

Бидејќи црната металургија во Македонија не била воопшто развиена, металопреработувачките претпријатија во однос на суровини биле упатени на оддалечени металуршки центри во Југославија и странство. Спрема тоа, металната индустрија во однос на суровини била зависна стопроцентно од увозот. Грото на суровини односно полуфабрикати се набавувале од другите подрачја. Од странство се увозувало само специјални видови челик /челични лимови, челик за алат и др./.

Снабдувањето со суровини претставувало големи тешкотии: прво, домашните југословенски суровини биле скапи а високите транспортни трошоци уште повеќе ја зголемувале нивната цена, така што конкурентската способност на нашите претпријатија била намалена. Што се однесувало , пак за суровините кои се набавувале во странство, нивниот увоз бил сврзан со комплицирани девизно-валутни формалности и високи царини.

§8. Д Р В Н А И Н Д У С Т Р И Ј А

Една од слабо развиените гранки на индустријата во Македонија, без сомнение била дрвната индустрија. За време на турската империја дрвото во Македонија се експлоатирало екстензивно, без никаков план и систем. Се експлоатирале, главно, шумите кои се наоѓале покрај комуникационите линии.

Експлоатацијата на дрвото се вршела со цел да се задоволат првенствено воените потреби, а потоа доаѓале потребите на населението.

Меѓу првите примитивни пилани, се споменуваат неколку во Беровско. Од нив некои продолжиле да функционираат и во периодот меѓу двете светски војни.

Положбата на дрвната индустрија во предвоениот период, со исклучок на индустриското претпријатие "Треска" - Скопје со ништо не се изменила. Вршени се обиди да се создаде механичко обработување на дрвото, но успесите биле незначителни.

Неразвиеноста на оваа гранка се должела, главно на слабиот шумски фонд со слаба дрвна маса за сечење, од една страна, и што не се располагало скоро со никакви комуникации, од друга /немало патишта, транспортни средства, шумските комплекси се оддалечени од железничката линија и др./. Поради тоа секоја организирана интензивна експлоатација, била условена со вложување на големи и долгорочни инвестиции. Со такви капитали не се располагало и доколку такви капитали се формирале по пат на акционерски друштва немале успех. Капиталистите со резервисаност гледале на ваква комбинација, бидејќи за повраќање на вложените капитали требало да се чека долго време и ризикот бил многу поголем отколку при влагањето во останатата преработувачка индустрија. Затоа се експлоатирале само периферискиге шумски терени за кои не биле нужни големи капитали. На шумските терени во Берово, Мориово, Кичевско, Мавровско имало примитивни планински пилани, така наречени "чаркови", односно "поточари" чии погон се движел на вода. Нивниот капацитет изнесувал 1-2 м^3 дневно и одвај ги задоволувал потребите на блиските локални пазари. Пиланите биле подигнувани во самата шума со цел сопствениците да ги избегнат инвестициите за правење патишта за дотур на трупци. Добиениот пилен материјал го пренесувале на пазар со коњи или евентуално со коли, доколку се разбира, за тоа имало шумски патишта.

Бидејќи овие пилани имале сезонски карактер /работеле само во есенските и пролетните месеци кога имало доста точно вода/ годишното производство на една пилана се движело околу 200 м^3 бичен материјал. Такви пилани имало 10-12 во Берово, 1 во с.Извор, Кичевско, 4-5 во Мориовско, 1 во с.Смоларе, Струмичко и 1 во с.Лаки, Кочанско. Исто така имало мал број ситни пилани со парен погон /пиланата на Браќата Трифунови во Мавровi Ханови со капацитет од 2-5 м^3 дневно и др./.

Поради тоа што механичката преработка на дрво била развиена во скромни и ограничени размери, произведениот пилен материјал не ги задоволувал ни најосновните потреби на населението. Дефицитарна во однос на резана граѓа, Македонија во предвоениот период била принудена голем дел од своите потреби да ги подмирува со увоз од останатите покраини: Космет, Босна, Србија, Хрватска и Словенија.

Единствено индустриско претпријатие од оваа гранка на индустријата претставувала технички опремената пилана "Треска" во Скопје. Другите производи од дрвната индустрија /градежна столарија, намештај и др./ имале занаетчиски карактер. Затоа на овоа претпријатие ќе се задржиме поопширно.

"Треска" А.Д.претпријатие за трговија и преработка на дрво - Скопје

Ова претпријатие е основано во 1922 година како акционерско друштво.[110]

Претпријатието било лоцирано во месноста Тафталиџе, покрај пругата Скопје-Косовска Митровица и поврзано со железничката линија со индустриски колосек. Закупеното земјиште изнесувало 64.000 м^2 од кое под згради имало 3.900 м^2, а дворот изнесувал 60.100 м^2.

Претпријатието располагало со комплетен уреѓај за механичка преработка на дрвото: 3 гатера за режење на обла граѓа; Топхамрам 55 см, пинкај рам 66 см, кирхнер рам 74 см, 1 шпалт гатер за тенка граѓа, 1 двоен цилкулар, 2 цилкулара, 1 пендесег за скратување на штици.

Освен горе споменатите поважни машини, Треска имала

110/ Според цитираниот регистар, Управниот и надзорниот одбор на Треска првите години при оснивањето се состоел од следните акционери:

Управен одбор: Чедо Павловиќ, инд.од Белград, Љуба Љубисављевиќ, инд.од Скопје, Риста Караџа, трговец од Скопје, Велко Миковиќ, трг.со градежен материјал од Белград, Илија Зечевиќ, трг. со градежен материјал од Белград, Здравко Тодоровиќ, адвокат од Белград и Миливоје Павловиќ.

Надзорен одбор: Томо Здравев, трг.од Скопје, Лазар Жарковиќ, од Косовска Митровица, Бошко Вучковиќ, инж.од Белград и Велиша Гошевиќ, адвокат од Белград.

уст**р**оена работилница во која биле монтирани 12 разни машини за изработка на дрвен амбалаж. Во рамките на претпријатието имало браварско-машинска работилница за одржавање на погонот и за евентуални поправки на машините во случај на расипување. Работилницата била комплетирана со нужен алат.

Претпријатието работело на парен погон, за која цел поседувало 1 парна локомобила од 150 кс и 1 електричен генератор од 81 кс.

Машините биле купени, главно, на старо и биле од германско потекло. Првобитно "Треска" отпочнала со работа со 1 гатер купен на старо во Скопје. Покасно во 1928 година набавила уште 1 нов гатер од Германија, а во 1940 година располагала веќе со 4 гатери.

При основањето, основниот акциски капитал изнесувал 3.000.000 динари поделен на акции на доносител, чија номинала изнесувала 500 динари. Акционерите биле по народност Македонци и Срби. Бидејќи претпријатието било младо, со недоволен капитал и слабо организирано, во 1925 година западнала во таква тешка финансиска положба што немало средства да ги исплати работниците. Своите финансии "Треска" ги санирала благодарејќи на финансиската помош од 2.000.000 динари пружена од двајца акционери. Оваа материјална помош го заздравила претпријатието и тоа отпочнало да се развива, зголемувајќи го од година на година обемот на работата.

При оснивањето 1922 година инвестициите изнесувале 1.855.750 динари, од кои на плац, згради, магацин отпаѓало 1.333.350 а на машини, мотори и алат 522.400 динари.[111] Покасно, како што спомнавме, освен овие инвестиции, претпријатието располагало и со сопствени и туѓи обртни средства во износ од преку 3.000.000 динари. Претпријатието било финансирано од Народната банка - филијала Скопје и Индустриската кредитна банка А.Д.Белград.

Во 1940 година вредноста на инвестициите, спрема извршената анкета, изнесувале 3.000.000 динари. Од оваа сума било распоредено како што следува:

Плац - згради	1.260.000 дин.
Машини	1.740.000 "
Вкупно:	3.000.000 дин.

111/ Цит.регистар

Тоа значи дека претпријатието во текот на работата го проширувало својот машински парк. Се разбира при тоа обртниот капитал постојано се зголемувал, така што во 1940 година достигнал околу 6.000.000 динари.

При основањето на претпријатието "Треска" зеле учество во капиталот Срби и Македонци. Со запаѓањето на "Треска" во 1925 година во тешка финансиска ситуација, голем број македонски акционери ги продале своите акции на Срби, така што последните години пред Втората светска војна мајоритетот на акциите биле во рацете на Срби и може со сигурност да се каже дека преку 90% од вложениот капитал припаѓал на Срби.

Годишниот производен капацитет на "Треска" изнесувал во една смена 12.000 м^3, во две смени 24.000 м^3, а во три смени 33.000 м^3 резана граѓа. Притоа, за добивање на 12.000 м^3 резана граѓа требало да се преработи 19.672 м^3 обловина, односно рандеман на резана граѓа изнесувал 61%.

Производството по години изнесувало како што следува:

Годишен производен капацитет во една смена во м^3

Периоди	Обловина	Резана граѓа
1922-1927	8.197	5.000
1927-1932	11.475	7.000
1932-1937	14.756	9.000
1937-1938	16.393	10.000
1938-1940	19.672	12.000

Годишното производство во првитр години било скромно, но затоа од година на година константно растело така што во периодот 1938-1940 година достигнал 12.000 м^3 резана граѓа, односно 100% исползување на капацитетот при една смена.

Ограниченото производство и слабото ползување на капацитетите до периодот 1938-1940 година настанало како последица на многу фактори: недостиг од обртен капитал и стручна работна рака; тешкотии околу редовната и рамномерната набавка на суровина /обловина/, како и тешкиот пласман на пилениот материјал; лоша комерцијална организација и др. Сите овие фактори, не само што во првите години делувало негативно на производството и

исползувањето на полниот капацитет, туку лошо се одразувале на рентабилитетот на претпријатието. Со постепеното отстранување на гореспоменатите тешкотии, претпријатието успеало да го зголемува својот капацитет и со тоа раснел рентабилитетот.

Од основањето на "Треска" во 1922 година па се до 1938 година претпријатието преработувало чамова обловина /јелка и смрека/ од обловината се добивал следниот резан граѓевински материјал во сите димензии: стругани гредѝ, летвѝ, штици за под, штафли и нутифедери.

Во 1938 година, сопствениците ја прошириле својата дејатност основајќи во рамките на претпријатието работилница за за дрвен амбалаж во која едновремено се изработувале веалки и сандаци за пчели. За изработка на споменатите артикли, работилницата ползувала отпадоците од стругарата.

Целокупното производство се пласирало во прв ред во Македонија, а само еден мал дел во Србија/5-10%/. Пред самата Втора светска војна, претпријатието успеало да извезе во Англија извесно количество резана граѓа, но имало јака конкуренција. Цената на резаниот материјал на внатрешниот пазар се движела од 280-900 динари кубик, што зависело од димензиите и квалитетот на обработката. Со суровини /чамова обловина/ претпријатието се снабдувало од шумските терени во Ржајските Планини - Црна Гора и од Ибарската Долина - Рашка. По реката Ибар, со сплаварење, трупците се дотурувале до Косовска Митровица од каде што се транспортирале со железница до Скопје. На овие терени "Треска" имала закупено шумски комплекси, а едновремено ги ползувала приватните и државните шуми на тие терени. Цената на чамовата обловина во 1939 година изнесувала од 350-450 динари по $м^3$ франко - Скопје.

Последните неколку години пред Втората светска војна претпријатието се снабдувало со суровини /обловина/ и од Босна и Словенија. Суровини од македонските шуми се ползувале многу малку.

Како што се гледа од изложеното, претпријатието било лоцирано далеку од суровинската база и поради тоа имало тешкотии околу снабдувањето со суровини. Потешкотиите се состоеле во следното: тешко можело да се мобилизираат работници за експлоатација на закупените терени, непознавањето теренитe ја пречело

правилната сеча, лошата организација при дотурот и транспортот на облата граѓа, материјал и др. За совладувањето на овие тешкотии на претпријатието му било потребно неколку години.

Дури 1927 година претпријатието успеало голем дел од овие тешкотии да ги преброди. На основа стеченото искуство се нормализирала експлоатацијата, а особено се проучил водостојот на реката Ибар и се установил во кој временски период водостојот дозволувал префрлување на што поголемо количество обла граѓа. Но токму кога ситуацијата се нормализирала и претпријатието започнало да ги покажува првите успеси, настапила светската економска криза, која осетно го погодила. За да се противстави на кризата, "Треска" била приморана да го намали производството, а со тоа се намалила запослената работна рака. Реализацијата на готовиот пилен материјал се обезбедувал по пат на продажба на кредит без да имало претпријатието предимство да поставува услови. Само благодарејќи на расположивите сопствени обртни средства, "Треска" успеала да се одржи во периодот на оваа криза.

Запослената работна рака во претпријатието "Треска" се движела спрема развојот на неговата дејност. При основањето во 1922 година просечно годишно имало запослено 50 работници, од кои 25 биле запослени во пиланата, а 25 на плацот и другите помошни служби. Од вкупната запослена работна рака на квалификувани работници отпаѓало 8, на техничкиот персонал 5, а останатите биле полуквалификувани и неквалификувани работници.

Бидејќи во тоа време во Македонија се чувствувала голема липса од квалификувана работна рака, сé до 1928 година запослените квалификувани работници биле од Србија, додека полуквалификуваните и неквалификуваните биле од Македонија и тоа, главно, од околните села. Како административен персонал биле вработени 6 службеници.

Во 1928 година просечниот запослен број на работници се зголемил на околу 80 души, но следната 1929 година поради светската економска криза се намалил на 60 работници, а во 1932 година го достигнал бројот од 1928 година. Овој просек од 80 вработени работници останал се до објавувањето на војната.

Структурата на работната рака на претпријатието "Треска" во 1940 година изгледа како што следува:

Категории	Работници и службеници	%
Квалификувани работници	16	20
Полуквалификувани работници	14	17,5
Неквалификувани работници	44	55
Административен персонал	6	7,5
Вкупно:	80	100

Горните бројки покажуваат дека од вкупно запослените работници и службеници, 55% отпаѓало на неквалификувани. Овој голем процент се правда со тоа што производниот процес го диктирал тоа. А имено, на претпријатието "Треска", како што изнесовме, основен производен артикал му бил резана граѓа. Процесот на резањето било механизирано, но дотурот на суровината до гатерите била рачна и барала голем број мануелни работници. Обловината се довозувала на плацот преку индустрискиот колосек и истата рачно се истоварувала од вагоните; потоа растоварената обловина рачно се тумбала до утоварните рампи за пиланската сала, вака дотурена граѓа се утоварувала во вагонетки преку кои се дотурувала во гатерите. По пилењето, готовиот резан материјал се редел, се кубицирал на плацот и др. Сите овие фази барале ангажирање на голем број неквалификувани работници. Бидејќи се работело на отворено на плацот и рачно, производството било најинтензивно во пролетниот и летниот период. Тогаш најлесно се дотурувала обловината и најлесно се вршел внатрешниот транспорт, како на суровината така и пилената граѓа. Според тоа, претпријатието имало сезонски карактер и како такво најголем број работници запослувало во пролетниот и летниот период, а најмалку во зимата кога неквалификуваната работна рака спаѓала на минимум. Во овој период се задржувале само квалификуваните работници, техничкиот и административен персонал.

Работните услови биле тешки. Се работело на отворено. Бидејќи немало спроведена механизација во внатрешниот транспорт, преовладувала тешка физичка работа. Не била ни малку подобра положбата на работници при гатерите. Се работело на една смена. Понекогаш, во екот на сезоната се работело и на две смени. Плаќањето на работниците се вршело на саат. Саатните надници по квалификации и по години, спрема податоците добиени од спроведе-

ната анкета, се движеле како што следува:

Категории	1924.	1925	1926	1927-28	1928-1932	1932-1939
Квалификувани работници	2,5	2,70	2,70	6	3,50	5
Неквалификувани работници	2	2,20	5	5	2,5-3	4

Бидејќи работниците се плаќаше на саат, тенденцијата на работниците била да се работи повеќе од 8 саати, бидејќи добивале поголеми заработки.

§9. ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА

На територијата на денешна НР Македонија во време на Отоманската империја хемиската индустрија не била воопшто развиена. За задоволување на минималните потреби на населението се увозувале скоро сите хемиски производи од странство. Дури се увозувал и сапунот, така важен и неопходен артикал.

И во периодот меѓу двете светски војни хемиската индустрија во Македонија не покажала особен напредок. Таа се наоѓала на низок степен, односно на почетниот стадиум на својот развиток. Ваков слаб и бавен развиток на оваа гранка на индустријата ја условувала општата економска неразвиеност, а посебно заостанатоста на целата наша индустрија.

Од хемиската индустрија била застапена само малохемиската индустрија /производството на сите видови сапун, козметички препарати, оксиген и алколоиди/ од која производството на сапун заземало значајно место.

Релативниот развиток на индустријата за сапун се должи на фактот што оваа индустрија не барала вложување на сериозни инвестиции и ангажирање голема стручна работна рака, како што е случајот со големохемиската индустрија, туку напротив, производството на сапун можело да се организира на занаетчиски начин со минимални капитали и со еден до два стручни работника.

Првобитно сапунот се произведувал во мали занаетчиски работилници сместени во приспособени простории земени под наем,

чии сопственици биле занаетчии или трговци со колонијални артикли. Покасно овие работилници се прошируваат и модернизираат, а некои од нив /фабриката за сапун "Аеро" - Скопје /изградуваат сопствени фабрични простории и добиваат индустриски карактер.

Интересно е тука да се одбележи, иако технолошкиот процес на производството на сапун не е компликуван, по завршувањето на Првата светска војна во Македонија не се располагало со стручњаци за варење на сапун. Затоа при создавањето на оваа индустрија, сопствениците на претпријатијата биле принудени да доведат мајстори - стручњаци за варење на сапун од Грција кои го вовеле кај нас производството на извесниот во тоа време "гирит" сапун за прање, кој се увезувал од Солун и бил многу баран од нашите консуматори. Притоа, едновремено, овие мајстори - стручњаци ги обучавале нашите работници со раководењето на процесот на производството на овој вид сапун. Покасно со развитокот на оваа индустрија се воведе и производството на "марселски" сапун како и разни видови тоалетски сапуни.

Од останалите подгранки на хемиската индустрија единствено беше застапено производството на алколоиди и оксиген. Со оглед производството на овие артикли барало поголеми инвестиции и стручна работна рака, оваа индустрија, како што ќе видиме во понатамошното излагање, се појавува многу покасно од индустријата за сапун, т.е. дури непосредно пред Втората светска војна. Производството на алкалоиди го условило богата суровинска база /афионот/ и побарувачката на разни видови алколоиди. А производството пак на оксиген го поттикнало побарувачката на овој артикал од градежништвото, индустријата и занаетчиството.

1/ Поодделни претпријатија на хемиската индустрија

/1/ Фабрика за сапун, парфимерија, козметика и хемиски производи "Јадран" - Скопје

Претпријатието е основано 1914 година во Куманово како занаетчиска работилница за сапун од Тодор Гребенаров, трговец со колонијални стоки од Куманово. При основањето претпријатието произведувало само сапун и тој служел за задоволување на

месните потреби. Во 1914 година претпријатието произвело 35.714 кгр. сапун и запослувало 4 работника од кои само 1 квалификуван.

Во повоениот период, во 1921 година, сопственикот го преместил претпријатието во Скопје. Притоа го зголемил капацитетот и го проширил асортиманот. Инсталациите и машините се состоеле од 2 казана за варење со вкупно 1.000 кгр. запремина, 3 преси /2 рачни и 1 погонска/, 2 мешалици, 1 сушница и др.

Погонот се движел на електрична енергија добивана од градската електрична мрежа, за која цел претпријатието располагало со 2 електромотора од вкупно 10 кс, како и 1 саугас мотор од 6 кс, како резерва. Запослувало 11 работници и службеници-

/2/ Фабрика за сапун "Вардар" - Скопје

Меѓу првите помодерни фабрики за сапун кои се изградени во Македонија е без сомнение фабриката за сапун "Вардар" во Скопје. Таа е основана во 1925 година и сместена во еден од магазините кои се наоѓале покрај железничката станица десно од патот за населбата "Кисела Вода" - срешту Тутуновиот комбинат. Основатели на фабриката биле Таса Тасиќ и Тома Поповиќ од Врање.

Претпријатието располагало со следните инсталации и опрема: 3 казана за варење сапун со запремина 28.000 литри, воздушни компресор за мешање на сапун од 2.500 кгр. кил преса за ладење на сапун од 1.250 кгр., сечалки, 2 преси /1 рачна и 1 ножна/ мешалки, парен котел од 10 атмосфери и др. Машините биле набавени на ново во Германија. Претпријатието било приклучено на градската електрична мрежа и располагало со 2 електромотори од вкупно 29 кс.

Се произведувал само сапун за перење "гирит" и мали количества тоалетен /непилиран/ сапун, произведен на ладен начин. Претпријатието просечно годишно запослувало 14 работници и службеници.

/3/ Фабрика за сапун на Браќата Ризеви - Битола

Браќата Ефрем и Илија Ризеви, како трговци со коло-

нијални стоки, меѓу другите артикли првите повоени години, увозување и сапун од Солун - Грција, како и другите трговци на големо. Увидувајќи дека сапунот е уносен и коњуктурен трговски артикал, решиле да произведуваат сапун во Битола. Со таа цел во 1925 година набавуваат потребни постројки за производство на сапун и ги монтираат во една под наем земена просторија.

Претпријатието располагало со следните поважни основни средства: 2 казана за варење сапун од вкупно 15.000 литри, 1 сечалка, 2 преси, мешалка за сапун, парен котел и др.

Погонската сила претпријатието ја добивало од саугас мотор, јачината на моторот била 19 кс.

Основен произведен артикал бил зелениот сапун "Гирит".

Во претпријатието во 1940 година имало запослено 7 работници.

/4/ Фабрика за сапун на Фараци Пардо и компанија - Битола

Фабриката е основана во 1925 година во Битола. Сопствениците биле Витал Фараци, Јуда Пардо и Арон Леви, сите трговци од Битола.

Претпријатието располагало со најнеопходните постројки за производство на сапун за перење, тоалетен сапун и сода за прање. Годишното производство изнесувало 250-300.000 кгр.сапун. Погонот се движел на гас мотор од 10 кс.

Во 1939 година претпријатието ликвидирало.

/5/ Фабрика за сапун "Аеро" - Скопје

Фабриката за сапун "Аеро" спаѓала меѓу модерните и и уредените индустриски претпријатија во Македонија. Нејзината изградба започнала во 1932 година, а се пуштила во погон во октомври 1933 година. Основатели на фабриката биле браќата Јован и Стеван Стефановиќ, сопственици на една работилница за сапун во Врање и Стојче Стојановиќ, трговец од Скопје, а роден во Бујановац, инаку ортак и раководител и на стоваришето на споменатата работилница за сапун во Скопје.

Претпријатието се наоѓаше преку железничката рампа на патот за Кисела Вода, каде се и денес наоѓа фабриката за сапун "Цветан Димов".

Претпријатието било снабдено со следните инсталации: машини и апарати за производство на разни видови сапун и козметички препарати; инсталации за пречистување на масла, топилница со пумпа, апарат за дестилирање на сапунска луга, 6 казана за варење од вкупно 41.000 литри, 2 мешалки, 1 кил апарат за ладење на сапун, 2 машини за сечење /парна и рачна/, машина за дробење сапун, парна сушилница, 4 машини за изработување свеќи, разни преси, машини за дробење и мелење, 2 валц машини за мелење сапун, 1 парен котел од 60 м^2 површина за варење на сапун и отоплението. Освен тоа претпријатието имало картонажа за изработување на сопствен амбалаж.

Погонот функционирал на електрична енергија добиена од градската електрична централа преку разни електрични мотори од вкупно 90 кс јачина, како и со помош на една парна локомобила од 20 кс, како резерва.

Годишниот капацитет при една смена изнесувал: сапун за перење 1.500.000 кгр., тоалетен сапун 200.000 дузени, сода за перење 100.000 кгр., прах за чистење 100.000 кгр., колонска вода 5.000 кгр., свеќи 30.000 кгр., коломаз 100.000 кгр., сапунска луга /глицеринска подлужница/ 200.000 кгр. Покрај зеленият и белиот "Гирит" сапун, претпријатието вовело и производство на "Марселски" сапун за перење, кој не се порано произведувал.

Во претпријатието имало просечно запослено околу 50 работници и службеници.

/6/ Фабрика за алкалоиди, хемиски и фармацеутски производи - Скопје

Филип и Софроније Огњанови, родум од с.Галичник, како печалбари стекнале извесен капитал и купиле голем имот во село Бочар - Војводина и на имотот организирале производство за млечни производи /кашкавал, сирење, путер/. Бидејќи млечните производи имале добар пласман, за релативно кратко време од ин-

вестираниот капитал извлекле големи профити така што мал дел од овој капитал и со финансиската помош на браќата Ледерер, големопоседници и банкери од Војводина, изградуваат во Скопје една модерна и единствена фабрика за производство на разни опиумови алкалоиди и деривати.

Основањето на една ваква фабрика било скопчано со добивањето на концесија. Тогашните извесни фабрики за лекови: "Изис", "Каштел" и "Југофармација" во Загреб, во кои беше заинтересиран и странскиот капитал, поодделно настојувале по секоја цена концесијата тие да ја добијат, бидејќи производството на алкалоиди од домашниот опиум претставуваше мошне рентабилна работа. Бившите сопственици, благодарејќи на политичките врски успеале своите опасни конкуренти да ги истиснат и да добијат концесија за градење на денешната фабрика за алкалоиди. Фабриката е изградена во 1936 година во индустрискиот квартал во Скопје и претставувала единствена фабрика од овој вид во бивша Југославија,/само во Хемиската фабрика Храсник - Словенија имало одделение за производство на алкалоиди/.

Фабриката располагала со следните поважни машини и апарати: 3 центрифуги, 1 воденица за мелење опиум, 1 воденица за мелење алкалоиди, 5 дестилациона апарата, 1 апаратура за кодеин, 1 автоклав, 1 ректификатор, 1 компресор, 2 вакум апарати и др. Секој апарат имал сопствен електромотор. Претпријатието имало и 29 секундарни електромотори од вкупно 67 кс.јачина. Освен тоа располагало со парна локомобила од 60 кс и еден парен котел. Сите машини и апарати биле купени на ново во Германија, со исклучок на парната локомобила која е набавена на старо.

За погон на машините претпријатието користувало сопствена енергија и само како дополнување употребувало електрична енергија од градската електрична мрежа.

Претпријатието запослувало во 1940 година 17 работници и службеници.

/7/ Фабрика за оксиген "Ага-Руше",
Ѓорче Петров - Скопско

Фабриката за оксиген е основана 1939 година во Ѓорче Петров - Скопско, како истурен погон на историските фабрики

во Марибор и Раковица кај Белград /Удружење југословенске творнице ацитилена и оксигена/. Овие две фабрики биле основани на базата на акционерско друштво, каде што преовладувал странски-шведски капитал, и домашниот капитал бил застапен со 30%. Основањето на овој погон во Горче Петров се должи на нараснатата потрошувачка на оксиген во Македонија, конкретно во Скопје, од една страна, а од друга страна,да се избегнат високите транспортни трошоци околу превозот на оксигенот.

За производство на оксиген фабриката располагала со овие апарати: 1 пречистач за вода, 2 суви пречистачи, 1 компресор за воздух, 1 расомер, 1 компресор за оксиген и регенератор за оксиген. Машините и апаратите се набавени на ново во Германија. Погонот се движел на електрична енергија која се добивала од Хидроцентралата "Матка". Претпријатието поседувало 4 електромотори од вкупно 90 кс јачина.

Годишниот инсталиран капацитет изнесувал 72 тона оксиген. Во претпријатието имало запослено 10 работници и службеници.

2. Положбата на хемиската индустрија

Хемиската индустрија располагала во 1940 година со вкупно 6 претпријатија, односно 5,4% од вкупниот број на претпријатија од преработувачката индустрија и рударството што значи дека оваа гранка по бројот на претпријатијата доаѓала на 6 место, пред индустријата на неметали, металната, графичката, кожната и дрвната индустрија.

Спрема видовите на дејатноста преовладувале претпријатијата за производство на сапун. Така од 6 претпријатија, 4 отпаѓале на индустријата за сапун, 1 за производство на оксиген и 1 за производство на алкалоиди и алкалоидни деривати.

Спрема сопственоста, споменатите претпријатија припаѓале: 4 претпријатија на јавни ортаклаци, 1 претпријатие на акционерско друштво и 1 на поединец.Како и во останатите гранки, така и во хемиската индустрија преовладувале ортачките фирми, што е карактеристично и специфично за индустријата во Македонија.

Со исклучок на фабриката за сапун на Браќата Ризови,

сите други претпријатија од хемиската индустрија биле лоцирани во Скопје. Сосредочувањето на хемиската индустрија во Скопје се должи на веќе изнесениот факт што Скопје како сообраќаен центар овозможувало брз довоз на суровини и помошни материјали, од една страна, и полесна реализација на готовите производи, од друга.

Хемиската индустрија во Македонија започнала касно да се развива и тоа во ограничени размери. Првото полуиндустриско претпријатие за производство на сапун било основано во Куманово во 1914 година. Дури по 11 години, во 1925 година, се основале едновремено три фабрики за сапун и тоа две во Битола: фабриката за сапун на Браќата Ризови и фабриката за сапун на Фараци Пардо и компанија, а во Скопје: фабриката "Вардар". Бидејќи овие фабрики не можеле да ги задоволат нараснатите потреби на населението во Македонија, во 1933 година се основала Фабриката за сапун "Аеро" во Скопје, чии капацитет изнесувал скоро колку сите останати фабрики за сапун во Македонија.

Останатите дејности на малохемиската индустрија биле уште послабо развиени. Дури во 1936 година е изградена фабриката за алкалоиди, хемиски и фармацеутски производи во Скопје, а пред самата Втора светска војна, при крајот на 1939 година, се пуштила во погон новоизградената фабрика за оксиген "Ага-Руше" во Горче Петров - Скопско.

Слабото темпо на развитокот на хемиската индустрија во Македонија, како што ќе видиме подолу, се должи на големата конкуренција на хемиската индустрија на северните индустриски поразвиени подрачја каде што доминирал странскиот капитал од една страна, и што во оваа гранка на индустријата суштествувала материјална зависност од странство /Југословенската индустрија за сапун увозувала преку 50% мазнини за сапун, а македонската преку 80%/.

а/ И н в е с т и р а н к а п и т а л

Во периодот меѓу двете светски војни вложениот капитал во неподвижности /плац, згради/, и машини во хемиската индустрија изнесувал 14.847.000 динари.

Поделба на претпријатијата по групи на инвестиран капитал изгледа вака:

Капитал во 1.000 динари	Број на претпријатија	Инвестиран капитал			
		Зграда	Машини	Вкупно	%
до 1.000	2	-	700	700	4,7
1.000 - 3.000	2	3.274	1.814	5.088	34,3
3.000 - 5.000	1	1.106	2.353	3.459	23,3
над 5.000	1	3.300	2.300	5.600	37,7
Вкупно:	6	7.680	7.167	14.847	100,0

Од горните цифри се констатира дека од вкупно 6 претпријатија во хемиската индустрија во 4 од нив имало вложено 5.788.000 динари односно 39% од вкупните инвестиции, додека во останатите две имало инвестирано 6.059.000 динари односно 51% од вкупните инвестиции. Тоа значи дека хемиската индустрија располагала со мали претпријатија. Од оваа констатација може да се исклучи само претпријатието "Аеро" - Скопје и фабриката за алкалоиди - Скопје.

Интересно е да се одбележи дека од 6 претпријатија, само во една бил заинтересиран странскиот капитал /фабриката за оксиген "Ага-Руше" - Ѓорче Петров/. Во ова претпријатие преовладувал шведскиот капитал /70% од вложениот/. Спрема тоа, од вкупно 14.847.000 динари инвестиции во хемиската индустрија 1.520.000 дин.или 11,9% отпаѓало на странскиот капитал за разлика од северните покраини каде што странскиот капитал во оваа гранка на индустријата зазема многу поголемо учество. Меѓутоа, поради приближувањето на војната шведскиот капитал во 1940 година ги отстапува своите акции на домашните капиталисти.

б/ И н с т а л и р а н а п о г о н с к а с и л а

Иако хемиската индустрија била застапена со мал број претпријатија и ситни капацитети, скоро сите претпријатија ра-

ботеле под своите производни можности. Дури и во 1939 година, во периодот на релативната коњуктура, капацитетите не можеле исцело да се користуваат. Тоа најјубаво се гледа кога ќе направиме споредба меѓу возможното и реализираното производство изразено во натурални показатели. Бидејќи годишното производство на сите видови сапун сведени на 60% маснотии за 8 часовно работно време во 1940 година изнесувало 1.550.000 кгр., а капацитетот на производството изнесувало околу 4.500.000 кгр. произлегува дека капацитетот на индустријата за сапун се користувал со 34,4%. Така слабото користување на капацитетот во 1940 година резултира од фактот што Втората светска војна веќе опфанала голем дел од светот и настапива потешкотии околу увозот на суровини /мазнини/.

Годишниот инсталиран капацитет на фабриката за оксиген изнесувал 72 тони од кои се користувал во 1939 година само 41 тон, што значи дека се капацитетот користувал со 60%.

Слабото користување на капацитетот на фабриката за оксиген се должело исто така на ограничената потрошувачка. Фабриката го ускладувала своето производство со пазарните потреби од една страна, а од друга, производството било ограничено, поради недостиг на амбалажа /амбалажата - челични боци не се произведувале во Југославија, туку се увозувале од Германија/. Пласирањето на оксиген првобитно се вршело на тој начин што за амбалажата потрошувачот депонирал извесна парична кауција, а покасно во 1940 година, поради недостиг на амбалажа, оксигенот се испорачувал условно, т.е. само со замена на празни се добивале полни боци.

Фабриката за алкалоиди имаше инсталационен капацитет 2.000 кгр.суров опиум месечно и можеше да подмири до 3% од светските потреби во кодеин, опиумски алкалоиди и др. Меѓутоа, годишниот производен капацитет на фабриката се користувал околу 20-25%. Ваквото слабо користување на капацитетот резултирало од ограниченият пласман во земјата и големата конкуренција на странските пазари.

Техничката опрема на фабриките за сапун, со исклучок на фабриката "Аеро", била застарена. Технолошкиот процес бил примитивен и имал повеќе занаетчиски карактер. Фабриката за оксиген и фабриката за алкалоиди во Скопје претставувале техничк-

ки помодерни погони. Сепак кога би ги споредувале со историодни фабрики во странство, би виделе, иако биле новоподигнати фабрики, дека нивната опрема била економски застарена.

Општата можност на погонот на хемиската индустрија изнесувала 365,5 кс. Спрема видот на погонската сила претпријатијата ползувале електрична енергија, саугас мотори и парни машини и тоа:

Видови на погонот	Број на претпријатија	Коњски сили	% на учеството
Електричен погон	4	286,5	48,3
Саугас мотори	1	19	5,2
Парни машини	1	60	16,5
Вкупно:	6	365,5	100

Како по бројот на претпријатијата така и по процентот на учеството на погонската сила, електричната енергија била најповеќе застапена /78%/.

в/ Работна сила

Хемиската индустрија запослувала мал број работници. Запослената работна сила во оваа гранка во 1940 година изнесувала 110 работници и службеници, односно 1,2% од вкупниот број на напослените работници во индустријата и рударството. Спрема бројот на запослените работници, хемиската индустрија заземала деветто место, односно доаѓала само пред кожната и дрвната индустрија.

Малиот број на запослената работна сила во оваа гранка во индустријата се должи на едноставниот технолошки процес на индустријата за сапун за перење која по бројот на претпријатија била најповеќе застапена.

Најголемиот број на претпријатија имале до 20 работници. Од 6 претпријатија 4 имале помалку од 15 работници. Единствено фабриката "Аеро" запослувала околу 50 работници и служ-

ници поради тоа што таа произведувала и козметички препарати, како и други артикли, чие производство барало запослување на поголем број работници.

Работната сила по квалификации во 1940 година била распределена како што следува:

Категории	Работници и службеници	%
Квалификувани работници	25	22,7
Полуквалификувани работници	30	27,3
Неквалификувани работници	40	36,4
Административен персонал	15	13,6
Вкупно:	110	100

Работната сила во хемиската индустрија не претставувала проблем. Секое претпријатие располагало со доволен број квалификуван персонал. Спрема горните податоци, на секое претпријатие отпаѓало по 5 квалификувани работници. Од вкупно 110 запослени работници и службеници, на административен персонал отпаѓало 15 службеници, односно 13,6 од вкупната запослена работна рака. Тоа значи дека на едно претпријатие отпаѓало по 2,5 службеника. Најголем број службеници запослувало претпријатието "Аеро" /8 службеници/. Со исклучок на ова претпријатие, во останатите имало запослено просечно 1,4 службеника.

Од 110 запослени работници и службеници, на женска работна сила отпаѓало 18 односно 16,4 од вкупно запослената работна сила. Женската работна сила била запослена само во фабриката "Аеро"и "Јадран" и тоа во одделенијата за козметика, односно хемикалии.

Бидејќи во условите на капитализмот за иста работа и еднаков учинок женската работна сила се плаќала пониско од машката, тенденцијата на претпријатијата била да запослат што поголем број женска работна рака, за да бидат помали издатоците за плати, односно надници и со тоа фактички го зголемувале профитот.

Сите работници и службеници, со исклучок 10-12 Срби /од подрачието јужно од Врање/ и 3 странци /Грци/, биле Македонци. Работниците - Срби и Грци биле, главно, запослени во индустријата за сапун како мајстори -за варење и висококвалификувани

работници. Во индустријата за сапун, често пати се работело и прекувремено. Должината на работното време, независно од законските прописи, се движело меѓу 8-9 саати дневно. Тоа завиеело од интензитетот на производството. При големата побарувачка на сапун се работело повеќе од 8 сати дневно. Особено тоа била редовна појава при помалите фабрики за сапун /фабриката за сапун во Битола, фабриката за сапун "Јадран", Скопје/ во кои скоро сите работници, освен мајсторите за варење на сапун, биле полуквалификувани и неквалификувани.

Меѓу платите на запослениот персонал како и во останалите гранки имало голема разлика. Додека квалификуваните работници биле добро платени, особено оние кои биле одговорни за технолошкиот процес и одржувањето на погонот, дотогаш платите, односно надниците на полуквалификуваните, а особено неквалификуваните работници во однос на квалификуваните биле несразмерно ниски.

П р о и з в о д с т в о и п л а с м а н

Производството на сите видови сапун, пресметано врз база на 60% маснотии поодделно по претпријатија во периодот 1939-1940 година изнесувало како што следува:

Ф а б р и к и	К о л и ч е с т в о	
	1939	1940
Фабрика "Јадран" - Скопје	365.000	360.000
Фабрика "Вардар" - Скопје	600.000	357.000
Фабрика на Браќа Ризови - Битола	200.000	130.000
Фабрика "Аеро" - Скопје	965.000	703.000
В к у п н о:	2.130.000	1.550.000

Од горните цифри се констатира дека производството на сапун во 1940 година осетно опаднало во однос на 1939 година. Тоа се должи на приближувањето на Втората светска војна која попречи на редовното снабдување со технички мазнини.

Се произведувале сите видови сапуни: зелен и бел са-

пун за перење, познат под името "Гирит", сапун за перење "Мар. сељски", разни видови тоалетен сапун и др. Освен овие артикли, фабриката за сапун "Аеро" – Скопје и "Јадран" – Скопје произведувале разни козметички препарати и хемиски производи. Така на пример фабриката "Аеро" – Скопје произведувала прав за чистење, колонска вода, свеќи, коломаз и др. Фабриката "Јадран" произведувала мастило, разни средства против инсекти и др.

Капацитетите на индустријата за сапун во Македонија можеле наполно да ги задоволат потребите на населението со сапун и дури еден добар дел од производството да го пласираат во соседните покраини. Меѓутоа; поради ограничената потрошувачка, од една страна, и конкуренцијата на фабриките за сапун:"Мерима" – Крушевац, "Албус" – Нови Сад, "Кукар" – Лесковац, "Златорог" – Марибор, капацитетот се ползувал под 50%.

Иако фабриките за сапун работеле со намален капацитет, 80-85% од тој капацитет го пласирале во Македонија, а 15-20% во Косово, Метохија и јужно од Врање. Фабриката "Аеро" ги преминала локалните рамки и со своите квалитетни производи започнала да ги освојува пазарите во Јужна и Западна Србија.

Покрај сапунот произведуван од македонски фабрики, во Македонија се консумирал и сапун произведуван од други споменати фабрики. Тие успеале да задоволуваат 15-20% од потребите на населението.

Индустријата за сапун се снабдувала со суровини во земјата и во странство. Во земјата се набавувале следните суровини: сулфурно олио од Далмација, коскена маст од Земун и Љубљана, техничко олио од Велес, сода каустик од фабриката Луковец, сол, водено стакло, талк, терпентин и друго од разни краишта во Југославија, Со калофониум фабриките делум се снабдувале во земјата и делум во странство.

Со основните суровини – технички мазнини /лој, кокосово олио, хидрирани мазнини, коскена маст и др./, фабриките биле зависни од странство со повеќе од 80%, додека со хемикалии, мириси и бои биле зависни од странство 100%.

Преку лондонскиот и амстрердамскиот пазар лојот се набавувал од Австралија и земјите на Јужна Америка; кокосовото олио од Цејлон, хидрираните масти од Јапан, коскена маст од Холандија и Белгија.

Фабриката за алкалоиди - Скопје можела да преработи годишно 18.000 - 20.000 кгр.суров опиум, но користувала 20-25% од инсталираниот капацитет. Спрема тоа, фабриката во 1939 година преработила 4.700 кгр., а во 1940 година 3.520 кгр.суров опиум.

Од преработениот суров опиум во 1939 година се добило 475 кгр.[112], а во 1940 година 400 кгр. морфиум база.

Сопствениците за да ја елиминираат конкуренцијата и да постигнат монополски профити, во 1939 година склучуваат картелен споразум со Хемиската фабрика во Храсник - Словенија. Споразумот се состоел во определување на цените на производите за внатрешниот пазар. Преку картелот на домашниот /југословенскиот/ пазар се пласирало во 1939 и 1940 година следните количества:

во кгр.

Производи	1939	1940
Алкалоиди	159,915	167,600
Муз.алкалоиди	37,400	29,040
Препарати	62,800	170,400

Освен горните количества, претпријатието извозувало и во странство: Шведска, Норвешка, Данска, Филипините, Белгиско Конго и др. Се извезувало околу 20% од годишното производство. Извозот не бил сврзан со картелен споразум.

Претпријатието ги произведувало следните артикли: морфиум, пурум, морфиумхидрохлорикум, етил морфин хидрохлорикум, кодеин пурум, кодеин хидрохлорикум, кодеин фосфорикум, папаверин пурум, папаверин хидрохлорикум, тебаин пурум, тебаин хидрохлорикум, наркотин пурум, наркотин хидрохлорикум, опиум пулвис.

Основната суровина - опиумот била обезбедена од Македонија. Дел од хемикалиите /амоњак, ацетон, винска, оцетна, оксолна киселина, сода каустик, содни киселини, сумпорни киселини/ се набавувал во Југославија, а дел од хемикалиите /бен-

112/ Според еден оригинален извештај на фабриката кој се наоѓа при инж.Киро Аџи Томов, бивш технички раководител на фабриката.

зол, дистилсулфид, толуон, хлорметил и др./ се набавувал во странство.

Фабриката за оксиген целокупното производство го пласирало во Македонија, главно во Скопје. Прашањето за суровини кои биле нужни во Македонија констатиравме не претставувале проблем. Главните суровини за производство на оксиген биле:сода каустик и хлор. Содата каустик се добивала од фабриката во Луковец, а хлорот се увезувал од Австрија, Овие суровини претпријатието ги добивало преку своите централи во Марибор, односно Белград.

§10. ПРОИЗВОДСТВО, ОПЛЕМЕНУВАЊЕ И ПРЕРАБОТКА НА НЕМЕТАЛИ

Неоспорен е фактот дека НР Македонија е богата со залежи на разновидни неметали. Меѓу поважните неметали со кои располага нашата Република и кои денес се експлоатираат и се преработуваат се: кварцен песок, кварцит, мермер, обична и ватростална глина, фелспад, талк, лискун, азбест, лапорец и др. И покрај ова изобилие и шаренило од неметали, нивната експлоатација и преработка била многу слабо застапена. Се експлоатирале и се преработувале само неколку: грубата керамика, мермерот, талкот и кварцниот песок и тоа во мали и ограничени количества.

Слабиот развиток на оваа гранка на индустриската дејност резултирала од низа фактори: од слабата организираност на геолошко-истражувачката служба, од слабата развиеност на железничкиот и друмскиот сообраќај, немање стручен кадар, недоволната скоро никаква заинтересираност на домашниот капитал, а особено незаинтересираноста на тогашните државни органи итн.

На територијата на денешна НР Македонија во периодот меѓу двете светски војни експлоатацијата и преработката на неметали била сосредоточена во 5 индустриски претпријатија, од кои 2 за производство на груба керамика, 1 за експлоатација и оплеменување на кварцен песок, 1 за мелење на талк и 1 за експлоатација и резање на мермер.

А. КЕРАМИЧКА ИНДУСТРИЈА

1/ Поодделни претпријатија на керамичката индустрија

Керамичката индустрија во предвоениот период во Македонија ја претставувале две претпријатија: Керамичката фабрика на Тодор Левков и синови во Титов Велес и Керамичката индустрија "Кис" во Скопје.

/1/ Керамичката индустрија на Тодор Левков и синови - Титов Велес

Претпријатието е основано во 1890 година како занаетчиска грнчарска работилница, а од 1921 година функционирало како индустриско претпријатие. Основателот на претпријатието е Тодор Левков, по занает грнчар. Првобитно тој работел груба грнчарија на примитивен начин, а покасно заедно со своите синови Алексо, Петар и Киро се посветува на фина грнчарија изработувајќи разни украсни фигури од глина. Но, неможејќи да се противстави на конкуренцијата од странство, поради недостиг на механизација и стручна работна сила, во 1931 година претпријатието се преориентирало на производство на груба керамика, односно на изработка на керамички канализациони цевки од разни димензии и шамотен материјал /шамотни плочи, шамотно брашно/.

Претпријатието располагало со следните инсталации и машини: 1 кугличен млин за мелење на земја, 2 преси за цевки со калапи од разни димензии, 1 валцова машина за мелење и мешање на глина, 1 бор машина, 1 шепинг машина, 1 фурна за печење од 12 тони и 1 од 8 тони капацитет. Погонот бил електричен и со таа цел претпријатието имало 6 електромотори од вкупно 36 кс јачина.

Машините се купени на ново во Германија, со исклучок на кугличниот млин, кој е набавен на старо од Словенија, инаку бил од австриско потекло.

Годишниот максимален производен капацитет изнесувал 700 тони цевки и околу 30-50 тони шамотен материјал /шамотно брашно/.

Претпријатието запослувало просечно 20 работници и

службеници. Во сезоната се зголемувал бројот на работниците.

/2/ Керамичка индустрија "Кис" - Скопје

Фабриката била изградена и пуштена во погон во мај 1936 година. Таа се наоѓа во непосредна близина на Парната пивара, покрај самата железничка линија Скопје - Белград. Основатели на фабриката биле инж.Александар Павловиќ од Белград и инж.Глиша Томиќ, од Скопје. Основната економска подлога за изградбата на оваа фабрика ја гарантира планот на Скопје. За реализирање на овој план, меѓу другото биле нужни големи количества канализациони цевки, кои се до тогаш увезувале од странство /Германија и Италија/.

Првобитно фабриката располагала со следните машини: 1 мал кугличен млин, мала цигла преса, мала преса за цевки, подвижен елеватор и други мали помошни машини. Овие основни средства не можеле да обезбедат наполно машинско механизирано производство така што голем дел од техничкиот процес се изведувал рачно.

Но по една неполна година, во 1937 година, инж.Глиша Томиќ се разотчил остапувајќи го својот дел на инж.Павловиќ, кој фабриката ја механизирал и проширил со новонабавени машини: 1 голем кугличен млин, 3 големи фурни, 1 голема цигла преса, голем тапан за глазирање, 1 голема преса за цевки. Погонот бил електричен и располагал со 9 електромотори од вкупно 155 кс јачина.

Сите машини се купени во Југославија на старо и ново и биле од германско потекло.

Годишниот инсталиран капацитет изнесувал 3.000 тони разни канализациони цевки.

Претпријатието работело сезонски и запослувало 50 работници и службеници просечно, а во сезоната овој број се зголемувал.

2/ Положба и анализа на керамичката индустрија

Производството на керамичката индустрија во Македонија во 1939 година изнесувало околу 1.500 тони годишно разни

керамички производи.[113] Од ова количество на фабриката "Кис"- Скопје отпаѓало 1.000 тони или 66%, а на фабриката на Левков - Титов Велес, 500 тони, или 34%.

Фабриката во Титов Велес произведувала керамички цевки од сите курентни димензии /8, 10, 12,5, 15, 17, 5, 20 см./со сите нужни за инсталација фасонски делови, шамотени материјали, /плочи, шамотно брашно/, како и разновидни украсни предмети од глина.

Производството на фабриката "Кис" - Скопје се состоела исклучиво од керамични цевки од разни димензии /75 мм, 400 мм/ со соодветни фасонски делови за инсталација.

Производството на канализациони цевки во стара Југославија било слабо развиено. Домашните потреби се задоволувале исклучиво од увоз. Најглавните увознички земји од кои се увозувало биле: Германија, Чешка, Италија и Белгија. Спрема тоа, на пазарот постоела голема конкуренција меѓу овие земји. Во Македонија производството на керамични цевки започнало во 1931 година. Таа година Велешката фабрика за првпат произвела околу 70 тони канализациони цевки. Покасно, во 1936 година, се изгради и втората керамична фабрика "Кис" во Скопје. Изградбата на овие две фабрики требаше да ги задоволи потребите на Македонија со канализациони цевки. Меѓутоа, и покрај овие фабрики и натаму се појавувале на пазарот увозни керамички цевки. Првите години нашата керамичка индустрија не можела да го освои пазарот и да ги елиминира странските фирми, бидејќи нашите претпријатија не можеле да го совладаат технолошкиот процес, така што увозните керамични цевки, благодарејќи на нивниот одличен квалитет и солидните цени, и натаму со успех се пласирало на пазарот. Покасно, со промената на оловната глазура, квалитетот на нашата керамика се подобрил. Производството се пласирало не само во Македонија, туку голем процент од него се реализирал во разни краишта на Југославија. Велешката фабрика своето производство го пласирала 15% во Македонија и 85% во останатите краишта на Југославија /во Србија 65%, Војводина 15% и Хрватска 5%/. Фабриката "Кис" - Скопје гроото на производството го реализирала во

113/ Според исказите на Алексо Левков, бивш сопственик на фабриката во Титов Велес и Страхил Андонов, бивш технички раководител која должност ја врши и денеска.

Македонија, 60% а само 40% во останатите краеви на Југославија, од кои 30% во Србија.

Локацијата на Велешката фабрика во однос на суровини и работна рака била економски оправдана. Суровината /глината/, се експлоатирала во Велешката околија /с.Извор/, но транспортот до фабриката бил сврзан со големи тешкотии и материјални издатоци. Глината се пренесувала со магарија од станицата до фабриката.[114/]

Меѓутоа, локацијата на фабриката "Кис" во Скопје не одговарала. Како што спомнавме, изградбата на оваа фабрика базирала на планот на Скопје. Во 1935 година Скопската општина во својата програма предвидувала спроведување канализација во Скопје. Ова беше достаточен сигнал на сопствениците да ги инвестираат своите капитали во фабриката за производство на керамични канализациони цевки. Спрема нивните пресметувања, со подмирувањето на програмата со цевки фабриката би се амортизирала, реализирајќи истовремено големи профити. Но бидејќи од проектираната канализација останала само желба, пласманот на производите на оваа фабрика дошол во прашање, дотолку повеќе што на пазарот владеела голема конкуренција од страна на веќе воведени странски фирми. Од друга страна, оддалеченоста на суровинската база /основната суровина, глината, се довезувала од Приштина/ поради високите подвозни тарифи ги зголемувала производните трошоци. Претпријатието успевало ефикасно да се бори против големата конкуренција на пазарот и реализирало профити само по пат на експлоатација на ефтината работна сила.

Вработените работници во споменатите две фабрики се движеле како што следува:

	1931	1936	1940
Керамичка фабрика,Титов Велес	12	33	40
Керамичка индустрија "Кис"Скопје	-	15	50
Вкупно:	12	48	90

Бројот на вработените работници растел со проширувањето на претпријатијата и со зголемувањето на производството.

114/ За таа цел фабриката имала 30 магарија кои претставувале важно транспортно средство, не само за глината, туку се пренесувале и разни други материјали. Тоа го обслужувало и местоста каде што фабриката била изградена.

Структура на работната рака во керамичката индустрија во следните периоди изгледала:

Категории	1931	1936	1940
Квалификувани работници	3	14	25
Полуквалификувани работници	4	19	42
Неквалификувани работници	2	10	18
Административен персонал	3	5	5
Вкупно:	12	48	90

Запослената работна рака во керамичката индустрија била од Македонија и тоа 50% од селското и 50% од градското население. Во фабриката "Кис" - Скопје, освен Македонци, имало запослени 6 работници од другите краишта на Југославија /5 од Србија и 1 од Босна/ и 3 странци /Бугари/. Бугарите биле квалификувани работници и раководеле со производството.

Керамичката индустрија во Македонија имала сезонски карактер. Обично се работело 9 месеци во годината /април-декември/. Во мртвата сезона грото од работниците се отпуштало, а се задржувале само квалификуваните работници. Претпријатијата не произведувале за лагер, бидејќи примитивниот начин на сушењето на цевките не дозволувало создавање на залихи во зимската сезона. И во едната и во другата фабрика работниците работеле на акорд. Акордниот систем на плаќањето позволувал поголема експлоатација и реализирање на поголеми профити. Овој систем исто така позволувал голема и поефикасна контрола на квалитетот на производите. Евиденцијата на изработените готови производи била мошне строга. Доколку производот не одговарал квалитативно, на работниците се одбивало од заработката, а имало и такви случаи кога поради лошиот квалитет, работниците се отпуштале без никаква отпремнина.

Работниците работеле под тешки услови: сопствениците не се придржувале стриктно за пропишаното осум-часовно работно време, се работело 9-10 часа дневно, не се придржувале за пропишаните минимални надници, работните простории не одговарале на

на хигиенските услови итн. За да ги заштитат своите основни права, работниците во фабриката "Кис" стапиле во 1938 година во штрајк. Штрајкот успеал и работниците извојувале осумчасовно работно време. Надниците им се зголемиле за 3-4 динари дневно и хигиенските услови донекаде се подобриле. Во првата половина на 1939 година избувна штрајк и во Велешката фабрика. Штрајкот траел три дена. Штрајкот бил угушен од страна на полициските власти, ветувајќи им на работниците зголемување на платите. Меѓутоа, по штрајкот, со исклучок на работното време кое се намалило од 11 часа на 9,зо, положбата продолжила по старо.

Б. ИНДУСТРИЈА НА ТАЛК

Експлоатацијата и производството на талкот на територијата на денешна НР Македонија се тесно поврзани со името на инж.Ото Пушман, од Белград, инаку по народност Германец.

Инж.Пушман во повоениот период се интересирал за наоѓалиштата на талк во Македонија и со таа цел лично вршел истраги. Како истражувањето и експлоатацијата на талк во стара Југославија не беше сврзана со добивање на концесии, инж.Пушман откупувал терени од поединци или општини каде што беше пронашол талк.

Првата работилница за талк е основана во 1929 година во Градско, покрај железничката станица. Работилницата ја подигнал инж.Пушман во заедница со една белградска трговска фирма. Во 1931 година инж.Пушман се разортачува со белградската фирма и се заортачува со браќата Шекеринови, трговци од Скопје и основаат индустриско претпријатие за талк во Титов Велес.

Претпријатието располагало со следните машини: 1 дробилица, 1 планзихтер и 1 парна локомобила од 40 кс. Машините биле купени на старо и биле инсталирани во една приземна зграда земена под наем. Зградата се состоела од два стана, едно одделение за парната локомобила, едно одделение за дробилницата и едно одделение за планзихтерот.

Инвестираниот капитал изнесувал 760.000 динари, од кои 260.000 во машини и 500.000 динари во обртни средства. Браќата Шекеринови учествувале со 60%, а инж.Пушман со 40%.

Производството на преработен сеан талк во 1940 година изнесувало 760 тона.

Талкот се преработувал во прах и гриз. Еден дел од производството /20%/ се пласирало во Македонија, консуматори биле домашните фабрики за сапун, а поголемиот процент /80%/ се пласирал во Југославија /фабрика "Зорка" - Шабац, фабрика за катран - Загреб, фабрика за сапун "Мерима"- Крушевац/.

Претпријатието се снабдувало со суров талк од рудникот кај селото Извор, Титов Велешко. Суровиот талк се копал површински. Преносот на талкот од рудникот до железничката утоварна станица Стари Град се вршел со коли. Цената на суровиот талк се движела околу 0,50 динари по килограм франко утоварна станица Стари Град.

Производството на талк било мошне рентабилно: 1 вагон талк нето печалба изнесувала 10.000 динари. Големата рентабилност од една страна и малите инвестирања од друга страна, ги привлекле бившите сопственици да се заинтересираат за оваа гранка на индустријата.

Во претпријатието имало вработено 6 работници од кои 2 квалификувани и 4 општи работници. Со исклучок на еден Хрват сите работници биле од Македонија.

В. ЕКСПЛОАТАЦИЈА И ОПЛЕМЕНУВАЊЕ НА КВАРЦЕН ПЕСОК

Во селото Долно Солје, 12 км оддалечено од Скопје, се наоѓаат големи наслаги на одличен кварцен песок. Оваа скапоцена и барана суровина обусловила да се во 1932 година основа претпријатие за експлоатација на овој песок.

Благодарејќи на одличните физички и хемиски квалитети на кварцниот песок првото претпријатие за оплеменување на кварцен песок го изградил Жорж Кауду, инжинерски советник на француската фабрика за стакло во Панчево и истото било пуштено во погон на 9 септември 1932-година. Фабриката се наоѓала наспрема монополот, покрај бившата фабрика за сапун "Вардар".

Претпријатието било снабдено со модерни уреѓаи: басен за филтрација, бунар со автоматска пумпа, резервоар, постројки за прочистување и сепарација на песокот од јаловината

и др. Технолошкиот процес на оплеменување на кварцниот песок се вршело автоматски, така што на самото прочистување работеле 5 работници, а за истоварот и утоварот на суровиот и прочистениот песок претпријатието запослувало просечно годишно околу 20 работници. Погонот се движел на еден електромотор од 37 кс преку трансмисија. Претпријатието дневно преработувало 6-8 вагони песок, од 10 вагони колку се добивало дневно со камиони од мајданот, Преработениот песок се делел на четири категории: на крупен песок за цемент, крупен песок за филтрирање, песок за стакло и ситен песок за порцулан, емајлирање, чистење, полирање и др. Песокот се лиферувал на стаклараата во Панчево и Параќин, а имава и обиди да се извози во странство.[115]

Но, претпријатието од непознати разлози наскоро престана да функционира. Изгледа големата оддалеченост од потрошувачките центри, како и високите тарифни ставки на железниците беа главните разлози за тоа:

Покасно сопственикот на мајданот во Долно Солје, Петар Марковиќ, во денешната населба "Мичурин", покрај самата фабрика за конзерви "Вардар" исто така основа претпријатието за оплеменување на кварцниот песок опремено со модерен уреѓај за перење и гранулација на песокот. Ова претпријатие годишно произведувало 800-1.000 тони чист опран песок и запослувало просечно годишно околу 30 работници. Песокот се пласирал во стаклариte: Параќин, Панчево, Храсник и Роготец кај Рогашка Слатина.

Г. ИНДУСТРИЈА НА МЕРМЕР

Територијата на НР Македонија е богата со наоѓалишта на мермер. Меѓу најпознатите спаѓаат: во Прилепско - Кичевска околија: Добриште, Сивец, Габар, во Прилепско - Велешка околија: Плетвар, Чашка; Гостиварска околија: с.Баница, Тетовско, Лешок, Групчин и Долно Палчиште /оникс/, Палчиште, Скопска околија: Кучково /Травертин/, Мојанци, Горно Количани.

И покрај тоа што Македонија располагала со квалитетни

115/ Фабрика за прераду песка за стакло - Скопски гласник од 10.IX.1932 год. - Скопје.

мермер, во предвоениот период тој слабо се експлоатирал,/единствениот корисник бил каменорезачкиот занает/.

Право за истражување на мермер првобитно, во 1926 год. добила Радмила Ѓурковиќ, по народност Србинка но истрагите многу слабо врвеле, така во 1930 година правото го продава на една лесковачка фирма на чие чело беше Милан Живковиќ. Оваа фирма не само што продолжила со истраги, туку добила и концесија за експлоатација на мермерот. Под раководството на Милан Живковиќ експлоатацијата на мермерот достигнала над 200 м³ годишно. Меѓутоа, покасно, кон 1938 година, Милан Живковиќ ја остапил експлоатацијата на мермерот на Момчило Јоксимовиќ кој основал претпријатие во Прилеп под фирмата "Индустрија мермера Плетвар". Новото претпријатие на Јоксимовиќ не покажувало некој особен успех. Производството во последните години пред војната опаднало и изнесувало 40-60 м³ годишно. Производството се состоело во вадење на блокови на примитивен начин. Основниот алат се состоел од: глета, чекани, клипови, рачни дигалки до 5 тона, дрвени цилиндри, разни казми и др.

Главен потрошувач било претпријатието, "Индустрија мермера, Београ", како и разните каменорезачки занаетчиски работилници во Македонија.

Производството било сезонско и се работело на една смена. Работното време било 10 саати.

Претпријатието запослувало 7 работници од кои 4 квалификувани мајстори и 3 општи работници.

Д. Положба и анализа на производството, оплеменувањето и преработка на неметалите

Индустријата на неметали во предвоениот период во Македонија спаѓала меѓу слабо развиените индустриски гранки. Од вкупно 111 индустриски претпријатија на гранката неметали отпаѓале 5 или 4,5% од вкупниот број на претпријатија. Со исклучок на керамичката индустрија, останатите претпријатија од индустријата на неметали претставувале мали капацитети, каде што преовладувал занаетчиски начин на производство. Тоа најубаво се гледа од вложените инвестиции, од вградените коњски сили, од обемот

на вредноста на производството и запослената работна рака.

Во текот на периодот 1918-1940 година инвестирано било во оваа гранка 6.000.000 динари од кои 4.920.000 динари или 82% од вкупните инвестиции отпаѓало само на двете керамички претпријатија, а 1.080.000 динари или 18% на трите претпријатија за експлоатација и преработка на неметали. Тоа значи дека последниве претставувале ситни капацитети од кои просечно на едно претпријатие отпаѓало по 360.000 динари основни средства.

По потекло на капиталот изнесените инвестиции отпаѓале на:

Домашен капитал	2.356.000	или	39,2%
српски "	3.540.000	"	59,0%
странски "	104.000	"	1,8%
Вкупно:	6,000.000	"	100%

Најголемо учество во оваа гранка земал српскиот капитал /59%/, а најмалку странскиот капитал /1,8%/. Чист домашен капитал бил инвестиран само во керамичната индустрија на Т.Левков, Титов Велес.

Во оваа гранка на индустриската дејност вкупната инсталирана можност во 1940 година изнесувала 231 кс од кои само на двете претпријатија од керамичката индустрија отпаѓало 191 кс, додека на останатите три 40 кс.

Просечно на едно претпријатие доаѓало по 46 кс, а на еден запослен работник 1,8 кс.

Погонот на претпријатата се движел на електрична енергија /керамичката индустрија/ и претпријатие за кварцни песок, а на пареа, претпријатието за преработка на талк, Т.Велес. Претпријатието за мермер било ориентирано исклучиво на примитивна експлоатација без примена на механизација. Песокот само се перел и се вршела гранулација, а мермерот се вадел во блокови и така непреработените блокови се пласирале.

Во оваа индустриска делатност во 1940 година имало запослено 130 работници и службеници, односно 1,2% од вкупниот број запослени работници, од кои 119 работници и службеници биле од Македонија, 11 од останалите краишта на Југославија, а само 3 странци - Бугари.

Структурата на запослената работна сила во оваа

гранка била како што следува:

Категории	Број на работници и службеници	%
Квалификувани работници	32	24,1
Полуквалификувани работници	44	33,1
Неквалификувани работници	51	38,3
Административен персонал	6	4,5
Вкупно:	133	100%

Најмногу имало запослено полуквалификувани и неквалификувани работници /71,4%/, што е и разбирливо, бидејќи оваа гранка на делатноста по природата на работата бара голем број на неквалификувани работници. На едно претпријатие отпаѓало 22,2 работници и службеници, односно под македонскиот просек. Ако се земе предвид дека во овие претпријатија многу била слабо застапена механизацијата и дека технолошкиот процес повеќе се одвивал рачно, се доаѓа до заклучок дека оваа гранка била во почетната фаза на својот развиток. Од вкупно 133 запослени работници и службеници, само на керамичката индустрија отпаѓало 90 работници и службеници, односно 67,6% од вкупната запослена работна рака во гранката. Во останатите три претпријатија биле запослени 43 работници, односно 32,4%.

Што се однесува за административниот персонал, тој слабо бил претставен во оваа гранка. Во сите претпријатија имало запослено само 6 службеници, односно на едно претпријатие отпаѓало 1,2% службеници. Тоа резултира од фактот што самоте сопственици раководеле со администрацијата.

Во сите претпријатија работата била сезонска, се работело 6-9 месеци во годината. За да го користат сезонскиот период и да реализираат што поголеми профити, не се придржувале за осумчасовното работно време и работниците работеле 10-12 саати дневно, без да им се плати прекувремената работа. Оваа положба предизвикала револт при работниците и како што веќе изнесовме во керамичката индустрија избувнале штрајкови, благодарејќи на кои работното време се намалило и извојувале едновремено и подо-

брување на хигиенските услови во фабриката.

Производството односно преработката на неметалите се движела во ограничени количества.

Вкупното производство на неметали во 1940 година по претпријатија изнесувало:

Назив на претпријатието	Единична мера	Производство во тони	Вредност
Керамичка фабрика -Титов Велес	тони	500	750.000
Керамичка фабрика "Кис"-Скопје	"	1.000	1.500.000
Фабрика за талк -Титов Велес	"	700	1.400.000
Претпријатие за кварцен песок - Скопје	"	800	400.000
Индустрија за мермер -Прилеп	$м^3$	60	120.000
Вкупно:			4.170.000

Бидејќи производството на керамиката за градежништвото не било воопшто развиено во стара Југославија, и како што спомнавме, овие производи се увозувале од странство, произведените канализациони цевки од 1.500 тони годишно претставувале сепак сериозни количества, кои не само ги задоволувале потребите на Македонија /потребите всушност биле минимални, бидејќи со исклучок на Скопје, градежничката делатност во останатите краеви била слабо развиена/, туку еден добар процент се извозувале во останатите краеви на Југославија /Србија, Војводина и Хрватска/.

Производството на останатите споменати претпријатија од оваа гранка на делатноста како што се гледа од горе наведената табела било незначително и претставувало први обиди на експлоатацијата на неметали кај нас. Производството, односно преработените неметали /талк, кварцен песок и мермер/, главно, се пласирале во Србија, каде што понатаму се обработувале во финални производи /мермер/ или се употребувале како помошен материјал во тамошната индустрија /талкот во хемиската индустрија, а кварцниот песок во индустријата на стакло и др./.

§11. ТУТУНОВА ИНДУСТРИЈА

Од индустриските култури тутунот останал до денес најзастапена култура во Македонија и како таков претставувал првокласен фактор во стопанството во нашата Република.

Како потврда за горната констатација ќе изнесеме само неколку цифри. Како високодоходна култура, во текот на последниве 50 години, било во однос на посаните површини, било во однос на производството, тутунот покажувал тенденција на растење. Така, додека во 1903 година посеаните површини со тутун изнесувале 3.450 ха, во 1939 година тие пораснале на 9.614 ха.

Вкупното производство за истиот период се зголемило од 1961 тон во 1903 година[116] на 7.229 тони во 1939 година[117]. Ваквиот динамичен развиток на тутунопроизводството позитивно се одразувало и на народниот доход. Од индустриските култури во Македонија најголема позиција во народниот доход завзема тутунот. Така, во периодот 1921-1929 година тутунот учествувал во бруто продуктот од индустриски култури со 80%. Тутунот како индустриска дејност исто така заземал па и денес зазема едно од најважните места во нашето стопанство.

Достаточно е да спомнеме дека тутунот од вкупното индустриско производство учествувал во 1939 година со 36,6%, а во вкупната запослена работна рака во индустријата во 1940 година со 66,4%. Што се однесува за извозот, иако извозот на тутунот бил систематски и планski организиран, сепак во периодот 1935-1937 година е извезено во просек 4.873 тони од кои 3.080 тони односно 63,2% отпаѓало на Македонија или вкупна вредност од 129.760.000 динари.[118]

116/ Податоците за засејаните површини и производството за 1903 година земени се од: Д.Бојановски, агр.К.Донов, инж.агр.А. Пемовска: Развитокот на земјоделството во Македонија - Скопје, 1955 година;

117/ Податоците за засејаните површини и производството во 1939 г. се земени од статистичкиот годишњак за НРМ за 1955 година.

118/ Инж.Ст.Димитров: Проблеми на производството на тутун, реферат поднесен на годишното собрание на економистите на НР Македонија. Според Д-р Ур.Стајиќ на територијата на денешна НРМ во 1910 и 1911 г.се произведувало околу 9 мил.кгр.тутун годишно и тоа: Скопски округ 3.150.000 кгр., Кумановски округ 2.050.000 кгр., Штипски 1.000.000, Тетовски 200.000 кгр., Битолски, Охридски и Тиквешки околу 2.600.000 /Економист, Београд, 1914 година/.

Бидејќи тутунот претставувал сериозен и сигурен финансиски извор на државниот фискус, многу држави преку разни законски прописи го задржале исклучивото право производството, преработката и продажбата да ги контролираат, создавајќи на тој начин монополи преку кои реализирале осетни приходи. Приходите од тутунот скоро во сите држави во светот претставуваат најважни позиции во државните буџети. Не само тоа. Поради високите и постојаните приходи кои ги реализираат државите од тутунот, монополите на тутунот во поедини држави служат и како гаранција за отплата на склучени надворешни државни зајмови. Така, во стара Југославија приходите од државните монополи служеа како гаранција за уредно плаќање на ануитетите по склучениот надворешен Блеров зајам од 1922 година, Монополскиот зајам од 1928 година, Стабилизациониот зајам од 1931 и др.

Меѓу првите држави кои вовеле монополи на тутун се: Англија 1625 година, Венецијанската Република 1657 година, Австрија 1670 година, Франција 1674 година, Србија 1885 година, во Македонија во турско време имало институција - Отоманска режија за тутун која вршела откуп и преработка на произведениот тутун. Оваа институција е основана во 1883 година, а престанала да функционира по Балканската војна. Со формирањето на Југославија во 1918 година постоечкиот закон за монопол на тутун во Србија од 1885 година се проширил на целата територија на Југославија. Спрема Законот за државниот монопол од 1931 година производството, откупот, преработката и пласманот на тутунот било монополисано од државата. Спрема овој закон со производство на тутун може да се занима само оној производител кој предвремено ќе се снабдел со дозвола од Државниот монопол, во која дословно било назначено количеството на тутунот што можело да се произведува. Произведениот тутун се предавал на монополот по цени кои едностранчиво со законски прописи биле фиксирани. На овој начин производството на тутун државниот монопол го регулирал спрема побарувачката на внатрешниот односно странскиот пазар, невпуштајќи се во тоа што поедини краеви поради почвениот состав на земјата не можеле да ги посеат своите ниви со други култури освен со тутун и како такви останувале необработени /обично тутунот се сади на слаби површини кои не се погодни за други култури/.

а/ М а г а з и н с к и п р о с т о р

Монополскиот начин на откуп на произведениот тутун, неговото понатамошно складирање, манипулирање и ферментирање во монополска режија барало големи складишни простории. Денешната територија на НР Македонија од Турската империја наследила само два мали магазини во Прилеп и Гевгелија. Тутуновиот склад во Прилеп бил основан 1870 година од Отоманската режија за тутун. Магазинот со приземје бил изграден од тврд материјал /камен/. Неговиот капацитет бил мал и изнесувал само околу 100 тони тутун годишно. /овој магазин и денес суштествува во исправна состојба и во него е сместен времениот погон на фабриката за цигари/. Другиот магазин во Гевгелија е основан во 1890 година и располагал исто така со мал капацитет /од околу 80 тони/.

Природно, овиа два магазина не можеле да ги задоволат пораснатите потреби во повоениот период, така што на монополските станици им се наложило да пристапат кон изградба на нови тутунови складови. Изградбата на тутунови складови во НР Македонија во периодот во 1918 - 1941 година се движел како што следува:[119/]

Реони	Назив на просториите	Година на градењето	Предворна градежна големина во м2		
			магазини	визби	управни и други згради
1.Прилеп	нов магазин	1932	5.925	-	-
	камен магазин	1924	5.946	-	-
	магазин /отоманска режија/	1870	1.830	-	-
	останати помошни простории	1870	-	-	1.544
	визба	1932	-	728	-
2. Крушево	магазин	1937	4.300	-	-
	визба	1937	-	363	-
	останати станбени згради. стража и др.	1937	-	-	804
3. Кавадарци	магазин	1927	4.341	-	-
	визба	1927	-	884	-
	останати приземни згради и станбени згради	1927	-	-	1.051

119/Според пописот на основните средства 1953 година

4. Гевгелија	магазин	1890	1.332	-	-
	останали помошни и управни згради	1930/39			779
5. Штип	бараки	1923	1.040	-	-
6. Струмица	бендруг	1920	1.600	-	-
	магазин	1930	5.172	-	-
	визби	1930	-	1.303	-
	останати управни згради и др.	1930	-	-	1.293
7. Радовиш	приземен магазин	1922	1.963	-	-
	магазин	1932	4.224	-	-
	визба	1932	-	1.069	-
	останати станбени згради и др.управни згради	1932	-	-	1.123
8. Тетово	стар магазин	1933	4.164	-	-
	визба	1933	-	573	-
	останати управни и станбени згради	1933	-	-	661
	ферм завод	1937	5.349	-	-
	визба	1937	-	1.054	-
9. Куманово	стар магазин	1932	7.692	-	-
	визба	1932	-	1.450	-
	нов магазин	1938	5.270	-	-
	визба	1938	-	1.066	-
	станбени и управни и др.згради	1932	-	-	1.968
10. Битола	Магазин	1929	5.350	-	-
	солара	1929	1.966	-	-
	останати згради	1929	-	-	1.235
11. Кочани	магазин	1930	2.762	-	-
	визба	1930	-	441	-
	работилница	1930	2.000	-	-
	останати управни и други згради	1930	-	-	1.023
	визба	1930	-	926	-
12. Титов Велес	црни бараки	1920	2.309	-	-
	барака	1923	523	-	-
	магазин	1924	6.034	-	-
	Визба	1924	-	1.220	-
	останати управни и други згради	1924	-	-	1.190
13. Скопје	бендрук	1919	8.150	-	-
	магазин бр.1	1927	4.558	-	-
	визба	1927	-	891	-
	магазин бр.2	1927	1.558	-	-
	визба	1927	-	891	-
	магазин бр.3	1930	1.352	-	-
	магазин бр.4	1930	4.352	-	-
	визба	1930	-	586	-
	магазин бр.5	1938	9.690	-	-
	визба	1938	-	1.938	-
	останати управни згради	1927	-	-	1.169
Вкупно:			110.772	15.283	13.840

Од горниот преглед се гледа дека во првите повоени години 1918 - 1923 година бивша Управа на државниот монопол конструирала само дрвени бараки /Бендрук/. Такви бараки се подигнати во Скопје, Штип, Струмица и Т. Велес. Овие бараки располагале со складишни простории од 13.099 м^2. Дури во 1924 година се започнало со изградба на солидни типови складишта од тврд материјал. Првите типови складишта се созидани, Т.Велес /1924/, Прилеп /1924/, Скопје /1927/ итн.

Типовите магазини биле изградени на катови со визби и тавани. Визбите обично служеле за влажење на сувите тутуни, а таваните за сушење на влажните тутуни. Приземјата се користеле како манипулациони, а катовите како ферментациони одделенија.

Во кругот на магазините имало изградени управни и др. помошни згради како и разни работилници со вкупно 13.840 м^2 големина. Изградбата на тутуновите складови по периоди ја покажува следната динамика: 120/

Периоди	Број на магазини и бараки	градежна големина м^2	Број на визби	градежна големина	Вкупно м^2
До 1918	2	3.182	-	-	3.182
1918-1925	8	27.565	1	1.220	28.785
1925-1930	5	17.773	3	2.666	20.439
1930-1935	9	37.643	8	6.976	44.619
1935-1940	4	24.609	4	4.421	29.030
Вкупно:	28	110.772	16	15.283	126.055

Најинтезивната изградба на тутунови складови бележи периодот во 1918-1925 година кога се изградени осум магазини и една визба со вкупно 28.785 м^2 складишен простор и периодот 1930-1935 во кој се изградени 9 магазини и 8 визби со вкупно складишен простор од 44.619 м^2.

Во овие два периода е изграден најголемиот дел на мрежата на монополски стоваришта во НР Македонија.

Во периодот 1935-1940 година се изградени само 4 магазини со 24.609 м^2 складишни простории и 4 визби со 4.421 м^2 визбински простории.

120/ Табелата е конструирана според пописот на основните средства 1953 година.

Тутуновите складови служеле само за складирање, манипулирање и сезонска /природна/ ферметација на откупениот од монополските органи тутун. Тие не располагале со некој инсталации или машини.

Складишните простории во предвоениот период, воопшто земено ги задоволувале потребите. Доколку поодделни складови не можеле откупениот тутун да го приберат, одвишоците се праќале во оние места /складови/ кои располагале со поголем складишен простор.

Бидејќи годишното производство на тутун се движели просечно 7.242 тона /просек 1920-1940/ не се поставувало прашање за прибирање во склад на произведениот и откупениот тутун.

Складишните простории во однос на произведениот и откупениот тутун за одделни реони во 1939 година изнесувале: 121/.

Ред. бр.	Реони	производство	магазински простор	Оптовар магазински простор	Потребен магазински простор	Разлика во магазински прост.
1.	Прилеп	2.445	13.701	181	24.450	-10749
2.	Крушево	365	4.300	84,8	3.650	+ 650
3.	Кавадарци	130	4.341	29,9	1.300	+ 3041
4.	Гевгелија	131	1.352	96,8	1.310	+ 42
5.	Штип	64	1.040	61,5	640	+ 400
6.	Струмица	357	6.778	52,7	3.570	+ 3202
7.	Радовиш	255	6.187	47,0	2.550	+ 3637
8.	Тетово	358	9.513	37,6	3.580	+ 5933
9.	Куманово	854	12.962	65,8	8.540	+ 4422
10.	Битола	676	7.316	119,7	8.760	- 1444
11.	Кочани	263	4.762	29,5	2.630	+ 2132
12.	Титов Велес	123	8.866	13,9	1.230	+ 7636
13.	Скопје	1.560	29.660	56,7	15.600	-14060
	Вкупно:	7.781	110.772	69,6	77.810	32962

Ако се земе како норма дека оптоварувањето на 1 м^2

121/ Податоците се земени од пописот на основните средства од 1953 год. и елаборатот на Заводот за стопанско планирање на НРМ: Тутунот во стопанството во НРМ.

изнесувало 100 кгр.тутун, при производството од 7.781 тона тутун оптоварувањето изнесувало 69,6 кгр. што значи при складишни простории од 110.772 м^2 имало одвишок од 32.962 м^2 складишни простории.

Тутуновите складови биле лоцирани во тутунопроизводителните центри во близината на железничката линија или на поважните патишта. Така тие овозможувале на производителите лесен дотур на суровиот тутун, од една страна, и го поевтинувале транспортот на ферментираниот тутун, од друга страна. Меѓу најголемите спаѓале складовите во Скопје, Прилеп и Куманово, чии вкупен складишен простор изнесувал 53.973 м^2, односно 48,3% од вкупниот складишен простор во НР Македонија.

б/ И н в е с т и р а н к а п и т а л

Бидејќи суровиот тутун се преработува во Македонија само во полупроизвод /се манипулирал и ферментирал/ и како таков се доставувал на понатамошна фабрикација на разни фабрики за цигари и др.тутунови преработки во земјата или се извезувал на странски пазари, бившата Управа за државните монополи на територијата на денешна НР Македонија, главно, инвестирала средства во градење на монополи кои служеле за сместување, манипулирање и ферментирање на откупениот тутун.

Вкупните инвестирања во тутуновата индустрија во Македонија во предвоениот период тешко можат да се востановат од оригинални документи, бидејќи документацијата /книговодството, архивските материјали и др./ на голем број монополски станици е уништена во време на војната. Исто така не можеме да се послужиме ни со официјални статистички податоци, бидејќи при пописот на индустријата, извршен во 1938 година, тутуновите складови не се земени предвид, бидејќи истите не се третирани како претпријатија од индустриски карактер.

За да ги процениме инвестирањата во оваа индустрија се служевме со пописот на основните средства во индустријата од 1953 година. Пресметано спрема овој попис вредноста на инвестициите во тутуновата индустрија во Македонија 1940 година само во граѓевински објекти изнесувала 178 милиони динари [122/]. Освен

122/ При пресметувањето се земени и складишните простории на бараките.

тоа монополските станици располагале со голем инвентар, кој не е вклучен во горната сума. Еве еден преглед на вредноста на инвестициите вложени во тутуновата индустрија во Македонија, прикажани поодделно во реонските складишта /монополски станици/.[123]

Р е о н и	Капитал вложен во магацини и други градежни објекти	%
1. Прилеп	22.441	12,6
2. Крушево	8.905	5,0
3. Кавадарци	9.617	5,4
4. Гевгелија	2.671	1,5
5. Штип	-	-
6. Струмица	9.796	5,5
7. Радовиш	9.617	5,4
8. Тетово	13.714	7,7
9. Куманово	23.687	13,3
10. Битола	11.577	6,5
11. Кочани	4.809	2,7
12. Титов Велес	12.645	7,1
13. Скопје	48.621	27,3
Вкупно:	178.100	100,0

Од сите реони најмногу е инвестирано во градење на монополски магацини во Скопје, 27,3%, потоа Куманово 13,3%, Прилеп 12,6%, а најмалку во Гевгелија 1,5%.

в/ Р а б о т н а с и л а

Во тутуновата индустрија на територијата на денешна НР Македонија во 1940 година имало запослено просечно 7.210 работници и службеници, односно 66,4% од вкупниот број на запосле-

123/ Пресметано спрема цит.пописот на основните средства.

ната работна сила во индустријата и рударството.

Просечниот годишен број на запослени работници во тутуновата индустрија во 1940 година по претпријатија изнесувал:[124]

Претпријатија		Просечен број на запослените работници	%
Тутуново претпријатие -	Куманово	834	11,6
-"-	Скопје	1.857	25,9
-"-	Тетово	428	5,9
-"-	Прилеп	791	11,0
-"-	Титов Велес	656	9,1
-"-	Кочани	320	4,4
-"-	Радовиш	354	4,9
-"-	Струмица	493	6,8
-"-	Гевгелија	183	2,5
-"-	Битола	581	8,1
-"-	Кавадарци	205	2,8
-"-	Штип	140	1,9
-"-	Крушево	368	5,1
Вкупно:		7.210	100,0

Најголем број запослени работници и службеници имало складиштето во Скопје, 25,9% од вкупниот запослен број на работници, потоа доаѓало Куманово, 11,6%, Прилеп 11,0%. Најмал број работна рака имало складиштето во Штип 1,9%, Гевгелија 2,5%, Кавадарци 2,8%.

Голем број работници во тутуновата индустрија во предвоениот период резултира од фактот што манипулацијата на тутунот била многу покомпликована од сегашниот начин на манипулација поради тоа што не беше воведена употребата на тонги машини и што тутунот определен за домашната преработка се сортирал во тогашните тутунови складишта, додека денес тој процес го вршат фабриките за тутунови преработки.

124/ Зборник статистичких таблица по питању производње дувана у Југославији - Статистика за културу и ферментацију дувана Управе државних монопола, Београд, /ракопис/.

Производниот процес на тутуновата индустрија /манипулација и ферментација/ било од сезонски карактер. Така оваа гранка на делатноста не можела да запослува во целата година еден константен број работници поради што доаѓало до голема безработица во мртвата сезона. Најинтензивната работа во складиштата се движела од декември до август идната година, а во месеците септември, октомври и ноември останувал само неопходно нужен број работници и службеници и тоа обично стручниот и административниот персонал. За илустрација на колебањата на работната сила по месеци го даваме табеларниот преглед на страна 245.[125/]

Оваа гранка на делатноста се карактеризира и со тоа што бројот на запослената работна рака осетно варирала од година во година како резултат на нерамномерното тутунопроизводство. Нерамномерноста на производството во прв ред произлегувало од нестабилната политика на Управата на државните монополи, а особено од големите колебања во откупните цени на тутунот, кои непосредно се одразувале на тутунопроизводството.

Таква лоша политика на цени предизвикувала нагли промени во производството и следователно тоа се одразувало на бројот на запослените работници. Така во периодите на зголемено тутунопроизводство, бројот на работниците растел и обратно, во периодите на намалено производство, бројот на запослените работници опаѓал.

Најголем дел околу 80% од запослените работници, биле неквалификувани работници, регрутирани меѓу најбетните народни маси од местата каде што биле лоцирани тутуновите складишта.

Од вкупно запослените работници на женска работна рака отпаѓало преку 56%. Во тутуновата индустрија женската работна рака била најмногу запослена.

Во стопанскиот живот на Македонија сé до 1918 година жените не земале скоро никакво учество. Во првите повоени години машката работна рака била насекаде запослена, дури и на оние работни места каде што можела со успех да се запосли женската работна сила. Бидејќи женската работна рака била поефтина од машката, жените постепено почнувале последната да ја конкурираат

125/ Цит.зборник

Движење на бројот на работниците по месеци во тутуновите претпријатија во 1940 година

	Месеци												Вкупно	Просечно по месеци
	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII		
Куманово	666	1443	1390	1352	1346	1305	1336	360	73	105	208	428	10012	834
Скопје	1846	2742	2682	2662	2801	2745	2227	1084	1030	649	675	1134	22277	1857
Тетово	594	804	663	680	670	578	312	192	65	87	96	391	5132	428
Прилеп	357	1229	1678	1687	1681	1332	400	398	251	116	156	206	9493	791
Титов Велес	1155	1271	1312	1325	1231	413	303	339	120	124	194	81	7868	656
Кочани	500	608	601	557	509	447	117	140	29	63	84	190	3845	320
Радовиш	582	525	672	653	659	520	424	146	100	117	73	79	4250	354
Струмица	707	731	716	672	670	618	578	482	66	67	28	586	5921	493
Гевгелија	294	388	405	385	371	85	84	61	23	35	38	30	2199	183
Битола	325	868	865	1027	1026	922	832	490	148	89	127	257	6976	581
Кавадарци	378	433	407	371	350	106	76	65	27	41	45	162	2461	205
Штип	268	481	263	226	181	28	30	51	17	44	59	36	1684	140
Крушево	392	694	610	609	575	512	406	134	114	51	48	267	4412	368
Вкупно:	7758	12217	12264	12206	12070	9611	7125	3942	2063	1588	1833	3847	86524	7210

и да ги заземаат оние работни места кои во индустриски развиените земји одамна ги заземала жената /текстилна, прехранбена индустрија и др./. Најголем прираст покажува женската работна сила во тутуновата индустрија каде што бројниот однос меѓу вработените работници и работнички се движел во полза на работничките. Се разбира дека скоро сите работни места, окупирани од страна на работнички во тутуновата индустрија, биле места кои не барале стручност, така што грото на женската работна рака била неквалификувана.

Платите, односно надниците на вработените работници биле крајно ниски и го необезбедувале ни животниот минимум. За илустрација ќе се послужиме со следниве податоци: Во јуни 1936 година просечната обезбедена надница на работниците вработени во тутуновата индустрија во Македонија изнесувала 10,27 динари, што значи дека вкупната просечна заработка на еден монополски работник /при просечно 25 работни дена/ изнесувала 256,75 динари. Бидејќи монополските работници, поради природата на работата, биле вработени најмалку просечно 9 месеци во годината, тоа нивната просечна годишна заработка изнесувала само 2.310,75 динари.[126]

Тутуновата станица во Струмица во 1934 година вработувала 296 работници. Нивните надници изнесувале и тоа: на 14 работници по 12 динари, на 45 по 10 динари, на 76 по 8 динари, на 51 по 6 динари, а на 84 по 5 динари. Во Прилеп од 289 вработени работници и работнички 128 имало по 10-12 динари дневно, во Куманово од 500 вработени во мај 1934 година 75 имало по 12 динари, 30 по 11 динари, 28 по 10 динари, 32 по 9 динари, 48 по 8 динари, 52 по 7 динари на ден.[127] За одбележување е дека овие надници биле бруто надници и требало по Законот за социјално осигурување да се одбие придонес за социјално осигурување.

г/ Производство и пласман

Производството на тутун во периодот меѓу двете свет-

126/ Р.Пурић: Работнички Југ, Скопје, 1937 година
127/ Р.Пурић: Наличја - социјални проблеми Југа, Скопје, 1934 г.

ски војни на територијата на стара Југославија и денешна НР Македонија изнесувала во тони:[128]

Години	Производство			Цена на 1 килограм југословенски просек
	ФНРЈ	НРМ	НРМ	
1920	9.024	3.595	-	11,74
1921	11.925	5.044	4.667	16,07
1922	9.872	4.759	3.929	23,85
1923	18.002	8.624	7.802	33,45
1924	33.670	13.998	7.696	19,33
1925	9.293	4.179	4.576	20,50
1926	14.821	8.769	7.736	13,55
1927	6.886	4.460	2.942	16,85
1928	6.687	3.221	2.861	21,72
1929	15.430	8.097	5.753	15,91
1930	15.824	6.781	6.191	17,07
1931	15.600	8.904	6.422	13,74
1932	17.206	9.753	7.182	8,10
1933	6.530	3.089	3.315	6,02
1934	6.020	3.037	2.836	7,54
1935	10.658	6.611	4.268	10,81
1936	18.805	9.524	5.870	12,35
1937	24.101	11.060	7.562	10,47
1938	15.846	8.707	6.495	14,55
1939	16,525	9.157	7.229	22,75
1940	27.789	10.906	-	24,90
просек 1920//940	14.786	7.251	5.446	16,20

128/ Бидејќи податоците за производство на тутун на Управата за државни монополи се разликуваат од тие на статистиката, а особено знатна е разликата во години 1924, 1932, 1935, 1936 и 1937, тоа сметаме и двата извора да ги изнесеме. Разликата произлегува, по мислење на стручњаците, оттаму што статистичките органи засејаните површини со тутун и приносите ги установувале по пат на оценка неколку месеци пред бербата, додека Управата за државни монополи податоците ги добивале врз основа на дефактно откупениот тутун.

Првите повојни години, поради ниските откупни цени, тутунопроизводството не можело да ги задоволи ни внатрешните потреби. Така при одлични климатски и почвени услови во Македонија и Херцеговина за култивирање на тутун стара Југославија морала да увозува тутун во лист од Холандија и Бугарија. Износот на увезениот тутун надминувал 200 милиони девизни динари годишно.[129] Како резултат на таквата лоша политика тогашната Управа на државните монополи претрпела остра критика и била принудена својата политика да ја коригира со тоа што отпочнала да го форсира производството на тутун. За таа цел како најдобар инструмент ѝ послужи зголемувањето на цените на откупениот тутун /во 1922 година просечната откупна цена за 1 кгр. изнесувала 23,85 динари, спрема 33,45 во 1923 година/.

Зголемувањето на откупните цени стимулативно се одразиле на производството и во следната 1924 година, производството на тутун нараснало на 13.296 тони према 4.759 во 1922 година и 8.624 тона во 1923 година. Меѓутоа, рекордната берба на тутунот во 1924 година создала проблем на пласманот на произведениот тутун. За да го намали производството, монополот се послужил, пак со политиката на цената, само сега во обратна смисла. Постигнатата просечна цена од 33,45 динари, во 1923 година се намалила во 1924 година на 19,33 динари, така што во 1925 година производството на тутун паднало на 4.179 тони, и по тој начин ги ликвидирало создадените залихи од 1924 година.[130] Минимално производство на тутун било во годината 1933 /3.089 т./ и 1924 /3.037 т./ кога не се произведувало тутун во некои реони поради ниските цени и лошата политика при откупот.

Како што се гледа од горниот преглед, тутунопроизводството покажувало големи колебања. Колебањата резултирале од низа природни и економски фактори: атмосферските прилики во вегетациониот период, политиката на цените, строгиот режим на монополот /ограничување на садењето/, даночната политика и друго. Економските фактори преовладувале над природните. Особено откуп-

---

129/ Драг.Вуличевиќ: Дуванско питање, Скопје, 1931 година.

130/ Според Др.Ур.Стајиќ, Управата на државните монополи во 1923 година располагала со залихи од 5.500.000 кгр.тутун /500.000 кгр.од бербата 1922 и 5.000.000 кгр.од бербата 1923 година/. Во овие залихи било вложено околу 600.000.000 динари, Економист, Београд, 1924 година.

ните цени претставувале еден од најважните инструменти за стимулирање и регулирање на тутунопроизводството.

Десетгодишното просечно производство /1930-1939/ на денешната територија на НР Македонија по производни реони изнесувало во тони:

Реони	тони	% на учество
Прилеп	1.789	26,5
Скопје	1.845	27,4
Битола	489	4,1
Куманово	834	12,4
Струмица	203	3,0
Тетово	443	6,6
Кочани	307	4,5
Т.Велес	100	1,5
Крушево	364	5,4
Радовиш	162	2,4
Кавадарци	84	1,2
Штип	60	0,9
Гевгелија	75	1,1
Вкупно:	6.745	100,0

Скопскиот и Прилепскиот реон биле најголеми производители на тутун во третираниот период и учествувале во вкупното тутунопроизводство во Македонија со 53,9. Потоа следуваат реоните: Кумановскиот,12,4%, Тетовскиот 6,6% итн.

Тутунопроизводството по реони за реколтата 1939 година спрема книговодствените податоци на бив.тутунови складови во Македонија изнесувало:[131]

Реони	Број на брани те струкови	Број на произво-дителите	Откупено тутун во килограми	Средна цена за 1 кгр	Исплатено во динари
Прилеп	252.716.052	6.388	2.445.082	27,34	66.861.258
Битола	38.229.953	2.478	678.530	19,78	13.423.219
Ресен	10.746.605	985	196.450	20,11	4.109.326
Крушево	22.339.596	1.873	364.570	22,56	8.225.292
Тетово	24.916.131	1.633	357.854	15,56	5.568.974
Скопје	169.698.692	4.371	1.560.295	23,48	36,635.743
Куманово	73.619.501	2.972.	854.272	17,71	15.196.224
Кочани	31.738.141	2.461	262.921	19,46	3.121.044
Штип	10.225.779	477	63.884	27,96	1.786.362
Радовиш	33.057.546	1.898	255.542	25,06	6.396.796
Струмица	59.918.393	2.515	357.081	26,70	9.536.263
Гевгелија	20.656.683	1.224	131.544	28,02	3.686.061
Кавадарци	17.336.723	994	129.617	29,36	3.806.020
Титов Велес	23.161.811	867	122.937	24,45	3.006.346
Вкупно:	787.361.606	31.235	7.780.579	23,56	183.358.928

131/Тутунот во стопанството на НРМ - Завод за стопанско планирање на НРМ.

Прилепскиот тутунопроизводителен реон реализирал најголемо производство, по него доаѓа Скопје. Најдобри цени реализирале производителите во: Кавадарци /29,36 динари по кгр./, Гевгелија /28,02 динари/, Штип /27,96 динари/, Прилеп /27,34 динари/. Во овие реони се одгледуваат квалитетни типови тутун. Тетово реализирало најниски цени /15,56 динари/.

Откупните цени на тутунот во НР Македонија во периодот 1930-1940 година се движеле како што следува:[132/]

Година	Цена по 1 кгр.	Индекс 1930 = 100
1930	19,26	100
1931	15,90	82,5
1932	8,12	42,1
1933	7,77	31,o
1934	10,09	52,4
1935	11,61	60,2
1936	13,29	69,o
1937	11,93	61,9
1938	14,80	76,8
1939	23,56	122,3
1940	24,90	129,2
просек 1930-1940	14,65	-

Откупните цени на тутунот првите четири години /1930-1934/ нагло паѓале. Од 1934 до 1938 година тие покажувале тенденција на постепен и постојанен пораст, а во 1939-1940 осетно пораснале и скоро се утростручиле во споредба со 1932 и 1933 година.

Ако горните цени се споредат со просечните постигнати југословенски откупни цени, за истиот период, ќе се види дека имало извесна разлика во полза на постигнатите македонски просечни цени. Оваа разлика произлегувала оттаму што македонскиот тутун како поквалитетен, при откупот се оценувал во повисоки класи и следователно производителите реализирале повисоки просечни цени.

Благодарејќи на климатско-почвените услови и традици-

132/ Според цит.елаборат на Заводот за стопанско планирање на НРМ - Скопје

јата во одгледувањето на тутун, тутунопроизводството не само што било развиено во НР Македонија, туку, како во однос на Југославија, така и на останатите подрачја, Македонија го заземала првото место. Учеството на поодделни покраини, денешни народни републики, во вкупното производство на тутун во стара Југославија во релативни цифри во 1939 година изнесувало:

Година	Производство на тутун во проценти						
	ФНРЈ	НРС	НРХ	НРСл.	НР БиХ	НРЦГ	НРМ
1939	100	21,4	4,4	-	24,2	3,2	46,8

Меѓутоа, ако се земе учеството на НР Македонија во вкупното производство на тутун за целиот предвоен период /1920-1940/ процентот на учеството изнесувало 47,4%.

Откупениот тутун во монополските складишта се манипулирал и се ферментирал. Количината на манипулираниот, односно ферментираниот тутун, зависела од реколтата на претходната година, бидејќи произведениот суров тутун се преработувал во следната година.

Според статистичките податоци на Управата за државни монополи - Белград[133/],- откупеното производство на ферментиран тутун по години изнесувало:

Година	Примено килограми	Средено килограми	По ферментација отпаѓа на:				
			мувлосани плеснивчав	%	Кало и отпадоци	%	Вкупно
1924	13.998.117	13.135.731	-	-	-	-	-
1925	4.179.378	3.654.466	-	-	-	-	-
1926	8.769.473	7.762.906	333.340	3,80	673.227	7,68	1.006.567
1927	4.460.146	3.768.857	186.622	4,18	504.667	11,31	691.289
1928	3.222.040	2.963.692	61.364	1,90	195.984	6,11	258.348
1929	8.097.707	7.151.407	200.409	2,47	750.937	9,27	951.346
1930	6.784.607	5.749.906	269.607	4,01	765.094	11,63	1.034.701
1931	8.906.978	8.068.986	141.856	1,6	696.136	7,80	837.992
1932	9.753.365	8.579.743	148.068	1,69	1.025.554	10,52	1.173.622
1933	3.089.499	2.748.290	83.656	2,96	257.553	8,33	341.209
1934	3,037.314	2.719.015	35.563	1,3	282.736	10,2	318.299
1935	6.611,473	5.522.124	299.032	5,2	790.316	12,o	1.089.348
1936	9.524.212	8.516.039	263.384	3,o	744.789	7,82	1.008.173
1937	11.059.615	8.745.191	1.234.389	12,37	1.079.036	9,75	2.313.425
1938	8.707.919	7.364.236	532.243	6,74	811.441	9,32	1.343.684
1939	9.157.437	7.681.446	629.822	7,58	846.170	9,23	1.475.992

133/ Цит.зборник

Просечнитр трошкови по 1 кгр. околу средувањето на тутунот по години на територијата на НР Македонија изнесувало:[134/]

Година	Динари	Година	Динари
1930	2,40	1935	2,50
1931	2,12	1936	2,31
1932	1,65	1937	5,30
1933	1,84	1938	4,63
1934	1,86	1939	7,54

Спрема тоа, вредноста на средниот тутун по години изнесувала:

Година	Вредност на откупениот тутун	Трошоци на вкупниот среден тутун	Вкупно	Цена по 1 килограм
1930	130.671.531	13.799.774	144.471.305	25,1
1931	141.620.950	17.106.250	158.727.200	19,7
1932	79.197.324	14.156.576	93.353.900	10,9
1933	24.005.407	5.056.854	29.062.261	10,6
1934	30.646.498	5.057.368	35.703.866	13,1
1935	76.759.201	13.805.310	90.564.511	16,4
1936	126.576.777	19.672.050	146.248.827	17,2
1937	131.945.800	46.349.512	178.295.312	20,4
1938	128.877.201	34.096.413	162.973.614	22,1
1939	215.749.216	57.918.103	273.667.319	35,1
просек 1930/39	108.604.900	22.701.821	131.306.811	-

Производството на ферментиран тутун во стара Југославија по одделни денешни народни републики во 1939 година изнесувало во проценти:

Година	Ферментиран тутун						
	ФНРЈ	НРС	НРХ	НРБиХ	НРСл.	НРЦГ	НРМ
1939	100	16,4	4,1	25,7	-	5,7	48,1

134/ Според цитираниот Зборник

Од горните проценти се гледа дека Србија и Босна и Херцеговина заедно произведувале помалку од Македонија, а производството на Хрватска и Црна Гора е незначително во однос на Македонија. Целокупното количество на ферментиран тутун во Македонија, како што споменавме, се расподелувал по фабриките за тутунови преработки во земјата, бидејќи такви фабрики немало во Македонија и еден дел се извезувал.

Според статистиката на надворешната трговија на Југославија, извозот на тутун во лист по години се движел како што следува:[135/]

Години	Килограми	Вредност во 1.000 динари
1922	4.650	523
1923	2.156	483
1924	12.947	1.484
1925	2.678.826	76.466
1926	1.391.783	26.147
1927	1.054.030	13.254
1928	2.820.730	75.406
1929	3.380.670	138.260
1930	1.206.329	62.639
1931	2.943.737	123.768
1932	5.815.364	237.458
1933	4.615.772	143.156
1934	752.688	25.368
1935	6.081.850	158.914
1936	4.907.761	121.186
1937	3.642.340	109.120
1938	5.569.601	157.054
1939	3.140.946	93.509
просек 1922/39	2.778.450	86.899

Ако се има предвид фактот дека за извоз доаѓале во обзир првенствено ориенталските типови тутун, а во Македонија токму такви тутуни најмногу се застапени, може слободно да се констатира дека во извозот на тутун во лист Македонија заземала учество

135/ Статистика спољне трговине Краљевине Југославије, Београд, 1922-1940.

со околу 50-60%, а остатокот се преработувал во тогашните фабрики за цигари /1 фабрика во Србија, 1 во Хрватска, 1 во Словенија, 3 во Босна и Херцеговина и 1 во Црна Гора/, тутунот во лист се извезувал во Чехословачка, Полска, Франција, Белгија, Германија, Египет, САД и др.

Скоро целото производство на тутуновите преработки се пласирало на домашниот пазар.

Консумацијата на тутунови преработи - цигари во предвоениот период во Југославија по години изгледала:[136/]

Години	Килограми	Вредност во динари
1923	8.633.463	1.375.336
1924	8.636.077	1.597.291
1925	8.923.374	1.653.607
1926	9.878.980	1.763.875
1927	10.194.947	1.798.331
1928	10.417.741	1.796.449
1929	10.301.028	1.769.388
1930	10.103.647	1.835.952
1931	9.443.306	1.710.405
1932	7.694.738	1.462.948
1933	7.565.886	1.436.877
1934	7.445.880	1.423.248
1935	7.289.160	1.438.860
1936	6.933.020	1.423.167
1937	7.492.957	1.549.612

Консумацијата на тутуновите преработки растела сé до 1927 година, кога во идните три години 1927-1930 стагнирала. Во 1932 година пак нагло се консумацијата намалила и се до 1937 година стагнирала. Консумацијата на тутуновите преработки во Југославија во предвоениот период изнесувала околу 600 грама на жител годишно. Во Македонија консумацијата била под југословенскиот просек. Слабата консумација се должела на високите цени, слабата куповна моќ на населението.

136/ Л.Соколовиќ: Дуванска политика и Повардарје "Економско-финансиски живот" бр.112, Белград, 1940 година.

§12. РУДАРСТВОТО ВО НР МАКЕДОНИЈА

Рударството во Македонија претставува најстара гранка на индустриската дејност. Експлоатацијата на рудните богатства во Македонија датираат уште од времето на Римјаните. Во средниот век рударството ја достигнало својата кулминациона точка. Со освојувањето на Балканскиот Полуостров од Турците, рударството првобитно се одржувало, но кон крајот на XVII век, а особено во XVIII век скоро секаква рударска активност престанала. Главните рударски базени во Македонија биле: Кратовско-Злетовскиот, Рожденскиот и Поречкиот базен.

Уште во античкото време, а особено во средниот век, Кратовско-Злетовскиот крај претставувал центар на рударството не само во Македонија, туку и на Балканскиот Полуостров. Дури по освојувањето на овие краеви од Турците, иако останатите рударски краеви престанале со секаква рударска дејност, рудниците на Кратовско-Злетовската област продолжиле да работат со скоро иста интензивност се до крајот на XVII век. Од 1690 година, т.е. од турско-австриската војна рударската дејност започнала постепено да опаѓа, а во XIX век сосема престанала. Во кратовските рудници се експлоатирало: олово, злато, сребро, бакар и железо. Благодарејќи на рударството, Кратово претставувало во продолжение на 700 години многу важен рударски и стопански центар на Европска Турција. Во XVI век Кратово достигнало најголем успех во својата стопанска историја.

Рожденскиот базен исто така претставувал важен рударски центар во Македонија. Во овој базен има трагови дека рударството било развиено уште во стариот век. Кон крајот на XIX век во овој крај се споменуваат прочуените рудници Алшар[137/] кај селото Мајдан, каде што се експлоатирала арсенова и антимонова руда.

Организирани истражни работи во овој крај датираат од 1887 година кога Осман Инајет Ефендија добил од турските власти две концесии за арсенови и антимонови руди. Концесиите се однесувале на 65 рудни полиња за 99 години. Една година подоцна,

137/ "Алшар" произлегува од почетните слогови на сопствениците на рудникот Алатини и Шарние.

1888 година концесиите се пренесени на Браќа Алатини, познатата трговска и банкарска куќа од Солун, која започнала систематски истраги и припремила инсталации за преработката на рудата. Во 1890 година Алшар е веќе оформен како рудник. Во тоа време месечното производство изнесувало 30-70 тони антимонова и 10 тони арсенова руда. Рудата се оплеменувала и се добивал концентрат. Овој рудник интензивно се експлоатирал се до 1895 година кога поради слабата коњуктура на рудата на светскиот пазар, рудникот западнал во тешка положба. Но, сепак, експлоатацијата . . и натаму продолжила, туку со намалено темпо. Така до 1902 година се произвело само 50 тони руда. Во Алшар се експлоатирале три рудника, два за арсен и еден за антимон. По Балканската војна, 1913 година, во Алшар имало три пералишта за добивање на концентрат,/две за концентрат на арсен, а едно за антимон/. Најголемо пералиште беше изградено во местото Кање на Мајданската Река. Од пералиштата за арсен, уште во 1913 година останале и зјапиле празните згради, а пералиштето за антимон било напуштено и истото се состоело од модерни машини и апарати, кое се движело на чарки водена турбина. Перењето, оплеменувањето на сиромашната руда се вршело врз основа на два млина со цилиндри, еден елеватор, еден тапан за решетење, четири машини за перење со сито, еден сандак и два апарата со потрес. Освен тоа во рудникот имало големи управни згради, неколку помошни и 30 станбени згради. Инсталациите на рудникот се уништени во Првата светска војна, а зградите биле делум оштетени. Првобитно рудата се пренесувала со коњи до Криволак, а подоцна таа се транспортирала со коли. Рудата се пласирања, главно, во Германија.[138/]

Производството на рудникот Алшар по години /концентрат

138/ Др В.Симиќ, Историски развој нашег рударства, Београд, 1951 године.

во тони за периодот 1891 - 1902/139/ изнесувало како што следува:

Година	Антимон	Арсен
1891	210	-
1892	425	-
1893	1.035	-
1894	1.545	2.020
1895	1.322	-
1896	100	-
1897	400	-
1898	-	-
1899	1.173	-
1900	267	270
1902	-	50

Податоците за производството на арсеновата руда за третираниот период се мошне оскудни, но се претпоставува дека производството се движело од 200 - 600 тони годишно.

Иако рудникот Алшар функционирал сé до Балканската војна, податоците за производството на овој рудник за периодот 1900 - 1912 година се непотполни, така што не сме во состојба производството да го прикажеме динамично по години.

Со престанокот на експлоатацијата на рудникот Алшар во 1912 година престанала секоја рударска активност во овој рударски реон. Во периодот меѓу двете светски војни овој базен бил наполно запоставен. Истражите биле слабо организирани, а експлоатацијата на рудните богатства воопшто не се вршела.

Поречки рударски базен - Поречкиот крај обилува со богати наслаги на магнезит - железна руда од која се добивало во средниот век прочуеното поречко железо. Во турско време па сé до дваесеттите години на нашиот век, кога се откриле залежите на манган, во овој крај не била развиена никаква рударска активност.

139/ Др В.Симиќ, Историски развој нашег рударства, Београд, 1951 година

Историјатот на современото рударство во Македонија започнува во осумдесеттите години на нашиот век. Првите сопственици на рударските повластици во Македонија биле Турци. Но тие слабо се ползувале со добиените повластици, туку ги отстапувале - продавале на странски фирми. Меѓу првите концесионери кои пристапиле сериозно и организирано кон истражување и експлоатација на рудни богатства во Македонија, уште во XIX век, несомнено била солунската фирма Браќата Алатини. Покасно, во почетокот на XX век, почнал да се интересира англискиот, францускиот, италијанскиот капитал, а во првите години по Првата светска војна доаѓа до израз и германскиот.

Првобитно се отпочнало со експлоатацијата на хромната, антимонската и арсеновата руда, така што во деведесеттите години од минатиот век се експлоатирале скоро сите наоѓалишта на овие руди, а особено на хромната. Експлоатација на хромната руда особено се засилила во Првата, а нарочно во Втората светска војна. За сметка на хромовата руда се запоставиле останатите руди кои биле, како што спомнавме, сериозно експлоатирани во минатите векови: олово, сребро, бакар, железо, антимон, арсен и др. Оловната руда во Македонија по една долга пауза, повеќе од еден век, започна повторно да се експлоатира пред самата Втора светска војна. Со таа цел англиското друштво Злетово Мајнс Лимитед во Злетовскиот рудник на олово изградиле најмодерни инсталации за експлоатација на оловна цинкова руда. Овие инсталации во Втората светска војна, Германците уште повеќе ги проширile и ги модернизирале, започнувајќи со немилосрдна екстензивна експлоатација од огромни размери.

За да имаме пореална претстава за нашето рударство, ќе се задржиме поодделно на секое рударско претпријатие кое функционирало до самото избувнување на Втората светска војна.

А. ХРОМНИ РУДНИЦИ

1/ Хромни рудници во базенот Радуша

Историјата на хромните наоѓалишта во овој базен датираат од осумдесеттите години на минатиот век. Во 1885 година Алит Ефендија од Тетово случајно пронајдената хромна руда во

с.Радуша, ја испратил на анализа во Солун и по установувањето дека истата содржала голем процент хром, стапил во врска со фирмата Браќата Алатини од Солун, со која имал трговски врски, и заедно отпочнале за прв пат експлоатација на оваа руда во месноста Горна Радуша.[140] За периодот од 70 години, откога се експлоатира хромот во Македонија, се пронајдени низа богати лежишта на хромна руда.

Во овој базен кој се простира југозападно од реката Вардар и североисточно од реката Лепенец се наоѓаат следните хромни рудници: Горна Радуша, Радушка Река, Нада, Орашје Горанце, Чашак, Горна Вода, Суларе, Јажинци, Грменик, Станковац и др. Меѓу најважните рудници во овој рударски базен несомнено спаѓаа Радуша и Орашје.

Првобитно во турско време експлоатацијата била примитивна, откопувањето имало површински карактер и се развивало во скромни и ограничени размери. Бидејќи рудниците биле оддалечени од железничката линија, ископаната руда се пренесувала со товарни коњи и воловски коли до Скопје, а оттука се транспортирала со железница преку Солун за странство. Иако радушкиот базен бил многу оддалечен од железничката линија /Радуша - Скопје 23 км./, рудниците од овој базен произведувале знатни количества хромна руда.

Производството на хромна руда на неколку поважни рудници од радушкиот базен во 1903 година изнесувало:[141]

Рудници	Количество во тони
Орашје	3.854
Радуша	1.000
Грменик	1,000
Горанце	100
Вкупно:	5.954

140/ Инж.И.Крпвченко. Основна книга рударског базена "Радуша" /ракопис/

141/ Др В.Симиќ, цит.дело

Се експлоатирала I и II сорта руда.[142] Најголемо производство давал рудникот Орашје. Рудата, главно, се извозувала преку Солун за Италија и Франција. До Првата светска војна експлоатацијата била во рацете на странскиот капитал /италијанскиот, англискиот и францускиот/. Во горните рудници имало запослено во 1903 година од 300 - 350 работници.

Експлоатацијата на хромна руда во овој базен се вршел скоро перманентно до Балканската војна, кога поради војните настани престанала секаква рударска активност. По оваа војна, Браќата Алатини продолжиле со експлоатацијата. Но, понеполни две години, во 1914 година избувнала Првата светска војна која го парализирала производството. По окупацијата на Македонија од страна на Бугарите, бидејќи хромот претставувал важен стратегиски артикал, во 1916 година Бугарите отстапиле експлоатацијата на хромот на германските воени власти, кои преку друштвото Kriegsmetal Actionsgesellschaft започнале со интензивна експлоатација на богатите залежи на хромна руда во овој базен. Со таа цел споменатото друштво го поврзало рудникот Радуша со Горче Петров со железничката линија /0,60 см/ во должина од 23 км. Експлоатацијата која дотогаш била концентрирана на теренот Орашје, ја проширила на соседните терени: Горња Вода, Радушка Река, Суларе, Горња Радуша. Последното рудиште го поврзале со жичара, преку која се транспортирала рудата до железничката линија. Се експлоатирала само богатата хромна руда 40 - 48% Cr_2O_3.

За производство на хромна руда во радушкиот базен за време на Првата светска војна има разни контрадикторни податоци, така што ни едните ни другите не можат да се земат со сигурност. Но се претполага дека производството во периодот 1916 - 1918 година изнесувало околу 30.000 тони руда. Во овој базен во тоа време имало запослено преку 800 работници.[143]

142/ Хромната руда се дели на три квалитета, спрема содржината на хром оксид /Cr_2O_3/.

I сорта	–	46–48% и повеќе
II "	–	42–45%
III "	–	39–41% и помалку

Има хромна руда која содржи повеќе од 50%, но истата е многу ретка. 48% се смета руда за одличен квалитет. Првата сорта се извозила во парчиња, додека II и III одела во пералиште и се добивал од 50–52% Cr_2O_3 концентрат и истиот се извозувал.

143/ Др В.Симиќ, цит.дело

По завршувањето на Првата светска војна експлоатацијата повторно престана за извесно време. Но во 1923 година Браќата Алатини ги обновиле концесиите односно добиле повластици за Радуша, Орашје, Горно Орашје и Горанце која им припаѓала уште од турско време и продолжило со експлоатацијата на хромовата руда на теренитe Орашје.

Алатини Мајне Лимитед имал четири концесии за експлоатација и тоа: концесија за рудникот Радуша издадена под IV број 6346/23 од 1.IX.1923 година на 5.000.000 м^2; за Орашје под број 6346 од 1.IX.1923 година на 5.000.000 м^2; за Горанце под број 6346 од 1.IX.1923 година на 3.600.000 м^2; за Горње Орашье под број 10557/25 од 1.I.1926 година на 3.500.000 м^2.144/

Во повоениот период како што споменавме, за нашите богати терени со хромова руда се заинтересирал германскиот капитал. Акционерското друштво Karl Spater und Vilhem Oswald internehmungen А.Д. од Дуизбург се здружило во 1924 година со мешовитото германско-југословенско друштво - Hemikos А.Д. од Белград и го основале друштвото "Љуботен"А.Д. со основен капитал од 10.000.000 динари. Новосоздаденото друштво добило право за истраги на теренитe: Горња Радуша, Радушка Река, Чашак, Суларе и Станковац. По истекнатиот период на истражните работи "Љуботен" А.Д. во 1928 година добило повластица за споменатите терени. Друштвото ги имало следните поважни рудници: Јажинце, Станковац, Чашак, Грменик, Љуботен и др. Интересно е да се одбележи дека во акцискиот капитал на друштвото зела учество и југословенската држава со 1/3 од акциите.

Од поважните индустриски објекти, друштвото изградило во Радушка Река сопствено пералиште за добивање на концентрат, бидејќи експлоатираните терени содржале сиромашна руда.

Браќата Алатини кои располагале уште од турско време со концесии за скоро сите терени со хромна руда во Македонија: Радушкиот базен, Раброво, Валандовско, Лојане, Кумановско и др. се појавиле како интересенти за продажба на овие концесии. За таа цел во 1928 година преку фирмата Erz hütte од Виена стапиле во врска со англискиот капиталист Grenfild од Лондон и му ги продале рудниците: Орашје, Горанце и Радуша. На овој начин се основало Акционерско друштво Алатини Мајнс Лимитед во кое како

144/ Инж.А.Малахов, цит.дело

акционери учествувала скоро целата фамилија на Grenfild

Акционерскиот капитал на друштвото изнесувал 200.000 фунти стерлинги или 44 милиона предвоени динари.145/ Новосоздаденото друштво ја отпочнало експлоатацијата на хромната руда со посовршени технички методи. Меѓу другите инсталации во 1930 година изградило модерно пералиште во Радуша каде што сиромашната руда се перела и се добивал концентрат. Годишниот капацитет на пералиштето изнесувал 1.500 тони, а покасно капацитетот се проширили на 140 тони руда за 24 саати. Во пералиштето имало запослено 150 - 180 работници. Друштвото Алатини изградило исто така и две жичари: Рудник Орашје - железничка станица Орашје 800 метри должина и рудник Горанце - железничка станица Радуша 7 километри должина.

Во текот на 1931 - 1932 година, поради големите инвестирања во истражни работи, од една страна, и експлоатираната сиромашна руда за перење/16-20%/ која тешко можеше да се пласира, од друга, Друштвото "Љуботен" А.Д. западнало во критична финансиска положба, Алатини Мајнс Лимитед ја исползувало тешката ситуација на "Љуботен" А.Д. го откупило мајоритетот на акциите и станало фактички господар не само на "Љуботен" А.Д., туку на целиот радушки рударски базен.

Рударскиот базен Радуша претставувал во текот на изминатите седум децении најголемо рудиште не само во Македонија, туку и во Југославија. Производството на хромна руда во

145/ М.Алкалај: Рударство - Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937 Скопље, 1937, страна 745

овој базен по години изгледало:[146/]

во тони

Година	Богата руда 45-50%	Сиромашна руда 15-30%	Вкупно
1880 - 1900	30.000	-	30.000
1901 - 1918	74.860	-	74.860
1924	20	-	200
1925	12.072	-	12.072
1926	15.957	-	15.957
1927	9.814	2.719	12.533
1928	2.653	1.384	4.037
1929	8.957	28.157	37.116
1930	13.491	31.801	45.292
1931	15.813	32.251	48.064
1932	10.626	24.413	35.039
1933	5.804	11.442	17.246
1934	11.419	18.426	29.845
1935	8.772	25.574	34.346
1936	9.029	29.554	38.583
1937	8.762	31.774	40.536
1938	5.817	24.245	30.062
1939	5.784	23.218	29.002
1940	9.266	44.715	53.981
Вкупно:	259.096	329.674	588.771

Од горната табела се гледа дека од почетокот на експлоатацијата на радушкиот базен па сé до 1940 година се произвело 588.771 тона хромна руда, од која само 259.096 тони, односно 44% од вкупното производство висококвалитетна руда /I и II сорта/. Во време на целиот период 1880-1927 година се експлоатирала исклучиво богатата руда. Со подигањето на малото примитивно пералиште од сиромашната руда започнало да се добија концентрат во незнатни количества во Горња Радуша. Меѓутоа, со изградбата на модерното пералиште во Радуша добивањето на концентрат по пат на перење на сиромашната хромна руда нагло се зголемило.

146/ Др В.Симиќ, цит.дело

Годишен просек на производството на богатата руда за периодот 1924-1940 изнесувал 9.075 тони, а на сиромашната 23.544 тони.

Најголемо производство на хромна руда се постигнало во време на Првата светска војна, како и во 1940 година. Во однос на претходните мирнодопски години, производството во 1940 година скоро се удвостручило /53.981 тони/. Производството на хромна руда, како стратегиска суровина, во 1940 година, поради побарувачката на странските пазари, нагло се зголемило.

Производството на радушкиот базен прикажано по поодделни рудници за последните предвоени години изгледало како што е изнесено во табелата на следната страна.[147]

Орашје претставува најголем и најстар рудник во Радушкиот базен. Од неговото откривање во турско време на се до 1940 година, давал не само големо производство туку се одликувал и со висококвалитетна руда. Следната табела за само неколку години /1936-1940/ година тоа најдобро го илустрираат. Рудникот Орашје во тој период произвел 102.599 тони од кои 23.317 тони со висока содржина на хромов оксид и 79.282 тони сиромашна руда. Ако за овој период се спореди неговото производство со она на останатите пет рудници изнесени во следната табела, ќе се констатира дека, од вкупно произведено 181.471 тони хромна руда, 102.599 тони или 56,5% отпаѓа на Орашје. Исто така споредувајќи го квалитетот на рудата се доаѓа до заклучок дека од 38.536 тони произведена висококвалитетна руда во цитираните рудници, на Орашје отпаѓа 23.317 тони или 60,5%. Производството на останатите рудници, со исклучок на рудникот "Нада", се состоело исклучиво од сиромашна руда /III сорта/.

Во 1940 година во рудниците на радушкиот базен имало запослено просечно годишно околу 879 работници. Овие работници по рудниците биле запослени како што следува:

Радуша	237 работници
Горанце Кафе Одак Раскоп	222 "
Орашје	280 "
Станковац Јажинци Чашак	140 "
Вкупно:	879 работници

147/ Др В.Симиќ, цитирано дело

Рудници	1936		1937		1938		1939		1940		Вкупно	
	I-II	III	I-II	III	I-II	III	I-II	III	I-II	III	I-II	III
Орашје	8.333	15.999	6.668	15.089	3.621	11.986	3.159	14.310	1.536	21.898	23.317	79.282
Нада	-	-	1.115	2.160	1.103	2.214	1.500	2.913	6.868	2.311	10.586	9.598
Горанце	-	-	-	4.244	-	2.804	-	2.627	-	6.392	-	16.067
Грменик	574	4.042	979	4.096	1.093	4.096	1.125	3.271	862	4.219	4.633	19.724
Станковец	-	4.500	-	4.001	-	3.205	-	45	-	4.684	-	16.435
Чашак	-	-	-	-	-	-	-	44	-	1.785	-	1.829
Вкупно:	8.907	24.541	8.762	29.590	5.817	24.305	5.784	23.210	9.266	41.289	38.336	142.935

Од административно-технички персонал имало запослено 10 инжињери, 5 техничари и 20 службеници. Главно, работниците биле од околните села на радушкиот базен.[148/]

2. Хромов рудник "Лојане" - Куманово

Во Лојане и неговата околија има трагови од рударска делатност уште од времето на Римјаните, но не можело да се констатира дали работите се однесувале на ископување на хромна или бакарна руда.

Во време на Отоманската империја, кон крајот на минатиот век, хромната руда се експлоатирала во Лојане. За тоа има трагови од површинско и длабинско ископување /отпад од хромна руда и др./. Но кога почнала тачно експлоатацијата, кога и зашто истата престанала, колкав бил капацитетот на производството, не можело да се утврди.

Во периодот меѓу двете светски војни, првите припремни работи на овој терен започнале во 1926 година, но со производството изгледа се отпочнало кон крајот на 1928 година. Експлоатацијата отпочнала на старите турски ископини, каде што е пронајден голем слој висококвалитетна руда /ревир "Централа"/. Експлоатацијата се вршела примитивно - рачно. Рудата се вадела од јамата со рачни колички, а превозот до железничката станица Табановци се вршел со воловски коли. Од Табановци рудата се транспортирала во Радуша каде што во пералиштето се оплеменувала. Од 1934 до 1937 година рудникот не работел поради тешкиот пласман на рудата. Од јуни 1937 година одново отпочнала работа, но истражните работи преовладувале над производството. Експлоатацијата во периодот 1937-1941 година се вршела како и порано, односно без примена на механизација. Бушењето било претежно рачно, но едновремено се применувал и еден компресор од 50 кс. Се вршела површинска и длабинска експлоатација. Од јамата рудата се вадела со вагонетки, а при површинската експлоатација рудата се пренесувала со рачни колички. Експлоатацијата се вршела во реви-

148/ Според нашата анкета заедно со пералиштето, во радушкиот базен биле запослени 1.050 работници и тоа: во Орашје 300 работници, во Нада 180, Чашак 100, Горанце 100, Грменик 60, Бел Камен 60, Станковец 80, Радушка Река 50, Пралиште 120.

рите "Централа","Антоанета" и "Асео". На рудникот немало никакви индустриски објекти, освен две дрвени бараки, еден магазин за помошен материјал, една ковачница и мала станбена зграда.

Дневниот возможен капацитет изнесувал 40-50 тона хромова руда. Капацитетот исцело не се ползувал.

Производството на рудникот Лојане по квалитетни сорти и по години изнесувало:[149/]

Година	Богата руда	Сиромашна руда	Вкупно
1928	344	2.370	2.714
1929	4.341	3.600	7.941
1930	7.324	3.511	10.835
1931	6.748	3.561	10.309
1932	5.555	3.013	8.568
1933	1.902	1.348	3.250
1934 - 1937	не се произведувало		
1937	350	1.380	1.730
1938	500	3.932	4.432
1939	410	3.167	3.577
1940	238	2.592	2.830
Вкупно:	27.712	28.474	56.186

До 1933 година во рудникот Лојане се експлоатирала, главно, висококвалитетна руда. По 1937 година производството се состоело скоро исклучиво од сиромашна руда, Додека во периодот од 1928 до 1933 година се произвело 66,4% висококвалитетна експортна руда, во периодот 1937-1940 година производството на богата руда нешто опаднало и изнесувало само 13,6%, што значи дека во овој период се експлоатирало скоро исклучиво сиромашна руда. То се должи на фактот што во првиот период биле откопани богатите руди од една страна, и од друга, што теренот на рудникот Лојане од секогаш се одликувал со сиромашна руда и тоа е еден од главните разлози, што рудникот не работел перманентно.

Во првиот период /1928-1933/ т.е. за 6 години рудни-

149/ Др.В.Симиќ, цитирано дело

кот Лојане произвел скоро три и пол пати повеќе руда отколку во вториот период /1937-1940 година/.

До 1929 година рудникот го експлоатирале Браќата Алатини. Од оваа дата рудникот го експлоатираат Алатини Мајис Лимитед, но Браќата Алатини и натаму останале сопственици и ги уживале сите концесиони права на овие терени.

Спрема извршената анкета од наша страна работната рака во овој рудник се движела по години како што следува:

Години	Работници
1928	40
1931-1933	300-400
1934-1936	не се работело
1937	30
1938	140
1939	120
1940	150

Работниците главно биле од околните села на рудникот. Но во периодот 1928-1933 година имало запослено 50-60 работници од Словенија, Хрватска, Босна, Лика, како и десетина странци.

Во овој период се работело во три смени. На површинските работи се работело 9 саати, а јамските работници работеле 8 саати.

3. Хромов рудник "Раброво" - Валандовско[150/]

Овој рудник се наоѓа во непосредна близост на Валандово /2 км./. Хромните наслаги на овој терен биле познати уште во XIX век, но истите не се експлоатирале редовно и систематски.

До Балканската војна се експлоатирала богата хромна руда. Во периодот 1912-1916 година рудникот престанал да функционира. Во 1916 година Германците ја обновиле и ја засилиле експлоатацијата. По завршување на Првата светска војна па се до 1924 година рудникот повторно престанал со својата делатност.Во

150/ Овој рудник во нашата целосна анализа не е земен предвид, бидејќи истиот престана со експлоатација во 1938 година.

1924 година германската фирма Rombach - Huttengesellschaft започнала со истражни работи. Меѓу поважните индустриски објекти оваа фирма во 1925 година изградила во Удово пералиште за перење на сиромашната хромна руда. Предвоеното производство просечно месечно, се разбира, кога рудникот работел, изнесувало 400-500 тони. До Удово рудата се дотерувала со коли или камиони, а оттука се транспортирала со железница.

Од 1939-1940 година се вршело истражни работи од германската фирма "Југомонтан А.Д." - Белград.[151] Експлоатацијата започнала во време на Втората светска војна во август 1941 година.

Интересно би било да се изнесе производството на овој рудник по години; но како не се располагало со податоци, ќе се задржиме со оценката на стручњаците кои велат дека од 1900 до 1938 година се добило 20-25.000 тони хромна руда. Ова количество по наше мислење е реално, бидејќи рудникот не се експлоатирал редовно. За истиот период просечно годишно имало запослено во рудникот 30-50 работници. Во 1941 година бројот на вработените работници изнесувал 50-60 души просечно годишно.

Б. ОЛОВНИ РУДНИК "З Л Е Т О В О"

Рудиштето на оловно-цинковиот рудник "Злетово" се наоѓа кај селото Добрево - Кратовско, додека Дирекцијата, флотацијата и рударската колонија се лоцирани кај селото Пробиштип оддалечено 6,5 км. од местото на експлоатацијата.

Рудникот е поврзан со железничка линија Кочани-Титов Велес со пат во должина 22 км. Овој пат кај селото Крупиште /1 км од станицата Ванчо Прке/ се сврзува со патот Кочани-Штип, како и преку Страцин со патот Крива Паланка - Куманово.

Современата историја на рудникот датира од Првата светска војна кога отпочнаа првите неорганизувани истражувачки работи од мал обем.

Првите интензивни истражувања започнуваат во 1927 година од страна на англиското друштво Selection Trust од

151/ Оваа фирма се јавува како претставник на концернот Фридрих Круп.

Лондон. Бидејќи истражните работи покажале добри резултати, а имено се утврдило дека оловно-цинковата руда била богата со олово и цинк и според тоа секоја експлоатација би била економски оправдана и рентабилна, споменатото друштво во текот на периодот 1937 - 1939 год. започнало со припремните работи за експлоатација на рудата. Во овој период во с.Пробиштип се изградиле следните индустриски постројки: флотација за оплеменување /перење/ на оловната-цинкова руда за добивање на концентрат, со капацитет од 350 тони за 24 саати, Во склопот на флотацијата беа монтирани покрај разните машини за обработка и флотирање на оловно-цинковата руда и електромотори од вкупно 622 кс јачина. Потоа се изградила жичара која го сврзувала рудникот /Добрево/ со флотацијата во Пробиштип во должина од 3 км. За движење на погонот се подигнала калорична електрична централа на јаглен. Исто така во тој период се подигнати и следниве згради: 1 управна зграда, 1 станбена зграда за директорот, 2 станбени згради за службеници, 1 голема станбена зграда со ресторан /хотел/, зграда за магацин како и споменатиот пат Пробиштип - железничка станица Ванчо Прке.

Рудникот бил припремен за експлоатација во 1939 година. Во тоа време се вршела пробна експлоатација, како и пробна флотација на рудата односно концентратот не се извезувал на пазар. Експлоатираната руда и добиениот концентрат се лагеровале и само незнатни количества се извозеле во Трепча. Према тоа постројките се до 1941 година не биле пуштени во погон и не се отпочнало со редовно производство.

Според статистичките податоци од 1946 година[152/] производството на оловно-цинковата руда во 1939 година во Македонија изнесувало 6.084 тони, што значи дека оваа руда се произвела во Злетово при испробувањето на погонот.

За запослената работна сила не располагаме со официјални податоци, но од прибраните податоци по пат на анкета се претполага дека во периодот на истражните работи просечно годишно биле запослени околу 500 работници. Во периодот 1939-1941 година бројот на вработениот персонал изнесувал околу 40 работници. Бројот на работниците се намалил поради престанувањето на истра-

152/ Државни статистички уред ФНРЈ, Београд, 1946 година: Рударска и топионичка производња у 1941 години.

жувањата од една страна и што не се отпочнало со редовно производство, иако рудникот и постројките биле наполно припремени за експлоатација.

Редовното производство и преработката на рудата отпочна во 1941 година кога Германците ги користуваа постројките и истите ги пуштија во погон, експлоатирајќи ги со брзо темпо само пронајдените од англиското друштво богатите оловни руди, не впуштајќи се во нови истражувања.

В. РУДНИК НА МАНГАН "Ц Е Р" - КИЧЕВО

Рудникот на манган се наоѓа на 6 км оддалечен од селото Дворци - Кичевско, а 26 км од Кичево. На овој терен манганот е откриен уште првите години по завршувањето на Првата светска војна.

Првата концесија била издадена во 1923 година на Ванчо Грковски, од Кичево. Покасно концесијата минувала на Т.Славејковиќ, Станисављевиќ и Брашиќ, сите од Белград. Во 1937 година концесијата ја презеле Брашиќ и Вајсман. Една година покасно, во 1938 година, Вајсман ја отстапува концесијата на Брашиќ, адвокат од Белград. Систематски истражни работи започнале во 1937 година, а со експлоатацијата на рудникот се отпочнало во 1938 година. Експлоатацијата се вршела паралелно површински и во длабочина. Во периодот 1938-1941 година вкупното производство изнесувало околу 8.100 тони манганова руда. Проценетите резерви во тој период изнесувале околу 30.000 тони манганова руда. Рудникот запослувал околу 120 работници. Се работело во три смени. При изградбата на патот кој го сврзувал рудникот со селото Дворци имало запослено околу 300 работници. Рудникот не располагал со никакви индустриски објекти. Од градежни објекти во рудникот имало 3 станбени, 1 управна зграда и простории од тврд материјал за сместување на машини.[153/]

Првобитно рудникот располагал само со еден компресор од 9 м^3 /мин., а во 1939 година истиот се снабдил уште со два компресора /12 м^3/мин. и 25 м^3/мин. /. Компресорите се движеле

153/ Според прибраните податоци од инж.Марјан Доленц, бивш главен инжинер во рудникот "Цер".

на саугас мотори од околу 80 кс.

Производството на мангановатa руда во последните две години пред Втората светска војна изнесувало:

Години	Тони
1939	1.804 154/
1940	4.276 155/

Произведената манганова руда се пласирала во Шибеник - Далмација, каде што во тамошното претпријатие "La Dalmatienne" се преработувала во фero-манган.

Г. ПРОИЗВОДСТВО НА ЈАГЛЕН

Бидејќи е Македонија сиромашна со јаглен, експлоатацијата на истиот била слабо развиена. Меѓу двете светски војни се експлоатирал само лигнит во следните два рудника:

/1/ Лигнитов рудник "Нерези" - Скопско

Рудникот се наоѓал во непосредна близина на с.Нерези /1 км од с.Нерези/, а 5 км. оддалечено од Скопје. Сопствениците на рудникот биле Милан Перешиќ инж.од Белград и Јаначко Хаци Николајевиќ, трговец од Крагуевац.[156/]

Истражните работи започнале во 1925 година и траеле сé до 1929 година кога се започнало со експлоатацијата. Најголема активност рудникот покажал во периодот 1931-1937 година. Во тоа време просечно дневно се произведувало 30 тони јаглен. Меѓутоа, од 1937 година до 1941 година производството се намалило на околу 10 тони дневно, поради тоа што сопствениците рудникот го дале под наем на Жика Константиновиќ, од Крагуевац и Таса

154/ Рударска топионичка производња у 1945 години, Београд, 1946 године.

155/ Др В.Симиќ: цит.дело

156/ Концесијата на 40.000.000 м^2 е издадена со исклучиво право на Јаначко Хаци Николајевиќ.

Атанасијевиќ. Овие, пак, за да реализираат што поголеми профити рудникот лошо го одржувале. Лигнитот содржал 4.500-4.800 калории.

Рудникот располагал со 1 локомобила од 20 кс од унгарско потекло, 4 електромотора од вкупно 58 кс јачина како и со индустриски колосек 0,60 см кој го сврзувал рудникот со железничката линија Скопје-Косовска Митровица кај станицата Нерези. Произведениот јаглен - лигнит се употребувал за огрев и во индустријата.

Рудникот не можел да се развие во едно рентабилно претпријатие, бидејќи располагал со такви наслаги на лигнит /1 -1,2 м деблина/, а се вршела неправилна и екстензивна експлоатација. Индустрискиот колосек бил лошо поставен, постојано бил носен од порои, така што за одржување на истиот се трошеле големи материјални средства.

Просечно запослената работна рака во рудникот се движела како што следува:

1925-1930 година		10-15 работници	и службеници
1931-1937	"	35-49 "	"
1938-1940	"	15-25 "	"

Опаѓањето на запосленият број работници во периодот 1938-1940 година се должи на слабата експлоатација.

Структурата на работната сила по категории на стручноста го покажува следниот преглед:

Категории	Години 1931-1937	1938-1940
Квалификувани работници	11	3
висококвалификувани "	5	5
неквалификувани "	14	9
административен персонал	2	1
Вкупно:	32	20

Полуквалификуваните и неквалификуваните работници биле од околните села. Квалификуваните во 1931-1937 година биле главно: 5 работници од Словенија, 5 од Босна и 1 од Србија.

Во периодот 1931-1937 година се работело во три смени. Плаќањето било регулирано на акорд. Осумчасовното пропишано работно време било спроведувано од страна на сопствениците односно закупците.

/2/ Лигнитов рудник "Св.Тројца", Катлановo-Скопско

Рудникот се наоѓал на 4 км од селото Катланово. Овој рудник е отворен уште во 1927 година и бил сопственост сé до 1938 година на Милан Поповиќ и Андреј Шилмец од Белград. Во 1938 година рудникот минал во сопственост на Владо Миленковиќ, трговец од Белград. Во началото на рудникот се вршеше истраги и припреми за експлоатација. Текуштото производство било незначително, бидејќи рудникот интензивно не се експлоатирал - работел сезонски. Во 1936-1937 година производството изнесувало 1.039 тони. Последните три години пред избувањето на Втората светска војна производството изнесувало:

Години	Количество во тони
1938	2.004
1939	2.208
1940	2.092

Лигнитот се експлоатирал на примитивен начин. Произведениот лигнит се транспортирал со камиони во Скопје каде што се користувал за огрев или за индустриски цели. Квалитетот на лигнитот бил добар и содржал 4.300 калории.

Во рудникот имало запослено во 1940 година просечно 34 работници.

Овој рудник имал чисто локален карактер и не бил во состојба ни од далеку да ги задоволи домашните потреби, така што во предвоениот период НР Македонија увозуваше големи количества јаглен од Србија - Алексинац и Косово - Обилиќ.

III

ОПШТ ПРЕГЛЕД И АНАЛИЗА НА ИНДУСТРИЈАТА

1. Движење на бројот и структурата на претпријатијата

Во периодот меѓу Првата и Втората светска војна бројот на индустриските претпријатија постојано растел, така што од 16 наследени индустриски претпријатија во 1918 година на крајот на 1940 година нараснуваат на 111 индустриски претпријатија.[157/] Од нив 92 биле од преработувачката индустрија, 6 од екстрсктивната индустрија и 13 за преработка на тутун /манипулација и ферментација на тутун/.

Бројот на изградените претпријатија по гранки на дејноста и години на основањето на територијата на денешна НР Македсниј а во предвоениот период се движел според табелата изнесена на следната страна.

Ако се набљудува динамичниот развиток на индустријата по години на основањето на претпријатијата, вклучувајќи ги и затечените осум претпријатија од турското време, кои продолжиле да функционираат во третираниот период, ќе се констатира дека главно динамиката на порастот е константна, што најубаво

157/ Горниот број се однесува на индустриски претпријатија кои перманентно функционирале во периодот 1918-1940 година. Претпријатијата кои престанале да работат во третираниот период не се земени во обзир.

Година	Електростопанство 111	Јаглен 112	Обоени метали 115	Неметали 116	Метална 117	Хемиска 120	Градежен материјал 121	Дрвна 122	Текстилна 124	Кожна 125	Прехранбена 127	Графичка 128	Тутунова 129	Вкупно
1919	1	-	-	-	1	1	1	-	-	1	11	1	5	22
1921	-	-	-	1	1	-	-	-	-	-	-	1	-	3
1922	-	-	-	-	-	-	-	1	-	-	2	-	1	4
1923	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	2	-	2	4
1924	1	-	-	-	-	-	-	-	1	-	-	-	1	3
1925	-	-	-	-	-	2	-	-	1	-	1	-	2	6
1926	2	-	1	-	-	-	-	-	-	-	1	1	-	5
1927	-	1	-	-	-	-	-	-	1	-	1	-	-	3
1928	2	-	1	-	-	-	-	-	-	1	2	-	-	6
1929	3	1	-	-	-	-	1	-	-	-	1	-	-	6
1930	2	-	-	-	-	-	-	-	-	-	3	-	-	5
1931	-	-	-	2	-	-	-	-	-	-	-	1	1	4
1932	1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1
1933	1	-	-	-	-	1	-	-	2	-	-	-	-	4
1934	1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	2	-	-	3
1935	-	-	1	-	-	-	3	-	-	-	1	-	-	5
1936	1	-	-	1	1	1	-	-	1	-	-	-	-	5
1937	3	-	-	-	-	-	4	-	2	-	2	-	-	11
1938	1	-	1	1	1	-	2	-	3	-	3	-	1	13
1939	-	-	-	-	-	1	2	-	1	-	1	-	-	5
Вкупно:	19	2	4	5	4	6	13	1	12	2	33	4	13	118
Ликвидирани во текот 1919-1925	1	-	-	-	-	-	1	-	-	-	5	-	-	7
Вкупно:	18	2	4	5	4	6	12	1	12	2	28	4	13	111

се гледа од следнава табела: 158/

Гранка		Година на основањето				
		До 1919	1919-25	1925-30	1930-35	1935-40
111-Електростопанство		1	1	9	3	5
112-Јаглена		-	-	2	-	-
115-Обоени метали		-	-	2	1	1
116-Неметали		-	1	-	2	2
117-Металла		1	1	-	-	2
120-Хемиска		1	2	-	1	2
121-Градежен материјал		1	-	1	3	8
122-Дрвна индустрија		-	1	-	-	-
124-Текстилна		-	2	1	2	7
125-Кожна индустрија		1	-	1	-	-
127-Прехрамбена		11	5	8	3	6
128-Графичка		-	2	1	1	-
129-Тутунова		-	11	-	1	1
Вкупно: годишен пораст		16	26	25	17	34
Кумулативен пораст		16	42	67	84	118
Индекс:	базен=1918-100	100	263	419	525	737
	веришен	100	263	160	125	140

Во првиот период 1919-1925 трговскиот капитал преовладувал над капиталот вложен во индустријата. Во овој период трговијата се развивала со интензивен темпо. Секој кој располагал со капитал, па макар и со незнатни суми, се оддавал на трговија. Покрај веќе затечените дукани се оснивале нови. Трговијата се развивала во сите видови: извозна, увозна, транзитна, ангросис-

158/ При определувањето на периодите се раководевме со следните карактеристични моменти на нашето стопанство. Периодот 1919-1925 претставува период на повсеми просперитет во стопанството. Вториот период 1925-1930 г. почнува со стабилизацијата на динарот, донесувањето на новата заштитна царинска тарифа и завршува со почетокот на светската криза. Третиот период 1930-1935 г.го опфака времето на кризата а четвртиот 1935-1940 г. го опфака времето на привидниот економски просперитет и предвоената конјуктура. Сите периоди како карактеристични ќе ги задржиме и во анализата на останатите елементи на индустријата.

тичка, деталистичка и др. Во овој период во индустријата слабо се инвестирал домашниот капитал. Домашните стопанственици, покрај тоа што не располагале со капитал, кон индустријата пристапувале со извесни резерви и биле неповерливи. Таква психоза се должела на претрпените политичко-економски промени во овој дел на Југославија. Во овој период на развитокот во голем број индустриски претпријатија бил инвестиран домашен и странски капитал. Ако од вкупно 27 претпријатија, основани во овој период се одземат 11 за преработка на тутун /монополски станици/, произлегува дека бројот на приватните претпријатија изнесувал 16 од кои 6 биле сопственост на Срби, а едно сопственост на чешки капитал. Домашниот капитал обично се пласирал во оние гранки на стопанството каде што има минимален ризик и се вршел брз обрт.

Во периодот 1925-1930 година темпото на изградбата се засилило. Овој период се карактеризира со изградба на ситни електрични централи и претпријатијата од прехранбена индустрија. Од 25 изградени претпријатија, 9 отпаѓале на електрични централи и 8 претпријатија од прехранбената индустрија што значи 68% од изградените претпријатија во овој период отпаѓале на овие две гранки.

Во почетокот на овој период стопанството започнало да се нормализира благодарејќи на тоа што се презимани извесни мерки / во 1925 година е спроведена стабилизација на динарот; во истата година се заменуваат старите либерални царински тарифи со нови кои имаат заштитен карактер и др./. Со стабилизацијата на стопанството, домашниот капитал се осетил по сигурен и почнал да покажува повеќе интерес за инвестирање во индустријата. Така бројот на изградените домашни индустриски претпријатија во овој период е многу поголем отколку во предходниот период. Од изградените 25 претпријатија, 18 односно 72% од нив биле сопственост на домашни капиталисти, а само 7 односно 28% од претпријатијата припаѓале на југословенски /српски/, или странски капитал.

Периодот 1930-1935 година се карактеризира како период во кој светската економска криза ја достигнала својата кулминациона точка. Во овој период стопанството преживувало тешки моменти. Секојдневно во Македонија паѓале под стечај разни трговски фирми. Банките ги прекратувале одобрените кредити, а нови не издавале. Најмите трговски фирми не можеле да ја издржат конкуренската борба со економски поразвиените подрачја и странство.

Цените на производите постојано паѓале; настапила голема незапосленост итн. Под вакви тешки околности, темпото на изградбата нагло попуштило, но не во таа размера како што беше случај во другите економски поразвиени покраини каде што во индустријата беше заинтересиран и пласиран банкарски и странски капитал.

Благодарејќи на фактот што индустријата во Македонија се изградувала, главно, од лични средства на поединци, со слабо учество и контрола на банкарски или туѓ капитал не вџуштајќи се во големи и ризични трансакции и непречекорувајќи ги сопствените финансиски средства, голем број претпријатија, не само што покажале релативна стабилност и отпорност спрема економската депресија, туку во екот на кризата се изградил извесен број нови индустриски претпријатија. Така во периодот 1930-1935 година се изградиле 17 индустриски претпријатија, од кои, главно, се изградиле по попуштањето на кризата 1933-1935. Меѓу овие претпријатија имало и такви со релативно сериозни инвестициони вложувања.

Најинтензивна изградба бележи периодот 1935-1940 година. Во овој период се изградени 34 индустриски објекти, односно 34,7% од вкупниот број на индустриски претпријатија во Македонија.

Во овој период е изградена скоро целата индустрија за градежен материјал, текстилната и голем дел на прехранбената. Исто така електростопанството покажало добри резултати. Меѓу изградените пет електрични централи се наоѓа Хидроелектричната централа на реката Треска, која во предвоениот период претставуваше најголема и најмодерна хидроелектрична централа во Македонија. За одбележување е што сите пет изградени електрични централи биле општинска сопственост. Тогашните општини ги поттикнувала да инвестираат свои капитали во електростопанството, главно, потребата за осветлување на градовите и осигурувањето со средства за комунална изградба.

Ако бројот на претпријатијата основани во овој период се спореди со вкупниот број на претпријатијата изградени до овој период, исклучувајќи ги монополските стоваришта, ќе се констатира дека 53,1% од претпријатијата во Македонија се изградени последните пет години пред објавувањето на Втората светска војна. Зголемениот број на индустриски претпријатија резултирал од

фактот што по економската криза настапил привиден просперитет. Овој просперитет го искористуваат извесен број капиталисти незасегнати од кризата и акумулираниот капитал во трговијата, како и капиталот на поимотните занатчии се инвестира во разни гранки на индустријата, а особено во текстилната, градежната и прехранбената гранка како најконјуктурни.

Бројна разлика меѓу индустриските претпријатија затечени 1918 и положбата во 1940 година фактички не е мала, индексот на порастот изнесува 737 /1918=100/. Но оваа бројна разлика како мерило за напредок на индустријата ја намалува важноста, штом ќе се земат и ќе се анализираат останатите елементи како например: производните капацитети на претпријатијата, висината на вложениот капитал, вградени моторни сили, бројот на запослената работна рака и др. Ако се земат и овие елементи предвид ќе се установи дека голем дел од претпријатијата биле машинизирани работници, дека производството било од локален карактер /се произведувало за локални пазари/, дека ангажираниот персонал во голем дел од нив бил под предвидениот минимум во смисла на дефиницијата на едно модерно фабричко претпријатие дури и во тогашните услови.

Ако, пак, бројот на индустриските претпријатија се разгледа по гранки на делатноста и тоа во апсолутни и релативни цифри во 1940 година ја имаме следната положба:

Реден број	Г р а н к а	Претпријатија-	
		Број	%
1.	111 - Електростопанство	18	16,2
2.	112 - Јаглен	2	1,8
3.	115 - Обоени метали	4	3,6
4.	116 - Неметали	5	4,5
5.	117 - Метална индустрија	4	3,6
6.	120 - Хемиска индустрија	6	5,4
7.	121 - Индустрија на градежен материјал	12	10,8
8.	122 - Дрвна индустрија	1	0,9
9.	124 - Текстилна индустрија	12	10,8
10.	125 - Кожна индустрија	2	1,8
11.	127 - Прехранбена индустрија	28	25,3
12.	128 - Графичка индустрија	4	3,6
13.	129 - Тутунова индустрија	13	11,7
	В к у п н о:	111	100,0

Најголемиот број индустриски претпријатија отпаѓало на прехранбената индустрија која учествувала во вкупниот број со 28 претпријатија или 25,3% од вкупните основани претпријатија, по тоа електростопанството со 18 претпријатија или 16,2%, текстилната индустрија и индустрија на градежен материјал со по 12 претпријатија или со по 10,8%. Со најмалку претпријатија била застапена дрвната индустрија, кожната и производство на јаглен.

Ваква структура на индустријата каде што преовладуваат претпријатијата од прехранбената, текстилната и тутуновата гранка,/манипулација и природно-сезонска ферментација/ јасно ја карактеризираат индустријата на Македонија како ситно преработувачка индустрија од локален карактер, во која со минимален вложен капитал во основни и обртни средства се реализирале големи профити. Од досега изнесеното може да се констатира и следното: дека развитокот на индустријата бил нерамномерен како во однос на темпото на индустријализацијата, така и во однос на темпото на развитокот на одделни гранки на индустријата, така што прехранбената индустрија се развивала во сите периоди со динамично темпо, текстилната со побавно, но затоа во последниот период 1935-1940 година постигнала голем пораст зголемувајќи го бројот на претпријатијата во последниот период за 58,3% во однос на изминатите три третирани периоди. Електростопанството покажувало исто така релативен напредок, навистина со мали локални централи, но сепак во 1940 година го достигнало бројот од 18 електроцентрали. Меѓутоа, од друга страна останатите гранки се развивале со многу бавно темпо. Особено е карактеристичен случајот со дрвната и кожната индустрија, како и производството на јаглен. Во овие гранки, од основањето на првите претпријатија во првата половина на периодот меѓу двете војни, не се основало ниту едно ново претпријатие. Тоа било условено од економски и природни фактори како што се големата конкуренција од страна на поразвиените покраини, недостигот на капитали, слабата сировинска база и др.

Набљудувајќи го територијалното разместување на индустриските претпријатија во предвоениот период паѓа в очи фактот дека истите биле нерамномерно лоцирани. Тоа најубаво го илустрира следниот табеларен преглед:

Град	Електростопанство	Јаглен	Обоени метали	Неметали	Метална	Хемиска	Градежен материјал	Дрвна	Текстилна	Кожна	Прехранбена	Графичка	Тутунова	Вкупно
Скопје и околија	2	2	1	2	4	5	5	1	7	1	10	4	1	45
Битола	1	-	-	-	-	1	-	-	3	-	3	-	1	9
Титов Велес	1	-	-	2	-	-	1	-	-	-	3	-	1	8
Куманово и околија	1	-	1	-	-	-	2	-	-	-	2	-	1	7
Кочани и околија	1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	4	-	1	6
Прилеп	1	-	-	1	-	-	-	-	-	-	1	-	1	4
Гевгелија	1	-	-	-	-	-	-	-	1	-	1	-	1	4
Штип	1	-	-	-	-	-	1	-	-	-	1	-	1	4
Тетово	1	-	-	-	-	-	-	-	-	1	1	-	1	4
Струмица	1	-	-	-	-	-	-	-	1	-	-	-	1	3
Кичево	1	-	1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	2
Гостивар	1	-	-	-	-	-	1	-	-	-	-	-	-	2
Демир Капија	1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1	-	-	2
Пробиштип	-	-	1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1
Охрид	1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1
Дебар	1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1
Крива Паланка	1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1
Струга	-	-	-	-	-	-	1	-	-	-	-	-	-	1
Крушево	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1	1
Радовиш	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1	1
Кавадарци	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1	1
Виница	1	-	-	-	-	-	1	-	-	-	1	-	-	3
Вкупно:	18	2	4	5	4	6	12	1	12	2	28	4	13	111

Од изнесениот преглед се гледа дека во 1940 година во Скопје и околијата имало лоцирано 45 индустриски претпријатија, односно 40,5% од вкупниот број на претпријатијата, на останатиот дел на Македонија отпаѓало 59,5%, ако се исклучат тутуновите претпријатија, процентот на концентрацијата во Скопје се наголемува на 46%. Тоа значи дека Скопје покажало осетен напредок во индустријализацијата во однос на останатите градови. Така останатите краеви претставувале аграрни реони каде што многу слабо била застапена индустријата.

Концентрацијата на индустријата во Скопје резултира од повеќе економски фактори, но еден од најважните несомнено е што Скопје како економски финансиски и административен центар привлекувал како домашен, така и странски капитал од една, и претставувал голем извор на квалификувана и мануелна работна сила од друга страна. Како важен сообраќаен, дистрибутивен и потрошувачки центар, лесно можело да се дотурат суровини а тие преработени во готови производи, можеле исто така лесно да се пласираат било во Скопје како голем консуматривен центар, било во внатрешноста на Македонија или во останатите краишта на Југославија. Исто така еден од важните фактори кој влијаел несомнено бил и оној што голем дел од капиталистите - трговци живееле во Скопје, поради што претпријатијата ги основале во своето местожителство, односно во местото каде што се и формирал капиталот.

По Скопје, по бројот на индустриските претпријатија доаѓале: Битола, која учествувала во вкупниот број на индустриски претпријатија со 8,1%, Титов Велес /7,2%/, Куманово /6,3%/, Кочани /5,4%/ и др.

Набљудувајќи ги индустриските претпријатија од аспектот на сопственоста, може да се констатира дека тие, главно, припаѓале на ортачки фирми. Положбата на претпријатијата спрема фирмите на кои припаѓале најјарно ја илустрира следниот преглед:

Вид на фирми	Претпријатија	
	Број	%
1. Инокосни фирми	24	21,6
2. Ортачки фирми	50	45,1
3. Командитни друштва	2	1,8
4. Акционерски друштва	10	9,0
5. Задруги	4	3,6
6. Држава - сопственик	13	11,7
7. Бановина "	1	0,9
8. Општина "	7	6,3
В к у п н о:	111	100,0

Од вкупно 111 претпријатија вклучувајќи ја тука и тутуновата индустрија, ортачките фирми учествувале со 50 претпријатија, односно 45,1% од нивниот вкупен број. Заортачувањето се должи на следниве фактори: прво, поради недостиг на капитал и презафатеноста на стопанствениците со други делатности како например со трговија и др. /едновремено имале и свои трговски дуќани/, така што едните ортаци биле ангажирани во трговијата, а другите се занимавале со раководење и управување со индустријата според пројавените способности; второ, што индустријата претставувала гранка на делатноста чиј успех бил сврзан со ризик. Ризикот се состоел, главно, од евентуалната промена на заштитните царини и висината на транспортните железнички тарифи; од опасноста од основање на технички по опремени претпријатија од истата гранка, кои би биле конкурентно поспособни и др.

По ортачките фирми, на второ место доаѓале индивидуалните претпријатија кои учествувале со 24 претпријатија, односно 21,6% од нивниот вкупен број. Акционерските друштва зеле учество во вкупниот број на претпријатија само со 10%. Иако во капиталистичките земји акционерските друштва претставуваат најсилно средство за прибирање на ситни капитали, овозможувајќи на тој начин голема концентрација на капиталот, на територијата на НР Македонија процесот на концентрација на ситниот капитал во акционерските друштва се одвивал многу бавно.

Државата во организирањето на индустриски претпријатија, со исклучок на монополските складови, не земала никакво учество како сопственик во изградбата на индустријата. Општините покажувале извесен интерес само за изградување на електрични централи, а бившата Вардарска бановина не била воопшто материјално заинтересирана во индустријата. Таа учествувала во вкупниот број на претпријатијата со најмал процент /0,9%/, односно изградила само 1 печатница и тоа благодарејќи на добиениот легат од ликвидираното печатарско претпријатие "Сава" А.Д.Белград.

2. Инвестиран капитал

Во годините помеѓу двете светски војни вредноста на инвестициите во индустријата и рударството на територијата на

денешна НР Македонија вложена во неподвижности /плац, згради, магазини и др./ и во индустриски постројки изнесувала 500.062.000 динари, од кои на неподвижности отпаѓало 314.585.000 динари или 62,9%, а на машински постројки 185.477.000 динари или 37,1%.

Од вкупно инвестираниот капитал во индустријата и рударството, во преработувачката индустрија имало инвестирано 417.792 динари или 83,6%, а во рударството 82.270 динари или 16,4% од вкупните инвестиции.

Ако го споредиме вложениот капитал во преработувачката индустрија на Македонија /без тутуновата индустрија/ и рударството/[159] со тој на стара Југославија иако има методолошки разлики околу пресметувањето, ќе видиме, дека застапеноста на инвестициите во Македонија била минимална:

	Капитал без тутуновата индустрија и рударството	% на учеството
Стара Југославија	12,253.599	100
НР Македонија	237.532	1,9

Ако се цени степенот на индустријализацијата на една земја врз основа на височината на вложените инвестиции, а овој елемент претставува едно од најреалните мерила, тогаш индустријата во Македонија во однос на индустријата на Југославија како целина, била на мошне низок степен. Впрочем слабата развиеност на индустријата ќе се установи и при анализата на инсталираната погонска сила и запослената работна рака.

Вкупниот инвестиран капитал во индустријата и рударството во 1940 година бил расподелен по гранки на делатноста

159/ Горното споредување на индустријата се врши без овие две гранки бидејќи при пописот на индустријата од 1938 година /Статистика индустрије Краљевине Југославије, Београд, 1941/ овие две гранки не се земени во обзир.

на следниот начин:

во 000

Гранка	Инвестиран капитал во згради		Инвестиран капитал во машини, мотори и др.		Вкупно инвестиран капитал	
	Динари	%	Динари	%	Динари	%
111-Електростопанство	31.733	10,1	40.753	22,0	72.486	14,6
112-Индустрија на јаглен	150	-	2.010	1,1	2.160	0,4
115-Индустрија на обоени метали	32.900	10,5	49.370	26,6	82.270	16,4
116-Индустрија на неметали	4.590	1,5	1.410	0,8	6.000	1,2
117-Металнa индустрија	3.080	1,0	4.420	2,4	7.500	1,5
120-Хемиска индустрија	7.680	2,4	7.167	3,9	14.847	3,0
121-Градежен материјал	7.757	2,5	4.417	2,4	12.174	2,4
122-Дрвна индустрија	1.260	0,4	1.740	0,9	3.000	0,6
124-Текстилна индустрија	5.978	1,9	11.476	6,2	17.454	3,5
125-Кожна индустрија	500	0,1	750	0,4	1.250	0,2
127-Прехранбена индустрија	37.632	12,0	57.224	30,8	94.856	19,0
128-Графичка индустрија	3.225	1,0	4.740	2,5	7.965	1,6
129-Тутунова индустрија	178.100	56,6	-	-	178.100	35,6
В к у п н о:	314.585	100	185.477	100	500.062	100

Од горната табела се гледа дека вкупната вредност на инвестираниот капитал во неподвижности е многу повисока од вредноста на инвестициите вложени во машински постројки. Во релативни цифри односот изнесувал 62,9% : 37,1%. Оваа голема несраз-

мерност резултира од фактот што во тутуновата индустрија се инвестирало исклучиво во згради и магацини /магацински простор/. Ако се апстрахира инвестираниот капитал во тутуновата индустрија, односот ќе се промени во полза на инвестициите вложени во машини и во овој случај инвестираниот капитал во машински постројки ќе биде повисок од вредноста на вложениот капитал во неподвижности /42,4% : 57,6%/. Оваа појава по наше мислење, е реална, бидејќи во предвоениот период се граделе мали, нехигиенски и економични/ефтини/граѓевински и индустриски објекти, од една и од друга страна, што имало такви случаеви поедини фабрики да се сместуваат во туѓи простории земени под наем. Овие околности осетно ја намалувале вредноста на инвестициите вложени во неподвижности.

Од цифрите изнесени во горната табела, исто така, може да се констатира дека најголем дел од инвестираниот капитал отпаѓал на тутуновата индустрија 35,6%; потоа следувале: прехранбената индустрија /19,0%/, индустријата на обоени метали /16,4%/ и електростопанството /14,6%/.

Ако од вкупниот вложен капитал во индустријата и рударството се одземат инвестициите во тутуновата индустрија, најголемо учество во инвестирањето во оваа стопанска област заземала прехранбената индустрија 29,5%, индустријата на обоени метали 25,6%, електростопанството 22,5%, текстилната индустрија 5,4%.

Инвестираниот капитал во индустријата и рударството како целина расподелен по големина во 1940 година ја покажувал следната положба:

во 000 дин.

Група	Број на претпријатија	Капитал	
		Динари	%
до 500	17	4.730	0,9
од 500 - 1.000	23	16.400	3,3
од 1.000 - 2.000	21	27.543	5,5
од 2.000 - 5.000	28	87.480	17,5
од 5.000 - 15.000	12	112.371	22,5
од 15.000 - 30.000	9	202.911	40,6
од 30.000 - 50.000	1	48.627	9,7
В к у п н о:	111	500.062	100,0

Од горните цифри може да се констатира дека од 111 претпријатија во 89 имало инвестирани 136,153.000 динари капитал

односно 27,2% од вкупниот капитал во индустријата и рударството Од овој број до 2,000.000 динари капитал отпаѓало на 61 претпријатие со вкупен капитал од 48,673.000, а до 5,000.000 динари отпаѓало на 28 претпријатија вкупно 87,480.000 динари капитал. Само во 24 претпријатија било вложено 363,909.000 динари односно 72,3% од вкупниот вложен капитал во индустријата и рударството. Врз основа на горните бројки произлегува дека грото на претпријатијата претставувало ситни капацитети со инвестиран капитал под 2,000.000 динари. Интересно е да се одбележи дека во редот на претпријатијата кои располагала над 5,000.000 динари капитал спаѓале 3 електрични централи, 3 претпријатија од индустрија на обоени метали и 10 тутунови претпријатија, а само 6 претпријатија од преработувачката индустрија /5 претпријатија од прехранбената и 1 од хемиската индустрија/. Ако ги апстрахираме рударството и тутуновата индустрија, најинтензивно инвестирање се вршело во оние гранки на индустријата кои произведувале стоки за широка потрошувачка /прехранбена, текстилна индустрија и др./.

Просечно инвестиран капитал на едно претпријатие односно на еден запослен во индустријата и рударството поодделно по гранки на делатноста во 1940 година отпаѓало:

во 000

Гранка	Инвестиран капитал динари	Број на претпријатија	Број на работници	Капитал на 1 претпријатие динари	Капитал На 1 запослено лице динари
Електростопанство	72.485	18	217	4.027	334
Индустрија на јаглен	2.160	2	55	1.080	39
Обоени метали	82.270	4	1.185	20.567	69
Индустрија на неметали	6.000	5	133	1.200	45
Метална индустрија	7.500	4	162	1.875	46
Хемиска индустрија	14.847	6	110	2.475	135
Индустрија на градежен материјал	12.174	12	411	1.014	30
Дрвна индустрија	3.000	1	80	3.000	37
Текстилна индустрија	17.454	12	434	1.454	40
Кожна индустрија	1.250	2	27	625	46
Прехранбена индустрија	94.856	28	705	3.388	134
Графичка индустрија	7.965	4	124	1.991	64
Тутунова индустрија	178.100	13	7.210	13.700	25
В к у п н о :	500.062	111	10.853	4.505	46

Во индустријата и рударството просечно на едно претпријатие во Македонија отпаѓало 4,505.000 динари, а на еден запослен 46.000 динари. Единствено во рударските претпријатија и тутуновата индустрија на едно претпријатие имало инвестирано над овој просек, додека просекот на вложениот капитал во останатите претпријатија бил далеку под просекот. Над просекот од 46.000 динари на еден запослен имало инвестирано само во електростопанството, хемиската и прехранбената индустрија и во индустријата на обоени метали.

Познат е фактот дека странскиот капитал, инфилтриран во индустријата на стара Југославија заземал многу важна позиција и бил од пресудно значење за развиток на индустријата.[160/] Бавниот развиток на индустријата, нејзиниот нерамномерен и анархичен развиток, нискиот животен стандард на населението, а особено на работничката класа, во многу се должи на странскиот капитал кој успеал да заземе сериозни позиции во стопанството на стара Југославија, експлоатирајќи ги немилосрдно народните богатства. Учеството на странскиот капитал во индустријата на Македонија во однос на Хрватска, Словенија и Србија, заземал многу послаби позиции, поради слабо развиените производни сили од една, и ограничените пазарни можности од друга страна. Но сепак, тоа не значи дека странскиот капитал останал наполно дезаинтересиран за индустријата во Македонија. Најголем интерес странскиот капитал покажувал за рударството и електростопанството, гранки кои донесувале големи профити и екстра профити.

Учеството на домашниот и странскиот капитал инвестиран по гранки на делатноста во однос на вкупниот инвестиран ка-

---

160/ Од вкупно вложениот капитал во индустријата и рударството во стара Југославија на странскиот капитал отпаѓало 51,39% – В.Беговиќ: Развој индустрије Југославије и њена улога у нашој привреди "Тридесет дана", Београд, 1945 год.

питал во индустријата и рударството во 1940 година изнесувал:[161/]

во 000 дин.

Гранка	Вкупно инвестиран капитал	Капитал			
		Домашен	%	Странски	%
Електростопанство	72.486	47.868	66,0	24.618	34,0
Јаглен	2.160	2.160	100	-	-
Обоени метали	82.270	4.789	5,8	77.481	94,2
Индустрија на неметали	6.000	5.896	98,3	104	1,7
Металнa индустрија	7.500	7.500	100	-	-
Хемиска индустрија	14.847	13.327	87,7	1.520	10,3
Градежна индустрија	12.174	12.174	100	-	-
Дрвна индустрија	3.000	3.000	100	-	-
Текстилна индустрија	17.454	16.985	97,3	469	2,7
Кожна индустрија	1.250	1.250	100	-	-
Прехранбена индустрија	94.856	79.927	84,3	14.929	15,7
Графичка индустрија	7.965	7.965	100	-	-
Тутунова индустрија	178.100	178.100	100	-	-
Вкупно:	500.062	380.941	76,1	119.121	23,9

Од горното се гледа дека во индустријата и рударството во Македонија бил инвестиран претежно домашен капитал. Од вкупно 500.062.000 д. инвестиран капитал, на домашниот отпаѓало 380,941.000 динари или 76,1%, а на странскиот капитал 119,121.000 динари или 23,9%. Странскиот капитал бил заинтересиран најмногу во индустријата на обоени метали /94,2%/ од вкупниот инвестиран капитал во оваа гранка. Домашниот капитал во индустријата на обоени метали учествувал со мали, скоро незначителни размери и тоа само во рударското претпријатие "Љуботен" А.Д. во кое зеле учество југословенската држава со 1/3 од впишаните акции. По

161/ Расподелбата е сторена по проценка. При утврдувањето на националното потекло на инвестираниот капитал како критериум за инокосните и ортачките фирми ни послужи националната припадност на сопствениците на капиталот, а за акционерските, командитните и задружните претпријатија земена е националната припадност на членовите на тие друштва. При пресметувањето како и досега земен е само оној дел од капиталот кој бил инвестиран во земјиште, згради и машини.

оваа гранка во електростопанството странскиот капитал учествувал со 34% од вкупниот вложен капитал во оваа гранка. По неа доаѓа прехранбената индустрија со учество од 15,7%, хемиската индустрија со 10,3% итн. Интересно е да се одбележи дека со исклучок на индустријата на обоени метали странскиот капитал бил заинтересиран во мал број претпријатија, но со големи инвестиции. Така на пример во електростопанството бил, заинтересиран само во две претпријатија: во Хидроцентралата,Тетово и Електричната централа, Битола; во прехранбената индустрија само во Парната пивара во Скопје; во хемиската само во претпријатието за оксиген, Горче Петров - Скопско. Во останатите гранки на индустријата, странскиот капитал бил мошне слабо застапен. Странскиот капитал редовно се појавувал здружен со домашниот.

Странскиот капитал тешко може точно да се установи. Тој бил често пати така вешто маскиран што пред јавноста се појавувал како домашен. Типичен пример за инфилтрацијата и камуфлажата на странскиот капитал се гледа во Парната пивара, Скопје, која правно претставуваше домашно акционерско друштво, а всушност вистинскиот сопственик бил Прашката банка во Белград.

При установувањето на странскиот капитал во нашата индустрија и рударството земени се само во предвид инвестирањата во неподвижности и машини. Ако се впуштиме во анализа на обртниот капитал, ќе установиме дека странскиот капитал бил многу повеќе пласиран во наша индустрија отколку што изнесуваат горенаведените проценти. А имено нашата индустрија, иако не се во големи размери користела со долгорочни кредити од постоечките банки, сепак банките во Македонија, а особено приватните, индустријата ја кредитирале со краткорочни кредити.

Од приватните банки најголема улога во кредитирање во индустријата одиграла Првата хрватска штедилница - Филијала Скопје. Трговската индустриска банка "Вардар" А.Д.Скопје и Француско-Српската банка - Филијала Скопје. Во овие три банки, покрај домашниот земал учество и странскиот капитал. Првите две банки, покрај другите банкарски работи се занимавале и со кредитирање на индустријата, особено нивната дејност била забележителна во првата половина од периодот кој тука го третираме. Во периодот 1930-1940 година, особено за време на светската економска криза 1929/30 година, па и по кризата, овие банки ја кон-

центрирале својата делатност на краткорочни менични кредитирања, отворање на текушти сметки, работење со девизи и валути и собирање на влогови за штедење, додека одобрувањето на инвестициони кредити на индустријата го избегнувале. Од банките со домашен капитал, Скопската извозна банка, Скопје најголемиот дел од својот капитал го инвестирала во изградбата на индустријата /Хидроцентралата во Тетово беше еден од најважните нејзини објекти/.

Од странскиот капитал најмногу бил застапен англискиот, па потоа следувале: германскиот, шведскиот, чешкиот, францускиот, италијанскиот и др. Англискиот и германскиот капитал биле ангажирани за индустријата на обоени метали, шведскиот во електростопанството, а чешкиот во прехранбената индустрија. Странскиот капитал се инфилтрирал во најважните гранки на индустријата, основајќи за тоа време релативно крупни технички опремени претпријатија.

Кога накусо би се задржале на домашниот инвестиран капитал и истиот би го набљудувале од национален аспект, би ја добиле следнава слика:

во 000 дин.

Гранка	Вкупно домашен капитал	Капитал			
		Македонски	%	Југословенски	%
Електростопанство	47.868	41.658	87,0	6.210	13,0
Јаглен	2.160	-	-	2.160	100
Обоени метали	4.789	-	-	4.789	100
Индустрија на неметали	5.896	2.356	39,9	3.540	60,1
Метална индустрија	7.500	4.500	60,0	3.000	40,0
Хемиска индустрија	13.327	7.727	58,0	5.600	42,0
Градежен материјал	12.174	6.852	56,3	5.322	43,7
Дрвна индустрија	3.000	300	10,0	2.700	90,0
Текстилна индустрија	16.985	15.385	90,5	1.600	9,5
Кожна индустрија	1.250	1.250	100	-	-
Прехранбена индустрија	79.927	47.716	59,6	32.211	40,4
Графичка индустрија	7.965	4.465	56,1	3.500	43,9
Тутунова индустрија	178.100	-	-	178.100	100
Вкупно:	380.941	132.209	34,7	248.732	65,3

Од вкупно 380:941 динар инвестиран домашен капитал во индустријата и рударството на југословенскиот капитал отпаѓало 248,732.000 односно 65,3%, а на домашниот /македонскиот/ капитал 132,209.000 динари, односно 34,7%. Таков однос меѓу југословенскиот и домашниот /македонскиот/ капитал произлегува од релативно значајните државни инвестирања во тутуновата индустрија. Меѓутоа, ако ја апстрахираме тутуновата индустрија, ќе добиеме сосема друга претстава, а имено инвестираниот домашен /македонски/ капитал во однос на југословенскиот заземал многу позначајна позиција. Така односот во овој случај се менувал и македонскиот капитал преовладува над југословенскиот.

Набљудувајќи го националниот состав на инвестираниот капитал по индустриски гранки се доаѓа до заклучок дека југословенскиот капитал, со исклучок само на кожната индустрија, партиципирал во сите гранки на индустријата, некаде помалу, а некаде повеќе. Пропорционално југословенскиот капитал преовладувал само над македонскиот во следните гранки: тутуновата индустрија, индустријата на јаглен, индустријата на неметали и дрвната индустрија. Додека пак во однос на вкупниот инвестиран капитал југословенскиот капитал бил најмалку застапен во тутуновата и прехранбената индустрија.

Од досега изложеното го видовме поодделно како за претпријатијата така и за гранките на индустријата потеклото на капиталот вложен во македонската индустрија. За да имаме појасна и целосна претстава за преливањето на капиталот од поодделни гранки односно стопански области во индустријата го даваме следниот преглед:[162/]

во 000 дин.

Потекло на капиталот	Претпријатија број	Инвестиран капитал	
		Динари	%
Трговски	35	68.249	13,6
Занаетчиски	22	31.682	6,3
Индустриски	12	30.690	6,1
Мешовити	19	148.403	29,7
Јавен	23	221.038	44,3
В к у п н о:	111	500.062	100,0

162/ Распределувањето на капиталот по потекло го извршивме според занимањата на сопствениците на капиталот односно според инвестирањето на капиталот во индустријата.

Најголем број претпријатија претставувале, оние што, биле изградени од трговскиот капитал /35 претпријатија/. Потоа следувале претпријатијата изградени од јавен капитал/23/,[163] занаетчиски капитал /22/ и др.

Меѓутоа, ако се набљудува од аспектот на висината на вложениот капитал во индустријата, најголема позиција заземал јавниот капитал, 44,3% од вкупниот вложен капитал. По него доаѓал мешовитиот капитал, /29,7%/ односно капитал чии сопственици биле трговци, занаетчии, земјоделци, банкари. Најголемиот дел од капиталот во оваа категорија бил акциски, во кој преовладувал странскиот капитал. Дури на трето место доаѓал трговскиот капитал /13,6%/. Всушност овој процент е многу повисок, ако се земе предвид и инвестираниот трговски капитал во мешовитите претпријатија.

Ако го исклучиме рударството и тутуновата индустрија[164] и ја наблјудуваме само преработувачката индустрија, ќе установиме дека трговскиот капитал кој се преливал од трговијата во индустријата одиграл важна улога во индустрискиот развиток на Македонија. Како потврда на нашата констатација ја даваме следнава табела:

во 000 дин.

Потекло на капиталот	Претпријатија број	%	Инвестиран капитал Динари	%
Трговски	35	38,1	68.249	28,7
Занаетчиски	22	23,9	31.682	13,1
Индустриски	10	10,9	28.530	12,1
Мешовити	15	16,2	66.133	27,9
Јавен	10	10,9	42.938	18,2
В к у п н о :	92	100,0	237.532	100,0

Од горното се гледа дека 38,1% од претпријатијата и 28,7% од вкупниот инвестиран капитал во индустријата по своето

163/ Под јавен капитал подразбираме претпријатија изградени од државен, бановински и општински капитал.

164/ Рударството и тутуновата индустрија се исклучуваат поради тоа што сакаме да ја изнесеме поодделно само индустријата во тесна смисла, т.е. само фабричкото производство и поодделно рударството и тутуновата индустрија. Во продолжение овој начин на излагање ќе го запазиме и при анализата на останатите основни елементи на индустријата.

потекло произлегувал од трговијата. Ако и во овој случај се има предвид, дека голем дел од акционерскиот капитал и капиталот на мешовитите претпријатија припаѓал на трговци, тогаш процентот на учеството на трговскиот капитал инвестиран во индустријата, е многу поголем. Бројот на индустриските претпријатија изградени од занаедчии како и нивниот инвестиран капитал во индустријата исто така не е за потценување /23,9% од претпријатијата и 13,1% од вложениот капитал во индустријата води потекло од занаетчиството/.

Врз основа на горе изложеното може да се заклучи дека преку 62,0% од индустриските претпријатија биле сопственост на трговци и занаетчии односно преку 41,8% од вложениот капитал во преработувачката индустрија води потекло од акумулираниот капитал во трговијата и занаетчиството.

Иако со апстрахирањето на тутуновата индустрија учеството на јавниот капитал осетно се намалува, сепак уделот од 18,2% од вкупниот инвестиран капитал претставувал сериозна ставка во индустријата. Целокупната сума изнесена во горната табела била инвестирана од страна на општините во изградбата на електрични централи, кои главно, служеле за осветлување на градовите, а покасно, со изградување на хидроелектричната централа на реката Треска, добиената електрична енергија од оваа централа се користела за по- [illegible] голем број индустриски претпријатија во Скопје и неговата околија. Интересно е да се подвлече дека јавниот /државниот/ капитал бил заинтересиран во тутуновата индустрија и во незначни размери во рударството, општинскиот во електро-стопанството, а бановинскиот само во графичката индустрија. Во останатите гранки јавниот капитал не бил директно заинтересиран. Преку банкарството, државниот финансиски капитал зазимал сериозни позиции во кредитирањето на стопанството. Меѓутоа поради специфичниот карактер на индустријата /долг коефициент на обртот на вариабилниот капитал/ слабо се користеле краткорочните менични кредити кои се отпуштале од државните или привилегираните банки, бидејќи на индустријата ѝ било невозможно да користи такви кредити кои биле сврзани со услов секој три месеци да се пролонгираат. При пролонгацијата целокупната сума на веќе користениот кредит се внесувала во банката а по плаќањето на каматата банката ја исплатувала наново уплатената сума на корисникот. Од друга страна државните банки воделе таква финансова политика што во секое време одобрените кредити можеле

делумично или во целост да ги сократат. Бидејќи такви кредити неодговарале на индустриското работење, голем дел од индустриските претпријатија не можеле да ползуваат банкови кредити и, може слободно да се каже, дека нашата индустрија дефактно не била опфатена со кредитната политика на бившите режими. Таа била упатена на приватни банки кои, од една страна со извесни резерви се упуштала во кредитирање на индустријата, бидејќи и самите не располагале со достатачен капитал, а од друга страна, наплатувале високи камати. Додека Народната банка наплатувала 6% камати, во приватните банки каматата и провизијата изнесувала над 12%. Каматната стапка и провизијата во приватните банки во внатрешноста често пати се движела и над 20%.

Бидејќи вакви краткорочни кредити не биле достапни на индустријата, таа, главно, се развивала со слабо учество и контрола на банкарскиот капитал и се изградувала со сопствени средства акумулирани, претежно, во трговијата и занаетчиството. Затоа што сопствените капитали биле назнатни, се отпочнувало обично со изградување на ситни претпријатија за кои не биле нужни големи капитали. Но бидејќи и најмалите индустриски претпријатија барале сепак сериозни инвестиции, капиталистите обикновено ги задржувале своите капитали и основале индустриски претпријатија базирани на ортаклак.

3/ Инсталирана погонска сила

Според податоците од пописите на индустријата извршени по ослободувањето во 1945 година од бившето Поверенство за народно стопанство на НРМ, Државниот статистички уред - Дирекција за Македонија, спроведената анкета во 1953 година и проучувањата од нашата страна, вкупната инсталирана сила во индустријата во 1940

година на територијата на денешна НР Македонија изнесувала 17.402 кс.[165] од која на електрични централи отпаѓало 11.129 кс. односно 64%, а погонската сила која припаѓала на индустријата изнесувала само 6.273 кс. или 36% од вкупната погонска сила. Тоа значи најголемиот дел на погонската сила во индустријата преставувал производството на електрична енергија која служела за производни и непроизводни цели.

Погонската сила расподелена по гранки на дејности и споредена со бројот на индустриските претпријатија во 1940 година изнесувала:

Гранки	Погонска сила		Претпријатија	
	КС	%	Број	%
111-Електростопанство	11.129	64,0	18	16,2
112-Јаглен	242	1,4	2	1,8
115-Индустрија на обоени метали	1.118	6,4	4	3,6
116-Индустрија на неметали	231	1,3	5	4,5
117-Металнa индустрија	210	1,2	4	3,6
120-Хемиска индустрија	366	2,1	6	5,4
121-Граѓевински материјал	267	1,5	12	10,8
122-Дрвна индустрија	81	0,5	1	0,9
124-Текстилна индустрија	497	2,9	12	10,8
125-Кожна индустрија	33	0,2	2	1,8
127-Прехранбена индустрија	3.143	18,0	28	25,3
128-Графичка индустрија	85	0,5	4	3,6
129-Тутунова индустрија	-	-	13	11,7
В к у п н о :	17.402	100,0	111	100,0

165/ Според официјалните статистички податоци од извршениот последен попис на индустријата во стара Југославија во 1938 год. /Статистика индустрије Југославије, Београд, 1941 год./ Индустријата во бивша Вардарска бановина располагала со 17,959 кс. а Историската област "Јужна Србија" со 13.522 кс. Бидејќи денешната територија на НРМ е помала од споменатите бивши административни територии би требало да има помал број индустриски претпријатија така што на прв поглед се доаѓа до заклучок дека има мала разлика помеѓу нашите податоци кои се однесуваат на НРМ и податоците за Вардарска бановина, и обратно дека има и осетна разлика помеѓу НРМ и историската област "Јужна Србија" што во едниот и другиот случај изгледа нереално. Оваа нереалност произлегува од фактот што при пописот на индустријата во 1938 година не е земена во обзир ХЕЦ Матка, која уште не беше пуштена во погон како и пет нови основани претпријатија во 1939 год. Само инсталационата сила ХЕЦ Матка изнесувал 5.168 кс. а кои во нашите пресметувања се земени во обзир.

Во однос на инсталираната погонска сила, електростопанството го заземало првото место со учество од 64% од вкупната инсталирана погонска сила во индустријата. На второ место доаѓала прехранбената индустрија со 18%, по неа следувале индустријата на обоените метали /6,4%/, текстилната индустрија /2,9%/ итн. Меѓутоа по бројот на претпријатијата прехранбената индустрија доаѓала на прво место пред електростопанството и тутуновата индустрија. Треба да се одбележи дека тутоновата индустрија која по број на претпријатијата заземала трето место со учество од 11,7% од вкупниот број на претпријатија во однос на инсталираната сила доаѓа на последно место, бидејќи во оваа гранка погонската сила не била воопшто застапена, производниот процес се одвивал сосем примитивно - рачно.

На основа на горе изнесените процентуални односи може да се констатира следното: скоро сите индустриски гранки, со исклучок на електростопанството и индустријата на обоените метали, спаѓале во ред на гранки кои се карактеризирале со ситни претпријатија, бидејќи процентот на претпријатијата бил поголем од процентот на инсталитаната погонска сила.

Инсталираната погонска сила на индустријата расподелена по гранки на делатноста и периоди се движела како што е изнесено во табелата на следанта страна.

За одбележување е што електростопанството од 1926 година се развивало со динамично темпо. Така во периодот 1926-1930 година од вкупните инсталирани сили во индустријата на електростопанството отпаѓало 58,9% а во наредните периоди 1931-1935 и 1936-1940 процентот на учество пораснал на 59,1% односно на 64%.

Прехранбената индустрија исто така, заземала важно место со своето учество во погонската сила, но динамиката низ периоди опаѓала така што процентот на учеството во периодот 1931-1935 година покажува паѓање во однос на претходниот за сметка на електростопанството и останатите гранки на индустријата.

Учеството на погонската сила во останатите гранки на индустријата во однос на вкупната инсталациона погонска сила по периоди не е така динамично како во горе двете споменати гранки. Со исклучок на производството на јаглен, дрвната и кожната индустрија, чие учество се намалува за сметка на останатите гранки, поради што во текот на целиот третиран период стагнирале, останатите гранки покажувале тенденција на бавен развиток. Се граделе обично мали претпријатија во кои механизацијата била слабо застапена. Се поставува прашањето како можела нашата слабо опремена

Гранка	До 1918 г.		1919–1925		1926–1930		1931–1935		1936–1940	
	кс	%	кс	%	кс	%	кс	%	кс	%
Електростопанство	185	44,4	591	27,8	4.174	58,9	5.636	59,1	11.129	64,0
Јаглен	–	–	–	–	242	3,4	242	2,5	242	1,4
Индустрија на обоени метали	–	–	–	–	426	6,0	546	5,7	1.118	6,4
Индустрија на неметали	–	–	36	1,7	36	0,5	76	0,8	231	1,3
Метална индустрија	15	3,6	36	1,7	66	0,9	66	0,7	210	1,2
Хемиска индустрија	–	–	59	2,8	59	0,8	149	1,6	366	2,1
Градежен материјал	–	–	–	–	–	–	81	0,9	267	1,5
Дрвна индустрија	–	–	81	3,8	81	1,1	81	0,9	81	0,5
Текстилна индустрија	–	–	61	2,9	67	0,9	159	1,7	497	2,9
Кожна индустрија	9	2,2	9	0,4	33	0,5	33	0,3	33	0,2
Прехранбена индустрија	208	49,8	1.218	57,2	1.864	26,3	2.378	24,9	3.143	18,o
Графичка индустрија	–	–	36	1,7	53	0,7	85	0,9	85	0,5
Тутунова индустрија	–	–	–	–	–	–	–	–	–	–
В к у п н о:	417	100,o	2.127	100,o	7.101	100,o	9.532	100,o	17.402	100,o

индустрија да се противстави на тогашната конкуренција? Од внатрешната конкуренција, нашата индустрија се бранела благодарејќи на својата производна структура, од една страна, и употребата на ефтина работна сила, односно нејзиното засилено експлоатирање од друга страна. Што се однесува за надворешната конкуренција таа беше ефикасно елиминирана со високите царински бариери.

И покрај релативното зголемување на погонската сила сепак механизацијата во нашата индустрија останала и натаму мошне ниска. Како илустрација на нашата констатација го даваме следниот преглед од кој јасно се гледа ниската механизираност на индустријата во 1940 година.

Група на погони во кс	Претпријатија				Инсталирана погонска сила			
	Без електрични централи		Со електрични централи		Без електрични централи		Со електрични централи	
	Број[166]	%	Број[167]	%	кс	%	кс	%
до 10	4	5,5	4	4,4	30	0,5	30	0,2
11- 25	14	19,2	14	15,4	221	3,5	221	1,3
26- 50	20	27,4	24	26,4	759	12,1	938	5,4
51- 100	17	23,3	21	23,0	1272	20,3	1497	8,6
101- 500	17	23,3	24	26,4	3469	55,3	5216	30,0
501-1000	1	1,3	1	1,1	522	8,3	522	3,0
1001-5000	-	-	2	2,2	-	-	3810	21,9
над 5000	-	-	1	1,1	-	-	5168	29,6
В к у п н о:	73	100,0	91	100,0	6273	100,0	17402	100,0

Од горната табела може да се заклучи следното: 55 претпријатија или 75,4% од претпријатијата располагале со инсталациона погонска сила до 100 кс чија вкупна јачина изнесувала 2.282 кс, односно 36,3% од вкупната инсталациона сила во индустријата, не земајќи ги во предвид електричните централи. Додека само 18 претпријатија или 24,6% од нив имале вградени капацитети до 1.000 кс со вкупна јачина од 3.991 кс односно 63,6% од вкупната инсталацио-

166/ Во горниот број не се вклучени 13 тутунови претпријатија, 18 електрични централи и 7 претпријатија без погон.

167/ Во горниот број не се вклучени 13 тутунови претпријатија и 7 претпријатија без погон.

на сила. Ако, пак, во анализата ги вклучиме електричните централи, тогаш ќе ја имаме следната положба: 63 претпријатија или 69,2% од нив располагале со погонска сила до 100 кс со вкупно 2.686 кс или 15,5% од вкупната инсталирана погонска сила во индустријата. Додека 28 претпријатија или 30,8% од нив располагале со 14.716 кс односно 84,5% од вкупната инсталациона сила во индустријата.

Положбата на инсталираната погонска сила во индустријата на едно претпријатие и по еден запослен без електричните централи во 1940 година изнесувало:

Гранка	Број на претпријатија	Погон кс	Работници и службеници	На 1 претпријатие кс	На 1 запослен кс
112-Јаглен	2	242	55	121	4,4
115-Индустрија на обоени метали	4	1.118	1.185	279	0,7
116-Индустрија на неметали	5	231	133	46	1,7
117-Метална индустрија	4	210	162	53	1,3
120-Хемиска индустрија	6	366	110	61	3,4
121-Индустрија на градежни материјали	12	267	411	22	0,6
122-Дрвна индустрија	1	81	80	81	1,0
124-Текстилна индустрија	12	497	434	41	1,1
125-Кожна индустрија	2	33	27	17	1,2
127-Прехранбена индустрија	28	3.143	705	112	4,5
128-Графичка индустрија	4	85	124	21	0,7
129-Тутунова индустрија	13	-	7.210	-	-
В к у п н о:	93	6.273	10.636	67	0,6

Најголем број на коњски сили се паѓало на едно претпријатие во металургијата на обоени метали, а најмалку на кожната, графичката индустрија и индустријата на градежен материјал. Просечно на едно претпријатие, без електрични централи се паѓало 67 кс, а со електрични централи 156,7 кс. Во стара Југославија, сметајќи со електрични централи на едно претпријатие просечно

изнесувало 204 кс.[168]

На еден запослен во 1940 година, исклучувајќи го запослениот персонал во електростопанството и тутуновата индустрија, се паѓало просечно 0,6 кс, додека просекот на вградената погонска сила во индустријата на стара Југославија на едно работно место изнесувал 2,9 кс.[169] Оваа споредба достатачно сама по себе зборува колку слабо била механизирана индустријата во Македонија.

Карактеристично е да се одбележи фактот дека инсталираната сила по еден запослен, гледана по периоди опаѓала, кое нешто го покажува следното движење:[170]

До	1918	година	на еден	запослен	отпаѓало 0,8 кс.
1918-1925	"	"	"	"	2,9 кс.
1926-1930	"	"	"	"	1,5 кс.
1931-1935	"	"	"	"	1,8 кс.
1936-1940	"	"	"	"	1,6 кс.

Инсталираната погонска сила во периодот 1918-1925 во однос на 1918 година покажала брз пораст, а во наредниот период опаднала и сé до објавувањето на Втората светска војна покажувала слаб, скоро незабележив пораст, додека бројот на претпријатијата растел со побрзо темпо. Тоа значи дека новоосновaните претпријатија се ориентирале на таков вид индустрија која имала повеќе занаетчиски карактер и во која преовладувала работна рака како што е на пример индустријата на градежен материјал, текстилната индустрија чија изградба, како што се гледа од досега изложеното, датира во втората половина на периодот меѓу двете светски војни.

Ако, пак, се задржиме и ова прашање го погледаме од аспектот на исползувањето на капацитетите, ќе констатираме дека положбата била уште по поразителна, бидејќи скоро во сите гранки капацитетот на машините достаточно не се исползувал. Така, на-пример млинската индустрија го ползувала капацитетот најмногу 58,7%, металната 60,75%, графичката 37,5%, индустријата на градежен материјал 85%, фабриките за сапун 34,4% итн. Меѓутоа, ползувањето на капацитетот во поодделни претпријатија се движел под

168/ Пресметано врз основа на: Статистика индустрије Југославије, цит.дело.

169/ Исто

170/ Пресметано без електростопанството и тутуновата индустрија.

горе изнесените проценти. Еве неколку примера: Графичкото индустриско претпријатие Крајничанец А.Д., Скопје го ползувало капацитетот во 1940 година со 25%, Фабриката за алкалоиди, Скопје /20-25%/ итн.

Движењето на погонската сила по гранки на индустријата во апсолутни цифри и индекси изгледа како што е изнесено во табелата на следната страна.

Индустријата во текот на предвојниот период во однос на инсталираната погонска сила покажува релативно динамично темпо во својот развиток. Во периодот 1919-1925 година индексот на порастот на инсталационата погонска сила изнесувал 510 во однос на 1918 година. Во овој период порастот се должи, главно, на ниската почетна база. Во следниот периоди индексот и натаму растел. Најголем пораст се забележува во периодот 1936-1940 година кога инсталираната погонска сила се зголемува од 9.532 кс во периодот 1931-1936 година на 17.402 кс во 1936-1940 година. Наглиот пораст на инсталираната погонска сила неколку години пред втората светска војна се должи на новоподигнатите претпријатија од преработувачката индустрија, а особено на изградените поважни електрични централи /Хидроцентралата на реката Треска/.

Динамиката и развојот на одделните индустриски гранки е различна, што впрочем е и природно. Во капиталистичкиот свет првобитно се развивале оние гранки на индустријата за кои не биле нужни големи инвестиции и се вршел брз обрт на вложениот капитал, на тој начин овозможувајќи им на капиталистите големи профити.

Во предвоениот период најголема динамика во развитокот покажало електростопанството. Оваа гранка до 1926 година покажувала бавен развиток. Во периодот 1926-1930 е изграден најголем број електрични централи /9 електрични централи/ и индексот изнесувал 710 во однос на претходниот период /1919-1925/. Во следниот период електростопанството покажувало и натаму пораст, но темпото на порастот осетно се намалило: во 1931-1935 година индексот нараснал за 135, во однос на претходниот, а во 1936-1940 година за 198 во однос на периодот 1931-1935 година.

Прехранбената индустрија покажува динамичен пораст, но нејзиниот развиток во однос на погонската сила, за разлика од електростопанството, е побавен и порамномерен. Тоа произлегува

Гранка	До 1918 год.				Од 1919-1925 год.				Од 1926-1930год.				Од 1931-1935 год.				Од 1936-1940 год.			
	Претпријатие		Погон		Претпријатие		Погон		Претпријатие		Погон		Претпријатие		Погон		Претпријатие		Погон	
	Број	Индекс	кс	индекс	Број	Индекс	кс	Индекс	Број	Индекс	кс	Индекс	Број	Индекс	кс	Индекс	Број	Индекс	кс	Индекс
Електростопанство	1	100	185	100	2	200	591	319	11	550	4174	710	13	118	5636	135	18	138	11129	198
Јаглен	-	-	-	-	-	-	-	-	2	100	242	100	2	100	242	100	2	100	242	100
Индустрија на обоени метали	-	-	-	-	-	-	-	-	2	100	426	100	2	100	546	128	4	200	1118	204
Индустрија на неметали	-	-	-	-	1	100	36	100	1	100	36	100	2	200	76	211	5	250	231	304
Металнa индустрија	1	100	15	100	2	200	36	240	2	100	66	183	2	100	66	100	4	200	210	318
Хемиска -"-	-	-	-	-	3	100	59	100	3	100	59	100	4	133	149	253	6	150	366	248
Индустрија на градежен материјал	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	3	100	81	100	12	400	267	330
Дрвна индустрија	-	-	-	-	1	100	81	100	1	100	81	100	1	100	81	100	1	100	81	100
Текстилна -"-	-	-	-	-	2	100	61	100	3	150	67	110	6	200	159	238	12	200	497	313
Кожна -"-	1	100	9	100	1	100	9	100	2	200	33	367	2	100	33	100	2	100	33	100
Прехранбена индустрија	5	100	208	100	11	220	1218	586	18	166	1864	154	20	111	2378	127	28	140	3143	133
Графичка индустрија	-	-	-	-	2	100	36	100	3	150	53	147	4	133	85	160	4	100	85	100
Вкупно:	8	100	417	100	25	312	2127	510	48	193	7101	335	61	127	9532	134	111	182	17402	183

од фактот што претпријатијата од оваа гранка претставувале мали капацитети, чија просечна погонска сила на едно претпријатие во 1940 година изнесувала 112 кс, што во електростопанството не е таков случајот. Изградбата на такви мали објекти не можело осетно да влијае на вкупната погонска сила по периоди и затоа немало такви нагли промени во развитокот. Оваа гранка најголем скок на погонската сила покажува во периодот 1919-1925 година кога индексот се зголеми за 586 во однос на 1918 година. Во следниот период индексот расте но со порамномерно темпо.

Трета по ред гранка по големината на инсталираната погонска сила била индустријата на обоените метали. Оваа гранка покажала особен пораст во погонската сила во периодот 1936-1940 година. Индексот на порастот во овој период изнесувал 204 во однос на претходниот. Зголемувањето на индексот се должи на фактот што една година пред избувнувањето на војната во Оловниот рудник во Злетово инсталациите за оплеменување на рудата /добивање на концентрат/ биле наполно монтирани /флотација, електрична централа, жичара и др./. На индустријата на обоени метали просечно на едно претпријатие отпаѓало во 1940 година 279 кс, што значи дека претпријатијата од оваа гранка, со исклучок на електричните централи, располагале просечно со најголема инсталациона погонска сила.

Текстилната индустрија сé до 1930 година слабо се развивала. Дури во периодот 1931-1935 година покажала осетен напредок. Од 67 кс, со колку располагала оваа гранка во 1930 година, погонската сила во периодот 1931-1935 година се зголемила на 159 кс, а во следниот период 1936-1940 година достигнува 497 кс. Во тој период просекот на погонската сила на едно претпријатие скоро се удвостручила. Додека во периодот 1931-1935 година просекот изнесувал 26,5 кс, во периодот 1936-1940 година тој достигнал 41,4 кс на едно претпријатие. Со оглед на тоа што на едно претпријатие во индустријата, не земајќи ги предвид електричните централи, просечно отпаѓало 67 кс, изгегува дека текстилната индустрија, по просечната погонска сила на едно претпријатие, се наоѓала само пред индустријата на градежен материјал, графичката и кожната индустрија. Ако, пак, се спореди индексот на порастот на погонската сила по периоди, ќе се установи дека најголем пораст покажува периодот 1936-1940 година 313 спрема 238 во прет-

ходниот период /1931-1935/, што значи дека текстилната индустрија се развила во овие два периода. Особено порастот е забележителен во периодот 1936-1940 година. Во овој период текстилните претпријатија биле помеханизирани и помодернизирани од претпријатијата во претходниот период /1931-1935/.

Меѓу поважните гранки на индустријата несомнено спаѓала и хемиската, која по вкупната инсталирана погонска сила во 1940 година доаѓала на петто место, а по учеството на погонската сила на едно претпријатие се наоѓала пред текстилната индустрија /61 кс на едно претпријатие/. Оваа гранка во однос на динамичниот развиток на бројот на претпријатијата по периоди покажува тенденција на бавен развиток, но во однос на погонската сила таа покажува поголема динамичност. Особено оваа динамичност се забележува неколку години пред објавувањето на војната. Најголем пораст погонската сила покажува во периодот 1931-1935 година кога индексот нараснал за 253 во однос на претходниот период /1926-1930/, додека индексот на бројот на претпријатијата изнесувал 133. Во периодот пак 1936-1940 година порастот на индексот на претпријатијата изнесувал 150 спрема 248 индексот на порастот на погонската сила. Оттука произлегува иста констатација како и за текстилната гранка, а имено дека во овие периоди во хемиската индустрија се подигнати претпријатија со поголеми капацитети одошто во претходните периоди.

Индустријата на градежен материјал, по бројот на претпријатијата во 1940 година, го дели четвртото место заедно со текстилната индустрија, но по инсталираната погонска сила доаѓа на шесто место. Нејзиниот развиток паѓа во периодот 1936-1940 година кога се изградени 9 претпријатија спрема 3 во периодот 1931-1935 година. Така што во периодот 1936-1940 година таа располагала со 267 кс спрема 81 кс во предходниот период, односно индексот на порастот се зголемил во периодот 1936-1940 година за 330 во однос на претходниот период. По учеството на погонската сила на едно претпријатие се наоѓала во редот на оние претпријатија кои располагале со слаба погонска сила /22 кс на едно претпријатие/. Бидејќи индексот на порастот на бројот на претпријатијата е поголем од индексот на порастот на погонската сила, се доаѓа до заклучок дека оваа гранка располагала со мали објекти, каде што производниот процес базирал главно на работна рака.

Во текот на целиот период што се третира тука, металната индустрија покажува мошне слаб развиток. Таа располагала кон крајот на 1940 година со 210 кс спрема 66 кс во периодот 1931-1935 година. Таа навистина, покажала последните четири години пред Втората светска војна извесен напредок /индексот на порастот во периодот 1936-1940 година изнесувал 318 спрема 183 во периодот 1926-1930 година/. Но, овој пораст е незначителен кога ќе се земе предвид ниската почетна база и карактерот на оваа гранка, 52 кс, колку просечно се паѓало на едно претпријатие во 1940 година за металната индустрија претставувало многу низок степен на механизација. Секое занаетчиско претпријатие во економските поразвиени покраини во стара Југославија располагале со повеќе инсталирана сила. Меѓутоа, ако се спореди индексот на порастот на претпријатијата со тој на погонската сила за истиот период, ќе се констатира дека оваа гранка во однос на погонската сила покажала голем пораст. Така, додека индексот на порастот на бројот на претпријатијата во периодот 1936-1940 година порснал за 200 во однос на претходниот период, индексот на порастот на погонската сила се зголемил за 318, што значи дека во споменатиот период се изградени објекти кои располагале со поголема инсталациона погонска сила од тие кои дотогаш суштествувале.

Индустријата на неметали, сé до периодот 1936-1940 година, може да се каже дека во однос на механизацијата стагнирала. Благодарејќи на претпријатието: Керамична индустрија "Кис", Скопје, кое располагало со два пати повеќе инсталирана погонска сила отколку останатите претпријатија, се должи што оваа гранка покажува извесна динамика во периодот 1936-1940 година. Вградената инсталациона сила во оваа гранка нагло се зголемува од 76 кс во периодот 1931-1935 година на 231 кс во периодот 1936-1940 година, така што индексот на порастот во 1936-1940 година изнесувал 304.

Останатите гранки: производството на јаглен и кожната индустрија не покажале во текот на предвоениот период никаква динамика во својот развиток. Графичката индустрија, поради фактот што скоро сите печатници, со исклучок на печатницата "Немања", Скопје, биле основани првите години по завршувањето на Првата светска војна и располагаат со релативно достатни капацитети, не покажува исто така никаква динамика. Оваа гранка била добро застапена и опремена, така што ги задоволувала домашните потреби,

работејќи со неполн капацитет.

Погонот на индустријата бил различит. Индустриските постројки се движеле на електрична енергија, вода, пареа, саугас или дизел мотори. Според тоа во текот на периодот кој се разгледува тука, индустријата се служела со разни видови погони. Видот на погонот се ориентирал обично од аспектот на рентабилноста и од тоа со каков вид погон се располагало во поодделни периоди и реони. Првобитно во првите повоени години, електричната енергија за индустриските цели ретко се ползувала. Прво, поради тоа што не се располагало со неа и второ, што цената на струјата била мошне висока и ги зголемувала производните трошоци. Поради тоа, најголем број индустриски претпријатија се служеле со воден погон /мелници , луштилници на ориз/ и со сопствен погон базиран на саугас, дизел мотори и парни локомобили.

Со изградбата на електричните централи, особено со изградбата на Хидроцентралата во Тетово, и покасно Хидроцентралата на реката Треска, се зголемило производството на електрична енергија и следователно се намалиле тарифите за консумација на индустриската /термичка/ струја. На овој начин електричната енергија станала подостапна за индустријата и голем број претпријатија го преориентирале својот погон на струја. Особено тоа го сториле претпријатијата кои се наоѓале на подрачјето на споменатите централи.

Според видовите на погонот индустријата во Македонија во 1940 година ги ползувала следните видови погони:

Вид на погонот	Претпријатие[171]		Погон	
	Број	%	КС	%
1. Електрични погон	49	67,1	4.063	64,8
2. Воден погон	6	8,2	350	5,6
3. Саугас	11	15,1	879	14,0
4. Пареа	7	9,6	981	15,6
В к у п н о:	73	100,0	6.273	100,0

171/ Тутуновите претпријатија како и електроцентралите не се земени предвид. Првите поради тоа што не располагале со никаква погонска енергија, а другите поради тоа што произведувале електрична енергија. Исто така не се земени 7 претпријатија кои не располагале со погонска сила.

Од горните цифри се гледа дека 67,1% од индустриските претпријатија ползувале електрична енергија за движење на своите погони. Инсталираната погонска сила на овие претпријатија изнесувала 4.063 кс или 64,8% од вкупните инсталирани сили во индустријата. Останатите 32,9% претпријатија располагале со 2.210 кс, односно 35,2% од вкупните инсталирани сили.

Структурата на инсталираната погонска сила по гранки на индустријата се гледа од табелата изнесена на следната страна.

Од 11 гранки на индустријата, апстрахирајќи ги електричните централи и тутуновата индустрија, четири гранки ползувале исклучиво електрична енергија за движење на своите погони /индустрија на обоени метали, метална, кожна и графичка индустрија/. Во четирите гранки преовладува електрична енергија /индустрија на неметали, хемиска, текстилна индустрија и индустрија на градежен материјал/. Погонот на дрвната индустрија и производството на јаглен бил ориентиран на пареа, а во прехранбената индустрија преовладувале останатите видови погони над електричниот. Оттука може да се заклучи дека голем дел претпријатија /30%/ ползувале сопствена енергија за движење на погонот. Главно, овие претпријатија се наоѓале во внатрешноста на Македонија, каде што цената на електричната струја била висока, или постоечките јавни централи не биле во состојба да ги снабдат со струја /од вкупно 25 претпријатија чиј погон бил на вода, саугас и пареа, 20 претпријатија биле лоцирани во внатрешноста, а само 5 во Скопје/.

4/ Работна сила

Запослената работна рака во индустријата на територијата на денешна НР Македонија, вклучувајќи ја тутуновата индустрија и рударството, во 1940 година изнесувала 10.853 работници и службеници. Без тутуновата индустрија[172] овој број осетно се намалува

172/ Тутуновата индустрија /манипулација и ферментација/ не се сметаше во предвоениот период како индустрија и спрема тоа во статистичкиот попис од 1938 година /Статистика индустрије Југославије, Београд, 1941 год./, оваа индустрија не е земена во обзир. Затоа споредувањето со положбата на индустријата во стара Југославија се врши без тутуновата индустрија.

Гранка	Вкупно		Електро-погон		Воден погон		Саугас		Пареа		Дизел	
	кс	%	кс	%	кс	%	кс	%	кс	%	кс	%
Електростопанство	11129	100	-	-	7913	71,0	1297	11,7	354	3,2	1565	14,1
Јаглен	242	100	42	17,4	-	-	-	-	200	82,6	-	-
Индустрија на обоени метали	1118	100	1118	100	-	-	-	-	-	-	-	-
Индустрија на неметали	231	100	191	82,7	-	-	-	-	40	17,3	-	-
Метална индустрија	210	100	210	100	-	-	-	-	-	-	-	-
Хемиска индустрија	366	100	287	78,4	-	-	19	5,2	60	16,4	-	-
Индустрија на градежен материјал	267	100	237	88,8	-	-	30	11,2	-	-	-	-
Дрвна индустрија	81	100	-	-	-	-	-	-	81	100	-	-
Текстилна индустрија	497	100	436	87,8	36	72,0	25	5,0	-	-	-	-
Кожна индустрија	33	100	33	100	-	-	-	-	-	-	-	-
Прехранбена индустрија	3143	100	1424	45,3	314	10,0	805	25,6	600	19,1	-	-
Графичка индустрија	85	100	85	100	-	-	-	-	-	-	-	-
Тутунова индустрија	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
В к у п н о:	17402	100	4063	23,3	8263	47,5	2176	12,5	1335	7,7	1565	9,0

и изнесува 3.643 работници и службеници.[173] Споредувајќи го бројот на запослената работна рака во Македонија со тој на предвоена Југославија, се доаѓа до констатација дека македонската индустрија запослувала многу мал број работници. Од вкупно 196.930 запослени[174] во индустријата на предвоена Југославија на Македонија отпаѓало 3.643 запослени односно 1,8% од вкупниот број на запослените во индустријата. Ако пак се исклучат и рударските работници, горниот процент изнесувал 1,2%.

Работната сила, распоредена по гранки на делатноста и споредена по бројот на претпријатијата и инсталираната погонска сила во 1940 година би изгледала како што следува:

Гранка	Претпријатија		Погонска сила		Работна рака	
	Број	%	кс	%	Запослени работници	%
111-Електростопанство	18	16,2	11.129	64,0	217	2,0
112-Јаглен	2	1,8	242	1,4	55	0,5
115-Индустрија на обоени метали	4	3,6	1.118	6,4	1.185	11,0
116-Индустрија на неметали	5	4,5	231	1,3	133	1,2
117-Метална индустрија	4	3,6	210	1,2	162	1,5
120-Хемиска индустрија	6	5,4	366	2,1	110	1,0
121-Индустрија на градежен материјал	12	10,8	267	1,5	411	3,8
122-Дрвна индустрија	1	0,9	81	0,5	80	0,7
124-Текстилна индустрија	12	10,8	497	2,9	434	4,0
125-Кожна индустрија	2	1,8	33	0,2	27	0,2
127-Прехранбена индустрија	28	25,3	3.143	18,0	705	6,6
128-Графичка индустрија	4	3,6	85	0,5	124	1,1
129-Тутунова индустрија	13	1,7	-	-	7.210	66,4
В к у п н о:	111	100,0	17.402	100,0	10.853	100,0

173/ Спрема статистичките податоци /статистика индустрије Југославије, Београд, 1941 год./ "Јужна Србија" во 1938 год. имала 3.030 работници. Во овој број не влегуваат запослените работници во тутуновата индустрија и рударството. Бројот на запослените работници во Вардарска бановина без споменатите гранки изнесувала 4.556.

174/ Статистика индустрије Југославије, цит.дело.

Од вкупниот број на запослената работна рака најголем процент отпаѓа на тутуновата индустрија /66,4%/ и индустријата на обоена металургија /11%/. Потоа следуваат прехранбената индустрија/6,6%/, Текстилната индустрија /4%/, индустријата на градежен материјал /3,8%/ итн. На тутуновата индустрија и индустријата на обоени метали отпаѓало 77,4% од вкупната запослена работна рака, а на останатите гранки само 22,6%. Меѓутоа, ако ја апстрахираме тутуновата индустрија најголем број работници запослувала индустријата на обоени метали /32,5%/, потоа доаѓала прехранбената индустрија /19,3%/, текстилната индустрија /11,9%/, индустријата на градежен материјал /11,3%/ итн. Ако процентуалните односи на гранките во горната табела меѓусебно се споредат /процентот на работната сила со тој на бројот на претпријатијата и погонската сила/, може да се заклучи следново: прво, процентот на запослената работна рака во индустријата на обоените метали и тутуновата индустрија е многу поголем од процентите на бројот на претпријатијата и вградената погонска енергија. Тоа значи дека овие две гранки располагале со мал број претпријатија чија инсталирана погонска сила била незначителна во однос на запослената работна сила, така што во овие гранки живиот труд преовладувал над опредметениот. Особено е карактеристична тутуновата индустрија, која учествувала со 66,4% во вкупната запослена работна сила во индустријата, а немала никаква техничка опрема. Второ, во сите останати гранки процентот на запослената работна рака бил помал во однос на процентот на бројот на претпријатијата, што значи дека спаѓале во ред на индустриски гранки кои се карактеризирале со тоа што биле технички слабо опремени. Трето, во голем број гранки како што се: металната индустрија, индустријата на градежен материјал, дрвната, текстилната и графичката индустрија процентите на работната рака се поголеми од тие на вградената погонската енергија, што значи дека и во овие гранки живиот труд преовладува над опредметениот. Четврто, во електростопанството и што е моќне карактеристично, во прехранбената и хемиската индустрија процентот на инсталираната погонска сила е многу поголем од процентот на вработените работници. Електростопанството учествувало во вкупната инсталирана сила со 64,0%, прехранбената со 18,0%, а хемиската со 2,1%, додека во запослената работна сила првата учествува-

вала со 2%, втората со 6,6% и третата со 1%, оттука се гледа дека овие гранки биле технички релативно добро опремени.

Запослената работна сила во индустријата по гранки на делатноста и по периоди, без тутуновата индустрија се движела како што следува:175/

Гранка	до 1918		1919-1925		1926-1930		1931-1935		1936-1940	
	Работници	%	Работници	%	Работници	%	Работници	%	Работници	%
Електростопанство	10	5,1	15	2,7	91	4,5	142	6,4	217	6,0
Јаглен	-	-	-	-	35	1,7	62	2,8	55	1,5
Индустрија на обоени метали	-	-	-	-	1368	47,4	768	34,4	1185	32,6
Индустрија на неметали	-	-	18	3,2	33	1,6	76	3,4	133	3,7
Метална индустрија	30	15,4	47	8,4	60	2,9	62	2,8	162	4,4
Хемиска индустрија	4	2,1	26	4,7	31	1,5	61	2,7	110	3,0
Индустрија на градежен материјал	20	10,2	-	-	70	3,4	158	7,1	419	11,3
Дрвна индустрија	-	-	50	8,9	70	3,4	80	3,6	80	2,2
Текстилна индустрија	-	-	15	2,7	85	4,3	121	5,4	434	11,9
Кожна индустрија	6	3,1	8	1,4	18	0,9	25	1,1	27	0,7
Прехранбена индустрија	125	64,1	331	59,2	484	23,8	546	24,4	705	19,3
Графичка индустрија	-	-	49	8,8	69	4,7	131	5,9	124	3,4
Вкупно:	195	100,0	559	100,0	2041	100,0	2232	100,0	3643	100,0

Како што се гледа од горната табела учеството на запослената работна рака по гранки на индустријата во однос на вкупниот број запослени во неа по периоди било различито. Различното темпо на зголемување на запослените по поодделни гранки, во од-

175/ Бројот на запослената работна сила во тутуновата индустрија не е опфатен во горната табела, поради тоа што не се располагало со податоци по години.

нос на вкупниот број запослени по периоди, се одразувало на процентуалното учество на поодделни гранки во вкупниот број запослени. Така, на пример, во првите повоени години сé до 1926 година, најголемо учество заземала работната рака, ангажирана во прехранбената индустрија. Од вкупно 195 запослени работници во 1918 година, на прехранбената индустрија отпаѓало 125 или 64,1%. Во 1919-1925 година и натаму прехранбената индустрија го задржала првото место и бројот на запослените во оваа гранка пораснал скоро за три пати во апсолутни цифри, но затоа во релативни цифри отпаднал за сметка на новоподигнати претпријатија од други гранки. Во периодот од 1926-1930 година се основале нови и се проширале старите претпријатија, така што бројот на запослените работници во прехранбената гранка покажува во апсолутни цифри слабо зголемување и во релативни цифри нагло паѓање /од 59,2% во претходниот на 23,8% во следниот период/. Во овој период започнале со експлоатација хромните рудници во Радуша и Лојане, кои ангажирале за тоа време приличен број работници, така што прехранбената индустрија во однос на работната сила го отстапила првото место на индустријата на обоени метали. Но затоа во преработувачката индустрија и натаму го заземала првото место. Во следните периоди работната сила во прехранбената индустрија покажува пораст, но во периодот 1936-1940 година, поради наглото зголемување на запослените работници во другите гранки, а особено во текстилната индустрија, индустријата на градежен материјал и обоените метали, учеството на работната рака во прехранбената индустрија во релативни цифри осетно опаднало во однос на периодот 1931-1935 година /од 24,4% на 19,3%/, но затоа во апсолутни цифри се зголемува.

Учеството на работната сила во останатите гранки во однос на вкупниот број на запослени работници по периоди било исто така различно. Така, додека текстилната индустрија во 1919-1925 година учествувала во вкупниот број на запослените со 2,7%, во 1936-1940 година таа учествувала со 11,9%; индустријата на градежен материјал во 1926-1930 година учествувала со 3,4%, а во 1936-1940 година достигнала 11,3%. Што значи, брз пораст во апсолутни и релативни цифри или обратно, голем број на гранки по периоди покажуваат паѓање во релативни цифри, но затоа во апсолутни цифри нивниот број растел но однос на вкупните запос-

лени. Така, на пример, металната индустрија во 1918 година учествувала со 15,4% во вкупниот број на запослените, во 1936-1940 година учествувала со 4,4%, графичката индустрија од 8,8% во 1919-1925 година на 3,4% во 1936-1940 година, но затоа во апсолутни цифри и едната и другата гранка покажувале пораст. Зголемувањето на запослениот персонал во апсолутни, а намалувањето во релативни цифри е резултат на поголемо учество на другите индустриски гранки.

Од следниот преглед може најјарно да се види темпото на движењето на работна сила во индустријата и рударството /без тутуновата индустрија /по периоди, гранки и индексни показатели:

Гранка	до 1918		1919-25		1926-30		1931-35		1936-40	
	работници	индекс	работници	индекс	работници	индекс	работници	индекс	работници	индекс
Електростопанство	10	100	15	150	91	910	142	1420	217	2170
Јаглен	-	-	-	-	35	100	62	177	55	157
Индустрија на обоени метали	-	-	-	-	968	100	768	79	1185	122
Индустрија на неметали	-	-	18	100	33	183	76	422	133	739
Метална индустрија	30	100	47	157	60	200	62	207	162	540
Хемиска индустрија	4	100	26	650	31	775	61	1525	110	2750
Индустрија на градежен материјал	20	100	-	-	70	350	158	790	411	2055
Дрвна индустрија	-	-	50	100	70	140	80	160	80	160
Кожна "	6	100	8	133	18	300	25	417	27	450
Прехранбена "	125	100	331	265	484	387	546	437	705	564
Графичка "	-	-	49	100	96	196	131	267	124	253
Вкупно:	195	100	559	287	2041	1046	2232	1145	3643	1868

Најизразито зголемување на работната сила паѓа во 1926-1930 година кога индексот на порастот на вкупниот број запослени /1918=100/ нараснал на 1.046. Овој период претставува пресвртница во историскиот развиток на индустријата во Македонија.

Тоа е период на релативен просперитет во некои области на стопанството, а особено на индустријата. Следниот период покажувал незнатно зголемување на индексот. Од 1.046 во 1926-1930 година индексот се зголемил на 1.145 во 1931-1935 година. Во 1936-1940 година индексот покажува нагло зголемување на вкупната работна рака. Зголемувањето на работната рака во овој период се должи на основањето на нови претпријатија во кои преовладувал живиот над опредметениот труд /индустријата на градежен материјал/. Исто така не треба да се пренебрегне и фактот дека во овој период голем број претпријатија ги проширила своите погони, а некои ги зголемиле дотогаш неискористените производни капацитети. Проширувањето на постоечките погони, од една страна и порационалното користење на производните капацитети на старите погони, од друга, било обусловено со зголемувањето на работната сила.

Темпото на зголемувањето на вработената работна рака поодделно по гранки и периоди, како што се гледа од предната табела, е како што следува: најголем индекс на зголемување во периодот 1936-1940 година покажуваат текстилната индустрија /2.893/, хемиската /2.750/, електростопанството /2.170/, индустријата на градежен материјал /2.055/.

Индустриските гранки: индустријата на неметали, металната, кожната, прехранбената, графичката, дрвната и кожната индустрија покажувале бавен но константен пораст.

Индустријата на обоени метали, поради времениот престанок со работата на хромовиот рудник во Лојане, во периодот 1931-1935 година, во бројот на вработените покажува паѓање, а во периодот 1936-1940 година работната рака осетно се зголемила.

Во рудниците за јаглен, во периодот од 1936-1940 година, вработената работна рака неосетно опаднала поради намалената експлоатација во лигнитовиот рудник "Нерези" - Скопско.

Од горе изложеното може да се констатира дека индустријата во Македонија, во однос на вработените покажувала скоро во сите побројани гранки пораст. Порастот е особено забележителен во текстилната, хемиската индустрија, електростопанството и индустријата на градежен материјал. Висок индекс на порастот покажуваат оние гранки кои имаат ниска почетна материјална база.

Најголем број претпријатија, како што веќе се спомна, претставувале мали капацитети од полузанаетчиско и локално зна-

чење, чиј машински парк се состоел од неколку машини со мал капацитет. Индустриски претпријатија од повисок органски состав на средствата имало, но во однос на вкупниот број на претпријатија претставувале мал процент. Индустријата во Македонија се карактеризирала со својата техничка заостанатост. Во голем број претпријатија производните процеси биле примитивни. Дури во одделни технички фази во економски напредните подрачја се употребувале машини, во Македонија се употребувала работната рака. И покрај тоа бројот на вработените во претпријатијата бил многу низок. Тоа најубаво го потврдуваат цифрите од следнава табела:

Структурата на претпријатијата спрема бројот на работниците во 1940 година:

Претпријатија со вработени работници	Претпријатија		Работници	
	Број	%	Број	%
до 10	19	17,1	117	1,1
од 11 - 25	39	35,2	675	6,2
26 - 50	28	25,2	1.070	9,9
51 - 100	10	9,0	732	6,7
101 - 200	3	2,7	503	4,6
201 - 500	6	5,4	2.168	20,0
501 - 1.000	5	4,5	3.731	34,4
над 1.000	1	0,9	1.857	17,1
В к у п н о:	111	100,0	10.853	100,0

Од вкупно 111 индустриски претпријатија, 86 или 77,5% имале вработено до 50 работници и службеници. Од нив 58 претпријатија или 52,3% беа со помалку од 25 вработени. Од 50-100 вработени работници имало само 10 претпријатија или 9,0% од вкупниот број. Додека 15 претпријатија или 13,5 од претпријатијата имале вработено над 100 работници и службеници. Во последнава категорија претпријатија со над 100 работници спаѓале 13 тутунови претпријатија и 2 од индустријата на обоени метали. Интересно е да се одбележи дека во споменатите 86 претпријатија кои имале до 50 работници, имало вработено 1.862 работници, односно 17,2% од вкупниот број вработени, додека само 25 претпријатија,

односно 22,5% од нив кои запослувале над 50 работници имало 8.991 запослени, односно 82,8% од вкупно запослените во индустријата.

Просечно на едно претпријатие, без тутуновата индустрија и индустријата на обоените метали во 1940 година отпаѓало 26 работници и службеници. Со тутуновата индустрија и индустријата на обоените метали отпаѓало просечно на едно претпријатие 98 вработени.

Просечно вработени на едно претпријатие по гранки на индустријата, со и без тутуновата индустријата и индустријата на обоените метали на едно претпријатие во 1940 година отпаѓало како што следува:

Гранки	Број на работници	Број на претпријатија	Работници на едно претпријатие	
			Со обоени метали и тутунова индустрија	Без обоени метали и тутунова индустрија
111-Електростопанство	217	18	12	12
112-Јаглен	55	2	27	27
115-Индустрија на обоени метали	1.185	4	296	-
116-Индустрија на неметали	133	5	27	27
117-Метална индустрија	162	4	40	40
120-Хемиска индустрија	110	6	18	18
121-Градежен материјал	411	12	34	34
122-Дрвна индустрија	80	1	80	80
124-Текстилна индустрија	434	12	36	36
125-Кожна индустрија	27	2	13	13
127-Прехранбена индустрија	705	28	25	25
128-Графичка индустрија	124	4	31	31
129-Тутунова индустрија	7.210	13	555	-
В к у п н о:	10.853	111	98	26

Просечно најмал број работници отпаѓало на едно претпријатие во електростопанството, кожната и хемиската, а најголем просек покажувала тутуновата индустрија и индустријата на обоените метали. Споредувајќи го македонскиот просек, без тутуновата

индустрија и индустријата на обоените метали со просекот на предвоена Југославија, кој изнесувал просечно 70,6 [176] работници на едно претпријатие, произлегува дека просечниот број на вработените по едно претпријатие во Македонија бил многу понизок од југословенскиот.

Структурата на работната сила по стручности во преработувачката индустрија, без работниците од тутуновата индустрија, во 1940 година изгледала како што следува:[177]

Категории	Работници и службеници	% на учество
Квалификувани работници	514[178]	21,4
Полуквалификувани работници	766	31,9
Неквалификувани работници	919	38,2
Административен персонал	204	8,5
Вкупно:	2.403	100,0

Од горното се гледа дека од вкупно 2.403 вработени работници и службеници во преработувачката индустрија, на квалификувана работна рака отпаѓало 514 вработени или 21,4%, што значи дека просечно во едно претпријатие имало вработено по 5,5 квалификувани работници. Најголем број работници отпаѓало на полуквалификуваните 31,9% односно неквалификуваните 38,2%. Големата несразмера помеѓу квалификуваните и неквалификуваните вработени работници се должи на многу фактори. Но, еден од најважните фактори, без сомнение е структурата на предвоената индустрија. Индустријата во предвоениот период имала главно преработувачки карактер чиј производен процес не бил сложен и компликован, така што скоро сите фази на технолошкиот процес можеле со успех да се од-

---

176/ Пресметано врз основа на податоците од: Статистика индустрије Југославије. Цит.дела. Тутуновата индустрија и индустријата на обоените метали се апстрахирани при споредбата, бидејќи Статистика индустрије Југославије не ги опфаќа овие гранки.

177/ Работниците од тутуновата индустрија и рударството не се земени предвид поради тоа што за овие гранки не се располагало со податоци по стручност.

178/ Во горниот број е внесен и техничкиот персонал.

виваат од страна на полуквалификуваните работници /текстилната, прехранбената индустрија и др./.

Учеството на квалификуваната работна рака по гранки на индустријата било различно. Тоа зависело главно од карактерот на индустриската гранка. Од следната табела најубаво се гледа процентуалното учество на работниците по стручности за поодделни гранки на индустријата, а во однос на вкупниот број квалификувани, полуквалификувани и неквалификувани работници и службеници:

Гранка	Вкупно работници		Квалификувани		Полуквалификувани		Неквалификувани		Административен персонал	
	Број	%	Број	%	Број	%	Број	%	Број	%
Електростопанство	217	100	60	27,6	59	27,2	56	25,8	42	19,4
Индустрија на неметали	133	100	32	24,1	44	33,1	51	38,3	6	4,5
Метална индустрија	162	100	54	33,3	61	37,7	42	25,9	5	3,1
Хемиска индустрија	110	100	25	22,7	30	27,3	40	36,4	15	13,6
Индустрија на градежен материјал	411	100	66	16,1	89	21,6	240	58,4	16	3,9
Дрвна индустрија	80	100	16	20,0	14	17,5	44	55,0	6	7,5
Текстина индустрија	434	100	65	15,0	252	58,0	98	22,6	19	4,4
Кожна индустрија	27	100	9	33,3	5	18,5	12	44,5	1	3,7
Прехранбена индустрија	705	100	144	20,4	181	25,6	294	41,8	86	12,2
Графичка индустрија	124	100	43	34,8	31	25,0	42	33,8	8	6,4
Вкупно:	2403	100	514	21,4	766	31,9	919	38,2	204	8,5

Најголем број квалификувани работници имала графичката индустрија 34,8% од вкупно запослените во индустријата. Потоа следуваат металната индустрија со 33,3%, електростопанството со 27,6% итн. Најмалку квалификувана работна сила имало запослено во прехранбената индустрија 20,4%, текстилната индустрија 15,0%, индустријата на градежен материјал 16,1% итн.

Што се однесува за полуквалификуваните и неквалификуваните работници, тие, како што се спомна, го чинеле мнозинството на

нашата индустрија. На овие две категории отпаѓало 70,1% од вкупниот број на запослени. Најголем број полуквалификувани и неквалификувани работници биле запослени во текстилната индустрија /80,6%/, индистријата на градежен материјал /80%/, индустријата на неметали /71,4%/. Побројаните гранки имале запослено полуквалификувана и неквалификувана работна рака над општиот просек на индустријата /70,1%/, додека во останатите гранки од претходната табела, бројот на запослената полуквалификувана, односно неквалификувана работна сила била под овој просек.

Ако ги земеме во обзир и работниците од индустријата на обоените метали и тутуновата индустрија, бидејќи во овие гранки односот меѓу квалификуваните и неквалификуваните работници бил многу голем во полза на последните, ќе произлезе дека бројот на квалификуваните работници во индустријата бил мошне низок.

Може да се констатира дека административниот персонал во индустријата бил многу слабо запослен. Во преработувачката индустрија било ангажирано во 1940 година само 204 службеници, односно 8,5% од вкупно запослените. Просечно на едно претпријатие отпаѓало 2,2 службеника, или 10,8 работници на 1 службеник. Овој низок процент на учество во административниот персонал во преработувачката индустрија на прв поглед изгледа нереален. Но, ако се земе во предвид структурата на тогашните индустриски претпријатија во Македонија, нивното економско-финансиско работење, а особено нивниот начин на управување, ќе видиме дека малиот број на запослените службеници во индустријата одговарал на тогашните мали претпријатија.

Индустриските претпријатија во Македонија претставувале, како што веќе се установи, мали објекти од локален карактер. Како такви, нивното економско-финансиско работење не било од големи размери и не барало компликувана администрација. Достатно биле 1-2 службеника за да ја вршат со успех книговодствено-административната работа. Раководењето и управувањето со претпријатијата се вршело, главно, од страна на самите сопственици - капиталисти, при тоа целокупната набавно-продајна служба била концентрирана во нивни раце, а запослените службеници биле задолжени со книговодствената и административната работа, односно техничката работа, која не претставувала проблем.

Набљудувајќи ја положбата на работната сила од аспектот

на вработеноста по видови на фирми и по стручноста ќе установиме дека мнозинството од персоналот било вработено во ортачките претпријатија, што го потврдува и следниов преглед:

Претпријатија	Квалификувани работници		Полуквалификувани работници		Неквалификувани работници		Административен персонал		Вкупно	
	Број	%	Број	%	Број	%	Број	%	Број	%
Инокосни фирми	92	17,9	136	17,8	228	24,8	36	17,6	492	20,5
Ортачки фирми	289	56,2	528	68,9	515	56,0	86	42,4	1418	59,1
Командитни друштва	15	2,9	7	0,9	11	1,2	13	6,3	46	1,9
Акционерски "	61	11,9	43	5,6	116	12,6	43	21,0	263	10,9
Задружни организации	6	1,2	12	1,6	9	1,0	3	1,5	30	1,2
Општински	34	6,6	26	3,4	27	3,0	21	10,2	108	4,5
Бановински	17	3,3	14	1,8	13	1,4	2	1,0	46	1,9
В к у п н о:	514	100	766	100	919	100	204	100	2403	100

Од вкупно 2.403 вработени работници и службеници во преработувачката индустрија /без тутуновата индустрија и рударството/, во ортачки фирми во 1940 година имало вработено 1.418 работници и службвници или 59,1% од вкупниот вработен персонал. Тоа ќе должи на веќе установениот факт, што во овој вид претпријатија, бил најмногу застапен во индустријата од една страна, и од друга, што технолошкиот процес тоа го диктирал. По ортачките доаѓале инокосните фирми со учество 20,5% од вкупниот вработен персонал. Најмал број вработена работна сила имале задружните претпријатија 1,2%, командитните друштва 1,9%, бановинско претпријатие 1,9% од вкупниот број вработени во преработувачката индустрија.

Што се однесува за стручноста, најголем број квалификувани работници вработувале ортачките фирми 56,2%, потоа доаѓале инокосните фирми 17,9%, а најмалку задружните организации 1,2% од вкупниот вработен квалификуван персонал.

Интересно е да се одбележи дека административниот персонал сразмерно најмногу бил вработен спрема вкупно вработениот персонал во другите видови претпријатија, во акционерските друш-

тва 21% и општинските претпријатија 10,2% од вкупниот запослен административен персонал или на едно акционерско друштво отпаѓало 7 службеници, односно во едно општинско претпријатие 3 службеници. Ако се земе дека општиот просек на едно претпријатие изнесувал 2,2 службеника тогаш бројот на вработените службеници во акционерските друштва бил поголем во однос на останатите видови претпријатија.

Во годините помеѓу двете светски војни во индустријата на Македонија било вработено многу мал број женска работна рака. Дури во втората половина од периодот кој што го третираме тука, жената започнала да се интересира и да се вовлекува во производството. Но во однос на бројот на вработената машка работна сила, жената и натаму како работник во индустријата била сосем малку застапена. Слабото учество на жената во стопанството, а посебно во индустријата се должи, главно, на наследената општествено-економска и социјална положба. Меѓутоа, последните неколку години пред Втората светска војна жената започна повеќе да се интересира за работа во стопанството и бројот на вработените жени во индустријата осетно нараснал. Интересувањето на жената за индустријата се должи уште и на два важни факта: Прво, тешката економска положба на работничката класа - приходите на работниците во голем број случаи не можело да го обезбедат ни физичкиот минимум на едно работничко семејство и второ, појавата односно наглиот развој на оние гранки на индустријата, во кои жената можела со успех да ја конкурира машката работна сила како на пример, текстилната и прехранбената индустрија.

Процентот на вработената женска работна рака во однос на вкупниот број вработени во индустријата, без тутуновата индустрија, во 1940 година изнесувал 13,3%, што значи дека бројот на вработените жени во индустријата бил незначителен.

Најголемо учество на женската работна рака покажуваат текстилната индустрија 59,9%, графичката /35,5%/, прехранбената /18%/, хемиската /16,4%/ и електростопанството /5,1%/. Во текстилната и тутуновата индустрија преовладувала женска работна рака, додека графичката, прехранбената, хемиската индустрија и електростопанството претставувале производни дејности каде што доминирала машката работна сила. Во останатите гранки како што се: индустријата на обоени метали, индустријата на неметали,

металната, дрвната и кожната индустрија, индустријата на градежен материјал и производство на јаглен претставувале дејности во кои женската работна сила не била воопшто застапена.

Од вкупно 10.853 ангажирани работници и службеници во индустријата и рударството 9.238 или 85,2% отпаѓало на градско, а само 1.615 или 14,8% на селско население. 75-80% од последниот процент отпаѓало на работници ангажирани во рударството. Спрема тоа се доаѓа до заклучок дека работништвото запослено во индустријата на Македонија било регрутовано, главно, од населението со местожителство во градовите. Одвишокот на работната сила во селото обично слабо се запослувал во индустријата. Тие селани изворот за својот опстанок го барале во другите стопански области или емигрирале во економски поразвиените подрачја и странство како печалбари. Индустријата која требало да служи како вентил за решавањето аграрната пренаселеност во Македонија, не можела ни делимично да го реши овој социјален и економски проблем, бидејќи, како што видовме, не располагала со такви капацитети, кои би можеле да апсорбираат дел од одвишокот на селското население. Во градовите имало безработници. Безработниците во градовите претставувале сериозна конкуренција на земјоделците кои доаѓале в град со цел да се запослат. Единствено можеле да рефлектираат на груба физичка работа како мануелни сезонски работници. Како исклучок можат да се наведат чираците, односно селските деца кои доаѓале в град со цел да изучат некој занает. Регрутирањето на овие деца се вршело од страна на сите стопански области, а особено занаетчиството имаше предимство во тоа. Скоро секој занаетчиски дуќан, односно работилница имал запослено по еден до два чирака. Во индустријата имало запослено такви чираци-ученици, но не во тој обем како во занаетчиството. Многу од овие чираци како квалификувани работници минувале во индустријата, особено во оние гранки каде што се барало стручност како на пример металната, графичката индустрија и електростопанството.

Освен запослените работници од македонско потекло во индустријата биле ангажирани и работници од другите јужкраини односно сегашни републики, како и странци.

Во индустријата имало заангажирано 211 квалификувани работници по народност Срби, Хрвати, Словенци и др. и 53 работници странци. Сите запослени странци биле висококвалификувани и ква-

лификувани работници. Уделот на работниците од другите подрачја и странци во однос на вкупниот запослен број работници, не претставувале сериозен процент. Овие работници биле, главно, квалификувани и ако нивниот број се спореди со вкупниот број на вработените квалификувани работници, ќе видиме дека на странски работници отпаѓало 10,3%, а ако ги додадеме и тие од другите покрајини сегашни републики, процентот изнесувал над 50%. Овие работници биле, главно, запослени како стручњаци во разни индустриски претпријатија како технички раководители, мајстори, специјалисти во одделни погони и др. Во првите повоени години, па и покасно, бројот на овие работници бил многу поголем. Од раскажувањето на бившите капиталисти и работници, кои биле во предвоениот период запослени во индустријата, се гледа дека не можело да се замисли основање на една индустрија, без предварително да се ангажираат странци или стручњаци од другите подрачја на Југославија за раководење на производниот процес. Но со оспособувањето на домашниот кадар, бројот на овие мајстори - специјалисти осетно се намалувал и претпријатијата ги задржувале само најнужните. Често пати овие мајстори биле ангажирани условно на 1-2 години и по истекот на договорот, ги напуштале претпријатијата. Но голем број од нив останувале како стални работници /надмлинари, електротехничари, словослагачи и др./, кои всушност раководеле со производниот процес и го одржувале целиот погон. Странските работници задолжени за раководење со технолошкиот процес или за одржување на погонот во однос на домашните работници биле во привилегувана положба, поради недостиг на домашни квалификувани работници. Покрај високите месечни плати /2.500 - 3.500 динари/ добивале бесплатно стан, тринаеста плата и др. додека домашните работници не ги уживале овие привилегии, туку биле платени многу слабо. Нивната бруто просечна месечна заработувачка изнесувала 400 - 900 динари според стручноста и гранките на делатноста во кои биле запослени.

ПРОИЗВОДСТВО

Вредноста на производството на индустријата и рударството на територијата на денешна НР Македонија во 1940 година /без тутуновата индустрија/ изнесувало 314.930.000 динари, од кои на

преработувачката индустрија отпаѓало 263.864.000 динари или 83,5%, а на рударството 51.066.000 динари или 16,5%, што значи дека индустријата во Македонија имала претежно преработувачки карактер во смисла да ги задоволи евентуално локалните потреби на населението со стоки за широка потрошувачка. Тоа, впрочем го диктирале тогавашните услови, расположивиот капитал и разните економско-политички фактори.

Вкупното производство на индустријата и рударството структурално по гранки на делатноста, без тутуновата индустрија во 1940 година изнесувало:

во 000 дин.

Гранки	Производство	
	Динари	%
111- Електростопанство	43.041	13,7
112- Производство на јаглен	496	0,1
115-Индустрија на обоените метали	50.570	16,2
116- Индустрија на неметали	4.170	1,3
117- Метална индустрија	6.560	2,1
120- Хемиска индустрија	23.000	7,3
121- Градежен материјал	10.755	3,4
122- Дрвна индустрија	6.300	2,0
124- Текстилна индустрија	32.252	10,1
125- Кожна индустрија	1.750	0,6
127- Прехранбена индустрија	131.326	41,7
128- Графичка индустрија	4.710	1,5
В к у п н о:	314.930	100,0

Најголемо учество во вкупното индустриско производство заземала прехранбената индустрија /41,7%/. Оваа индустрија била најразвиена гранка на индустриската дејност.

Од подгранките на прехранбената индустрија млинската индустрија заземала најголем удел во производството на прехранбената индустрија. Од 131.326.000 динари, колку изнесувала вредноста на производството на прехранбената индустрија, на мелничарството отпаѓало 75.114.000 динари, односно 57,3% од вкупната

вредност на прехранбената индустрија. По мелничарството доаѓа маслодајната индустрија со учество од 20.794.000 динари или 15,8%, потоа следеле пиварската индустрија со 12.853.000 динари или 9,8% итн. Интересно е да се одбележи дека учеството на производството на гореспоменатите три подгранки изнесувало 82,9% од вкупното производство на прехранбената индустрија.

Млинска, маслодајната и пиварската индустрија располагале со релативно големи капацитети /мелницата "Балкан" Скопје, фабриката за зејтин Т.Велес, Парната пивара А.Д. Скопје и др./.

Производството на обоените метали споредно со останатите грандки на индустриската делатност заземало едно од најважните позиции учествувајќи со 16,2% во вкупното производство. Во експлоатацијата на обоените метали најголемо процентуално учество заземала хромната руда. Од вкупно 50.570.000 динари производсво, само на хромната руда отпаѓало 33.381.000 динари, односно 66% од вкупната вредност на производството. По хромната руда доаѓала оловноцинковата и манганова руда.

По вредноста на производството, електростопанството доаѓало на четвртото место со учество 13,7% од вкупната индусртија и рударство. Ако го апстрахираме производството на рударството и тутуновата индустрија, учеството на електростопанството во вкупното производство изнесувало 16,3%.

Текстилната и хемиската индустрија по обемот на производството преставувале значајни гранки. Првата учествувала со 10,1%. а втората со 7,3% во вкупното производство на индустријата и рударството или 12,2% односно 8,7% во вкупното производство на преработувачката индустрија /без тутуновата/.

Индустријата на градежен материјал исто така заземала едно од истакнатите места во однос на производството. Нејзиното учество во вкупното производство изнесувало 3,4% односно 4,1% неземајќи го предвид рударството.

Процентуалното учество на останатите индустриски гранки /јаглен, неметали, метали, дрвна, кожна и графичка индустрија/, во однос на вкупното производство, изнесувало 7,6% односно 9% од преработувачката индустрија, што значи дека овие гранки со исклучок на графичката индустрија, биле слабо застапени и не можеле да ги задоволуваат ни потребите на локалните пазари.

Ако, пак, се проанализира структурата на индустријата вклучувајќи ја и вредноста на производството на тутуновата инду-

стрија ќе се установи дека тутуновата индустрија во вкупното производство учествувала со 46,5%, а останатата индустрија учествувала само со 53,5%. Тоа значи дека обемот на производството на останатите гранки бил мал во однос на вредноста на производството на тутуновата индустрија. Оттука произлегува дека останатите претпријатија од индустријата биле мали капацитети со слаб обем и асортиман на производството.

Просечно на едно претпријатие, односно на еден запослен во индустријата и рударството, поодделно по гранки на делатноста без тутуновата индустрија, отпаѓало следново производство во 1940 година.

во 000 дин.

Гранки	Производство	Број на претпријатија	Број на работници	Производство	
				на 1 претпријатие Дин.	на 1 запослен Дин.
Електростопанство	43.041	18	217	2.391	198
Производство на јаглен	496	2	55	248	9
Индустрија на обоени метали	50.570	4	1.185	12.642	43
Индустрија на неметали	4.170	5	133	834	31
Метална индустрија	6.560	4	162	1.640	40
Хемиска индустрија	23.000	6	110	3.834	209
Индустрија на градежен материјал	10.755	12	411	896	26
Дрвна индустрија	6.300	1	80	6.300	78
Текстилна индустрија	32.252	12	434	2.688	74
Кожна индустрија	1.750	2	27	875	64
Прехранбена индустрија	131.326	28	705	4.692	186
Графичка индустрија	4.710	4	124	1.177	37
В к у п н о :	314.930	98	3.643	3.214	86

Просечно на едно претпријатие во Македонија отпаѓало производството 3.214.000, а на еден запослен 86.000 динари. Овој просек на производството на едно претпријатие го надминувала

само индустријата на обоените метали, хемиската, дрвната и прехранбената индустрија. Додека просекот на производството за еден запослен го надминувале: електростопанството, хемиската и прехранбената индустрија.

Индустриското производство во предвоениот период набљудувано по години и гранки покажувало постојанен пораст со исклучение во периодот на светската економска криза /1929-1933 г./. Порастот на индустриското производство се огледувало како во општиот пораст по глава на жител, така и во производството на нови гранки и артикли кои во првите повоени години не суштествувале.

Од осум гранки на индустриската делатност, колку се затечени по завршената Прва светска војна, на крајот на 1940 година се располагало со 13 гранки. Тоа значи дека во периодот меѓу двете светски војни се појавиле пет нови гранки. Иако некои од овие гранки суштествувале во турско време, како на пример текстилната гранка, експлоатацијата на обоените метали, но како што спомнавме поради војните настани, во првите повоени години, претпријатијата од овие гранки престанале да функционираат: текстилната индустрија поради претрпените големи разрушенија, а рудниците на обоени метали времено престанале со експлоатација. Дури во 1924 година се обновило првото текстилно претпријатие во с.Магарево, Битолско и истата година започнале припремните работи во хромните рудници на радушкиот базен.

Најголем пораст во периодот меѓу двете светски војни покажува производството на електростопанството. Зголемувањето на производството на оваа гранка го обуслови првобитно потребата од електрична струја, за осветлување на градовите и домовите. За таа цел 57% од градовите и градчињата во Македонија изградиле електрични централи и на тој начин како градовите, така и еден дел од домовите се снабдиле со електрична струја. Покасно, во втората половина од предвоениот период кога започнаа да се развиваат останатите гранки на индустриската дејност, Скопската општина увидувајќи дека електричната енергија е еден од најважните фактори за развитокот на индустријата, изградила две електрични централи /Дизеловата електрична централа во Скопје и Хидроцентралата на реката Треска кај Матка/. Тие, не само што ги задоволувале потребите за осветлување на Скопје и неговата блиска околија,

туку во многу придонесле голем број претпријатија чиј погон се движел дотогаш на саугас мотори, пареа и др. да се преориентираат на електрична струја, а новоподигнатите претпријатија се приклучувале на градската електрична мрежа, која во тогашните услови претставуваше стимул за развиток на индустријата во овој базен. Изградбата на гореспоменатите скопски електрични централи, а особено Хидроцентралата во Матка, исто така во многу придонесле производството на електрична струја да се зголеми во однос на поранешните години. Но ваквата електроенергетска положба, не е била достатачна за позамашен индустриски развиток.

По електростопанството најголем пораст во производството покажала хемиската индустрија. Сé до 1933 година хемиската индустрија ја сочинувале неколку мали фабрики за сапун /две во битола и две во Скопје/. Производството на хемиската индустрија осетно се зголемила во 1933 година, со изградувањето на фабриката за сапун "Аеро" во Скопје, а особено во подоцнежните години кога оваа фабрика, како и останатите фабрики за сапун го развиле своето производство, како и со изградувањето покасно на фабриката за алкалоиди во Скопје и фабриката за оксиген во Ѓорче Петров.

Во текот на предвоениот период, производството на градежен материјал се развило многу касно, во однос на другите гранки. Оваа гранка сé до 1935 година не покажувала никаква динамика. Со престанок на работата на претпријатијата за тули и керамиди во Скопје и Битола, кои функционирале првите повоени години, престанало секое индустриско производство на овие артикли. Дури во 1935 година со изградбата на првите индустриски претпријатија за тули и керамиди започнало да се развива производството на оваа гранка.

Иако металната индустрија во Македонија не била развиена, сепак покажувала извесна динамика во развојот. Зголемувањето на производството се должи на проширување на старите капацитети, од една, и подигнатите две нови претпријатија во 1936и 1938 година, од друга страна.

Индексот на порастот на кожната индустрија покажува извесен напредок. Но, ако се погледаат апсолутните цифри, ќе се констатира дека порастот на производството е незначителен во однос на другите гранки. Иако Македонија имала богата традиција

во кожарството, оваа гранка на индустријата многу тешко си пробивала пат така што одвај егзистирала.

Производството на графичката индустрија покажувало тенденција на динамичен развиток. Производството на оваа гранка постојано растело, но во однос на вложените капитали и расположивите капацитети, производството изостанувало, бидејќи, како што веќе се установи, графичката индустрија не работела со полн капацитет.

Од сите досега анализираните гранки на индустријата, прехранбената покажала најголема динамика во производството. Интензитетот на производството е дотолку позначителен, што оваа гранка во однос на останатите имала повисока почетна материјална база.

Производството на прехранбената индустрија се развило со брзо темпо благодарејќи на суровинската база од една страна, и големите можности за пласман, од друга. Пласманот на прехранбената индустрија бил обезбеден поради тоа што се произведувало артикли за лична потрошувачка.

Од останатите гранки на индустриската дејност кои се изградени во текот на повоениот период, голема производна тенденција покажувала индустријата на обоените метали и текстилната индустрија. Тоа се гледа од учеството на овие гранки во вкупното производство на индустријата и рударството. Производството на индустријата на обоените метали партиципирало со 16,2%, а текстилната индустрија со 10,1% од вкупното производство, така што производството на обоените метали доаѓало на второ, а текстилната индустрија на четврто место во вкупното индустриско производство.

Бидејќи Македонија е дефицитарна во јаглен и нерасполага со богати комплекси на шума, производството на дрвната индустрија и на јагленот немало услови правилно да се развива.

Особено производството на јаглен било незначително. Рудниците на јаглен не работеле перманентно през годината. Оттука произлегува што во 1940 година нивото на производството било така ниско и неекономично. Така што овие две гранки се сметале како најслабо развиени гранки на индустријата, иако единствено Индустриското дрвно претпријатие "Треска" во својот развиток покажало извесен успех.

Анализирајќи ја индустријата преку елементите: бројот на претпријатијата, инвестиран капитал, вработената работна сила, инсталираната погонска сила извлековме извесни интересни констатации во однос на големината на индустриските претпријатија, структура на индустријата, степенот на индустријализацијата и др. За да имаме уште појасна претстава за положбата на индустријата во предвоениот период, нужно е за момент повторно да се вратиме на гореспоменатите елементи и истите да ги анализираме од аспектот на нивниот меѓусебен однос. Следната табела најјарно тоа го илустрира:

Гранка	Претпријатија		Погонска сила		Работна сила		Инвестиран капитал	
	Број	%	кс	%	Број	%	Во 000 динари	%
111-Електростопанство	18	16,2	11129	64,0	217	2,0	72486	14,5
112-Производство на јаглен	2	1,8	242	1,4	55	0,5	2160	0,4
115-Индустрија на обоени метали	4	3,6	1118	6,4	1185	10,9	82270	16,5
116-Индустрија на неметали	5	4,5	231	1,3	133	1,2	6000	1,2
117-Металнa индустрија	4	3,6	210	1,2	162	1,5	7500	1,5
120-Хемиска индустрија	6	5,4	366	2,1	110	1,0	14847	3,0
121-Индустрија на градежен материјал	12	10,8	267	1,5	411	3,9	12174	2,4
122-Дрвна индустрија	1	0,9	81	0,5	80	0,7	3000	0,6
124-Текстилна индустрија	12	10,8	497	2,9	434	4,1	17454	3,5
125-Кожна индустрија	2	1,8	33	0,2	27	0,2	1250	0,2
127-Прехранбена индустрија	28	25,3	3143	18,0	705	6,5	94856	19,0
128-Графичка индустрија	4	3,6	85	0,5	124	1,1	7965	1,6
129-Тутунова индустрија	13	11,7	-	-	7210	66,4	178100	35,6
В к у п н о:	111	100,0	17402	100,0	10853	100,0	500062	100,0

Во електростопанството процентот на инвестираниот капитал е помал од процентот на бројот на претпријатијата и погонската сила, но затоа пак поголем е од процентот на работната сила. Тоа значи дека оваа гранка располагала со ситни претпријатија во кои било запослено мал број работници, но едновремено располагала со голем процент на погонска сила. Тоа е знак дека покрај големиот број на ситни централи со скромни инвестиции имало и големи централи како што биле Хидроелектричната централа во Матка, Хидроелектричната централа во Тетово, кои биле инвестирани за тоа време релативно големи капитали.

Процентуалното учество на инвестираниот капитал во производството на јаглен било помало отколку учеството на останатите елементи. Тоа значи дека оваа гранка се одликувала со ситни претпријатија чија карактеристика се состоела во тоа што располагала со мали погонски сили и запослувале мал број работници.

Процентот на капиталот вложен во индустријата на обоените метали бил поголем од процентот на бројот на вапослените работници, инсталираната погонска сила и бројот на претпријатијата. Оваа околност потврдува дека производството на обоените метали претставувала гранка на дејноста во која биле инвестирани големи капитали. Од односот, пак, на вапослените работници според погонската сила може да се заклучи дека во оваа гранка била слабо застапена механизацијата.

Индустријата на неметали во Македонија била слабо развиена, што се гледа не само од инвестираниот капитал, туку од слабата застапеност на погонската сила и од малиот број вапослени работници. Карактеристичен е односот помеѓу капиталот и бројот на претпријатијата 1,2% : 4,5%, што значи дека оваа гранка на дејноста располагала со мали претпријатија со слаби инвестиции.

Кај металната индустрија односот помеѓу капиталот од една страна и бројот на претпријатијата, погонската и работната сила, од друга, е во полза на последниве три набројани елементи. Таков однос се должи на тоа што претпријатијата од оваа гранка претставувале ситни капацитети со мал број вапослени работници и незнатна инсталирана погонска сила.

Хемиската индустрија се карактеризира со тоа што односот меѓу капиталот и бројот на претпријатијата иде во полза на претпријатијата, но затоа процентот на погонската сила преовладувал

над процентот на работната сила. Тоа пак докажува дека оваа гранка покрај малиот број на претпријатија имало и претпријатија со релативно висок органски состав на капиталот,

Процентниот удел на вложениот капитал во индустријата на градежен материјал бил осетно помал од тој на бројот на претпријатијата. Исто така процентот на работната рака преовладувал над процентот на погонската сила. Од овие односи може да се донесе следната констатација: претпријатијата од оваа гранка претставувале ситни капацитети, во кој капиталот бил слабо застапен, а работната рака била доминантна.

Дрвната индустрија, како што веќе спомнавме, била слабо развиена. Имало едно единствено претпријатие - Пиланата "Треска" во Скопје. По својата големина во однос на останатите претставувало претпријатие од среден тип на кое отпаѓало 0,6% капитал и 0,7% работна рака.

Текстилната индустрија спаѓала меѓу поважните гранки на преработувачката индустрија. По вложениот капитал таа доаѓала веднаш по тутуновата и прехранбената индустрија, но по процентуалното учество на инсталираната погонска сила заостанувала осетно од процентуалното учество на работната сила и бројот на претпријатијата. Меѓусобниот однос на овие елементи јасно покажува дека оваа гранка располагала со ситни капацитети во кои преовладувал живиот над опредметениот труд.

Кожната индустрија учествувала во вкупниот вложен капитал во индустријата и рударството со мошне незнатен процент /0,2%/. Исто така останатите елементи: број на претпријатија, запослена работна сила, инсталирана погонска сила, биле процентуално слабо застапени во однос на побројаните елементи од другите гранки. Оваа гранка имала повеќе полузанаетчиски карактер, што се гледа од процентуалното учество на третираните елементи. Кожарството во Македонија во предвоениот период не можело да се развие во модерна индустрија, бидејќи за тоа биле потребни големи инвестиции, со кои не се располагало, а од друга страна, поконкурентно способните кожарски претпријатија од северните подрачја го оневозможувало тоа.

Најзначајната гранка во преработувачката индустрија несомнено претставувала прехранбената индустрија. Во оваа гранка на 25,3% претпријатија, 18% погонска сила, 6,6% работна сила,

отпаѓало 19,0% од вкупниот инвестиран капитал во индустријата и рударството. Бидејќи процентот на уделот на погонската сила и капиталот е поголем од процентот на уделот на работната сила, произлегува дека оваа гранка на дејноста била релативно технички добро опремена и дека претпријатијата располагале со релативно висок органски состав на капиталот. Меѓутоа, до ваква констатација се доаѓа кога се набљудува целокупната индустрија и рударство. Ако го апстрахираме рударството и тутуновата индустрија кои ја ангажирале заедно 77,8% вкупна работна рака и 52,5% од инвестираниот капитал, ќе добиеме дека процентуалниот однос меѓу бројот на запослените и вложениот капитал изнесувал 29,3%:39,9%, што значи дека оваа индустрија имала многу поголем број запослени но што покажуваат процентуалните односи на целокупната индустрија и рударството. Но, во секој случај капиталот и погонската сила преовладувале над работната сила. Спрема тоа, констатацијата дека прехранбената индустрија се карактеризирала со релативно поголеми инвестициони вложувања е правилна. Тоа впрочем, го докажува суштествувањето на поголеми мелници /Мелницата "Балкан", Скопје, Мелницата на Ж.Стојиљковиќ во Куманово, Мелницата "Драгор" во Битола, Мелницата "Куманово" во Скопје/, потоа Парната пивара А.Д.Скопје, фабриката за јејтин во Титов Велес и др. Меѓутоа, процентуалниот однос меѓу бројот на претпријатијата и капиталот /25,3% : 19,0%/ покажува од друга страна дека најголемиот дел од претпријатијата биле сепак ситни претпријатија.

Во графичката индустрија преовладувале ситни капацитети. Тоа се гледа од процентуалното учество на капиталот и бројот на претпријатијата. Додека капиталот учествувал со 1,6% во вкупната индустрија, бројот на претпријатијата учествувале со 3,6%. Процентуалниот, пак, однос помеѓу инсталираната погонска и работна сила иде во полза на последнава, што значи дека работната рака играела примарна улога.

Тутуновата индустрија осетно се разликувала од другите гранки на дејноста. По својата внатрешна структура има една специфичност, а тоа е што не располагала со погонска сила односно со никакви машински постројки. Производството односно манипулацијата и ферментацијата се вршела на примитивен начин - рачно, така што ангажирала 66,4% од вкупната запослена работна рака во индустријата и рударството. Инвести-

рањето се вршело само во градежни објекти кои, главно, служеле за складирање и манипулирање на тутунот. Во оваа гранка имало инвестирано 35,6% од вкупните инвестиции во индустријата и рударството. Природата на оваа гранка била таква што барала големи инвестиции во неподвижности /магазини/, за тоа процентот на инвестициите е осетно повисок од процентот на работната рака и бројот на претпријатијата. Од тука произлегува дека располагала со претпријатија од голем капацитет во кој биле запослени голем број работници.

З А К Л У Ч О К

Од досегашното излагање на развитокот на индустријата на територијата на денешна НР Македонија можат да се извлечат, главно, следниве заклучоци:

1/ Индустриската дејност во НР Македонија до 1912 година, односно 1918 година била слабо развиена. Малиот број на индустриски претпријатија основани кон крајот на минатиот и почетокот на нашиов век претставувале ситни капацитети чие производство не можело да ги задоволи ни локалните потреби на населението.

Слабиот развиток на индустријата во тој период се должи на феудално-капиталистичките продукциони односи кои претставувале кочница на развитокот воопшто, а посебно на индустријата.

2/ Во повоениот период 1918-1941 година стопанството на НР Македонија претрпело сериозни промени. Со приклучување на Вардарска Македонија во новоформираната држава Југославија, Македонското стопанство се нашло во склоп на една држава составена од подрачја кои се развивале под разни историско-политички и друштвено-економски услови. Спрема тоа, македонското стопанство требало првобитно да се прилагоди на новостворените услови, да се преориентира, па потоа да се развива. Затоа индустријата првите повоени години се развивала со многу побавно темпо отколку во подоцнежните години.

3. Како стопанството на стара Југославија, така и стопанството на Македонија имало капиталистички карактер. Бидејќи Македонија во однос на останатите покраини, денешни републики претставувала подрачје со најслабо развиени производни сили, процесот на развиток изостанувал од другите економско поразвиени

подрачја. Спрема тоа сите карактеристики својствени на индустрискиот развиток на стара Југославија како: нерамномерниот развиток помеѓу гранките, техничката заостанатост, ниската продуктивност на трудот, слабото користење на постоечките капацитети и др.важеле и за индустријата на Македонија, но со таа разлика што сите овие негативни појави биле многу попотенцирани и проследени со низа специфичности како резултат на ниската наследена материјална база од минатото. Меѓу поважните специфичности може да се набројат:

а/ Индустријата ја сочинувале релативно голем број ситни претпријатија од локално значење, а само мал број од нив имале регионален односно општ југословенски карактер.

б/ Инвестираниот капитал во индустријата претставувал, главно, домашен капитал кој се акумулирал во трговијата и занаетчиството и како таков се прелил во индустријата со слабо учество на банкарскиот капитал. Странскиот капитал бил сериозно заинтересиран во рударството, електростопанството, а во останатите гранки од преработувачката индустрија бил застапен само во пиварската и хемиската индустрија /Парната пивара А.Д.Скопје и Фабриката за оксиген "Агаруше" во Горче Петров/.

в/ Индустријата имала повеќе занаетчиски карактер. Се граделе обично ситни капацитети со слаба техничка опрема. Техничко заостанатата индустрија на Македонија можела да се противстави на силната конкуренција само благодарејќи на ефтината работна рака, високите превозни тарифи, заштитните царини.

г/ Производната структура на индустријата се диференцирала од таа на Југославија. Се произведувале, главно, специфични асортимани обусловени од суровинската база и домашниот пазар. Така застапена била преработката на индустриски култури како на пример, производство на зејтин, луштење на ориз, точење на природна свила /греж/, манипулација и ферментација на тутун, производство на разни препарати од опиум, разни видови памучни платна и позамантерија чие производство било сврзано со носијата на населението и др.

д/За одбележување е фактот дека покрај релативно богатата домашна суровинска база и објективните возможности за [illegible]

проширување, нашата индустрија била во голема мера зависна од суровини и полуфабрикати од другите подрачја на стара Југославија и странство. Материјалната зависност од другите подрачја и странство особено се чувствувала кај текстилната индустрија, индустријата за сапун, дрвната и металната индустрија. Така на пример, текстилната индустрија била зависна од странство во преѓа за 90%, а во хемикалии 100%; индустријата за сапун во мазнини 80%, а во хемикалии за 100%; металната индустрија се обезбедувала со суровини од Југославија а особено од странство, а дрвната индустрија исклучиво се снабдувала со граѓа од Ибарската долина - Рашка и Рожајските планини - Црна Гора.

Материјалната зависност на одделните гранки на индустријата од странство го оневозможувала правилното користење на домашните суровини и дестимулативно се одразувала на нормалниот развиток на земјоделството, односно на развитокот на производните сили воопшто.

4/ Неразвиеното земјоделско производство негативно влијаело на нормалниот развиток на индустријата. Ситно-сопственичката структура на земјоделството, слабата скоро никаква примена на механизација, хемизација и други агротехнички мерки оневозможувале реализирање на големи приноси во земјоделството. Од друга страна ниските цени на земјоделските производи, слабата и ограничена можност за запослување вон од земјоделството ги намалувале и така слабите приходи на селото; неразвиеното и сиромашното село претставувало слаб и ограничен пазар за индустријата. Поради ограничените пазарни можности, индустриските претпријатија работеле со намален капацитет. Голем дел од претпријатијата користеле само 50-60% од капацитетите, а имало и такви кои работеле и под овој капацитет. Примитивното и ситносопственичкото земјоделство, од една страна, и неразвиеноста на индустријата од друга, создале таква положба што вместо овие две стопански области да се дополнуваат, тие се нашле во една противречност и како последица на тоа имаа слаб и бавен развиток и на едната и на другата стопанска област, односно на целото стопанство, бидејќи во овие две области, а особено од земјоделството кое претставувало основна стопанска област, зависел, главно, целокупниот стопански развиток.

М Е Т О Д О Л О Г И Ј А

Проучувањето и развитокот на индустријата во предвоениот период претставува тежок и комплициран проблем, прво, поради фактот што не се располага со достаточни званични статистички податоци и, второ, доколку се располага со такви, тие се однесуваат на тогашната Вардарска бановина која територијално не одговара на денешна НР Македонија.

Како изворен материјал за изработка на овој труд ни послужија основните пописни листи за извршените пописи од страна на Поверенството за народното стопанство на НРМ веднаш по ослободување и пописот извршен од Државниот статистички уред - Статистичка дирекција за Македонија од 1945 година. Иако пописот се изврши на основа на предварително прецизно изготвени формулари, поодделни листи не содржуваат потполни одговори, или воопшто не се одговара во нив на поставените прашања. За да се добие поточна и пореална претстава за индустријата, Економскиот институт во Скопје, под раководство на авторот, организира анкета за која цел се приготвија анкетни формулари и се прибраа дополнителни податоци кои расветлија многу поединости од развитокот на нашата индустрија. Во анкетата зедоа учество и студентите од бившиот Правно-економски факултет во Скопје.

Заради подеталното проучување на проблематиката на индустријата во третираниот период, се служевме и со разна литература и документација: званични статистички податоци, стручни публикации, разни статии од списанија и весници, оригинални документи - записници, анализи, извештаи и др.

Индустрискиот развиток на Македонија во периодот меѓу двете светски војни го набљудувавме преку следните основни елементи: бројот на претпријатијата, вложениот капитал, инсталираната погонска сила, работната сила и производството.

1. Број на претпријатијата

Пред да се пристапи кон прибирањето на податоци и да се анализираат листите, се укажа потреба да се утврди точниот

број на индустриските претпријатија. Најнапред требаше да се расчисти со поимот што се подразбира под индустриско претпријатие. Единствена дефиниција за индустриско претпријатие пропишувал "Закон о радњама" од 5.VI.1931 година.[178] Со оглед на тоа што оваа дефиниција не била прецизна, регистрите на коморите не давале точна слика за бројот на индустриските претпријатија. Така што при регистрирањето дали едно претпријатие ќе биде регистрирано како индустриско често пати зависело од волјата на основачот, односно од бенифициите што ги стекнувал тој со регистрацијата, плаќање данок, користење кредит, право на државни лицитации и др. Од друга страна управните власти, од разни соображенија, не воделе сметка дали едно претпријатие ќе се регистрира како индустриско или занаетчиско, туку тоа зависело често од мислењето на коморите, а бидејќи пак овие биле материјално заинтересирани /од бројот на зарегистрираните претпријатија зависеле коморските придонеси кои претставувале главен извор за приходи/, нивната тенденција била да учленат што поголем број претпријатија. Поради тоа бројот на регистрираните претпријатија во регистарот на Трговско-индустриската комора не одговара на реалната тогашна положба /занаетчиските претпријатија се преплетувале во индустриски и обратно/. Затоа пристапивме кон разграничувањето на претпријатијата според следниот критериум:

1/ Прехранбена индустрија

Како индустриски претпријатија се земени:

а/ М е л н и ц и кои имале уреѓај за прочистување на житото, пресејување и одвојување на мливото, без обзир на запослената работна рака и дневниот капацитет на мливото. Мелниците што работеле на ујам не се земени предвид.

178/ § 32 /1/ од овој закон ја пропишувал следната дефеницја за индустриско претпријатие: "Као индустриске /фабрике/ радње у смислу овог Закона сматраће се, с обзиром на начин производње, предузећа која израђују, дорађују, производе у радионицама или на сталном месту применом поделе рада и употслују већи број радника, а рад редовно врше уз употребу моторне снаге и производе производњавају за стовариште или по поруџбини у већем обиму. У случају сумње да ли се у оваквим предузећима ради о фабричном начину рада одлучује, по саслушању заинтересованих, коморе, бан.

б/ Л у ш т и л н и ц и на ориз чие производство било машинизирано без обзир на запослената работна рака, инсталираната погонска сила и дневниот капацитет.

в/ П р е т п р и ј а т и ј а к о и п р о и з в е д у в а л е т е с т е н и н и, к о н з е р в н и п р о и з в о д и без обзир на запослената работна рака, вградената погонска сила и дневниот капацитет.

г/ П р е т п р и ј а т и ј а т а з а п р о и з в о д с т в о н а ш е́ к е р н и п р о и з в о д и кои запослувале над 10 работници и располагале со инсталациона сила над 15 кс.

д/ П и в а р и - земени се двете постоечки пивари без обзир на запослената работна сила, инсталираниот погон и капацитет.

е/ Ф а б р и к и з а з е ј т и н кои распслагале со комплетни рафинерии, запослувале над 20 работници и со вградена погонска сила над 20 кс.

2/ Текстилна индустрија

а/ Т к а ј а ч н и ц и кои располагале со машински уреѓај.

б/ Предари кои имале шпул машини со вретена.

в/ Трикотажни претпријатија кои располагале со комплет машини за производство на трикстаж.

г/ Чорапарници кои располагале со плетачки машини.

Покрај горните елементи запослувале над 15 работници и имале вградена погонска сила над 10 кс.

3/ Кожна индустрија - Индустриски претпријатија кои располагале со уреѓај на машински погон, без обзир на запослената работна рака и вградениот погон.

4/ Графичка индустрија - печатници, книговезници и картонажи на машински погон од најмалку 15 кс и кои запослувале најмал-

ку 15 работници.

5/ Електростопанство - земени се електричните централи спрема силата на нивните електрични генератори./без разлика од каков вид енергија се движени - дизел, гасни мотори, водени и др./ а кои имале најмалку 30 кв.сили.

6/ Индустрија на градежен материјал

а/ Индустриски тулани и керамидници кои располагале со рингови или печки така наречени швабери. Освен тоа ако се произведувало машински, при кои погонската сила изнесувала најмалку 10 кс, а доколку би се работело рачно, ако бројот на вработените работници изнесувал најмалку 50.

б/ Каменоломи - Каменоломот во Куманово, иако не ги исполнувал условите за индустриско претпријатие, со оглед на големиот број на вработената работна рака изнимо се распореди во индустрија.

7/ Метална индустрија - Како индустриски претпријатија се земени оние претпријатија чиј погон изнесувал над 15 кс, а вработувале над 20 работници и располагале со најмалку 10 машини за обработка на метали.

8/ Дрвна индустрија - При распределувањето на стругарите земени се оние стругари кои располагале најмалку со еден брзоден или полн гатер чија димензија изнесувала 650/600 мм или била поголема од оваа.

9/ Хемиска индустрија - Индустриски претпријатија кои вработувале над 10 работници, а чиј погон изнесувал над 15 кс.

10/ Производство, опременување и преработка на неметали - Земени се сите претпријатија кои за своето производство користувале машински погон над 20 кс со исклучок на индустријата на мермер која не го исполнувала овој услов, а по природата на работењето /екстративна индустрија/ се сметала за индустрија.

11/ Тутунова индустрија - Иако по тогашната методологија тутуновите претпријатија /бив.тутунови станици/ не спаѓале во

индустријата, овие претпријатија се земени како индустриски, бидејќи во повоениот период тие се третираа како индустриски.

12/ Рударство - Со оглед на тоа што во овој труд е опфатено и рударството, сите тогашни рударски претпријатија /обоени метали и јаглен/ кои постоеле и работеле на територијата на НР Македонија во 1940 година се земени предвид во нашето проучување, без обзир на запослената работна рака и инсталираниот погон.

При определувањето на бројот на претпријатијата, покрај приватните индустриски претпријатија зарегистрирани во "Регистар са податцима индустријских предузећа Вардарске бановине", земени се во обзир и претпријатијата сопственост на државата./претпријатијата за обработка на тутун/, потоа задружните, рударските, како и приватните претпријатија кои не фигурирале во споменатиот регистар, а според усвоениот критериум спаѓаат во индустријата. Исто така еден извесен број претпријатија регистрирани во споменатиот регистар, не се земени во предвид во нашите пресметувања, бидејќи или не одговараат на усвоениот критериум, или пак не биле пуштени во погон /Електрична централа во Берово/, или биле составен дел на погонот на претпријатијата кои веќе се земени предвид /мразарницата на Парната пивара А.Д.Скопје/.

Групирањето на индустриските претпријатија по гранки на делатноста е извршено според денешната номенклатура на делатностите.

2. Инвестиции

Инвестираниот капитал е пресметан врз базата на пописните листи од споменатите официјални извршни пописи во 1945 година и нашата анкета од 1953 година. При тоа земени се во обзир: местото, зградите и машинските постројења по нивната реална вредност од 1940 година. Обртниот капитал нужен за обезбедување на нормалното производство не влегува во претеметната вредност на инвестираниот капитал.

Вредноста на инвестициите на тутуновата индустрија е пресметана врз основа на пописот на основните средства од 1953 година и тоа на следниот начин: Земена е вредност на основните средства само на градежните објекти од колоната "средства произведени од 1901 до 1940 година", сметајќи го доларот 540 динари /300 x 1,8/.

Така добиената вредност е поделена со коефициентот 11 и се добива вредноста на предвоениот динар.

Вредноста на инвестициите во индустријата на обоените метали е пресметана на ист начин како и на основните средства на тутуновата индустрија, со таа разлика што се земени не само вредноста на градежните објекти, туку и вредноста на опремата. Со оглед на тоа што при пописот вредноста на опремата е пресметана на базата 1 долар = 300 динари, предварително вредноста е сведена на еден долар 540 динари /300 x 1,8/, така добиената вредност е поделена со коефициентот 11 и се установи вредноста во предвоени динари.

Изворите на сопственоста на инвестираниот капитал го извршивме според националната припадност на сопствениците на капиталот, а за акционерските, командитните, задружните претпријатија земена е националната припадност на членовите на тие друштва.

3. Инсталирана погонска сила

Инсталираната погонска сила се установи исто така врз базата на спомнатите основни пописни листи, разна документација, стручна литература и нашата анкета. При тоа се земени предвид сите примарни мотори спрема нивната инсталирана сила изразена во кс /електромотори, водни турбини, локомобили, гасни мотори, дизел мотори итн./, а кои биле инсталирани во индустријата и служеле за ползување на полниот капацитет на постоеките постројки.

При електричните централи е земена инсталационата сила на електричните генератори без разлика на видот на енергијата преку која се движеле /дизел, гасни мотори, водени и др./.

4. Работна сила

При пресметувањето на работната сила се служевме, главно со податоци од споменатите основни пописни листи и нашата анкета. Вкупниот број на работниците на работа во тутуновата индустрија е земен од необјавените, но припремени за печат податоци на Управата на државните монополи: "Зборник статистичких таблица по питању производње духана у Југославији - Статистика одељења за културу и ферментацију духана, Београд".

При утврдувањето на бројот на работниците и службениците во индустријата се земени дефактно запослените работници и службеници во 1940 година. При претпријатијата кои имале сезонски карактер е земен просечниот број на запослената работна рака во текот на годината. Поделбата на работниците по квалификации е извршена по тогашниот критериум /Статистика индустрије Краљевине Југославије, Београд, 1941 стр.23/.

5. Производство

Индустриското производство на НР Македонија во предвоениот период тешко може да се установи. Капиталистите, за да го избегнат оданочувањето, реализацијата на готовите производи не ја покажувале реално. Тоа го постигнувале на тој начин што прометот често пати го искажувале фиктивно. Според нашето мнение, скоро кај сите претпријатија вредноста на производството е пониска од фактичната положба. Тоа се гледа и од званичните статистички податоци за вкупната индустрија на Југославија и за индустријата на бив.Вардарска бановина /цит.Статистика индустрије Краљевине Југославије/. Како останатите елементи преку кои е проучувана нашата индустрија, така и индустриското производство е пресметано врз базата на споменатите основни пописни листи и нашата анкета. Вредноста на производството /без тутуновата индустрија/ на обоените метали/ е добиена множејќи ги натуралните показатели установени врз основа на споменатите пописни листи и нашата анкета, со просечните продажни цени на големо во 1939 година.

Вкупната вредност на преработувачката индустрија е всушност поголема од искажаната вредност во трудот, бидејќи пресметувањето на нуз производи технички беше отежнато.

Вредноста на тутуновото производство /ферментиран тутун/ е пресметана според податоците на Управата на државните монополи - "Зборник статистичких таблица по питању производње духана у Југославији - статистика одељења за контролу и ферментације духана, Београд". Таа вредност се доби кога на откупениот суров тутун поодделно за секоја година се додадени трошковите за манипулацијата и ферментацијата.

Вредноста на производството на обоените метали е уста-

новено на следниот начин: производството на обоените метали во натурални показатели по званичните статистички податоци се помножени со просечните цени од 1939 година за секој производ поодделно.

Сите податоци за кои не е означен изворот во текстот се земени од основните пописни листи за индустријата на Државниот статистички уред - Статистичка дирекција за Македонија од 1945 година, основните пописни листи на Поверенството на индустрија и занаетство при Президиумот на АСНОМ од 1945 година, анкетните листи од спроведената анкета на Економскиот институт - Скопје - и нашата анкета.

Б И Б Л И О Г Р А Ф И Ј А

Арсенијевић инж.М.: Текстилне сировине, Нови Сад, 1946

Благоев Д-р Б.: Парна пивара А.Д.Скопје - монографија /ракопис/

Благоев Д-р Б.: Село нашег југа и његови проблеми, Београд, 1939

Бојановски Д.агр.Кирил Цонов, инж.агр.Ана Пемовска: Развитокот на земјоделството во Македонија, Битола, 1955

Вуличевић Драг.: Дувавско питање, Скопље, 1931

Вучо Д-р Н.: Привредна историја народа ФНРЈ, Београд, 1948

Гавриловић Р.Мил.: Привреда Јужне Србије, Скопље, 1933

Гавриловић Р.Мил.: Развитак банкарства и привреде Јужне Србије, Скопље, 1931

Гргашевић Јаша: Индустрија Србије и Црне Горе, Загреб, 1924

Гривченко инж.И.: Основна књига рудног базена "Радуша" /ракопис/

Димитријевић М.: Привреда и трговина у Новој Србији, Београд,1913

Димитријевић Сергије: Карактеристике индустрије бивше Југославије, Београд, 1949

Костић Н.К.: Наши нови градови на Југу, Београд, 1922

Куколеча М.Стеван: Индустрија Југославије, 1918-1939, Београд,1941

Куколеча Д-р Стеван: Анализа привреде Југославије пред Други светски рат, Београд, 1956

Кънчовъ В.: Македония, София, 1900

Лакатош Јосо: Привредни алманах Југословенског Лојда, Загреб,1929

Малахов инж.А.: Рударска индустрија у Македонији /1934-1944/ - ракопис

Мирковић Мијо: Економска структура Југославије, 1918-1941, Загреб, 1950

Петровић Здравко: Индустрија и рударство Јужне Србије, Београд, 1940

Печинар инж.М.: Хидроцентрала Св.Андреј на реци Тресци, Скопље, Београд, 1939

Пурић Р.: Наличја - Социјални проблеми Југа, Скопље, 1934

Пурић Р.: Работнички Југ, Скопље, 1937

Савић М.М.: Занати и индустрије у присаједињеним областима и занати у старим границама Краљевине Србије, Београд, 1914

Симић Д-р В.: Историски развој нашег рударства, Београд, 1951

Филиповић инж.М.: Основи наше индустрије, Београд, 1946

Хаџи Васиљевић Ј.: Скопска индустрија, трговина и скопски трговци у XIX в., Београд, 1933

Хаџи Васиљевић: Скопље и његова околина, Београд, 1930

Димитров инж.Ст.: Проблеми на производството на тутун /ракопис/

Алманах Општине града Скопља, 1918-1928 године, Скопље, 1928

10 године изградње социјализма у Македонији, Скопје

Извештај Скопске продуктне берзе за 1939 год., Скопље, 1940

Извештај на електричната централа и водовод на Скопската општина за 1938/39. /во ракопис - оригинал/

Индустриска статистика - Резултати индустриског пописа из 1939 год. - Запослено особље, Београд, 1946

Македонија како природно и стопанско цело, Софија, 1945

Народна привреда у присаједињеним областима - Извештај комисија Министарства народне привреде, Београд, 1914

Попис на основните средства, 1953 год.

Производне снаге НР Србије, Београд, 1953

Регистар са податцима индустриских предузећа Вардарске бановине - оригинален документ

Рударска и топионичка производња у 1945 год., Београд, 1946

Споменица двадесетогодишњице ослобођења Јужне Србије, 1912-1937, Скопље, 1937

Статистика индустрије Краљевине Југославије, Београд, 1941

Статистички годишњак за НРМ, Скопје, 1954

Статистички годишњак за НРМ, Скопје, 1955

Основни пописни листи за индустријата на Поверенството за народно стопанство на НРМ од 1944

Основни пописни листи за индустријата на Државниот статистички уред - Статистичка дирекција за Македонија од 1945

Основни пописни листи на Поверенството за индустрија и занатство при Президиумот на АСНОМ у 1945 год.

Зборник статистичких таблица по питању производње духана у Југославији, Статистика за културу и ферментацију духана Управе државних монопола, Београд /ракопис/

Пољопривредна годишња статистика Краљевине Југославије, Београд, 1935-1939

Преглед основних водопривредних и хидроенергетских проблема НР Македоније, Скопје, 1953 год.

Дефинитивни резултати пописа становништва од 3.III.1931 год. књ.IV, Сарајево, 1940 год.

Беговић Влајко: Развој индустрије Југославије и њена улога у нашој привреди - Тридесет дана 1/ 1945, Београд

"Вардар" - дневни лист, Скопје, 1932-1934

Зографски Д.: Преодни облици на манифактурата во Македонија "Преглед" бр.2, Скопје, 1953

Индустрија 1939 и 1946 - 1956, Статистички билтен бр.81 - Савезни завод за статистику, Београд, 1957

Погонска снага у привреди ФНРЈ - Статистички билтен бр.65, Савезни завод за статистику, Београд, 1957

С п и с а н и ј а и в е с н и ц и

Беговић В.: Развој индустрије Југославије и њена улога у нашој привреди - "Тридесет дана" бр.1/1945, Београд.

Зографски Д.: Преодни облици на манифактурата во Македонија - "Преглед" бр.2, Скопје, 1953 година

Робев Д-р Т.: Битола - "Македонски преглед", Софија, 1942

Соколовић Л.: Дунавска политика и Повардарје - "Економско-финансиски живот", Београд, 1940

Стајић Д-р Н.: Монополска управа и производња дувана - "Економист" бр.9/1924, Београд

"Скопски гласник" - дневен лист, Скопје, 1931-1940 година

"Вардар" - дневен лист, Скопје, 1932-1934 година.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

УВОД 1

I ПРИРОДНИ ФАКТОРИ ЗА РАЗВИТОКОТ НА ИНДУСТРИЈАТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НР МАКЕДОНИЈА. 14

§ 1 Население 14

§ 2 Енергетски извори 15

§ 3 Рудно богатство 17

§ 4 Земјоделство. 21

1/ Растително производство. 22

2/ Сточарство. 25

II ПРЕГЛЕД И АНАЛИЗА НА ИНДУСТРИЈАТА ПО ПООДДЕЛНИ ГРАНКИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА. 34

§ 1 Прехранбена индустрија. 34

А. Млинска индустрија 35

1/ Поодделни претпријатија на млинската индустрија. 36

2/ Положба и анализа на млинската индустрија. 43

а/ Инвестиран капитал 45

б/ Положба на капацитетите. . . . 46

в/ Работна сила. 48

г/ Производство и пласман 50

Б. Луштилници на ориз. 51

1/ Поодделни луштилници за ориз. . . 53

2/ Положба и анализа на луштилниците за ориз. 57

а/ Инвестиран капитал 57

б/ Инсталирана погонска сила. . . 59

в/ Работна сила. 60

г/ Производство и пласман 61

В. Производство на брашно. 62

Г. Преработка на овоштие и зеленчук . . 63

Д. Производство на бомбони и чоколади. . 65

1/ Поодделни претпријатија за шекерни производи. 65

2/ Положба и анализа на претпријатијата за шекерни производи. 67

а/ Инвестиран капитал. 67

б/ Работна сила. 68

в/ Производство и пласман. 68

Ѓ. Пиварска индустрија. 70

1/ Поодделни претпријатија на пиварската индустрија. 70

2/ Положба и анализа на пиварите. . . 73

а/ Работна сила. 73

б/ Производство и пласман. 74

Е. Производство на зејтин. 79

1/ Поодделни претпријатија за зејтин. 80

2/ Положба и анализа на индустријата за зејтин. 82

Ж. Други производи од прехранбената индустрија. 84

З. Општ преглед на прехранбената индустрија. 85

§ 2 Текстилна индустрија 88

1/ Поодделни претпријатија на текстилната индустрија. 94

2/ Положба и анализа на текстилната индустрија. 108

а/ Инвестиран капитал. 110

б/ Положба на капацитетите 111

в/ Работна сила. 117

г/ Производство и пласман. 120

§ 3 Кожна индустрија. 123

1/ Поодделни претпријатија на кожната индустрија. 124

2. Положба и анализа на кожната индустрија. 127

§ 4 Графичка индустрија. 129

1/ Поодделни претпријатија на графичката индустрија. 130

2/ Положба и анализа на графичката индустрија. 133

а/ Инвестиран капитал. 135

б/ Положба на капацитетите 137

в/ Работна сила. 139

г/ Производство и пласман. 143

§ 5 Електростопанство 145

1/ Поодделни електрични централи. . . 147

2/ Положба на електричните централи . 161

а/ Инвестиран капитал 162

б/ Инсталирана погонска сила. . . 165

в/ Работна сила. 169

г/ Производство и пласман. 170

§ 6 Индустрија на градежен материјал 181

1/ Поодделни претпријатија на индустријата на градежен материјал. . . 183

2/ Положба на индустријата на градежен материјал 188

а/ Инвестиран капитал. 190

б/ Капацитети и инсталирана погонска сила. 192

в/ Работна сила. 194

г/ Производство и пласман. 196

§ 7 Метална индустрија. 199

1/ Поодделни претпријатија на металната индустрија. 201

2/ Положба и анализа на металната индустрија. 204

а/ Инвестиран капитал. 205

б/ Инсталирана погонска сила . . . 207

в/Работна сила. 208
г/Производство и пласман. 210

§ 8 Дрвна индустрија. 212

§ 9 Хемиска индустрија. 220

1/ Поодделни претпријатија на хемиската индустрија. 221
2/ Положба и анализа на хемиската индустрија 226
а/ Инвестиран капитал. 227
б/ Инсталирана погонска сила. . . . 228
в/ Работна сила. 230
г/ Производство и пласман 232

§ 10 Производство, оплеменување и преработка на неметали. 235

А. Керамичка индустрија 236

1/ Поодделни претпријатија на керамичката индустрија. 236
2/ Положба и анализа на керамичката индустрија. 237

Б. Индустрија на талк 241

В. Експлоатација и оплеменување на кварцен песок. 242

Г. Индустрија на мермер 243

Д. Положба и анализа на производството, оплеменувањето и преработка на неметалите. 244

§ 11 Тутунова индустрија. 248

а/ Магазински простор. 250
б/ Инвестиран капитал. 254
в/ Работна сила. 255
г/ Производство и пласман. 259

§ 12 Рударството во НР Македонија. 268

А. Хромни рудници. 271

1/Хромни рудници во базенот "Радуша" 271

2/ Хромов рудник "Лојане", Кумановско. 279
3/ Хромов рудник "Раброво", Валандовско 281

Б. Оловни рудник "Злетово". 282

В. Рудник за манган "Цер", Кичево . . . 284

Г. Производство на јаглен. 285

1/ Лигнитов рудник "Нерези", Скопско 285
2/ Лигнитов рудник "Св.Тројца", Катланово, Скопско. 287

III ОПШТ ПРЕГЛЕД И АНАЛИЗА НА ИНДУСТРИЈАТА 288

§ 1 Движење на бројот и структурата на претпријатијата 288

§ 2 Инвестиран капитал. 297

§ 3 Инсталирана погонска сила. 309

§ 4 Работна сила. 322

§ 5 Производство и пласман. 338

Заклучок. 349

Методологија. 352

Библиографија 360